ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК

ISSN - 0351-9600

БРОЈ 82/83 2014



СОДРЖИНА

ЗА НОВИОТ ОБЈЕКТ НА ТЕАТАРОТ Ј. Х. К. – ЏИНОТ ВО ВЕЛЕС
Јордан Витанов
Илија Стојчевски
Моника Стојчевска 3

ТЕАТАРСКАТА 2014-ТА СО МАЛИ ЕСТЕТСКИ ТУРБОЛЕНЦИИ
Тодор Кузманов 5

ЗОШТО СЕ ЗАФАТИВМЕ СО ИЗГРАДБА НА СТАРО НОВИОТ ТЕАТАР?
Ристо Стефановски 7

ТРИ ВО ЕДНО - ФДУ
Сашо Кокаланов 9

ИНТЕРВЈУ
БИЛЈАНА РАДИНОВСКА, РЕЖИСЕР 22

ИНТЕРВЈУ
ЖИВОИН ТРАЈАНОВИЌ – СЦЕНОГРАФ
м-р Крсто Скубев-културолог 24

ИНТЕРВЈУ –
ТЕА БЕГОВСКА, РЕЖИСЕР
Александра Бошковска 28

ШТИПСКИ ТЕАТАРСКИ ВРЕМИЊА
Љубомир Груевски 31

НУШИЌЕВИОТ „ПОКОЈНИК“ - ВОЗНЕС ЗА ДРАМСКИ МЛАДИНСКО–ДЕТСКИ ТЕАТАР (ДМДТ)
Ристо Стефановски 40

ЗА НЕКОИ ОСОБЕНОСТИ НА „ДРУГОСТ“, ВО ДРАМСКИОТ ДИСКУРС НА ДЕЈАН ДУКОВСКИ, САШО ТАСЕВСКИ И ЗАГОРКА ПОП–АНТОСКА АНДОВСКА
м-р Стево Павловски 71

РАБИА ФЕТА 83

ГОВОР НА ПРОМОЦИЈАТА НА РИСТЕ СТЕФАНОВСКИ
Витомир Митевски 90

ЖИВОТ ПОСВЕТЕН НА ТЕАТАРОТ
Тодор Кузманов 93

ПО ЛУТОТО ЈАЈЦЕ МНОГУ СЛАТКИ
м-р Трајче Кацаров 94

ПРИДОНЕСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И УЧИТЕЛИТЕ ОД ШТИПСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА ЗА АФИРМАЦИЈА НА ТЕАТАРСКАТА ТРАДИЦИЈА НА ШТИП
Елена Јосимовска
Верица Јосимовска 96

42 МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ
М-р Крсто Скубев 102

ФЕСТИВАЛ ВО ЗНАКОТ НА *„ВЕЧНАТА КУЌА“*
Тодор Кузманов 109

АТРАКТИВНИ ИЗВЕДБИ НА СЦЕНАТА НА 54–ТО ОХРИДСКО ЛЕТО
Сузана Вренцовска 111

39 – МОТ – 2014 115

БАЛКАНОТ НИЗ ТЕАТАРСКА ИГРА
Гоце Ристовски 118

13МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ “СЛАВИЈА„ –2013 БЕЛГРАД
Ристо Стефановски 126

ЧЕТВРТО ИЗДАНИЕ НА НОВАТА ЕВРОПСКА ТЕАТАРСКА АКЦИЈА (НЕТА) ВО ВРАЦА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Тодор Кузманов 132

XIII Интернационален фестивал на античка драма „СТОБИ 2014 “
Слободанка Чичевска 134

НОВ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ ВО СКОПЈЕ 137

МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ - МНТ 140

II ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ „МАЛИОТ ПРИНЦ„ 24-29 СЕПТЕМВРИ 2014 142

17 – ти МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ, ДЕНОВИ НА КОМЕДИЈА – КУМАНОВО 2014 144

ИЗВЕШТАЈ ОД 50 – то ИЗДАНИЕ НА ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНИЈА – КОЧАНИ
Благој Пенов.....148

БЕА СО НАС

Мери Бошкова
(Битола, 1924 – Скопје, 2014).....151

Кирчо Божиновски
(Куманово, 1931 – Скопје, 2014) 153

Зора Георгиева
(Струмица, 1935 – 2014).....153

Илија Аранович – Коган
(Киев, 1921 – 2013).....154

Васка Биџова – Гајдова
(194 – 2014).....155

Перихан Туна – Ејупи
(Скопје, 1955 – Скопје, 2014).....156

Бора Тодоровиќ
(1924 – 2014) 157

Владимир Светиев
(Прилеп, 1945 – Скопје, 2013).....157

Кирил Попов
(1927 – 20014).....159

Вера Бучкова – Жежељ
(1925 – 2014).....161

ПРЕМИЕРИ

МНТ 162

НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР.....169

НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ 173

НУ БИТОЛА 176

ТЕАТАР „ЈОРДАН Х. К. ЏИНОТ" - ВЕЛЕС 181

НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА – СКОПЈЕ.....184

Центар за култура – Куманово 186

НУЦК „Марко Цепенков" Прилеп 189

НУЦК „Антон Панов" Струмица, ...191

НУЦК Ацо Шопов – Штип 193

НУ ТУРСКИ ТЕАТАР.....196

МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ.....200

ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК

Издавач:
Дирекција за култура и уметност на Скопје

За издавачот:
Мирко Стефаноски

Адреса:Булевар Св. Климент Охридски 58б
п. фах 519, 1000 Скопје, Македонија

Телефон / факс:
+389(0)2 3222341, 3165 064

E-mail:
skleto@unet.com.mk

Главен и одговорен уредник:
Ристо Стефановски

Компјутерска подготовка и графичко обликување:
Академски печат

Предна корица
Новиот објект на театарот „J. Х. К. - Џинот" во Велес

Задна корица
Од претставата „Вечната куќа"

„Театарски гласник" се печати со финансиска поддршка на Министерството за култура на РМ

ЗА НОВИОТ ОБЈЕКТ НА ТЕАТАРОТ Ј. Х. К. - ЏИНОТ ВО ВЕЛЕС

Добредојдовте во нашата нова куќа, се радувам што мене ми падна честа и привилегијата да говорам во овој свечен момент од името на нашиот театар.

Сега кога го отвараме нашиот нов театар имам трема како никогаш до сега.

Најпрвин сакам да искажам јавна благодарност до владата на Р. Македонија и нејзиниот претседател Г-дин Никола Груевски за храбрата одлука донесена пред шест години за изградба на шиот театар.

Благодарност до министерката за култура Г-ѓа Елизабета Камчевска Милевска и заменик министерот за култура Г-дин Драган Неделљковиќ за перманентната подршка трперливост и неговото разбирање за потребите на проектот.

Се заблагодарувам на авторите на проектот, Атеље Проектинг – Скопје на проектантите, архитект Илија Стојчевски и архитект Моника Стојчевска.

Им благодарам на сите оние што помогнаа и веруваа во овој проект, благодарност до сите колеги од сите генерациии кои го докрепија сонот за Театарот во Велес.

Високото се темели на длабокото, оваа стара источна мудрост го добива вистинското значење кога ќе се присетиме на велешката театарска традиција.

Длабок е темелот поставен одамна пред две илјади години, низ вековите и времињата тој се преобразувал, менувал запирал но никогаш не умрел.

Секогаш се наоѓал некој сонувач кој го распламтувал и одржувал огнот.

Нашиот сограѓанин и патрон Јордан Х.К. Џинот верување дека луѓето ќе ги направи поумни, поблагородни, и подобри, се согласувам со него.

Го подигнавме овој театар како надоградба на нашата духовна вертикала да го крепи и облагородува нашиот дух, да даде потик и инспирација на креативноста да го продолжи на Џинот и Чернодрински за театар на мајчин Македонски јазик, да го чува и дочува нашиот национален идентитет.



Во душите на нашите најмлади согрѓани да всади љубов и почит кон нашите национални величија.

Сакам нашиот театар со отворено срце, срце порта највисока, срце куќа најширока како што пееше нашиот Рацин. Да пречека и угости многу актери уметници од татковината и странство.

Сакам да им порачам нешто на моите колеги актери режисери сценографи, костимографи композитори, сценски техничари и администрација.

Ве молам, ве замолувам да му ги дадеме на нашиот театар сите наши дарби со отвореност и љубов страст и почитување да го направиме вистински театар, да се радуваме на успесите и ние и нашата верна публика која никогаш не не напушти.

И овој пат најдлабоко и се поклонувам на нашата верна публика, господ да го благослови и чува нашиот театар, да сме здрави и живи, да живеее нашата татковина, Р. Македонија, ви благодарам

Директор на народниот театар на Велес
Јордан Витанов

Театарот е изграден во нова урбана зона на Велес во непосредна близина на младинскиот парк. Урбанистички и архитектонски објектот на новиот театар го почитува карактерот на локацијата и создава простор кој се отвора кон околината, а во исто време гради свој свет и идентитет. Вака конципиран објект добива материјализација со едноставен и современ архитектонски јазик.

Пред главниот влез се формира мал плоштад од каде се пристапува кон влезниот вестибил – предворје кое архитектонски е нагласено со ротонда со кружни столбови, капители и модерна транспарентна купола во елоксиран алуминиум и стакло. Фасадата е изработена од светол медитерански мермер и цокла од црн рустичен гранит. Подот во фоајето и галеријата на катот е обработен во ист материјал што создава континуитет на екстериерот и ентериерот. Големите стаклени површини во фоајето овозможуваат природна светлина во просторот и прават флуид на внатрешноста со надворешноста. Природната текстура и пастелните бои на мермерот се збогатени со мека структура и топол колор на дрвените ѕидни облоги кои продолжуваат и во големата сала, каде подот е обработен со дабов паркет со што се постигнува потребна акустика на салата. Сцената е опремена со најсовремена сценска технологија и акустичка обработка. Истото ниво на обработка и опрема го има и малата – експериментална сцена која се наоѓа во непосредна близина. Гримиорните, канцелариите и другите работни простории ентериерно се обработени и опремени на исто ниво.

Изградбата на новиот театар во Велес одговори на долгогодишните амбиции на творците и граѓаните на овој град. Во културниот живот на градот како да допира и да живее духот на театарот на Стоби, а тоа е причина повеќе за постоење на велешки театар, но на простор и во објект со репрезентативни атрибути кои ќе придонесат во успешноста на театарските претстави. Во архитектурата на објектот артикулирана е длабоката врска со традицијата, потребите на сегашноста и проекциите на иднината.

автори
Д.и.а. Илија Стојчевски
Д.и.а. Моника Стојчевска

Тодор Кузманов

ТЕАТАРСКАТА 2014-ТА СО МАЛИ ЕСТЕТСКИ ТУРБОЛЕНЦИИ

Во декември 2013 – та година се случи свечената премиера со која се означи почетокот на работата на Старо - Новиот Македонски народен театар, „Вечната куќа“ од Јордан Плевнеш, во режија на Дејан Пројковски. Оваа претстава ќе стане амблемска како за МНТ, така и за целата театарска 2014 година. Меѓутоа мислењата окулу неа останаа поделени како кај критиката, така и кај поширокатa културна јавност. Некако, како да се настојуваше преку неа да се манифестираат технолошките можности на новата сцена, што за последица го имаше нејзиното предолго траење. Веројатно, сите аспекти, вклучително и големиот актерски ансамбл го ограничуваат векот на нејзиното репертоарско траење. Всушност, краткиот репертоарски живот е карактеристичен и за некои други проекти на нашата централна национална театарска куќа. Такви се, на пример, „Сината птица“ од Метерлинк во режија на Златко Славенски, „Аферата Елсинор“ авторски проект на Љубиша Георгиевски, „Електра“ , авторски проект на гостинскиот режисер, украинецот Андреј Жолдак итн. Во естетска смисла како парадигматична останува последната од наведените претстави која покрај другото ја промовира и младата актерка Дарја Ризова во респектабилна творечка индивидуа на која треба и тоа како да се смета во иднина.

Адути на Драмскиот театар станаа претставите „Огнени јазици“ од Горан Стефановски во постановка на Слободан Унковски, потоа црната комедија „Живот во тесни чевли“ од Душан Ковачевиќ во режија на Ненад Витанов, потоа римејкот на „Чија си“ од Сашо Насев во режија на Љупчо Георгиевски, „Ждрело“ од Жанина Мирчевска во постановка на Зоја Бузалковска, а го наведуваме и авторскиот проект на Љубиша Георгиевски „Евангелие на глупоста“...Како иновација во својата работа Драмскиот театар под раководство на актерскиот тандем Роберт Велјановски (директор) и Рубенс Муратовски (уметнички директор) распишаа јавен оглас за предлагање и понуда на текстови и проекти со кои оваа куќа би конкурирала во Министерството за култура за програмата во наредната година.

Битолскиот народен театар продолжува да продуцира престави проекти кои го потврдуваат како една од водеечките театарски куќи во земјава. Овде ги бележиме, на пример, претставите, „За домот се работи“ од Горан Милошевски во режија на Мартин Кочовски, потоа „Денови без драма“, „Без паника“, „Смртта на трговскиот патник“ и како особено успешна ја наведуваме и постановката на Шекспировата трагедија „отело“ во извонредната и иновативна постановка на гостинот од Словенија, режисерот Диего де Бреа. Инаку, во 2014 г. Битолскиот народен театар ја одбележува и седумдесетгодишнината од своето постоење, а една од активностите е планираното гостување на овој драмски ансамбл во Русија, Кина и Србија кое треба да се реализира во октомври 2014 год.

И во периодот на кој се однесува овој преглед (2013 - 2014), Прилепскиот народен театар „Војдан Чернодрински“ го продолжува трендот на подем што се гледа од репертоарот, но и од исклучителната грижа за создавање на млад и полетен актерски ансамбл кој впрочем и го носи тој развој. Зас-

лужува да се напоменат некои од нивните остварувања, како што се, „Швејк во втората светска војна“ од Брехт, повторно во режија на Мартин Кочовски, што веќе станува заштитен знак на овој театар (Ова е веќе негова трета постановка на Брехтово дело на Прилепската сцена). Потоа, тука е и „Сонот на летната ноќ“ од Шекспир во особено инвентивната и радикална режија на Нела Витошевиќ, а ја бележиме и успешната постановка на „Буре барут“ од Дејан Дуковски на Наташа Поплавска. Кога сме веќе тука да кажеме дека прилепскиот театар со „Швејк...“ имаше резултантно учество на фестивалот „Експонто“ во Љубљана.

Една од најмладите театарски институции кај нас Театарот Комедија својот репертоар и своето етаблирање на културната мапа во земјата го продолжи со извонредните постановки на „Многу врева за ништо“ на Дејан Пројковски и, на пример, со „Чувството на брадата“ од Ксенија Драгунска во режија на гостинот Борис Лијешевиќ; Во Штипскиот театар се поставени „Мрачна комедија“ од Питер Шефер, потоа „Парови“ од Миро Гавран, „Градникот на Нора“ и др. Од репертоарот на Народниот театар „J. X. Константинов – Џинот“ од Велес ги наведуваме постановките „Тартиф“ од Молиер (режија, Никола Ристов“ и „Крал Лир“ од Шекспир во постановка на Sвезда Ангеловска. Како помаркантни претстави ба Струмичкиот театар ги издвојуваме трилогијата „Вечна игра“ од Митко Маџунков во режија на Бранко Ставрев и „Крвави свадби“ од Лорка во постановка на Љупчо Георгиевски... Театарот за деца и младинци од Скопје на својата вечерна сцена ја постави „Нашиот клас“ (режија, Владимир Милчин), како и „Могли“ (режија Боњо Лунгов), „Пипи долгиот чорап“, (режија, Драгана Милошевска – Попова). Од независната театарска продукција како посебно успешна ја наведуваме постановката на „Федра“ што според текст на Сара кејн ја режираше Билјана Радиновска.

Сите предвидени театарски манифестации во 2014 година се одржаа, но со мали исклучоци (Младиот отворен театар, на пример, со своето 39 –то издание), не донесоа некои поголеми возбудувања. Во Кочани се одржа јубилејното 50 – то издание на Драмскиот аматерски фестивал, а од годинава се востанови и нов театарски интернацио-нален фестивал што го организира Македонскиот народен театар; во Велес се одржа фестивалот на античката драма во Стоби, како и фестивалот на алтернативниот театар Импакт; Во Струмица по 22 – ри пат се одржа Фестивалот на камерниот театар „Ристо Шишков“, потоа тука се Деновите на комедијата во Куманово, Битолскиот Шекспир фестивал, како и фестивалот на монодрамата; Во Скопје ги бележиме и малите по обем, но занимливи театарски случувања: тоа се интернационалните „Лица без маски“ и фестивалот на пантомима и физички театар „Панфиз“; и се разбира, најзначајниот национален театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп...

Со пуштањето во употреба на новата зграда на МНТ во театарот „Центар“ сега работи Театарот Комедија, како и Турскиот театар кој е тука привремено затоа што во тек е изградба на нова зграда и за оваа театарска куќа. Во текот на 2014 година во употреба е ставен и новиот театар во Велес, а допорва на таа нова сцена се очекува и првата премиерна изведба. Текстот „Најважната работа на светот“ од Братислав Димитров беше избран на Конкурс специјално распишан за оваа намена, а премиерата се очекува до крајот на оваа година. Заради стимулација и подршка на домашното драмско творештво Министерството за култура распиша и Конкурс за откуп на драмски текстови на кој ќе бидат избрани и наградени три нови драмски текста со по 100.000 денари. Конкурсот е отворен до 31 јануари 2015 година.

ЗОШТО СЕ ЗАФАТИВМЕ СО ИЗГРАДБА НА СТАРО НОВИОТ ТЕАТАР?

(Непрочитано слово на отворањето на старо-новиот театар во Скопје)

Градот Скопје од моето детство го паметам по прашината во лето, по калта во зима и по трошните куќи од плитари, до половина во земја, во кои живееа мнозинството луѓе. Кога од тој свет ќе влезевме во зградата на театарот, одеднаш ќе се најдевме среде заслепувачка светлина, со дебели теписи на подот, удобни тапацирани столици и топла атмосфера. Се чуствувавме како да сме во друг свет, како да сонуваме. Посебно кога од сцената почнаа да се слушаат нашиот збор и нашите песни и кога на наш говор почна да се говори за нашите работи: за нашата сиромаштија или печалбата во туѓина. Со каков ќеф влегувавме да ги гледаме претставите: "Ленче Кумановче", "Чорбаџи Теодос", "Печалбари", "Парите се отепувачка", "Антица", "Милион маченици"! Со право пишуваше критиката дека станува збор за вистински народен театар.

Претсавите на Васил Иљоски, Панов, Ристо Крле, Ангелко Крстиќ, го напојуваа духот, ја јакнеа волјата на Македонецот да истрае во борбата за својата слобода и самобитност. Во ова тие се надоврзуваа на делото на Јордан Хаџи Константинов Џинот и на Војдан Чернодрински.

Денес пред влезот на овој нов театар не пречекуваат токму ликовите на овие основоположници: луѓе кои за време на нивниот живот биле омаловажувани и чии дела биле сечии, само не нивни. Тие се сега тука како ангели заштитници на театарот, кои конечно го добиваат вистинското заслужено признание од својот народ.

Првите организирани форми на новиот македонски театар се јавија веќе за време на втората светска војна, меѓу илегалците, во градовите, затворите, на слободните територии, секаде каде што се уриваше старото и се градеше новото слободно национално македонско општество.

Иако сите погоре наведени домашни автори беа сеуште живи, Македонскиот Народен Театар се отвори по ослободувањето со целовечерната претстава по советскиот текст „Платон Кречет". По ова се формираа операта и балетот, курсот за раководители на театрите во внатрешноста, средната театарска школа...

Во 1963 земјотресот ја оштети зградата на театарот и за неа беше предвидена санација. Но иако градежните активности веќе беа започнати наеднаш дојде наредба театарот да не се санира туку да се урне. Преовладаа моќници во политиката, во спрега со архитектската асоцијација, а нивното објаснување беше „Од нас почнува се, ќе изградиме уште поубав театар". Но тоа не се случи. Тоа се случува дури денес, по цели 50 години.

Се разбира самата зграда не го прави театарот. Театарот се луѓето кои што работаат во него, квалитетните претстави кои говорат за преокупациите на народот, го артикулираат неговото минато, сегашноста и иднината, историјата, традицијата, ликовите, пејсажите... Не смеат да се прекинуваат виталните врски со минатото на театарот, таа длабинска димензија на театарот е она што е драгоцено, она што не може да се купи ниту да се одземе. Оваа нова театарска куќа под Калето ја доживуваме како воскрес на старата зграда, со желби да е вечна.

Театарот покрај блескавото лице на сцената има и своја опачина, она што се случува зад сцената, во кулоарите, во разни здружувања кои одат до самите врвови на власта. Многумина тука наводно нудат решенија за проблемите, а всушност само ги зголемуваат нерешените прашања. Вечна вистина е дека проблемите во театарот можат да се решат само на сцената и никаде на друго место. Сцената е таа вечна арена во која се води борба меѓу квалитетот и медиокритетот. Тое е местото каде што се создаваат вредности, се друго е шарена лага. На сцената се водат вистинските битки и таму јасно се гледа кој е јунак.

Има разни струи, не само во театарот, кои забарикадирани во ровови викаат "ура, ура". Тоа звучи како борба но не е. Тоа е

всушност бегање од борба. Во таквото задскривање обично е најгласен гласот на медиокритетите. Во театарот се води војна помеѓу оние кои умеат и сакаат да војуваат од сцената и оние на кои им е полесно да војуваат зад сцената. Кога победуваат оние првите имаме добар театар, добри претстави. Публиката тоа го препознава, го полни салонот, живее со ликовите на сцената.

Без тоа волшебно спојување на актерот и публиката, театарот нема смисла. А за да се создадат такви претстави мора да се сложат многу камчиња. Театарот е колективна творба и важни се сите: авторот, актерот, режисерот, сценографот... до работникот кој раководи со светлото, со декорот и чигите, шивачот, столарот, до оној што ги кине билетите и ја сместува публиката. Кога тој систем добро функционира и дише заедно тогаш по правило на сцената се случува магија.

На луѓето во театарот треба да им се овозможат пристојни материјални примања, но тие мора да зависат од квалитетот и квантитетот на работата. Квалитетот на претставите мора да е основното мерило за примањата. Само така ќе нема измислени, наметнати величини и ситуација во која медиокритети го водат орото. Не треба да се финансира големината на установата и бројот на вработените туку исклучиво вредностите што тие ги создаваат. Не е доволно да се има национална установа ако таа не произведува национални вредности.

Се разбира, тој систем мора да проработи и во општеството во целина. Ако доходот на културната администрација исто почне да зависи од успехот на театарот тогаш веднаш би се знаело кој пие и кој плаќа, веднаш би станало важно кој е таму раководител, кој е режисер и каков е репертоарот. Во таква ситуација, како што велат Кинезите, нема да биде важна бојата на мачката туку дали таа јаде глувци. Сето ова навидум е едноставно и јасно само по себе, но ете во сите години од моето паметење тоа тешко се решава. Секогаш има луѓе заседнати во разноразни кабинети на кои ваквата состојба им одговара, кои често кријат дека кралот е гол.

Секоја професија бара исцело судбинска посветеност кон неа. Народот вели „Две лубеници под една мишка не се носат". Се разбира дека има исклучоци, но добриот уметник не се обидува да има и пет други професии. Тоа зборува или за немоќта во неговата професија или за трка по пари. А уметниците кои се со една нога овде, а со другата онде, најчесто не се добри ниту за себе ниту за другите.

Сето ова многу скапо го чинело Македонскиот Народен Театар во разните периоди на неговото преживување. Имаше години кога тој беше затворен во себе, кога многумина си заминуваа, многумина не успеваа да влезат во него, кога беше затворен за домашната драма, кога остана со еден, два режисери. Кога на снага беше паролата "без нас не се може". Имаше периоди кога тој знаеше да биде баруштина во која малкумина ги штитеа своите привилеги, место без проток на свежа вода, без проветрување.

Ова го спомнувам затоа што не смее да се повтори. Вратите на театарот мораат да бидат широко отворени за сите оние кои што имаат нешто да кажат и докажат. Секоја стручно оспособена генерација мора да има право за свој настап. Не смее да има неприкосновени судии и табу теми. Првенците мораат однови и одново да се докажуваат со секоја нова претстава. Сцената мора да остане отворена арена за способни и талентирани луѓе, кои пред јавноста и пред публиката ќе војуваат за своите соништа, за своите визии и за своите вистини.

Ристо Стефановски

ТРИ ВО ЕДНО

СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА И СРЕДБА НА ГЕНЕРАЦИИ ПО ПОВОД 45 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

(Поздравен говор на деканот на факултетот за драмски уметности - Скопје)

вон. проф. м-р Лазар Секуловски

Почитуван проф. д-р Велимир Стојковски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Г-дин Михаил Лушин, аташе за образование во Амбасадата на Руската Федерација, почитувани проректори, декани, продекани, професори, почитувани пензионирани професори и вработени на Факултетот за драмски уметности, почитувани дипломирани и актуелни студенти, дами и господа, добредојдовте на мигот кој ги слави 16,437 денови постоење на најстарата и најдобра образовна институција која едуцира актери, драматурзи, сценаристи, театролози, продуценти, режисери, филмски и телевизиски монтажери и снимателi. 16,437 денови и над 540 дипломирани студенти, 45 магистри и 9 доктори на науки кои поминале низ постземјотресните бараки на улица Руѓер Бошковиќ до неодамна без број, а сега со број 22.

Велат дека кога ќе ја одбереш професијата која ќе те исполнува, нема да потрошиш ниеден ден од животот работејќи. За помалку упатените, театарот и филмот е забава која трае час или два. И толку. Многумина запаѓаат во анксиозно - стресна состојба кога ќе ја слушнат одлуката на своето дете дека сака да студира на ФДУ. Неколкумина ни завидуваат, некои не нé перцепираат ниту со лупа или очила, а ние упорно не запираме, наоѓаме по некој кој нé почитува, ја разбира нашата работа, ја сака уметноста, ги препознава проблемите на театарот, филмот и на студентите и ни помага.

Денес на Факултетот за драмски уметности се реализираат 7 студиски програми на првиот циклус, 9 студиски програми на мастер студите и 3 студиски програми на докторските уметнички студии кои стартуваа оваа учебна година.

Студиските програми се во согласност со основните задачи и цели на матичниот факултет, систематски го остваруваат пренесувањето на уметничките, стручните и научните компетенции; го поттикнуваат уметничкото творештво; исполнуваат сложени академски задачи преку единство на наставата, уметничката и истражувачката работа; ги ангажираат студентите како рамноправни партнери во наставниот, уметничкиот, творечкиот и истражувачкиот процес. Постојано ги усогласуваме студиските програми според европските и светски тенденции и ги прилагодуваме со индивидуалните вредносни критериуми, афинитети и професионални определби на сите студенти.

Придонесот на Факултетот за драмски уметности во културата и творештвото во Македонија е огромно и значајно и сигурно евидентирано во секоја пригода. Во овој миг, генерации актери, режисери, драматурзи, сценаристи, снимателi, монтажери и продуценти, кои се школувани на Факултетот за драмски уметности се основниот креативен двигател на театарското, филмското и телевизиското творештво. Нивниот успех е наградуван на многу домашни и меѓународни фестивали. Секое гостување надвор од границите на државата го покажува таквиот успех, а постојано се развива соработката со исти и/или слични институции. Учествата на фестивали се бележат не само во делот на гостувањата со одреден филм или претстава или, пак, научни текстови/презентации во рамките на симпозиуми и конференции, туку и во ангажманите и на вработените и на наставниот кадар како и на студентите, во делот на организацијата, презентацијата и афирмацијата на самите фестивали.

На ваквата репрезентативна слика за ФДУ се работеше и се работи макотрпно, посветено, секојдневно подобрувајќи ги сите аспекти потребни за квалитетно образование, од година во година проширувајќи ги границите на своите можности, подигнувајќи го суверено факултетот на сè повисоко ниво.

Многумина ја посветија својата кариера за да го втемелат и развијат Факултетот и да не беа тие, ФДУ не ќе беше тоа што е денес. Затоа, дозволете ми да ја изразам мојата огромна почит и благодарност кон деканите: Димитрие Османли, Љубиша Георгиевски, Владимир Милчин, Александар Алексиев, Данчо Чеврески и Кирил Ристоски, како и кон продеканите: Татјана Петковска, Костадин Дрваров, Горан Стефановски и Апостол Трпески.

Огромна благодараност и до сите професори кои дале огромен придонес: Вукан Диневски, Вукосава Донева, Благоја Иванов, Љубиша Георгиевски, Тодорка Кондова-Зафировска, Благоја Корубин, Лазар Лазаревски, Матеја Матевски, Илија Милчин, Антоние Николовски, Димитрие Османли, Бранко Пендовски, Татјана и Борис Петковски, Георги Сталев, Димитар Ќостаров, Илија Џувалековски, Костадин Дрваров, Киро Василев, Горан Стефановски, Дејан Дуковски, Жанина Мирчевска, Кирил Ристоски, Владо Цветановски, Русомир Богдановски, Димитар Грбевски, Владимир Милчин, Мартин Панчевски, Апостол Трпески, Слободан Унковски и Столе Попов.

Факултетот се развива благодарение на номиналната потреба и желба на професорите, соработниците, вработените и помагателите, од нивниот ентузијазам, знаења, енергија, одговорност, иницијативи и стратешка идеја да се направи сериозен, респектабилен и препознатлив едукативен метод поврзан со клучните сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности.

Академските студии на ФДУ недвосмислено даваат драгоцен придонес во создавање и усовршување на компетентни кадри, кои македонската уметничка и медиумска стварност ја прават рамноправна со елитните светски кругови во областа на сценскоизведувачките и аудиовизуелните уметности, на планот на интегрирање во глобалниот простор на уметностите, културата и креативната индустрија.

Визијата да се интегрира глобалниот простор на уметноста и културата во далечната 1988 година ја остваруваат тројца студенти на ФДУ: Сенко Велинов, Ѓорѓи Јолевски и Драган Спасов - Дац кои започнуваат една оригинална и многу значајна манифестација за факултетот - Интернационалните студентски средби - Скомрахи. 36 академии и факултети; 165 претстави со 42.860 посетители; 79 филмски проекции со 360 филмови и 9640 посетители; 38 работилници и 1.700 посетители; 7 научни конференции и 245 посетители, над 1000 учесници – студенти и професори. Дваесет учества на Белград и Љубљана, осумнаесет на Софија, седумнаесет на Тирана, единаесет учества на Загреб, осум учества на Приштина и Солун, седум учества на Букурешт, шест учества на Виена и Грац, четири учества на Нови Сад, Истанбул, Благоевград, три на Цетиње, Лоѓ, Киев, Глазгов, Братислава, Кардиф, Хамбург и по едно учество на школите од Уганда, Ташкент, Амстердам, Варшава, Вроцлав, Кентербери, Бостон и Париз. Велат, оној кој бил на Скомрахи, со сигурност ќе биде голема театарска или филмска ѕвезда, бидејќи Скомрахи се: размена на искуства и знаења на студентите од разни земји, проучување на нови пристапи кон креативното творештво, соработка на проекти и професионални контакти, подобрување на квалитетот на изведбите и афирмација на млади автори и изведувачи, афирмација на културата и подобрување на квалитетот на едукативните програми.

Пред неполн месец на проекција на дипломски филмови на студентите од ФДУ во киното Cineplexx реков и сега ќе повторам дека не постои друг факултет на кој реномирани, етаблирани и признати професионалци, некогашни студенти на истиот тој факултет, работат или ќе работат на студентски проекти. Затоа, нашата огромна благодарност, почит и восхит до сите Вас кои сте одамна дипломирани и потврдени во актерството, режијата, драматургијата, сценаристиката, монтажата, снимањето и продукцијата, а сте дел од студентската продукција на ФДУ. И тоа е нашиот најрепрезентативен Алумни клуб кој е базиран на несебичност, лојалност, помагање, разбирање и кооперативност.

Досегашните награди на студентите, признанијата, постигнатите резултати и достигнувања се голема обврска за идните активности на Факултетот во едукативно-уметничкиот процес со сите излезни компетенции и резултати од учењето и вештини-

те, како и со последиците од соочувањето со реалниот сектор и реализацијата на идејата за трајна присутност на нашите студенти во вкупните случувања на градот, регионот, државата и пошироко. Лабораторијата за дигитална аудио-визуелна продукција и постпродукција која Факултетот ја доби од Владата и Министерството за образование и наука на Р.Македонија, како и новата зграда на Факултетот која треба да биде готова во 2015 година се дополнителен стимул за нашите нови визии, планови, ангажмани и проекции.

Високите цели што ги имаме пред себе може да се достигнат само доколку продолжиме организационо и институционално да го јакнеме уште повеќе професионализмот, одговорноста, препознатливоста и лојалноста, бидејќи тоа е нашиот аманет од минатото.

Верувам дека и во иднина ќе ја добиваме поддршката од сите оние кои и досега ńе подржуваа и дека многу други институции ќе го препознаат нашиот ентузијазам и квалитет, бидејќи овие прекрасни студенти на ФДУ тоа и го заслужуваат. А ние и тие за возврат ви ветуваме дека секогаш ќе ви понудиме многу интересни претстави, филмови, и проекти.

Дозволете ми да ја изразам големата благодарност до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Градот Скопје, Драмскиот театар, Македонскиот народен театар, Кинотеката на Македонија, Агенцијата за филм и сите останати филмски и театарски институции, домови на културата и фестивали кои овие изминати години несебично ја поддржуваа работата на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Ние и понатаму ќе останеме отворена институција за сите облици на соработка со сите Вас: дипломирани студенти, автори, театри, телевизии, продукции, институции, манифестации и слично, бидејќи таквата стратегија во голема мерка влијаела и влијае во надминувањето на сите тешкотии со кои се соочувал и ќе се соочува Факултетот.

Знаеме дека не можеме да го промениме правецот на ветрот, но можеме да ги наместиме едрата за да дојдеме секогаш до посакуваната дестинација. Цврсто сум убеден дека не ни недостигаат инспирација и волја и дека позитивното, креативното, кооперативното и инспиративното опкружување на нашиот ФДУ ќе трае уште илјада години.

"Dies Irae" - Жанина Мирчевска, испитна претстава на студентите по актерска игра во класата на проф. Мими Таневска, одиграна во Драмски театар по повод прославата на 45 годишнината на ФДУ-Скопје.

Меѓународна конференција на тема „Искуствата и перспективите на студирање на факултетите за драмски уметности“

Почеста и поинтензивна размена на искуства, поголема и полесна мобилност на студентите, повеќе заеднички проекти, заедничко лобирање пред државните институции – беа дел од предлозите изнесени од претставниците на драмските факултети и академии од Македонија (ФДУ и ЕСРА), како и од Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија на Меѓународната конференција одржана во Охрид, по повод 45-годишнината на Факултетот за драмски уметности. Иницијалната тема „Искуствата и перспективите на студирање на факултетите за драмски уметности“ ги инспираше дискутантите да се насочат кон три главни пункта: прашањето дали треба да се создаваат професионалци или уметници, дали новите технологии уметноста ќе ја претворат во индустрија, како и потребата за поголема мобилност и размена помеѓу факултетите/академиите. Конференцијата ќе прерасне во редовно годишно среќавање на наставниот кадар од факултетите во регионот под покровителство на ФДУ од Скопје, а од дискусиите ќе произлезе зборник на трудови. Меѓународните студентски средби „Скомрахи“ ќе се искористат како настан кој ги обединува театарџиите и филмаџиите од Балканот, а ваквите конференции ќе им претходат на средбите.

Собирот во Охрид го отвори деканот на ФДУ-Скопје проф. д-р. Лазар Секуловски, а дискусијата ја модерираше Шефот на катедрата за драматургија д-р Сашко Насев.

Во воведното излагање пред учесниците, деканот на ФДУ проф. д-р Лазар Секуловски ги истакна главните приоритети на Факултетот: зголемување на бројот на студенти и на наставниот кадар, воведување нови програми што ќе одговорат на потребите на новото време, повеќе вложувања од ресорните министерства за образование и култура, интегрирање на работодавците во образовниот процес, прилагодување на законската регулатива на природата на наставата во школите за драмски уметности, како и повеќе заеднички проекти, фестивали и работилници за студентите. Тој се осврна и на потребата да се воведе медиумската писменост како задолжителен предмет и во сите основни и средни школи.

ПРОФЕСИОНАЛЦИ ИЛИ УМЕТНИЦИ

Професорот од Софија Чавдар Крестев се осврна на терминолошките дилеми кои се во основата на прашањето пред кое стојат исправени ваквате академија: какви драмски творци треба да создаваат – дали професионалци или уметници. Тој го постави прашањето што всушност значи да се биде професионалец во театар.

- Природна дарба на човекот е да игра, според тоа, секој може да се занимава со театар. Но, тоа не значи дека секој ќе успее да создаде уметност и уметничко дело. Професорите, особено во првите семестри, често пати мора да се и воспитувачи, па и психотерапевти, за да ги изведат студентите на вистински пат. Академиите треба да настојуваат од секој студент да направат добар занаетчија. А од тука натаму секој треба да продолжи да се развива како посебна индивидуа – заклучи Крестев.

Неговата дискусијата го поттикна шефот на катедрата за театарска режија при скопскиот ФДУ, Златко Славенски, да ја постави дилемата дали на овие факултети

едаваат струки или наставниците се ват со магиската задача да создадат луѓе што ќе творат.

- Дали се создаваат личности или професионалци? Јас на моите студенти често им ја предочувам споредбата, аналогијата на театарот како огномет. Огнометот е убав, но луѓето често го сметаат за некорисен, прашувајќи зошто се потрошени толку пари за него. На овие дилеми треба да се најдат соодветни одговори зашто да се работат реклами за „Кока-кола“ и „Хамлет“ истовремено е нечесно и кон „Кока-кола“ и кон „Хамлет“.

Професорката Ивана Вујиќ од Белград ја истакна размената на искуства како многу важна работа во образовниот процес. Таа вниманието во дискусијата го насочи кон три поенти: 1. потребата во програмите да се воведат нови предмети со кои студентот ќе може да го одржи критичкиот дискурс кон општеството и новото време; 2. да се направат конкретни чекори за поголема мобилност, а не само да се зборува (нагласи дека нејзината катедра е отворена за секој студент од регионот, никој нема да биде вратен); и 3. да се отворат повеќе специјалистички студии.

- Новите студенти на факултет доаѓаат со искривени, лажни претстави за уметноста, како резултат на претходното образование кое ги учи да лажат и да се лажат себеси дека мислат а не вистински, критички да размислуваат. Тоа е затоа што во основно и во средно образование уметност им предаваат наставници кои не ја разбираат уметноста, па следствено ја презираат, дури и ја мразат. Наша задача е тие искривени поимања да ги исправиме - смета Вујиќ.

Таа се согласи со констатациите дека драмските факултети работат во тешки услови и во беспарица, но го застапува ставот дека не е сè во парите и дека добрата идеја може да привлече пари.

Проф. Франка Перковиќ од Загреб рече дека наставниот кадар на нејзиниот факултет го нема проблемот со ниски плати кој го имаат останатите, но имаат проблем со финансирањето на наставата. За ваквата ситуација таа проблемот го лоцира во фактот што образовните власти се несвесни за природата на наставата во драмските уметности.

- По однос на прашањето дали професионалци или уметници, сметам дека професорите се платени да создаваат професионалци, но притоа имаат задача да се трудат од секој студент да направат уметник.

Како позитивен чекор во таа насока го истакна воведувањето на проректор за уметност на Загребскиот универзитет.

Професорката по драматургија од скопскиот ФДУ Маја Стевановиќ го предочи експериментот на двајца белградски драматурзи кои програмата на нацистичкиот шеф на пропагандата Гебелс со мали измени успешно им ја продале како „стратегија“ за култура на речиси сите српски политички партии.

- Мојата шокираност е од фактот што дел од нашите студенти, со кои разговарав на темата, не видоа ништо страшно во резултатите од експериментот, сфаќајќи ја гебелсовата програма едноставно како вредносно неутрален маркетиншки метод. Се прашувам кому тоа ние му ги даваме алатките на занаетот, поточно, што ние им даваме на студентите како знаење. Дали занаетот на кој ги учиме студентите може да биде мислен независно од неговата (зло)употреба? Дали не е можеби крајно време да се вратиме на базичното хуманистичко образование кое би им овозможило на идните творци да развијат критички апарат преку кој ќе ја промислуваат сопствената стварност и сопственото учество во процесот на креирање вредности? - праша проф. Стевановиќ, додавајќи дека естетското не може да е надвор од етичкото образование и дека не постои неутрално воспитување.

ЗА МОБИЛНОСТА И ЕСКТЕРНОТО ТЕСТИРАЊЕ

Професорката од Загреб, Перковиќ, како одговорна за проектот, подетаљно ја објасни платформата „Регионална мрежа“, која не е само обично вмрежување, туку можност преку конкретни проекти студентите да се запознаваат, да споделуваат искуства, да градат заеднички уметнички вредносни ставови и конечно, не и најмалку важно – да трагаат по заеднички пазар. Проектот функционира на тој начин што секој од факултетите од поранешните југословенски републики ги дава сите елементи од театарската претстава – драмски текст, актери, режисер, сценограф, костимограф итн., но текстот напишан од студент од една академија би го поставил режисер од друга академија со актери од трета и на тој начин би се создала претстава омнибус составена од заеднички дела.

Проф. Ален Муратовиќ од сараевскиот драмски факултет го сподели со своите регионални колеги стравот за опстанокот на неговата институција на подолг рок со оглед на екстремно тешката ситуација во која се наоѓа.

- Љубовта кон тоа што го работиме е она што прави сè уште да функционираме, таа е клучот и за мојата убеденост дека факултетот ќе опстане.

Неговиот колега м-р Русмир Ефендиќ ги поздрави иницијативите за поголема размена, но рече дека тие нема да се ефектуираат се додека деканите на факултетите, како и шефовите на катедрите, не седнат на една маса и не договорат конкретни административни чекори, додавајќи дека нема сомнеж оти студентот од Сараево или од кој било друг факултет што ќе отиде во Белград ќе биде примен од професорката Вујиќ, но ќе биде вратен од администрацијата зашто нема нормативна основа за неговиот престој да е официјален.

Проф. Зоја Бузалковска од Катедрата за актерска игра на ФДУ во Скопје ја постави дилемата дали личниот академски напредок во магистерско и докторско звање треба да е предуслов за напредокот во кариерата на наставникот во сферата на уметностите. Наведувајќи примери на уметници кои создале многу генерации нови уметници и наставници во уметностите без притоа да бидат формално доктори на науки, таа се заложи академските титули да останат како можност за личен напредок и усовршување, но да не бидат формален услов за напредување.

Професорката по актерска игра д-р Сузана Киранџиска, се осврна на екстерното тестирање како алатка не за проверка на знаење, туку за казнување на наставниците.

- Кога станува збор за оценувањето, мислам дека е потребно да се напушти системот на оценки што го имаме во моментов и да се премине кон описно оценување на студентот, во смисла на тоа да се опише како поминал низ образовниот процес, кои вештини на какво ниво ги совладал, во која насока треба да продолжи да се развива и сл.

Модераторот, проф. Насев, во прилог на нејзиното излагање, наведе повеќе примери од светот каде што се применува описното оценување на студентите од уметностите.

Екстерното тестирање беше тема и на професорот Игор Вецовски, кој покрена идеја и за заедничко лобирање на регионалните факултети пред локалните центри каде што се креираат образовните политики, а поддршка во битката против ваков тип тестирање побараа и претставниците на студентите на ФДУ. Модераторот проф. Насев одговори дека ова прашање најверојатно ќе биде затворено уште пред да биде отворено кога се во прашање уметничките академии од причина што испитите овде се јавни, пред публика, како и поради тоа што постои приемен испит.

Професор Крестев ја гледа уметноста секогаш во опозиција.

- Ние, се разбира, не ги определуваме нашите студенти, ни политички, ни економски, ни историски, но ги определуваме емоционално. Уметникот твори така што чувствува болка и таквиот сензибилитет го позиционира во општеството – рече Крестев.

На тоа се надоврза проф. Насев, цититарајќи го Гете кој рекол оти поетот мора да тагува за сè, дури и за пингвините на Северниот пол, но се повика на Брехт кој ја унапредил болката на уметникот велејќи - Да, треба болка, но треба да плачеме со мозок!

ДРАМСКИТЕ УМЕТНОСТИ И НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

Асистентот по филмска и телевизиска монтажа од македонскиот ФДУ Владимир Павловски го пренесе поучниот пример од Холандија каде што постои факултет за убивање на змејови.

- Дипломираниот студент дури добива и меч со дипломата, но кога ќе излезе од факултетот мора да се соочи со фактот дека не постојат змејови и дека никому не му е потребен како убиец на змејови. Ако го ставиме ова во контекст на новите технологии, опасноста со која се соочуваме е студентите да излезат со знаења кои се веќе застарени.

Павловски ја наведе огромната посетеност на интернет страницата на Јутјуб како доказ дека луѓето не го изгубиле интересот за подвижните слики, напротив, сега повеќе сакаат на тој начин да ги конзумираат информациите отколку по пат на читање.

По ова излагање, се разви дискусија за предизвиците што ги носат новите технологии.

Преовладуваше ставот дека новите технологии не треба да се сметаат за непријател на театарската и аудиовизуелните уметности, туку, напротив, треба да се искористи фактот што алатките се многу подостапни за сите, но притоа се укажа на опасноста од површност што може да ги развијат кај новите генерации. Се полемизираше, меѓу другото, дали е подобро да се користи термините „аудиовизуелни уметности“ или „аудиовизуелна индустрија“. Продеканот на ФДУ професор Горан Трпчевски рече дека е неспорно постоењето на креативна индустрија, но без разлика каде ќе отиде технологијата во својот несопирлив развој, пак ќе треба да се раскаже приказна, зашто технологијата без приказна нема никаква вредност.

Асистентката Кристина Леловац се согласува дека времето нè носи и дека често се чувствуваме како да треба да се тркаме со него, но таа смета дека новите медиуми не може да се супституит за образованието и оти тие носат само квантитет на информации, но не и знаење. Не може да се изучува Чехов со помош на скролање, вели м-р Леловац, која театарот го гледа како место и медиум за граѓанска активност.

М-р Стевановиќ ја оспори тезата дека постои спротивставеност на новите технологии и „застарените“ методи, како и меѓу уметноста и индустријата. Незнаењето на занаетот не може да се покрие со „уметничарење“. Уметноста, како продлабочен поглед на стварноста, може да стане дел од индустријата, но не каков било дел, туку мислечки.

Д-р Вујиќ побара сите кои се дел од уметноста и од создавањето да се преиспитаат.

- Но, да го направат тоа искрено. Да ги постават своите цели. Дали целта се пари и кариера или целта е да се промени светот. Легитимно е и едното и другото, но нечесно е двете одеднаш – рече професорката од Белград.

Сашо Кокаланов

СКОМРАХИ 2014
ПРОГРАМА

ПОНЕДЕЛНИК 03.11.2014 — ФДУ - Скопје

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ - "СКОМРАХИ 2014" — 20:00

„Азизнаме" – Азиз Несин
испитна претстава на студентите по актерска игра во класата на
проф. м-р Елјеса Касо
Факултетот за драмски уметности - Скопје

ВТОРНИК, 04.11.2014 — Кинотека на Македонија

Филмска проекција
Факултет за драмски уметност - Скопје
Супа од кокошка - Лидија Мојсовска; Животот на еден пушач во постапокалиптично Скопје - Кристина Ризоска; Најтешкиот чекор - Тамара Котевска; Местенка - Ајдин Ислами; Надвор е ладно - Ана Јакимска; Симе - Сандра Ѓоргиевска; Мизар - Марко Џамбазоски; 101 - Михаил Димитров — 17:00

ФДУ - Скопје

Промоција на книга
„Политиката и изведувачките уметности" од Џанел Рајнелт
Промотор проф. Ивана Вујиќ — 18:00

ФДУ - Скопје

Факултетот за драмски уметности - Белград
„Набљудувања од нашата околина " –Д. Ковачевиќ, Ф.Достојевски и Т.Вилијамс испитна претстава на студентите во класата на проф. Гордана Мариќ — 19:00

ФДУ - Скопје

Филмска проекција
Академија за сценски уметности - Сараево
Перфектен ден за банана риби - Јулија Клир, Зид – Зулфикар Филандра, Спазма - Дражен Кресиќ, Кревет бр. 29 – Ален Шимиќ — 19:30

ФДУ - Скопје

Академија за драмски уметности - Загреб
„Две печени јајца на око "- Меган Тери
испитна претстава на студентите по театарска режија
во класата на проф. Озрен Прохиќ и доц.Томислав Павковиќ — 21:00

ФДУ - Скопје

Филмска проекција
Факултетот за драмски уметности - Приштина
Соната - Дурим Криезиу; Боите на животот - Море Рача, Бело - Рита Красниќи, Последниот ходник - Албан Зогиани — 21:00

СРЕДА, 05.11.2014 — Кинотека на Македонија

Филмска проекција
Факултет за драмски уметност - Белград
Додека патот не не раздели - Исидора Веселиновиќ; И како си дедо, што правиш - Горан Николиќ; Сама - Катарина Кољевиќ; Излез во случај на опасност - Владимир Тагиќ; Мариина епизода - Сања Живковиќ; Урбана потера на село - Страхиња Савиќ; Сточар - Немања Цераниќ; Игла – Џорџе Стојиљковиќ; Без крила - Ненад Вељовиќ; Дуббукс – Никола Вученовиќ; Касно е - Џорџе Стојиљковиќ — 17:00

ФДУ - Скопје

НАТФИЗ „Крсто Сарафов" - Софија
„Не го губи духот" - Станислав Стратиев - испитна претстава
на студентите по актерска игра во класата на проф. Мартин Каров — 19:00

ФДУ - Скопје

Филмска проекција
Академија за театар, радио, филм и телевизија - Љубљана
Пемаја - Мика Можина; Кука на отворени раце - Маја Крижник Стражи - Вид Хајншек; Светло Црна - Рене Маурин

ФДУ - Скопје

Факултетот за драмски уметности - Приштина
„Благородна буржуазија" - Молиер
испитна претстава на студентите во класата на проф. Луан Дака
21:00

ЧЕТВРТОК, 06.11.2014 — Кинотека на Македонија

Филмска проекција
НАТФИЗ „Крсто Сарафов" - Софија
Професор, Исус, Скулптор, Ин витро/Хуман, Роденден, Бесен
17:00

ФДУ - Скопје

Академија за сценски уметности - Сараево
„Венера во казино" - Давид Ивес
испитна претстава на студентите по актерска игра во класата на проф. Ален Муратовиќ
19:00

ФДУ - Скопје

Филмска проекција
Академија за драмски уметности - Загреб
Испитни филмови
19:30

ФДУ - Скопје

Факултетот за драмски уметности - Скопје
„Шах - мат, љубов моја" - Мила Јовановиќ претстава на студентите од ФДУ, кореографија проф. Кренаре Невзати Кери, режија Ивана Ангеловска
21:00

Драмски театар

Универзитет за аудиовизуелни уметности ЕСРА - Скопје
„Мизантроп" - Молиер испитна претстава на студентите по театарска режија во класата на проф. Дејан Пројковски и асс. Андреј Цветановски
22:00

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Факултет за Драмски Уметности
ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 22
1000 Скопје, п.фах 134
Тел: 02 306 11 88
факс: 02 306 12 56
http://www.fdu.ukim.edu.mk
e-mail: fdu@ukim.edu.mk

Skoplje - Skomrahi....

Dan danas se sjecam putovanja sa predstavom „Tri sestre“ do Skoplja.. to mozda nije bila Moskva, ali u tih par dana festivala mi smo se osjecali kao da smo tu gdje trebamo biti. Svi koji su nas docekali u Skoplju su bili dovoljno sarmantni i gostoprimivi da se zaljubimo u taj grad na samom pocetku. Pored svih tih okolnih stvari koje su nas kao studente najvise zanimali... hodanja po ubavoj Makedoniji, upoznavanje ubavih ljudi. Najvise me odusevila profesionalnost i nivo festivala koji nas je zatekao. Scena na kojoj smo igrali, publika koja je bila prisutna, mnogi mladi ljudi i profesori koje smo upoznali i sa kojima smo i danas u kontaktu. To je bio primjer kako jedan festival treba da izgleda i nama kao studentima dao vjetar u ledja da to igranje u Makedoniji i dan danas izdvajamo kao najljepse iskustvo. Narednih godina studiranja smo navijali i molili sve sile da bas mi budemo izabrani za naredni susret u Skoplju.

Alisa Čajić – studentica
ASU - Saraevo

„Азизнаме“- според сатиричните текстови на Азис Несин, драматизација Јуџел Ертен, испитна претстава на студентите по актерска игра на турски јазик во класата на проф. Елјеса Касо.
Скомрахи 2014

Prijatelji,

12 godina za redom biti gost Festivala Skomrahi...hm...e to je zaista posebno iskustvo. Takvu atmosferu jedinstva, druženja i gostoprimstva teško je sresti bilo gdje.

Volim Skoplje,volim MNT i u njemu Acu tonca i Peru "kauboja", volim Dramski Teatar i starog Bubuleta, volim FDU, volim Vlajku, Gošeta i Sotira, volim Viki i Gogu...ma volim vas sve...

P.S. čekam zlatni sat...

Rusmir Efendic
ASU - Saraevo

AKADEMIJA SCENSKIH UMJETNOSTI SARAJEVO
UNIVERZITET U SARAJEVU
UNIVERSITY OF SARAJEVO
AKADEMIJA SCENSKIH UMJETNOSTI
ACADEMY OF PERFORMING ARTS
Obala Kulina bana 11, 71000 Sarajevo, Bosna i Hercegovina
tel: +387 33 215 277, fax: +387 33 553 286
e-mail: asu@asu.unsa.ba, web: www.asu.unsa.ba
ID broj: 4200509690000
Žiro račun: 1020500000060817 Union Banka Sarajevo

Broj: 03-4/
Datum: 03.07.2014. godine

SKOMRAHI

...

Mnoge akademije bivše Jugoslavije su pokušavale praviti slične susrete, ali jedino je FDU Skopje uspio održati kontinuitet i visoko profesionalnu razinu, koja je svake naredne godine na višem nivou.

Najznačajnije je, ipak, sve ono znanje koje studenti ponesu kao dobit nakon Susreta.

Osim praćenja rada generacija studenata iz regiona, kroz kreativno prijateljsko druženje sa kolegama, a pod brižnim okom domaćina

studenti nakon Festivala dobiju, u pravilu, novu motivaciju i želju da budu još bolji.

A ako su još bolji, onda, možda, i naredne godine putuju na SKOMRAHI.

Jer na Susretima SKOMRAHI u Skopju, mjesta ima samo za najbolje!

Prof. Admir Glamočak

"Не го губи духот" - Станислав Стратиев, испитна претстава на студентите по актерска игра во класата на проф. Мартин Каров, НАТФИЗ „Крсто Сарафов„ - Софија. Скомрахи 2014

Dear Professor Sekulovski and dear Mr. Vasilevski

...

Our students have returned from SKOMRAHI with wonderful memories in the last few years and both, them and the Department staff would have very much liked to participate this year also. Unfortunately, the current, dramatic financial state of our department (...) prohibit us from making any plans for subsidizing student visits to fellow institutions for educational purposes, despite the fact that we consider this a pleasant and educationally beneficial exchange. Please allow me to wish you 'good luck' to this year's SKOMRAHI event, and let us hope that we shall be able to meet again under that same umbrella when financial conditions ameliorate, in the not so-distant future.

Antonios Glytzouris
Head of the Department of Drama
School of Fine Arts
Aristotle University of Thessaloniki

Na glumi nas uče od prvih koraka da radnja koju obavljamo na sceni mora biti logična, opravdana, cjelovita, svrsishodna i produktivna. Ako bismo još dosegnuli nivo i da je atraktivna onda smo sigurni da smo na dobrom putu. Ako vam kažem da SKOMRAHE najbolje mogu opisati kao takve sve ću vam reći. To je festival gdje je sve logično - domaćini prepuni ljubavi koju izvoze kada im se dodje u goste. Zaključak je i logično je da se svi na festivalu vole. Dalje, opravdan je zato što su kroz njega prošlo generacije i generacije već sada ozbiljno odškolovanih glumaca. Prijateljstva koja su se začela na festivalu

„Венера во казино„ - Давид Ивес, испитна претстава на студентите по актерска игра во класата на проф. Ален Муратовиќ, АСУ - Сараево,

i danas ostaju. Cjelovit je u svakom smislu. I profesori i studenti jednako i sa velikom strašću učestvuju u samoj organizaciji i strukturi festivala. Svrsishodan je jer ima ogromnu moć spajanja ljudi a to je u našem poslu jedna od ključnih stvari. Produktivan je jer će iz svega prethodnog lansirati gomile generacija sa ubrizganom ljubavlju, strašću i doživljajem novih i vječitih prijateljstava. SKOMRAHI je dosegnuo



"Благородна буржоазија" - Молиер, испитна претстава на студентите во класата на проф. Луан Дака, ФДУ - Приштина. Скомрахи 2014

naravno i nivo atraktivnog jer se izrodio iz grada koji miriše na strast, ljubav i dobrotu.

...

Za kraj još jedan stih koji je vama zasigurno poznat, ali ja ga volim u svom aranžmanu otpjevati „Tamo gdje vječno GLUMA sja tamo je Makedonija"

van.prof. Alen Muratović
ASU - Saraevo

Skomrahi Meetings have great value in the encounter of creative, academic works and human resources of Higher Education Institutions of Art in the Balkans and beyond, being not only a parade of interpretations, but also a school where students and teachers can grow up and develop academically and artistically. Personally to me, being in the leading position of the Faculty of Stage Arts and then as the Rector of the University of Arts, it has been a challenge that our school was represented worthily in these meetings.

Rector, prof. Petrit Malaj,
University of Arts, Tirana

Шах-мат: „Шах-мат, љубов моја„ - Мила Јовановиќ', претстава на студентите од ФДУ-Скопје, Скомрахи 2014

ИНТЕРВЈУ

НАМЕСТО ИНТЕРВЈУ
ТЕАТАРСКА ИСПОВЕД НА БИЉАНА РАДИНОВСКА, РЕЖИСЕР

ГЛЕДАМ ДА НЕ МИСЛАМ НА ТОА КАКОВ ТЕАТАР ИМАМЕ ОВДЕ

Билјана Радиноска е родена на 15-ти Ноември 1988 едно снежно предпладне.

На седумнаесет години ги започна студдите по театрска режија во класата на Слободан Унковски и Златко Славенски. Со својата дипломска претстава „Мизантроп“ од Молиер го означи отварањето на независниот театар Театра во чија продкуција ги режираше следниве претстави „Звукот на коските што се кршат“ од Сузан Лебо, „Хаусситери“ од Горјан Милошевски и радио-видео перформаност „Привид“. Особено значајни за нејзината кариера се претствите каде истражува и експериментира, овде се вбојуваат и оние кои ги режираше независно и од независните односно „КонФузија“ и нејзината последна претстава „Федра“. Моментално работи на драмата „Човекот кој го изеде светот“ во Драмскиот театар.

Додека одговарам на вашите прашања сум во втората недела од пробите за „Човекот кој го изеде светот“ Овде, во овие денови, во зародишот на процесот неминовно одговарам на прашања. Прашања за драмата, прашања за ликовите, прашања за мојата идеја и што сакам да направам од драмата или поточно со неа. Кога поминувам низ ходникот на театарот, тој ходник ми е познат, иако прв пат работам во овој театар. Кога стојам на сцена, некако е моја, иако знам дека секојдневно на неа се распостелуваат и други приказни од други нејзини луѓе. Кога ги гледам фотографиите на ѕидовите чувствувам одговорност и некој чуден притисок во исто време. Низ овие мигови во денот, кога погледнувам околу и во себе ми се одговара само едно прашање со кое се измачувам едиствено во времето кога немам проби: Зошто? Зошто сум режисер? Мислам.. кога немаш проби многу тешко да одговориш на прашањето: Што рабо-

тиш?- некако ми е незгодно и до пола лага да речам дека сум режисер, кога не сум во тој момент- не режирам... Значи сум некој кој чека да биде тоа што е кога ќе отчука времето за првата проба. Одговорот на зошто режија, се протегнува некаде во неизговорените радости на пробите, во некое чувство за правилно, дека правиш правилно, дека правиш нешто добро... Во делењето со други луѓе -актери, сценограф, костимограф... Еден наш поет има напишано нешто како - тоа целото во збор не го собира... Мислам дека ова е најточен одговор на моето зошто, кој го добивам секој пат кога не го барам или пак сосема го заборавам.

Има кај Бергман едно место, кога зборува за театарот, вели- некој изградил дом за нас, не' собрал, некој ни дава дом за да се искажеме... И откако го чув ова од него (во едно интервју на јутуб) ми се објасни зошто никогаш немам чувство дека работам во Македонија. Впрочем, ако ме прашате јас не сум ни сосема сигурна дека во оваа година работам или постојам. Да, свесна сум за околности, свесна сум за митови, истории, празни зборови и ветувања, уште повеќе, најповеќе односот кон театарот како да е работа... Мислам, не е. Никогаш нема да биде работа... Тоа е или барем треба да е избор, без просторна и временска определба, само извор на провоцирање на начин како да се каже нешто, како да се допре до некаде или некој... Гледам да не мислам на тоа каков театар имаме овде. Не затоа што не сакам, туку сум уморна и здосадено ми е од тоа постојано да се зборува и размислува како е и да се гледа во место, сакам да мислам што можам јас да направам со луѓето со кои сум, како сакам да биде утре, за некои утре кога ќе дојдат...

Ние како планета доцниме 8 секунди позади сонцето кое го гледаме секој ден. Осум секунди... Ќе речете, ништо. Замислете да чекате цели осум секунди некој да каже „Те сакам", откако сте го голтале со месеци вашето, замислите колку луѓе се менуваат на планетата во секунда, доаѓаат и си одат... Не е малку. Осум секунди може да се нечиј цел живот. Има некои моменти кога се чувствуваш дека си во комуникација со сите живи суштества околу себе, со секоја вибрација, мисла, мала светлинка... За мене, тоа е кога сум со вистинската претстава. Еден таков момент доживеав додека ја спремавме „Звукот на коските што се кршат" во Театра. Независен театар во чија продукција сработив неколку претстави и поставив внатрешен систем на вредности кои чинам ќе ги носам до крајот на својот век. Тука, беше драгоцен фактот дека допрев една актерска игра и една драмска форма во која ја гледам иднината на театарот како медиум. И сметам дека кога ќе го направиш изборот, понатаму тој комуницира со тебе на начин кој не е секојдневен за објаснување ниту пак јас нешто посебно умеам со зборови. Всушност, поприродно ми е наместо да зборувам да ги поставам, дадам, кажам работите на сцена.

ИНТЕРВЈУ

ЖИВОИН ТРАЈАНОВИЌ - СЦЕНОГРАФ

40 ГОДИНИ СЦЕНОГРАФСКО ТВОРЕШТВО

Живоин Трајановиќ е сценограф во Македонската Опера и Балет. Годинава слави 40 години професионална уметничка дејност. По тој повод напрвивме разговор со овој автор, кој целиот свој работен век го помина како сценограф во неколку медиуми, а најмногу во Македонската Опера и Балет.



„Ајкула“

Живоин Трајановиќ (1948с.Табановце) потекнува од земјоделско семејство, од погранично место со Р. Србија. Во Пеќ, заради близината на овој град запишал средна уметничка школа, на отсекот за внатрешна архитектура. По завршувањето на школата во 1968 година се запишува на групата Историја на уметноста на Филозофскиот факултет во Белград (проф. С. Радојчиќ, Д.Медаковиќ, Л. Трифуновиќ, Б. Гавела и други). Како апсолвент во 1972 година се префрла на Академијата за применета уметност во Софија, на отсекот за сценографија (проф.И. Петров, Н. Николов, Е. Костов и други). Академијата ја завршува во 1976 година добивајќи диплома на сликар-сценограф. По соработката со Кумановскиот театар, неговото прво „огнено крштевање“ во 1977 година доаѓа во Скопје каде работи со Петре М.Андреевски, од редакцијата за народна музика и со Владо Чучков од редакцијата за сериозна музика во Македонската радио телевизија-МРТВ. Во оваа институција Трајановиќ реализирал над 60 сценографии. Во 1978г. за отворањето на Мајските оперски вечери ја изработил сценографијата за операта „Бал под маски“ на Џ. Верди, која доживеала успех кај критиката и публиката. Тоа ќе биде вистински по-

Развојот на македонската сценографија е тесно поврзан со кусата историја на современата ликовна уметност, посебно со сликарските настојувања на уметниците. Живојин Трајановиќ, академски сликар се посветил на сценографскиот декор посебно како сценограф во Македонскиот народен театар – опера и балет во Скопје. Во неговите многубројни сценографски решенија се препознава настојувањето да се претстави определен амбиент давајќи нагласка на лирската сликовна претстава во кое преовладуваат стилизираните предмети, ликови или фигури заедно со карактеристичните елементи или симболи за времето во кое се одвива дејството (драмско, музичко, оперско). Трајановиќ прави напор да го издвои и да му даде специфична обоеност и атмосфера на својот сценографски декор применувајќи ја сликарската постапка на широки форми и бои. Тој настојува на фактите на литературното и елементите на драмското дело да им даде емотивен тон, илустративна форма и симболична форма и единство на сценскиот простор постигнато со средствата на стилизација на натуралистичките или илузионистичките елементи, како и со нагласување на централната оска или симетричниот распоред на елементите на сценографското решение. Токму во таквите белези го согледуваме придонесот на Живојин Трајановиќ во контекст на развојот на македонската сценографија со покласични карактеристики.

д-р Владимир Величковски

вод во 1979г. да се вработи во Македонска Опера и Балет.



„Бал под маски“

Г-дине Трајановиќ кажете ни најнапред, како се роди љубовта кон уметноста?

Уште како дете во основното училиште „Браќа Рибар“ во Табановце, ме „откриј“ моите наставници по ликовно воспитување, Спасовски и Атанасовски. Цртав куќи, го цртав Крали Марко со сабјата и боздоганот. Мислам дека дарбата за уметност сум ја наследил од мојата мајка, која иако беше жена од село, добро пееше и црташе.



„Болеро“

Која е всушност функцијата на сценографијата?

Мојата работа е замислата на режисерот да ја реализирам во простор, односно да нацртам скици, според кои сцената ќе се уреди и делото ќе се направи почитливо, посилно и поуверливо. На тоа долго и упорно се работи. Најголем мотив за мене е кај гледачот да предизвикам вистински емоции, а многу стручњаци и самите режисери признаваат дека всушност сценографијата знае да „држи“ и „да го извлече сценското дело“.

Претставата треба да има ликовност за сценографијата да биде уметничка. Сценскиот простор да се вреднува за моментот кога ќе ја заживее „студената недоловлива кутија“ на сцената. Со уметничка рамнотежа, ликовна чистота и јасност, може да се постигне вистинска вредност и значење на сценскиот простор и креативните костими.

„Ромео и Јулија“

Тетарскиот чин подразбира тимска работа. Како ја осмислувате идејата за еден проект?

Во работата ништо не препуштам на случајноста. Од првата белешка, шема, скица, нацрт па до реализација, се треба да легне на свое место. Оваа работа е многу сложена и подразбира тимска работа со другите носители на претставата, што значи режисер, сценарист, костимограф, композитор, кореограф, солисти, мајстори на шминка, светла, тон, реквизити, сите тие го оживуваат делото.

Кој и каде беше Вашиот прв професионален ангажман?

Со радост се сеќавам на тој настан. Тоа беше во Куманово, за детската претстава „Кекец и Мојца“ ги изработив косимографијата и сценографијата. Претставата наиде на одличен прием кај детската публика,

која е најискрена и со нејзе не може да се манипулира. Или те прифаќа или не.

Да се зборува за сценографското творештво на Живојин Трајановиќ значи да се зборува за еден зрел и инвентивен ликовен ракопис во кој сензибилно се испреплетуваат нишките на искуството и имагинацијата, реалноста на фактите и фантазијата. Трајановиќ е автор со импресивен број (околу стотина) на балетски, оперски, театарски и друг вид сценографски решенија за дела од класиката до модерната и постмодерната. Сите нив ги обликува со максимален елан, знаење и естетската страст.

Она што е типично за сценографската уметност на Живојин Трајановиќ, тоа е нејзината студиозност во која покрај амбиентот на епогата е вистината и психолошката и естетската димензија на ликовите и делото што е цел на сценографската интерпретација. Станува збор за еден суптилен и оригинален сценографски ракопис, лишен од рутински конструктивистички решенија, доволно препознатлив и индивидуален за да го поздравиме како таков и на оваа репрезентативна изложба на авторот.

Ефтим Клетников

Како тече реализацијата на изработката на едно сценографско дело?

Тече во фази. Од идеја до изработка на првични шеми, скици, нацрти, до состанок со авторскиот тим на еден проект, каде се презентираат началните идеи на сите автори на проектот. Изведбата, ќе зборувам за онаа во работилницата на МОБ, каде се работи строго според идејната скица на сценографот, како дел на тимска работа со авторски приод. Решението за сценографија за една претстава не го повторувам во друга претстава или сцена. Притоа, сум изработувал и по седум различни „слики" за една претстава. И во користењето на материјалите нема отстапки. Идејата треба да има содржина, а сценографијата функција, за да не се задуши претставата со прекумерна нарација и реквизити.

Кои се очекувањата на авторот кога проектот е готов и претставата треба да почне?

За сите вистински посветеници на работата почетокот на претставата има ударно значење. Кога ќе се дигне завесата и запалат светлата на сцената почнува претставата-волшепството што го обликува идејата на авторот, режисерот и сценографот. До тој момент тешко се доаѓа со многу неизвесности, но и можности да се создаде ликовно соодветна и привлечна сценографија која ќе го оживее студениот сценски простор, таа магична кутија во која се проектира сонот на приредувачот.



„Трубадур"

Сте соработувале со многу режисери. Дали сите Ви оставале простор за самостојна креација. Имало ли обиди да бидете „водени" од режисерот?

Целиот мој работен век сум се трудел да бидам што по самостоен. Така се докажуваш себе си, но и на јавноста. Имало обиди да се биде „воден" како што велите. Но, јас не сум го дозволувал. Тоа имало одраз во неможноста да направан поголема бројка на сценографии, бидејќи сум одбивал да работам со луѓе кои скале да се мешаат во мојата самостојност, во мојот занает. Сум бил отворен за соработка, за прифаќање на идеи, но не и за занаетско мешање во работата, со кое се доведува под прашање авторството на еден уметник.

Кој или кои од режисерите би ги издвоиле во Вашата долгогодишна соработка со нив?

Би ја истакнал соработката со нашиот Васил Ќортошев, со белградските режисери Младен Сабљиќ и Александар Поповиќ, германскиот режисер Волфганг Вајт и поз-

натите бугарски режисери Петар Штрбанов и Емил Бошњаков.

Некои од новите искуства ги вградив во подоцнежните решенија на сценографскиот простор.

Кој од нив остави на Вас посебен впечаток?

Петар Штрбанов. Тој е автор кој работел во „Метрополитен“ операта и во сите поголеми европски театри. Неговите сугестии беа во функција на разубавување на сцената, во склоп со либретото, а не во функција на самопотенцирање или лично истакнување.

Колкав е Вашиот авторски фонд и дали сте задоволен од остварено?

Па мислам дека фондот е со задоволителни бројки, 25 сценографии за оперски, 15-тина за балетски и исто толку за драмски претстави. Ако овде се додадат и оние 60 тина во МРТ, мислам дека тоа е солидно, со една забелешка дека за уметнниците не постои пензија. Се додека се во можност да творат тие тоа и треба да го прават. Се надевам дека и јас, ако ме држи здравјето, ќе продолжам да работам додека можам.

Разговорот го водеше
м-р Крсто Скубев-културолог



ИНТЕРВЈУ -

ТЕА БЕГОВСКА, РЕЖИСЕР

РЕЖИЈАТА Е МОЈА ЕДИНСТВЕНА И НАЈГОЛЕМА ТАЈНА

Теа Беговска (24) е дипломиран театарски режисер на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во класата на професор Дејан Пројковски. Својот дипломски труд го претстави во Народен театар Штип, поставувајќи ја претставата ,,Слугинки" од Жан Жене. Во 2012. година беше дел од режисерите на претставата ,,Вртелешка" во Драмски театар Скопје. Од тогаш Беговска започнува интезивно да твори во алтернативен простор, создавајќи три театарски перформанси: ,,Три сестри" (2013), ,,Тишина" (2014) и ,,Контрола" (2014), за кој ја доби наградата за ангажиран режисерски пристап на фестивалот Ристо Шишков во Струмица. Нејзините дела биле изведувани во повеќе градови, театарски и уметнички фестивали во Македонија: ,,Ристо Шишков", ,,ИМПАКТ", ,,БОШ", МОТ, АКТО, Скопско лето. „Ајде да имаме секс", е нејзиниот четврти алтернативен проект кој своја премиера доживеа на 3.10. 2014 во клубот БАЛЕТ.

1. Кога се вљуби во театарот?

Не знам дали можам да кажам кога се вљубив во театарот, бидејќи нема клучен момент кој ме натерал да се заљубам. Не е љубов на прв поглед, туку љубов која постепено расте. Можеби е единствената љубов од сите можни љубови која ќе истрае до крај. А нашиот „рилејшншип" статус секогаш ќе биде „ит ис компликеитед".

2. Што претставува театарот за тебе?

Зарем би можело тоа да се дефинира? Не знам што претставува...понекогаш толку многу го сакам а истовремено и мразам. Знае толку силно да ме допре, а исто толку силно и да ме разочара. Понекогаш го гледам во чашка испиена алкохол, на шанк, друг пат го слушам низ некоја музика, а често знае да ми влезе и во соба, па дури и во самиот живот знае да ми влезе.

3. **Зошто од сите театарски професии ја одбра токму режијата?**

Режија, бидејќи глумата си ја носам природно, неа ја наследив ☺ Сакам да бидам главна, го сакам режисерското столче, го сакам режисерот на сцена наспроти актерите, сакам кога само режисерот може да запали цигара. Колку и чудно тоа да звучи, но јас навистина силно го сакам целиот тој напор и притисокот што го носи режијата и одговорноста за целата екипа. Режија бидејќи носам нешто силно во мене што сакам да го кажам. Режијата е моја единствена и најголема тајна.

4. **Што за тебе претставува режијата?**

Режијата за мене е еден свет во кој единствените правила и закони кои постојат ги измислуваш самиот ти. Самиот решаваш што ќе има во тој свет, како ќе се живее, што ќе се прави. Па има ли поголема слобода и убавина од тоа сам да го создадеш светот? Кои се тие луѓе, како се облечени, каква музика слушаат, имаат ли проблеми... И уште еден куп прашања кои го градат целиот тој систем на кој живот му вдахнува актерот кога ќе се качи на сцена. Многу често заминувам некаде со умот додека сум надвор со пријатели, на кафе, на клупа, во клуб...

5. **Кога се запиша на ECPA, дали имаше одредени очекувања за знаењата што може да ти ги даде една уметничка академија?**

Искрено ништо не очекував, се запишав апсолутно без никакви очекувања. Мене од денот на раѓањето се ми е театар. Домот театар, надвор театар, пријателите театар... Кога се запишав на факултет, прво ми ги згрешија документите мислејќи дека сум на актерска игра. И до денот на моето дипломирање, па и ден денес сите прво ме прашуваат дали сум актер. Па си реков да си играм во претставите што ги режирам. Така ќе се сруши дилемата. Па коментарите ќе бидат, аха и режисерот игра во претставата. Научив да бидам храбра и да се борам сама. Пред некој ден носев столчиња со екипата за претставата. И еден човек ми пријде рече: ама зошто носите вие столчиња, па нели сте вие режисерот на претставата. Јас научив да правам се, да не се плашам од ништо и да одам храбро по мојот пат. Режијата не е удобна фотеља.

6. **Дали и колку те инспирира актуелната македонска театарска уметност?**

На ова прашање би можела да одговорам доколку имав можност малку да се инспирирам во Франција, Америка, Италија, Велика Британија, Русија, Јапонија, Кина, Белгија...па да направам споредба колку ме инспирирале овие држави, и колку ме инспирирала мојата во која живеам и творам. Еве единствениот фестивал кој го следам последните 2 години надвор од нашата држава е MECC фестивалот, каде можев да погледнам претстави скоро од сите држави, па да направам споредба и да се инспирирам. Моето мислење е дека треба да гледаме претстави од големи Европски авангардни режисери, нови естетики, нов начин на пристап на актерот. Мислам дека полека и кај нас, барем, се носат тие големи имиња, што е добро за мене како млад режисер да ми се овозможи тоа да го видам кај нас, веќе кога немам можност да патувам надвор.

7. **Како гледаш на разликите меѓу работата на независни театарски проекти и работата во професионална театарска институција?**

Не можам многу да се пофалам дека сум работела во институција. Но сум била многу често внатре, па би можела да направам споредба. Еве да започнам од најпроста споредба. Во институција има столици, во независен театар треба да ги носиш сам. Во независен тетар си и инспициент, сценски работник, светло мајстор, тон мајстор, менаџер, маркетинг, реклама, режисер. Но јас оваа не го гледам како мана, напротив, го гледам како голема предност. Се разбира оваа предност во еден момент треба да прекине, да порасне. А тоа значи да се финансира независниот театар со минимални средства, па јас да можам само да режирам, евентуално да носам и столчиња, ќе се снајдам и како тон мајстор. Во институција правиш компромиси со сите, а во независен тетар единствениот компромис што го правиш е компромисот самиот со себе. Затоа јас најчесто си се договарам самата со себе, бидејќи би било апсурдно да не се појавам на состанокот со самата себе. Со нетрпение ја чекам следната моја

шанса во институција, малку да одморам, да се изморам од нешто друго, а најмногу и пред се да го пронајдам таму мојот израз. Да ја пронајдам алтернативата во институција.

8. Независниот театар се одликува и со нетипичен „театрски“ простор. Дали и тоа осебено инспирира?

За мене секој еден простор е инспирација. Јас едноставно уживам кога ќе влезам во простор, за мене тоа е бесконечна креација и имагинација. Секој еден дел од просторот има своја магија. Во контекст на просторот. Годинава гледав претстава на авангардниот режисер Jan Lawrence кој сакаше да ги покаже „грешките“ во популарната книга на Питер Брук „Празен простор“ Што значи тоа празен простор? Еве да замислиме дека сцената е празна има само публика, таа сепак е исполнета со нешто, исполнета е со сите различни мисли што ги има секој еден човек од публиката, можете да замислите колку само е полн тој простор со секакви мисли. На крај тој публиката ја праша – If art is our lover, than who the f..k are you!?

9. Твојата претстава „КОНТРОЛА“ беше сместена во автобус. Раскажи ни малку за овој особен театарски експеримент.

За мене интересно беше што ние цел месец, додека работевме, во друг простор, цело време си замислувавме автобус. Си замислувавме предна врата, задна врата, замислувавме дека се возиме, дека стоиме на станица, дека влегуваат луѓе, на крај и самата публика си ја замислувавме дека е присутна. Имавме буквално една проба во автобус кој беше паркиран, значи не беше во движење, и уште една проба каде за прв пат видовме што значи нашата претстава во движење. Што значи сообраќајот, семафорите, реалното застанување на станица и влегување во автобус. Потребна е голема организација за да се измери времето на движење и да се вклопи со дејствието на актерите. За оваа претстава е потребна максимална концентрација на актерите кои возат со коли веднаш позади автобусот, за актерите внатре, па и за самиот возач на автобусот. Можам да кажам дека екипата од 17 актери многу вешто се снајде во целиот овој експеримент и верувам за секој еден беше интересно искуство и убав спомен кој долго ќе се памети.

10. Кои се твоите тематски, жанровски и естетски преокупации.

Темата секогаш произлегува од она што мене ми се случува во системот на мојата држава. Независно дали е тоа позитивно или негативно. Жанрот го одредува темата, а естетиката е моја вечна преокупација. Сакам да екпериментирам во естетиката. Таа се раѓа од некое мое искуство во однос на се што имам до сега изгледано, независно дали е филм или театар. За еден млад режисер мислам дека најважно од се' е да гледа, да чита, да слуша различна музика. Едноставно да го живее и доживува свесно и креативно секој еден момент од животот.

11. Каде го гледаш местото на режисерот (особено младиот) во македонскиот театарски контекст на денешницата?

Ако зборуваме за тоа каде би требало да биде местото на еден млад тетарски режисер, тоа е само и само театар. Кога велам театар, сакам да кажам дека е опасно за еден млад режисер кога местото го пронаоѓа во удобна фотеља, разно разни приредби и манифестации, а најлошото место за еден млад режисер е седењето дома и чекањето на телефонски повик кој ќе му донесе некаква работа. Јас не знам каде е местото на моите колеги, моето место секогаш и секаде ќе биде физички таму каде што има простор за создавање, а во театарски контекст ќе остане како една вечна борба. Се' уште го немам пронајдено вистинското место за таа борба.

12. Кажи ни нешто за твоите идни планови.

Моите планови се многу едноставни. Да ги прошетам сите фестивали кои ги сакам, да ги изгледам сите претстави кои ги сакам, да соберам по некоја награда, да ја пронајдам мојата екипа. Планот ми е да не престанам да создавам. Имам уште еден план – да се качам на некој висок врв и силно силно да крикнам!

разговараше Александра Бошковска

Љубомир Груевски

ШТИПСКИ ТЕАТАРСКИ ВРЕМИЊА
(ВО СЛИКИ)

Предвовед

Пред неколку денонoќија – последниве од Марта, во утринскиот дел од денот, со една забележителна (и тешка) печатена пратка/книга – преку рацете на секогаш насмеаниот поштонец ,на куќниот ми праг – од Штип пристигна книга – вест, а со неа и покана, со голем број глаголи – дел во кондисионал, но повеќето во - императив (?!). И, ај после – одби!

Вовед

Истрајниот младешки дух **Кирил Петров** (некаде во/по својата 70-та) , авторот на пристигнатата **книга за театарот и театарциите** (штипски и македонски) со латинското име ***ARS LONGA – VITA BREVIS*** фреско-живопис од ликови и животи театарски (со хрестоматски обележја) - љубезно моли (но безусловно барајќи) текст, некакви согледби/сеќавања на некогашните театарски времиња од еден живот, една младост далечните мои штипски години на живеење околу, во близина – во/со театарот и творците тогашни трудољупци театарски маченици – на докажано нетрајната магија на театарската уметност.

Мигновна или не и сегашноста е сурово минлива, но минатото е страотно минливо – тоа е неповторливо;па така остануваат спомените(особено запишаните), тој код на незаборавот, на трајното. Кирил и овојпат е во право: ***ars longa-vita brevis*** !

И се зафаќам, неволно, ама се зафаќам со испишување/запишување на церебрално-фанатасмагоричното копање по евентуалните тајни записи на штипските театарско-сценски ***слики***.

Слика Прва

(Риквант – сиво платно, во заднината на сцената на сеќавањето.Како на филмско платно татни воз (оној црниот и на пареа, а можеби напред на локомотивата да е со црвена петокрака – па нели 1958-та е!).Не е тој оној прв спокоен – нем влез во Париската железничка станица и мноштвото господа парижани од првиот филмски запис на Браќата Лимеиер,не...Овој воз татни во мене! Пред да влезе во станицата, додатна тревога- поминува кондуктерот ...

Кондуктерот: (извикува) Штип! Штип... (Повторува неколку пати како да е возот полн, а во возот само ние, мајка ми и моите двајца браќа...)

Јас: (Ќе излетам низ прозорецот, по мене моите браќа мајка ми...А перонот празен... скоро пуст. И таму на перонот, само фигурата на татко- стегната во офицерската униформа ...Татко, како царски хусарски офицер , а вусшност селско дете од партизанијата...) Тате,тате!... (Одекнува 1958-то лето штипско, со сета своја врелина...Потоа се прегрнуваме...И останувaме во Штип до 1971-та...., сите заедно, а потоа...)

Слика Втора

(Сцената е прилично стара и еднолична градба, која само во помалиот правоаголен дел е нешто повисока од дестина метри, а целата зграда на два ката не е подолга од 40-тина метри и со штура, еднолична фасада – од исток скалила, широки и стрми, од каде што е влезот... Сè на сè архитектоника и стил – меѓувоен (поблизу до Втората светска војна, се разбира) и со очигледна "револуционерна" пренамена на некогашната функција – а за колку да се знае во што е пренаменета - со избледени црвени букви гордо испишано во верзал, разбира се: НАРОДЕН ТЕАТАР).

Време на дејствието/ настанот – шеесетите на 20 век.Значи само петнаесеттина години по „партизанијата" , ден најобичен – редовен, за *редовна претстава*.Публиката е веќе влезена, вратата подзатворена од едната, внатрешната страна на процепот Тој од надворешната - Јас. Тој е Тоде, сценскиот работник и вратар, секогаш сериозен, дебеликав и со проникливи очи и строги мустачиња и другиот протагонист на влезната драма – Јас, десетгодишник и дремач пред врата...

Тоде: (се прави на Тошо) Ќе влегу'аш?!...

Јас: Да...

Тоде: Ами, ш'о чекаш?!...Дремеш ми тука како... (и дури тогаш вообичаено и како секогаш – ми ја доотвора врата за да можам да се протнам).

Јас: (Без зборови – втрчувам во веќе затемнетата театарска сала, со надеж дека не сум испуштил ништо).

Слика Трета. (Се повторува повеќе години по ред).

На штипската театарска сцена гостува Народниот театар од Битола. Празник за театарот, а и за мене посебно. На сцената – и не само на сцената, ќе продефилираат познатите и симпатични ликови на Љубиша Тријковски, Јоана Поповска, Бабец, Ацо Стефановски итн.итн.

И кај нас дома ќе има гости од театарот од Битола: чичко Симе(прв братучед на татко ми) - осветлител во Битолскиот театар, инаку стар битолчанец и неговата сопруга, тетка Фана, гардероберка во театарот. Драгите гости од Битола се мојата секојагодишна влезница не само за одлично примените претстави на битолскиот театар, туку виза за дружење со битолските актери на сцената-зад завесата и во гримиорните.Дружење за незаборав, дружење со легендарните битолски актери и проверени *шегобијци*...А и Јоана, колку беше млада –а и талентирана од род и убава, прекрасен сценски лик: Русокосата од „Заточениците од Алтона "на Сартр во тандем со Љ.Трајковски, и со оној негов фотогеничен-филмски лик на голема ѕвезда...

Слика Четврта

Сцената е некаков бар.Полумрак, тивка музика – блуз.На шанкот еден од двајцата црномурести – Јас, во споредна улога. Уверлив "нигер" – поцрнет со изгорени плутени затки од шишиња за вино (проверен театарски рецепт за оваа работа/ правење црни од бели луѓе!).

Во мигот кога се засилува светлото, врткува Љупчо Давчев – исто така црномурест и ...ја соопштува трагичната смрт во сообраќајка на блуз пејачката од „Смртта на Беси Смит" од Едвард Олби, во режија на *бате* ***Алеко Протогеров*** ...

Мислам дека конечно Васил Шумански, другар ми – оттука го трасира својот пат за Загреб и тамошната Академија на студиите по глума во истата генерација со Раде Шербеџија – но во македонската класа што таму ја водеше прославениот актер Илија Џувалековски.

Подоцна година-две, јас ќе *илегалчам* кај Шумански (на „Сава") и за негово искрено изненадување, и покрај онаквата конкуренција, влегувам во тесен избор на приемниот за режија на *неговата* Академија. А преку Шумански, Тања и другите, ете ме до Шербеџија – за кого уште тогаш се знаеше колку голем актер е - исто како и за Васе...(Ама, Шуманчето се откажа од актерството...).

За жал, меѓу неколкуминатa примени на режија (од стотиците кандидати) на крајот, ме нема мене... Враќање дома – во Штип...

Јас: (во мигот на пишувањево на овој текст, гледајќи се во блиското огледало и во тажниот и остарен лик, повторувам) Враќање дома – во Штип (Колку бев тогаш среќен, колку бевме полни енергија и радости!)

...(А деновиве, на мојот сакан стрико – еден од браќата на покојниот ми татко...на смртната постела и некаде во неговата осумдесетта година, последните зборови, разбрав, му биле): **Ајде, да си одиме...да си одиме дома...**

Слика Петта (Без наслов)

Се повторуваше често. Затоа што се случуваше често... А, виновник за тоа, повторно Васил Шумански – кој и пред Академијата, веќе беше член на Ансамблот на Театарот, а моето другарување со него ме донесе до: Шенка (подоцна Колозова), до Мето Јовановски, Ѓорѓи Колозов, исто така, членови на штипската театарска екипа, а тука беа Тони – Л.Атанасов, Стојан Арев...Вечерни дружења. Потоа, Мето на Академија во Бугарија..., Васе пред тоа во Загреб, Шенка и Ѓорѓи (направо или не – не се сеќавам) Скопје...Се растури тоа друштво привремено, овоземско штипско,театарско.

Кога сме веќе кај театарските штипски ликови, да не го заборавам мојот драг ДРАГАН Биков, секогаш пријателски расположен кон мене, потоа: чичко Лазо реквизитерот – секогаш сериозен и коректен (братот на Ратка Чоревска, членката на Битолскиот театар)... Може ли да се заборави рапаво пробивниот глас на Мичо, осветлителот... Од актерите Томе Гаговски, Црниот, Стојанче, Илија Арев – директорот, Ружа...и многу други и многу други (затоа види: **Кирил Петров Ars longa-vita brevis**)...

Слика Шеста (...и повторно Железничката станица Штип)

Се снима филм .Режија и снимател, по свое сценарио: **Љ.Груевски.**

Главна ролја **Мето Јовановски** (пред заминување за Бугарија, се разбира!).Настан за историјата не само на филмот, туку и за македонскиот театар (од денешен агол, се разбира – а тогаш само мој обид со 8 мм камера да го направам својот прв – и последен филм (?!!) за конкурирање на филмската академија во Прага (во тогашна Чехословачка).

Материајлот не стана филм никогаш но и јас и Мето чесно си ги одработивме и снимивме кадрите на Железничката станица, особено Мето Јовановски кој мораше во неконтролирано од нас движење – да трча и да се *пентери* по товарните возови во движење – со сите ризици...(Секоја му чест – несвесни и обајцата како сето тоа можело да се заврши...)

Но, лентите со првите кадри на филмска лента на Мето Јовановски – се сѐ уште кај мене и по 40 и повеќе години; и не се осмелувам ни сега да ги погледнам...ПЛАШЕЈЌИ СЕ ДА НЕ ИСЧЕЗНАЛЕ СИТЕ ТИЕ НАШИ СЛИКИ ОД МИНАТОТО – како што изчезнаа многу нешта, многу луѓе...голем дел од нашите животи!

Слика Седма (...и уште една моја режија)

Сега веќе не паметам што беше одлучувачкиот поттик да се зафатам со правење ***свој театар*** – тогаш во далечните седумдесетти, некое време по матурирањето...Можеби тоа се случи по веќе споменатите обиди да се влезе на некоја од околните академии и да се студира режија. Можеби беше пресудна блискоста со штипските театарски кругови, можеби токму што тие години во Штип се одржуваше своевидниот фестивал на драмската аматерска продукција од Македонија, можеби...Но, се роди – претстава.

И повторно Едвард Олби, овојпат „Зоолошка приказна“ дуо-драма преку која јас бркав и успешно истуркав(без да знам, се колнам), со колажирање (и секакви актуелизации) и користејќи ја сета симболика на текстот на Олби – еден Брехтовски концепт на театар, за кој од тогашниот претседател на Жири-комисијата на 5-тите РАДС (20 – 27 април 1969) режисерот Љубиша Ѓеоргиевски, добив една наједноставна квалификација:„дечкото има кликер“ (така ми беше пренесено!).

А, како дојдов до таа оценка и до тоа претставата да земе учество на фестивалот и нели, да ја проследи жирито? Едноставно на: жими мајка! Е, како така?! – Еее,така!

Најпрво, за свој прв голем успех и поен, кон правењето на „Зоолошка приказна“ и конечното учество на фестивалот, го сметам незаборавниот и пресуден гест на актерот/пријател Филимен Џинес (член на штипски театарски ансамбл) да ја игра улогата на Џери – се чини со тоа беше решено сѐ. И, што е најинтересно, кога сме веќе тука – мислам и од денешен агол, дека таа ролја на Филимен (кој за жал почина млад – Бог да го прости), ќе остане да е едно од неговите позабележителни ролји – и тоа во аматерска претстава!

Вториот протагонист на дуо-драмата на Олби, беше Славчо Митевски, еден извонредно талентиран персоналитет – кој подоцна ќе стане и градоначалник на Штип!

Подготвките тргнаа и течеа, но доцна се почна – а наближуваше селекцијата за учество на драмските групи на фестивалот. Селектор - Мирко Стефановски, актер и режисер, со еден збор, авторитет... (па како и не би бил тоа – па тој е човекот што во Прилеп, како директор на театарот среде соцреализмот, ја постави првата модерна пиеса во македонската драматургија „Вејка на ветрот“ од Коле Чашуле...итн.итн. Патем, **Мирко Стефановски** е таткото на **Горан Стефановски**, а ако е малку тоа, тој е татко и на **Влатко Стефановски** – ***„лебот и солта***“ на македонската нова/рок музика, а Мирко е брат на легендата театарска **Ристе Стефановски**, нели?!Итн...

Селекторот Мирко Стефановски, на денот кога треба да ја проследи и селектира претставата, доаѓа во Штип и наместо да му ја прикажеме претставата, јас му ја покажувам својата вештина како ќе изгледа претставата којашто не е готова – а која што треба да оди на фестивалот затоа што ќе биде добра, нова, интересна (со повремените потврди со нишање со главата на Филимен)... И така, на жими-мајка, тој голем човек и уметник ни ја вметна претставата во програмата на Фестивалот, а Љубиша Ѓеорѓиевски потоа, го кажа она што го кажа.

Беше тоа, ако не се лажам, во годината 1969 кога Нил Амстронг, слезе на Месечината и ги кажа оние големи зборови – и кои, како да беа дел од мојата претстава – која на многу начини и нережирано – го определи мојот иден живот. Зашто, љубовта кон театарот донесе друга љубов, која судбин-

ски ги измеша картите..., а Холивуд или Бродвеј, станаа ѕвездени места изнапикани во некои далечни галаксии...(А јас,не кријам – меѓувремено ја открив својата аеро-фобија! Страв од летање – со авион, разбира се!).Среќа - во несреќа, или обратно.

Слика Осма (Боро Киров Зозе ...)

...Слаб, висок, секогаш со цигара под носот... Делуваше осамено. Но ќе да не беше така. Тој си имаше свој свет...само нему целосно познат.Со еден збор –тип на штипски интелектуалец или уште попрецизно – македонски немирник, неаминувач. Тој ќ го беше дал и презимето на долгогодишната првенка и носителка на репертоарот на театарот во Штип , Јелица Кирова (се разбира со Алеко Протогеров и другите). Така , сигурно е Јелица, не ќе беше во Штип и на штипската театарска сцена – ако не беше тој , нејзиниот сопруг **Боро Киров,**или едноставно ЗОЗЕ ...

Бев прва или втора година на студии на книжевност во Скопје (но престојот дома, во Штип – повеќе си го сакав) кога на улица – секогаш со свитокот весници под мишка и во долгото темно палто ми прилде на улица Тој –

ЗОЗЕ: (и право и директно) Слушај...Покренуваме штипски весник, може ќе се вика „Народен глас". Од тебе сакам да напишеш рецензија за некоја од театарските претстави, најдобро за премиера. (И самиот си одговори.Без да ми даде шанса да си дојдам при себе од изненадата.) Знам, ти го можеш тоа.Знаеш. Кога ќе се видиме сакам да ми го дадеш текстот ...(и замина).

ЈАС -без зборови.

По 15-тина денови излезе од печат првиот број на весникот „Народен глас", на последната страница си ја најдов отпечатена првата моја театарска критика...И покрај мене, кој друг ако не Михаил Ренџов , и со што ако не со песна посветена на Гоце Делчев: *Дај ми ја главата во моите раце!*

Слика Деветта НЕ-ЕПИЛОГ и НЕ-ПОСЛЕДНА (Насловена):

По штипската патека на најубавиот заод на сонцето во Македонија

Зимата 1963, некое време по убиството на Џон Ф.Кенеди – американскиот претседател, беше првата и последна што лутиот ветер кој доаѓаше од кај Ново Село, од котлината на Брегалница и ме следеше мене првокласникот (како и другите) што учевме во Гимназијата во дворот на црквата Св. Никола, токму таму каде што бил учител Гоце Делчев – и денес се гордеам со тоа...И убеден сум и тоа не беше случајно...Ниту убавите зборови на француски - за мене со посебно значење на крајот од таа прва и последна година новоселска: ***si je t'aime*** .../ гимназиска...

Потоа, Гимназијата се пресели во центарот на Штип, многу блиску до зградата во која живеевме, а до која кога беше дежурен офицер мојот татко, од Касарната знаеше да дојава на прекрасен црвен коњ.

Најубавиот заод на Сонцето во Македонија (мислам овој дел, делот околу Вардар) се случуваше пред крајот на школската година и можеше да го имаш само ако си во втора или четврта година на Гимназијата (поранешната Учителска школа) и се најдеш во Штип во 1964/65 или во учебната 1966/67 година – и на 5 или 6 час погледнеш онаму каде што на левата страна на Отиња во пламенот на зајдисонцето, се оцртува најубавата сценографија на малите новоселски куќарина по сртот на ридот ...Секојдневно таму ми тонеше сета убавина на овој свет...И, иако во Штип живеев доволно долго, никогаш не појдов до тој Новоселски срт...Каде, секако, се уште се слуша она : ***si je t'aime,*** сè до...

2008 година (зимата), НУ Центар за култура „Ацо Шопов" - „ВО ЧЕСТ НА ПОЕТОТ": **Книжевен портрет** на **Љубомир Груевски,** за поетот и неговото дело ќе говори **Михаил Ренџов**, поезијата ќе ја чита **Страшко Милошевски**; сабота 20 декември – почеток ...

Тука сум,во Штип, соочен сам со себе – со минатото, тука ми се пријателите, другарите од младоста, по некој школски/гимназиски Киро (Фертикот), што ми е најважно, тука ми се двете убавици-ќерките (и еден зет Табак) не се тука неповратно отсутните, не е тука ***С.*** – но сепак е тука зашто ова е нејзин простор, тука е нејзиниот раководител од Малиот театар на поезијата – Михаил Ренџов, тука е колегата нејзин, мојот стар другар Васе Шумански...Чинам, сите ги говорат моите таговни стихови како некогаш пред години на вечерта посветена на присутниот тогаш славеник, поетот над поетите Ацо Шопов...

Помина и таа вечер на поезија. Моите си заминаа – јас таа ноќ 20 кон 21 декември пред пет години, по многу години, останав во Штип, остана и Мише Ренџов(може ли да

не остане – тука во својот Штип,ноќ повеќе?!)...

Зима е, најубавиот залез на светот не го доживеав, но останав до утрото...

И, тогаш, со утрото надојдоа, се вратија ТИЕ (Михаил на чело и прв, потоа двајцата браќа Самоникови, Благој и брат му кој по многу години ги остави Париз,Берн, Швајцарија...Кирил Петров знам, исто така, беше присутен) по востановениот секојдневен нивен молчалив ритуал прво кафе во Центарот, а потоа сите преку Отиња и кон Ново Село, кон Сртот на најубавиот заод на светот ...Ме водат старите момчиња по угорницата како по некаква патека на стари слонови... И јас, така и се чувствувам, сето од вчера толку силно и полно возбуда – прво чествувањето за Шопов, а потоа покрај него и за мене...Се чувствувам толку многу Штипјанец колку и Македонец...Еве, првпат доаѓам до малата црквичка под Сртот, палам и свеќа и одминувам крај единствениот гроб. Ме запира Благој Самоников.

Самоников: (по обичај, држаејќи ме за надлактицата – како скоро секој соговорник) Ej другарче! Ти ми пишеш стихови, минијатури, ЦД-диња за Илинденците и убаво се... Ама, да те прашам нешто...Знаеш ли кој лежи тука у овај гроб ?!

Јас: (крајно изненаден) Не, незнам.

Самоников: (додека другите влегуваат веќе во Ново Село, го продолжува својот загадочен дијалог – сметам, со мене) Е, не знаеш, ја...Не знаеш, а напишал си песна за него...(Скоро налутено и во заминување) Тука лежи Мише Развигоров, ете така – сега знаеш!

Јас: (Сам крај црквичката и крај гробот. Таму некаде под Сртот на најубавиот залез на светот – кој го нема зашто е зима. Зима е и во мојата душа.Чинам не само во мене туку цела котлина Новоселска, Штипска, градот, врвовите на Исарот одекнуваат – стиховите за војводата Развигоров, тука крај мене)

РАЗВИГОРОВ

Гората од твојот осмев
ли развиваше
или осмевот со својата убавина
Гората ти го откриваше

Во Штип
Ти додека гореше
Војводо Развиговоров Мише.

Доста е! - извикувам , како во мојата аматерска претстава пред години; викам по дамна мртвиот Тоде:

Спуштај ја завесата! ...

И завесата полека, полека паѓа. До следното навирање на спомените поезија, до следниот изблик на драмските /животни **слики**.

Трчам, да ја стигнам колоната по патеката угоре кон Сртот на младоста.

Премиери и *премиерии*

Некои нешта во театарскиот живот знаат – и покрај сета минливост на животот човечки/земен – да бидат **константи** (- **во обид**; целни или не, свесни или не; но...) од секојднеието на животот **дадени** /за-дадени/ во форма на неодминливи места, ситуации и луѓе – **in situ.**

Во тие **времиња** на седумдесеттите, на **20 век** (разбира се), и за штипските театарски премиери беше неодминлив *тимот* на професионалните театарски критичари – гостувачки (гостинскиот дел) на редовната *премиерна публика.* Меѓу нив, секако, најпрво – најстариот и секогаш сериозниот Иван Мазев („Нова Македонија“),Петре Бакевски („Вечер“) , Иван Ивановски („Радио Скопје) и...Толку.Тоа беше тој најважен и неодмилив дел и слика на претпремиерните мигови на салонска атмосфера на најзначајниот настан за секој театар, па така и за Штипскиот...А потоа, по ден-два коментари којшто и за кого напишал – и како го оценил тој, секако, за Театарот и актерите – *светски настан...*

Секако во таа критичарска визура, беше и делот на свечено проблеснатото фоаје со истотака неодминливите ликови на Михаил Ренџов (со него –Алеко Протогеров, ако не е на сцена, што беше реткост) Драган Биков (што бара сценографот на или зад сцена на премиера, нели?), тука се Кирил Петров, Кирил Ефремов,сериозниот Б.Киров - Зозе, Тошо Максимов, другите неангажирани во премиерната претстава и сите ние други... младите *сопатници* (како би рекол академик Ѓорѓи Старделов,мојот роднокраец по градот на раѓање –Ѓевѓелија)...А, по некој од нив, како мене крајпатниот –bord de la route (како и тогаш, ќе навлезе во опасните витли на запишувањето, бележењето – критичко или не) та така и сега ќе ја транскрибира таа слика од дифузната меморија на sидовите на скромното театарско фоаје, додека на сцената премиера по премиера протекуваше...репертоар, уметници, недо-

бројни луѓе, штипјани, струмичани (патем кон Скопје)...години...во обид - за допир на нетрајноста со вечноста.

***Малиот театар на поезијата*, Ацо Шопов, итн ...**

Тлоцртот, основата на ***кругот*** на Малиот, поетскиот, театар - нормално, го испиша поетот **Михаил Ренџов -** разбира се, во Народниот универзитет - Работнички.

Зад сето тоа стоеше неговиот придвижувачки, инспиративен дух... Малиот театар на поезијата не беше само негова идеја, туку и потреба; негова, организација и релизација - но и на сите други околу него,кои за свое *вјерују* го имаа она: Се' во име- на поезијата! Така, околу и во **кругот** немалку млади вљубеници во поезијата - и во самите поими: сцена-театар, уметност, духовно богатство...

Една **слика** е неизбришлива: литературна вечер **- портрет на поетот.**Во Штип, меѓу нас - е **Ацо ШОПОВ**, можеби најголемиот современ македонски поет - голем човек. Авторот на ***Молитвите***, на ***Очи*** ...

JAC. Се свлечкав (не знам за првпат како, и што е поважно – не знам со кого) на една- две проби на Театарот (мал и поетски, итн...) - приквечер и после часови (од Гимназијата, на чекор)...Михаил ја водеше работата.Се говореше поезијата на Шопов. Нели, Шопов - доаѓа!Додека некои од членовите /интерпретаторите на стиховите пробаат на маркираниот простор на малку издигнатиот подиум /сцена (во Големата сала на Работнички, работното место на Ренџов во Штип)...Во првиот ред на гледалиштето, не знам како, се наоѓаме Jac и С.Ташевска, не знам од каде и како -разговараме, коментираме за филм што неодамна на ТВ сме го гледале и двајцата. Тоа е наш прв разговор. Главниот лик во филмот е писател, незгоден, амбициозен - ништо не му е поважно од литература и успешноста како писател...Jac ќ велам на С. дека би сакал да го поминам животот со литературата, да читам, уште повеќе -да пишувам, но кој би издржал покрај тебе во таков живот (беше тоа 1966-тата)...

На 20 декамври, Васе Ш., Лиле, Докторо, Медаро, Катето (подоцна и по студиите во Белград - Радовановиќ) и Славица, пред стилизираната сценографија на Д.Биков, ја пренесуваат поезијата во нашите души во присуство на поетот, големиот Шопов... Средбата со неговата поезија продолжува со прашања до поетот, за поезијата, за неговиот поглед на литературата. По *случаен* договор со Ренџов, јас треба да поставам – круцијално прашање - за местото на поезијата, поточно, на поетот во современието наше-тогашно...Во мислите го стокмив некако прашањето одредувајќи му ја сушнитата и со вештина на некој од членовите на Поетскиот театар - го изрецитирав прашањето, на свое - но особено на задоволство на Ренџов...: Дали и колку материјалната надокнада за Вашата поезија, како на најзначаен македонски поет, Ви овозможува подобар, покомотен живот?

Шопов се насмевна, тивко и од простум одговори - дипломатски (потоа и отиде на работа во дипломатија) ...во смисла,дека статусот ни на поетите ни на поезијата не е којзнае каков.Но, од поезијата - се живее... на поинаков начин богато, се живее - вечно. Потоа, следуваше „Бриони" и за она време - едно необично долго дружење во ноќта.

Беше тоа една ноќ на незаборав со Шопов, Ренџов, едноставно ноќ на Малиот театар на поезијата - со материјална поткрепа на првиот хонорар за незаборавната вечер на малиот-голем театар и бесмртната поезија на Шопов.

Трајче Гаврилов (**Штипјанчето** од Швајцарија)

Во Кругот (или како сакате и со која сакате геометриска слика означете ја таа состојба на духот, на творештво, страст -од тоа време) околу професионалните создавачи на театар во Градот под Исарот, со нас и преку нас се простираа амплитудите на необичниот, необичниот во многустрано надарен наш (мој) другар - соученик **Трајче ГАВРИЛОВ,** неповторливиот штипски вундеркинд.

Ќе остане засекогаш во мемориската мапа на минатото, пожолтената но јасна слика, кога Трајче, еден прекрасен, пред-летен (но веќе претопол) ден - ќе ми го тутне в раце (во дворот на Гимназијата) последниот број на ***„Културен живот"*** на местото за редовниот драмски прилог (печатен сепаратно на кулер хартија) да можам да прочитам: ТРАЈЧЕ ГАВРИЛОВ : **„ГОДО Е МРТОВ" – првонаграден драмски текст на конкурсот на Редакцијата на „Културен живот"**...

Што можеше во тој миг да се каже, да се додаде на тоа... :

Додека најдобриот и неповторлив режисер-(„аматер") и поклоник на театарот на апсурдот (на Јонеско,Бекет) во Македонија **Боре Ангеловски** ги правеше најубавите аматрески претстави ***„Чекајќи го Годо"***

(БЕКЕТ) - **Трајче Г.** - објави: (**залудно чекање!**) ***Годо е мртов*** ...И ја доби наградата на „Културен живот“ а потоа и наградата 8 НОЕМВРИ- градската, штипската - и тоа како ученик во гимназија (8 Ноември исто така како ученик на Гимназијата - ја доби **Славица Ташевска (**многу подоцна Груевска), член на Малиот театар на поезијата, но за двете последователни сојузни награди втора и трета - за резултати во природните науки)...Градот Штип уште тогаш знаеше да им се оддолжува на своите млади генијалци!

Дружењето со **Трајче** на нашите студии во Белград, мои на книжевност и неговите на **атомистика** (мојата илегала кај него во Домот кај Вук) и мојата принуда да запиши и **драматургија** на Академијата за театар и филм (која исто така ја запиша и со успех ја заврши како и атомистиката) - е преполн албум на незаборавни слики – кои, еве, на овој начин ги скенирам и ги сместувам во папката полна електронски набој и незаборав...И, се прашувам, каде е сега Трајче?!

А како да беше вчера - упорит како што ме дал Бог, го убедувам Трајче дека мора да запише и драматургија - за да им покаже и на Скопјани, но и на **Белграѓани**, дека нивните студенти на Белградската академија ,од Скопје, се само деца на татковци - и да видат што знаеме НИЕ...По неколу дена, Трајче беше примен на драматургија и ми го довери дијалогот со претседателот на Комисијата за прием на Академија – еминентниот Белграѓанец,писателот и професор Слободан Селениќ: Дечко си ја читал ли Книгата за JOB, Трајче: НЕ, С.С.:Па, Дечко, ти си напишал нова Книга за JOB.

Еден ден и една „Ноќ спроти...“

Димитар Христов, битолчанец (значи, нашинец...) тв- режисер, знаеше често да ги израдува актерите со ангажман и в театар но и на телевизија – во она време тоа значеше многу за актерите од ***внатрешноста*** (со исто значење како и денес –**провинција.** Нели?)

Така, еден **ден** спроти Водици во Господово лето 1966-то, Диме Христов се појави со постановка на ***„Ноќ спроти...“*** од неговото величие Вилјем Шекспир...И, ја направи можната поделба на ролјите од носечкиот состав на ансамблот - од најстарите до најмладите актери (Шенка, Мето и Ѓорѓи, токму тогаш беа заминати) ама тука беа Е. Кирова, Ф.Џинес, В. Шумански, Р. Икономова,... и се што можеше да се прибере од младите и младинската сцена...А, кога другарите ти се глумци, а во претставата има еден куп ликови...тогаш, Христов те облекува во костум на стражар, ти дава меч в рака – и ти веќе ***глумиш*** *Стражар...*И си дел од веселата дружина, која по некој ден од приемиерата (успешна, се разбира) во некакво “тандркало“, што и тогаш се нарекуваше, заминува автобус – *со Шекспир*, на гостување во не така далечното Кочани...Длабока есен е – време на уличните продавачи на печени костени.Пред да затропа за тргнување, она што го именувавме автобус, некој од веселата дружина спомена: *колку е убаво печени костени со бело вино*! Кон Кочани или назад – се јадеа печени костени и се пиеше бело македонско вино (од шише – едно, две...) Патот за Кочани беше во градба, автобусот тропаше – но се пееше...Песната се лепеше на душата како убавиот мирис на благите, како карамели, печени подшарпланински костени...

Така почна се’…И трае –како навика, во сезона по театарска престава да се пивне *бело* со некој печен *жежок* костен (и кај мене дома, под Пелистер, во Битола).

Ама, како да не се тие толку благи костени...

Крстопат

Крстопатот е една од очигледните и најчестите магии на судбината – на животот. **Крстопатот** е еден од феномените, од невидливите а сепак очигледните магии на судбината - на животот. Вкрстувањето, пресекувањето на две патеки (патишта!) од кои потоа се издвојуваат најмалку четири насоки...

Па, така, симболиката на драмата „Крстопатот“ на Лазо Каровски нека остане како импулс и само како повод...

За ***„Крстопат“*** драмата на **Лазо Каровски** - која требаше да биде првата реализирана тв-драма на Македонската радиотелевизија, во тие далечни и пионерски почетоци на МРТВ, слушнав од веќе избраниот млад актер што требаше да ја толкува главната ролја - нашиот **Васил Шумански**, веќе професионално ангажиран (по гимназија) во Штипскиот народен театар (и пред заминување на Академијата во Загреб, на македонската класа за актерство).

Секогаш привидно ладнокрвниот Васе, при нашето вечерно дружење, ми вели: „Ќе се снима тв-драма на поетот Лазо Каровски...Што мислиш, кој ќе ја игра главната машка...“ - и пред да ја заврши реченицата =знаев, знаев дека тоа ќе биде Тој.

А знаев, дека знае колку тоа мене ќе ме израдува...Но како битолчанец по род (да речам, зашто мајка ми беше од Мала Преспа, од онаа страна на границата, во Албанија нели?) кога ми кажа дека претежно ќе се работи и снима во Битола...јас се радував, секако, повеќе од него -со оглед на мојот темперамент.

И така, В.Шумански (**(Младичот)** ја имаше за партнерка **Јоана Поповска**, младата и талентирана (од род) актерка, а во тв-драмата во останатите ролји учествуваше секој позначаен актер од ансамблот на НТБ: Ацо Стефановски, Љубиша Трајковски и др. Бев горд на Битола, но и на Штип, но најмногу на Шумано - **Васе** сепак беше главниот...

Недолго по тоа, кога заврши сè и кога се врати дома - во Штип, Шумано раскажуваше дека во Битола во слободното време, го дружеле младите Благој Стефановски, Илко и Борче Чоревски, подмладокот на познатите битолски театарски семејства Стефановски и Чоревски. Благој и Илко гимназија, а Чоре помладиот во Стопанско...но сите со цел и зацртани патеки - без крстопати, право во актерските води...според ген.

А Шумански беше повикан и замина на Академијата во Загреб, кај мајсторот и ненадминатиот, големиот македонски актер Илија Џувалековски.

НОЌ НА СЕРЕНАДИ

Во седумдесеттите, кога сè уште не беше заминал од Штип и со „ИСЕЛЕНИКОТ НА ОГИНОТ“ го раселуваше својот поетски пламен, жар, непрегор во пошироките, македонски и балкански простори, **Ренџов,** знаеше да нè *збере,* да нè поведе.

Повод можеше да биде: премиера на театарот, некое литературно читање или некој друг културен настан...Сето тоа околу него или во врска со него и Работнички. И, ќе се случеше заостанување, за-седнување –заскитување по настанот.

Екипата *шарена*, но претежно во доминантниот состав, ние (помладите, кругот околу театарот и младинските театарски групи, малиот театар на поезијата, литерати во обид итн.) и тој - **М.Ренџов, К.Ефремов ...**итн. Како сега да ми се под нозете нерамните каменести стрмни улички - по кои се врежа една од повеќето наши ноќи на серенадата.Можеби сите тогаш, и без да знаеме, сме учествувале во нешто неповторливо и во миговите на неговото исчезнување, како може да не речам и на ритуал на боемштината - во изумирање...Последната ноќ на серенадите - главна песна Михаиловата Ренџовата „Мамин Колъо“ („Зар не ти е жал бре Колъо...) или можеби под нечие (веќе заборавено) пенџере - „Саноќ седам, Трено...“ ...Се отвора сликата - со нас е тука во прегратки и со својот јасен баритон, поетот, актерот и песнопоец **Ристо Јачев,** нашиот Ичко, Велешанецот од Воден...Ичко има своја песна - и со него и во Битола и во Струга, ја пееме и не ја доиспејуваме (до ден-денес)...Нема крај таа наша македонска песна - дури не се запали в куќи светлост или не проблесне сончева, црвена мугра...**O tempora!O mores!** (ММЕ...)

ГЛАВНА РОЛЈА ЗА „РЕЖИСЕРОТ“

Стариот, секогаш насмеан и *шегобијно* настроен актер (и режисер по потреба и директор по задача) **Илија АРЕВ** (таткото на наш Стојанче), 1970 или 1971, како најзначајна, стожерна фигура и директор на Театарот - во време на очигледна беспарица и проретченост на и онака малиот Ансамбл на штипскиот театар - одлучува дека мора самиот да ја спасува ситуацијата – режирајќи и глумејќи.

Така, некогашниот соработник на легендата -**Петре Прличко,** одлучува да ја постави (по некоја аналогија со П.Прличко) „Голтари“ од Сингилети. Прави поделба - но нема доволно *луѓе* - актери.Тогаш така беше - особено во помалите градови, а со тоа и помалите театарски куќи...Немаше сè уште доволно *изведено* актерски кадар (како денес од многубројните академии, наши и соседни). На вообичаените аудиции се примаа и актери-почетници со средно образование - особено и најчесто од *поубавиот* пол.

Но стариот Арев, чичко Илија, и како директор, но и како режисер, нема решение – нема млад актер за **момчето**,**Младичот** - во **“Голтари“**...Дискретно или целно , го пушта тоа во *Кругот ...*Јас тие денови дојден од Белград,на некоја студентска пауза (носталгична по *домашна манџа* ли? или *)* откако ми се беше залепил на душа оној стих на Рацин *„Белград е ламја...“* (Големиот, преголем -**Рацин Првиот**).

Знам потоа дека ме принудија (другарско-пријателски) на аудиција - на која поминав и за нивно изненадување со искрени честитки на Е.Кирова, А.Протогеров (и третиот?!...) членови на Комисијата и самиот *Круг* станав и официјално театарски актер...во првата и единствена ролја во „Голтари“ ...(На аудицијата знам одлично го го-

ворев монологот/говорот на Марко Антониј крај мртвото тело на Цезар а и басната „Орел, рак и штука“ од нашиот Кукушанец Христо Смирненски, којшто иако пријавен за режија, во Софија (Бугарија) ги бараа од кандидаите...Од таму мојата тајна за добрата и експресна подготвеност...

Но, најубавото изненадување следеше вечерта по премиерата...

Ристо Лазаров (кој по враќањето од Белград и откажувањето од студиите на Факултетот за политички науки, а како подолгодишен соработник на „Млад борец“ (Скопје) -за кусо стана **главен** на весникот) видов - беше на премиерата, но исто така се појави на роденденот на својата соученичка К., каде и јас се најдов - по женска линија (иако постар една генерација од нив)...така постпремиерното славје продолжи и на роденденот...**Р.Лазаров**, најчесто како новина ја покриваше културата, но имаше посебен однос кон театарот...

Во еден миг пред сите присутни, надвишувајќи ја силната музика,ми се обрати јасно и недосмислено:

„Слушај, да знаеш утре на насловна на **„Млад борец“** ќе осамне(мн.убаво ги паметам зборовите) наслов, со волкави букви: „ОТКРИТИЕТО СЕ ВИКА ЉУБОМИР ГРУЕВСКИ!“. Џагорот околу мене стивна (околу мене С., сестра и генерација на Ристо, К. – роденденката, Перо Б. и др.).Настапи пријатно изненадување за сите, пријатен молк, многу пријатен молк - молк ја препознав искреноста и егзалтацијата, на познавач и почитувач на **театарот.**Шумолеа само „Ноќите во бел сатен“...на една младост, полна животна радост...и планови, многу планови за иднината.

НА КРАЈ/ИЛИ МОЖЕБИ НА САМИОТ ПОЧЕТОК

(Епилог или пролог?...)

Црквата го носи името „Св.Никола“ (деновиве влегов во неа и нејзиниот двор по толку многу години - онака по мое,би рекол: “речиси ,по сто години“).

До црквата одамна го нема училиштето (секако изградено во 19 век - кога црквите и училиштата делеле еден ист двор)...Името на училиштето „Тошо Арсов“, а на местото на училиштето и училишниот двор - широка сообраќајна разделница со светлосни сигнали и знаци за насоки: кон Ново Село, средината преку новиот мост на Отиња - кон центарот ...Навистина убав, модерен пристап кон солидно и урбано дотераниот центар на Штип...Само -што поднесена е жртва - училиштето, а тоа не дека немаше поголемо значење...ако се знае дека градбите од таков обем и квалитет означени со почеток на градба во 1800 и ... се дела од нашата, македонската преродба од 19 век.

Во Црквата палам свеќи - за живи,за здравје, за себе - за се’ и секој мој... Црквата, без урнатото училиште уште поубава, поголема и доминантна - и во центарот на Градот, но некако осамена без детскиот џагор...од моето училиште...(од моето училиште - од 4-то до 8-мо одделение, од 58-ма до 63-тата).А се во животот-театар/театарот-живот како да почна во тоа исчезнато училиште со ... Со учителот/наставникот по мајчин/македонски јазик - Ѓорѓи (Доцев) и неговите сценско-литературни композиции - најчесто за Денот на училиштето и други празници. Текстовите беа од македонски писатели, поети (можеби од наставникот) одбрани и осмислени во некоја декламирачко-наративна форма, (во што) на Доцев му припомагаше наставникот по ликовно, уметникот Павле (Зуфата)...На пробите присуствуваа двајцата.Но, на некоја од пробите пред патрониот празник на училиштето – едноставно го снема Доцев.

Генерална проба - во унифицирани костими креирани од Зуфа(та)!Јас и веројатно *Ѓаволот*- кој ме натера во сета сериозност на ситуацијата и пред излегување на сцена, зад завесите да направам некој „мајмунлук“ - и смеа! За веднаш потоа врз плеќите, од зад мене да ме „фрсне“ некоја ковчеста рака. Остра болка ме жегна до срце...Се вртам и зад себе - и за глава под мене, во полумракот го гледам вжареното (како рефлектор со црвен филтер) лице на Зуфата -како фрла отровни пламења...Грбот боли, жежи... но на сцената молк.

Тоа беше мојата прва вистинска „жешка“ награда за одглумената шега –која, чинам, уште ја носам на грбот...а и она тогашно мистериозно исчезнување на наставникот Ѓорѓи Доцев - (кое барем мене ми се разјасни, во годините по осамостојувањето и прогласувањето на независноста на нашата оспорувана татковина), кога тој се појави на телевизија - меѓу ветераните прогонувани и судени за Македонија...

ЖИВОТ(от) ПИШЕ РОМАНИ! (Ама и ДРАМИ, нели?!).

НУШИЌЕВИОТ „ПОКОЈНИК“ – ВОЗНЕС ЗА ДРАМСКИ МЛАДИНСКО-ДЕТСКИ ТЕАТАР (ДМДТ)

Во текот на 1967 година театарот ги прикажал следните премиери:

Вечерна сцена:

1. „Кој ќе го спаси орачот“ од Френк Гилрој, превод Богомил Ѓузел, режија Димитрие Османли, сценограф Тома Владимирски, костимограф Јелена Патрногиќ, музичка илустрација Андреј Бељан. Прикажана е 13 пати пред 3.931 гледач. Премиера: 7.1.
2. „Покојник“ од Бранислав Нушиќ, режија Љубиша Георгиевски, сценограф Гинтер Кубе и Љубиша Георгиевски, костимограф Рада Петрова-Малкиќ, избор на музиката Витомир Павловски. Прикажана е 71 пат пред 26.569 гледачи. Премиера: 28.2.
3. „Танцот на трендафилите“ од Валериј Петров, превод Гане Тодоровски, режија Бојан Дановски, сценограф и костимограф Мирко Петров, композитор Петар Ступел. Прикажана е 38 пати пред 12.838 гледачи. Премиера: 16.3.
4. „Зборот дупка не прави“ од Жарко Петан, превод Бистрица Миркуловска, режија Крижај Франци, сценограф Гинтер Кубе, костимограф Јелена Патрногиќ. Прикажана е 19 пати пред 5.417 гледачи. Премиера: 27.6.
5. „Ромул Велики“ од Фридрих Диренмат, превод Сотир Гулевски и Бранко Варошлија, режија и сценографија Вили Цанков, костимограф Георги Ножаров, избор на музика Андреј Бељан. Прикажана е 22 пати пред 6.040 гледачи. Премиера: 14.10.1967.
6. „Партитурата на еден Мирон“ од Коле Чашуле, режија, сценографија и костими Љубиша Георгиевски, музичка илустрација Андреј Бељан. Прикажана е 23 пати пред 6.036 гледачи. Премиера: 5.12.

Детска сцена:

1. „Гртко“ од Љубиша Ѓокиќ, режија Саво Комненовиќ, превод Генади Болиновски, сценограф Трајче Јанчевски. Прикажана е 39 пати пред 14.532 гледачи. Премиера: 18.4.
2. „Џон Пиплфокс“ (обнова) од Душан Радовиќ и Мирослав Беловиќ, превод Димитар Солев, режија Саво Комненовиќ, сценограф Трајче Јанчевски, костимограф Рада Петрова Малкиќ, музика Душан Митровиќ. Прикажана е 23 пати пред 10.761 гледач. Премиера: 9.4.
3. „Две врчви вода“ од Ада Грејданус, превод Иван Ивановски, режија Киро Ѓортошев, сценограф Трајче Јанчевски, костимограф Елена Дончева, кореограф Јитка Ивеља, музика Витомир Павловски. Прикажана е 28 пати пред 11.874 гледачи. Премиера: 28.12.

Куклена сцена:

1. „Во Кукленово“ од Јозеф Пер и Лео Спачил, режија Веска Фикова, превод Благој Корубин, сценографија и кукли Ирина Маричкова, музика Кирил Кирилов. Прикажана е 28 пати пред 11.170 гледачи. Премиера: 9.6.

Напорите на Театарот во текот на 1967 година биле насочени кон сè поголемата афирмација на трите сцени на уметнички план, доближување на театарот до публиката, кон организационата и кадровската поставеност на Театарот, зацврстување и афирмација на работничкото самоуправување во Театарот, финансирањето и изнаоѓање мерила за правилна распределба на средствата за лични доходи, како и напори за создавање меѓучовечки односи меѓу работниците во Театарот.

Во текот на 1967 година на сцената на Театарот се прикажани претставите:

1. „Дундо Марое“ – прикажани се 6 претстави пред 1.508 гледачи;
2. „Бегалка“ – прикажани се 15 претстави пред 3.330 гледачи;
3. „Самоил“ – прикажани се 6 претстави пред 2.059 гледачи;
4. „Кој ќе го спаси орачот“ – прикажани се 7 претстави пред 2066 гледачи;
5. „Тројанки“ – прикажани се 26 претстави пред 9.621 гледач;
6. „Покојник“ – прикажани се 42 претстави пред 16.204 гледачи;
7. „Танцот на трендафилите“ – прикажани се 34 претстави пред 10.77 гледачи;

8. „Зборот дупка не прави“ – прикажани се 7 претстави пред 1.652 гледачи;
9. „Ромул Велики“ – прикажани се 12 претстави пред 3.168 гледачи;
10. „Партитурата на еден Мирон“ – прикажани се 6 претстави пред 1.522 гледачи;
11. „Џон Пиплфокс“ – прикажани се 9 претстави пред 4.827 гледачи;
12. „Гртко“ – прикажани се 35 претстави пред 12.131 гледач;
13. „Две врчви вода“ – прикажани се 3 претстави пред 975 гледачи; и
14. „Гуливер во Кукленово“ – прикажани се 15 претстави пред 4.542 гледачи.

Вкупно се прикажани 223 претстави пред 76.336 гледачи. Обврските спрема Фондот биле 9 премиери, 200 претстави и 60.000 гледачи. Од приложниот преглед може да се види дека планот за 1967 година е префрлен со 23 претстави и со 16.336 гледачи.

Гостите од Софија Бојан Дановски (режисер), Мирко Петров (сценограф и костимограф) и композиторот Петар Ступел работат така што премиерата на „Танцот на трендафилите“ да се одржи во првата половина на март. Главните улоги во оваа пиеса ќе ги толкуваат Ацо Јовановски (Стариот), Дарко Дамевски (Младиот), Милица Стојанова (Чиновничката), Кирчо Божиновски (Велосипедист), Иванка Зенделска (Сопругата), Самоил Дуковски (Сопругот) и Лилјана Георгиевска (Пријателката). Во другите улоги настапуваат Ленче Иванова, Шишман Ангеловски, Лилјана Баковиќ, Видосава Грубач, Димче Мешковски, Дади Ангеловски, Славица Николовска, Зоја Пеовска и Киро Николовски.

Втората група актери на Театарот усилено работи на претставата „Покојник“. Режисерот Љубиша Георгиевски ја подготвува со актерите Киро Ќортошев (Мариќ), Тодорка Кондова-Зафировска (Рина), Крум Стојанов (Спасое), Димитар Гешоски (Новаковиќ), Шишман Ангеловски (Протиќ), Слободан Стојковски (Миле), Живко Јовановски (Шварц), Мара Исаја (Ана), Јон Исаја (Ѓуриќ) и Благоја Црвенков (Агентот).

Режисерот Љубиша Георгиевски е роден во 1937 година во Битола. Театарска академија завршил на отсекот за режија во Белград во 1961 година, во класата на Вјекослав Африќ. По завршувањето на академијата режира во Битола, Шабац и Лесковац. Во овој период и во неколку наврата гостувал во Скопје со Битолскиот театар. Од 1966 година поминува во Скопје и во Драмскиот театар ги поставува „Цар Самоил“, „Тројанки“, „Покојник“, „Партитурата за еден Мирон“, „Адам и Ева“ и „Јов“, „Оскар“ и сега монодрамата „Клисарот“. Тој уште во гимназијата правел претстави. Во 1956 година ја добил првата награда за улогата на Кир Јања. Потоа бил една полусезона актер во Битолскиот театар. Така решил да студира глума и се подготвил за приемен испит. Но, поради тогашната кадровска политика, се префрлил на режија. И по завршувањето режија настапувал како актер. Африќ го научил на неконформизам, дека уметничкото дело мора да биде барем пет секунди пред која било политика, кој било закон, идеологија, но не го научил да биде нонконформист, а кога во трета и четврта година му предавал Јован Путник паднал под негово влијание кој тврдел дека театарот е театар, а не литература, а режисерот во него е автор. Тој го заразил со она што е најважно за театарски човек: да може да направи претстава од пепелница и два стола, без текст да може да забавува еден аудиториум. Неговиот раскин со Путник бил во Нови Сад кога тој добил прва, а Путник втора специјална награда. Последните 30 години режисерот е Господ во театарот. На пример, Питер Брук на „БИТЕФ“ се говорело, Питер Брук „Крал Лир“ по Шекспир. Кога режира има пет столба кои ја кажувале идејата и сцените со помала вредност ги прави со „лева рака“. Нашите актери се под различни школи, стилови и примери, па затоа оркестарот не може докрај да биде хармоничен. Тоа ќе биде така сè додека не дојде време актерите да се избираат како сега режисерите.

Публиката треба да се иритира. Затоа што таа била 50 години зад светската и затоа театарот ни е таков, лош. Мал број на публиката е изморен од конвенционалниот за да ги гледа неговите претстави. Нашиот театар и филм се на многу провинцијалско ниво. Театарот изгледа има повеќе сили да се оттргне од тоа. Во театарот никој не му правел цензура, работи тоа што сака, а не како на филмот - она што го сакаат другите.[1]

[1] Хилда Кондовска: Разговор со Љубиша Георгиевски, „Културен живот“ бр. 2 и 3, февруари–март, 1971.

Драмскиот младинско-детски театар за 9 премиери и 200 репризни претстави во 1967 година бара од Фондот за финансирање на работните организации од областа на културата партиципација во висина од 130 милиони стари динари. Во театарот работат 60 лица, од кои 28 артисти со кои се изведуваат куклени, детски, младински, вечерни, камерни и други драмски форми.

Салонот на Театарот има 367 места, а сцената располага со најпотребните реквизити за изведба на претстави. За да ја исполни програмата за 1967 година, Театарот има барање од 139 милиони стари динари. Се предвидува на деветте премиери и 200 претстави да има 60.000 посетители. Еден билет чини 150 динари, со што се предвидува Театарот да оствари сопствен приход во висина од 9 милиони динари. Разликата од 130 милиони динари се бара да ја вложи Фондот.

Ансамблот на пат за Стериино позорје го посети паметникот на Авала во Белград

Ансамблот на ДМДТ со претставата „Покојник“ ќе конкурира за годинашното Стериино позорје. Се пренесувале гласови дека режисерот на претставата Љубиша Георгиевски „со адаптација на избрани текстови од другите дела на Нушиќ на маргините на „Покојник“ сакал да презентира цела „Нушиќијада“. Таквите гласови се произволни, изјавил Љубиша Георгиевски. „Точно е само тоа дека во мојата концепција на оваа Нушиќева комедија има многу содржински и формални новини. Би сакал да нагласам дека јас извршив извесна редукција на „Покојник“, а за додавање на други текстови не станува ни збор. Со мојата концепција на „Покојник“ сакам да осудам едно општество кое свесно раскрстило со сите етички вредности и се свртело кон капиталот. Така, на пример, кога во ова претпријатие се поставува прашањето за тоа дали е помила честа или половина милион динари, нема никакво колебање за изборот: парите имаат апсолутна предност. Токму затоа поднасловот на мојата концепција на „Покојник“ е трагична фарса“. Новината во содржината тргнувала од мотивот на делото: „шест луѓе убиваат еден човек. Тој во претсмртна агонија што трае две секунди го согледува својот неуспешен живот во општеството во кое живее“. Третманот на содржината наметнува форма што потсетува на надреалистички театар „кој бара сите изразни средства на сцената да говорат, а не само да илустрираат“. На крајот од разговорот со новинарот Љубиша Георгиевски нагласил „и оваа најнова режија претставува само една фаза во неговиот стремеж за воведување на најмодерните елементи во современиот театар“. Тодорка Кондова-Зафировска ја толкува улогата на Рина и за неа таа вели: „Улогата што ја толкувам во оваа претстава за мене претставува големо освежување“, а Киро Ќортошев, интерпретатор на улогата на Павле Мариќ, изјавил дека имал можност да изгради вистински Нушиќев јунак во смелата концепција на режисерот Љубиша Георгиевски.[2]

Пред три години Љубиша Георгиевски во Битола го имал поставено „Покојник“ како трагична фарса. Таа претстава не била играна како фарса „докрај и насекаде, како и од страна на сите артисти“, таа била претстава „шареникава во која фарсата често се

[2] Ташко Ширилов: „Покојник“ нема да биде погребан од критиката, „Вечер“, 28.2.1967.

мешаше со реализмот, што услови Нушиќевиот збор и сатира осетно да изгубат од својата острина". Режијата тогаш претставувала интересен театарски настан како обид за поинакво третирање на Нушиќ. „Покојник" на Скопската сцена, е облечен во слична сценска руба, пак во режија на Љубиша Георгиевски, а и концепцијата, главно, е иста, трагична фарса. Во што е поинаквиот пристап на режисерот кон скопската премиера? „Во стремежот сценски колку се може повеќе да се оживи овој текст, дури и таму каде што тој покажува знаци на една повпечатлива литературна неотпорност, како и да им се даде извесно поголемо и посовремено значење. Во тоа би требало да бидат побарани двете основни компоненти на неговата претстава". Првата компонента се гледа во стилизираната и, навидум, необврзна игра која како да станува цел за себе, „но која и некои ликови што во текстот на Нушиќ очигледно не се доволно мотивирани, ги прави поинтересни и попривлечни на сцената". На пример, Рина и Милан Новаковиќ и некои други за кои може да се рече дека во пиесата „висат" но кои вака одиграни, а особено Рина, предизвикуваат поголем интерес кај гледачите. За втората компонента Љубиша виде можност во односот помеѓу Павле Мариќ и општеството кое го уништува. „Во тоа тој согледал елементи на бекетовски апсурд, па речиси и целата своја режисерска постапка ја насочил кон што појасно сценско истакнување на тој апсурд". За режисерот, целата тајфа, претставува одлично организирана машинерија што меле сè што е човечко, а Павле Мариќ е личност што се прпелка во таа машинерија додека не разбере дека неговата смрт е неминовен чин. Предиграта е укината како и трите чина, претставата има два дела, текстот е скратен, ликовите се намалени од 18 на 11, дејството не е цврсто лоцирано во домовите на Рина и Спасое Благоевиќ, а Павле Мариќ е уништен на сцената. Добиена е претстава каква што не сме навикнати да гледаме, но интересна како обид и како остварување. „Како општа забелешка треба да се стави онаа по однос на недоволната доследност да се изнајдат што повеќе стилизирани елементи фарсата наполно да триумфира на сцената, а со тоа и ефектот да биде поголем. Во таа смисла и сценското третирање и на Павле Мариќ на ист начин како и на другите личности, веројатно би дале подобри резултати, како и чистењето на Спасое Благоевиќ, Миле Новаковиќ па и Анта од елементите на реалистичка игра во каква што тие одвреме навреме запаѓаат".

Тома Видов во претставата „Покојник"

Од тие што биле најдоследни во стилизираната сценска игра се издвојувале Тодорка Кондова-Зафировска (Рина), како и Јон Исаја (Ѓуриќ) и Мара Исаја (Ана). Крум Стојанов (Спасое) „успешно се носеше со овој централен лик во пиесата, но не можеше насекаде, особено во вториот дел, докрај да издржи во фарсичната концепција". Тома Видов (Панта) „оствари сочен лик на сцената". Киро Ќортошев (Павле Мариќ) ликот го толкувал во „строго реалистичка концепција". Сценографијата била решавана „едноставно и симболички преку еден единствен параван од стари весници". Костимите на Рада Петрова-Малкиќ „убаво стилизирани и успешно изведени".[3]

[3] Иван Мазов: Поинаков пристап кон Нушиќ, „Нова Македонија", 5.3.1967.

Маара Исаја и Тома Видов во „Покојник“

Проблемот за односот помеѓу авторот и режисерот, поточно за односот на режисерот кон авторот, се има појавено веројатно од времето кога театарот престанал да биде само место за забава и кога режисерот добива поголема улога во обликувањето на претставата и започнал професионално да се занимава со својата работа. Тоа е крајот на минатиот и почетокот на овој век со Кронег во трупата на Мајнинген, Рајхарт во Германија, Крејг во Англија, Антоан во Франција како и Станиславски, Немирович, Данченко во Русија. Порано во улогата на режисери се јавувале авторите и директорите на театрите, па и суфлерите, а нивната улога била да се грижат за дисциплината, движењата на сцена и слично. Познато е дека античките трагичари биле и учители на сцената, а Шекспир сам си ги поставувал своите пиеси. Задачата на режисерот била „во што постриктно спроведување на шаблонот по кој се изведувале претставите и во тоа време покрај авторот но не секогаш најважен збор во сценската уметност секако имале артистите. „Со Кронег, а особено со Станиславски, се говори за креативниот момент во режијата, но и тој сè уште не се осмелувал подлабоко да гибне во авторот, во чија постапка би се изменила смислата на неговото дело. Тие својата улога ја гледале „во длабоката и сериозна работа на содржината и идејата на делото и исто така во длабоката и сериозна работа на артистите“.

Режисерот е активен фактор „и од него зависи како ќе изгледа самата претстава. За творечкото неспокојство во себе во врска со секоја режија Станиславски мошне често зборува.

Голема возбуда предизвикала во Белград најновата изведба на балетот „Охридска легенда“ од Стеван Христиќ, а во кореографија на Димитрие Парлиќ, на која è ставале забелешка дека го изневерила авторот. Во изјаснувањето на голем број познати музички имиња, ниту еден не му го оспорил правото на кореографот поактивно да се замеша во делото, ако тоа го збогатува делото. Сартр ги адаптира „Тројанките“ на Еврипид. Се работи за тоа дали таквиот однос го збогатува или го деградира делото.[4]

Режиската концепција на Љубиша Георгиевски „е обид „Покојник“ да се осмисли во нова светлина, по идеја и низ средства на сцената. Радосна, драга, освежувачка и оригинална побуда! По идеја: анегдотскиот и животен апсурд да допре и да се пресоздаде до својата филозофска теза за трагика како ангажиран мотив на човечката состојба и ограничувањето. Низ сценски средства: по стил условно, со леснина во играта, со делумно приемлив жанр-фарса... да се излачи суштествениот конфликт во комедијата“. Режијата тежиштето го ставала на симболот „таму каде што завршува безизлезноста и немањето решение кај главната личност Мариќ. Меѓутоа, тоа нужно е поврзано со поширокаата палета на комедијата, галеријата ликови што го ткаат раѓањето на триумфот на егоизмот, лицемерието и саможивноста со бруталност и баналност на една животна вистина. Имено, тука доаѓаме до втората водечка линија што режијата морала да ја има предвид и каде што се согледува колку се остварени двете суштини на комедијата. Недоследноста и недостатно остварената паралелна линија во осмислувањето на комедијата особено се чувствува, освен кај поодделни артисти, во играта како целина, во нејзиното значење и како заокружување на водечката линија на режијата“. Скротените ликови и текст биле направени „творечки и интелигентно, а не механички“. Паралелната линија – лицемерството и саможивоста – послабо режиски била градена, па според тоа и артистички е поповршно изнесена. Тука била заблудата „

[4] Иван Мазов: Авторот и режисерот, „Нова Македонија“, 12.3.1967.

во несфатената нужност да се најдат решенија коишто режијата ги поставила како своја задача... Вредностите на оригиналната идеја на Георгиевски се наоѓаат во остварениот минимум на верзијата поставена од него како режисер".

Тодорка Кондова-Зафировска и Димитар Гешовски во „Покојник"

Тодорка Кондова-Зафировска (Рина) „чудесна, од почетокот докрај артистички вешта, суптилно до нијанси, со збор, со говор, со интонација, со гег, со штос, самостојна во дуо или во групна игра, одлично ѝ помогна на режисерската идеја да не биде еднострана и фрагментарна. Ако лакрдијата и фарсата можеа да се применат во стилот на играта кај сите освен кај Мариќ, за да се осмисли дуализмот на комичното и на идејата за човека, неговите односи и животната позиција кај Нушиќ и тој да се открие со сета своја спротивност, тоа најсугестивно и најобемно го изнесе и го потврди Кондова. Би кажале, недостатокот на постигната рамнотежа, со играта на Кондова супериорно е видлив пробивот на свежите текови и убави значајни фрагменти на режијата". Киро Ќортошев (Павле Мариќ) „со достатна мерка, со сите убави својства на добар и искусен карактерен артист, неусилено и одмерено, го предаде ликот". Тома Видов (Анта) „пластично, животно, наполно заокружено и со изразита сценичност го оформи ликот". Димитар Гешоски „искусно, прецизно, професионално доследно, изедначено и префинето, во рамките на режиската концепција на ликот со изразита карикатуралност, својата артистичка задача ја изврши мошне добро".[5]

Со „Покојник" Бранислав Нушиќ се оддалечува од своите стари хуморескни извори и кај неговите читатели предизвикува недоумица. Најголемата е дали „Покојник" да се прикаже во стилот на сценскиот реализам или да се оди по други патишта и посовремено да нè доближи до неговата поетска и филозофска вистина. По овој вториот пат, првпат кај нас тргнал Љубиша Георгиевски, ползувајќи се со средствата на модерниот театар, храбро барајќи го новото филозофско-литературно јадро на текстот „да се даде една нова театарска проекција на Нушиќ и во контекст на модерната драматургија тој да се открие пред публиката...Вака замислено, делото на Нушиќ како да е смирено во својата спонтана и експлозивна комика, но добивајќи во драматичноста на идејата и универзалноста на карикатурата и гротеската станувајќи многу актуелно и блиско до модерниот литературен и театарски сензибилитет. Давајќи ѝ на претставата извесни ибиевски кловновски рамки, Љубиша Георгиевски ја исполнува со интензивен гротескен набој што ќе го расфрла една галерија на монструозно насмеани, исцрпени маски, што низ сите трансформации ќе откријат една средина обединета во ограбувањето, задушувањето и отфрлањето на човечката личност, на едно општество на измамници, на едно време на убијци пред кое осаменатa личност е беспомошна и однапред главена во неговите цврсти јамки... Ако треба посебно да се издвои импресивноста на некои делови на претставата, тоа би била пред сè спонтаната и полна со комика сцена на читањето на весниците, доаѓањето на г-дин Ѓуриќ и неговиот дијалог со Спасое, почетната сцена на идеалното семејство Новаковиќ, како и монструозноста на последната сцена, заговорот и ликвидацијата на Павле Мариќ. Ансамблот на ДМДТ со голем енту-

[5] Нада Момировска: Бранислав Нушиќ: „Покојник", „Културен живот", бр. 4, април, 1967.

зијазам, многу дисциплинирано и со значаен успех се вклучи во еден вид на игра, што претставува секако една нова димензија, а можеби нова фаза во неговиот развиток...За успехот на претставата значаен е придонесот на сите учесници и тоа навистина претставува многу значаен резултат на еден колективен напор".

Крум Стојанов во „Покојник"

Крум Стојанов (Спасое) го понел главниот „товар" на изведбата на „Покојник": „дури би можело да се рече дека неговата улога на Спасое судбински е врзана за претставата и нејзината линија на развиток, на растење и паѓање во многу се движеше во зависност од неговата игра. „Добивме едно од врвните достигања во неговата кариера. Интелектуално и творечки подготвен за една нова, необична, па затоа и многу деликатна задача, Крум Стојанов открива, богато, пластично, сугестивно развивање на ликот на Спасое. Неговата маска во оваа монструозна галерија претставуваше главна потпора на основната концепција на претставата, на идејата на режисерот и главниот носител на сценското дејство".

Јон Исаја и Крум Стојанов во „Покојник"

Јон Исаја (Ѓурић) „претставуваше откривање на една минуциозно реализирана улога, сета во прецизни детали и фини нијанси. Суптилно градената карикатура на Ѓурић претставува целосно, потполно остварување, што сосема во основите на претставата ја афирмира суштествената замисла". Тодорка Кондова-Зафировска (Рина) и Димитар Гешоски (Новаковиќ) „ни откријa и чудна и чудовишна брачна двојка што во една ноншалантна, речиси кловновска игра ги остварува своите пеколни проекти. Прецизно, но и малку пресилено градената Рина на Тодорка Кондова-Зафировска и воздржаноста, вчудовидена маска на Новаковиќ на Гешоски стојат длабоко во основата на оваа нова Нушиќева проекција. Истото би можело да се рече и за Мара Исаја, и за нејзините ибиевски клошарски појавувања, како и за Шишман Ангеловски што со неколкуте варирања во мимата убаво се вклопи во оваа претстава". Киро Ѓортошев (Павле Мариќ) се обидувал „онолку колку што и самата режија во тоа успеа, да го вклопи него-

виот трагикомичен лик во една ига спротивна и по стил и по израз и по сценските средства од играта на останатите". Тома Видов (Ана) „ја оствари секако својата најсуптилна улога откако настапува на штиците во Карпош. Носител на старата, толку присутна Нушиќева комика, тој врз себе понесе добар дел од вистинскиот комичарски товар на претставата". Сценографијата на Гинтер Кубе и Љубиша Георгиевски „е многу функционална за сите интенции на режијата, но и остварена во еден познат манир". Костимите на Рада Петрова-Малкиќ „иако не сосема единствени во стилот, придонесоа многу да се афирмира ова многу сериозно и значајно остварување на Младинско-детскиот театар".[6]

Театарскиот совет на ДМДТ донесол одлука името на оваа театарска куќа во Скопје да се промени. Од 1 мај 1967 година театарската куќа во „Карпош" официјално ќе биде Драмски театар - Скопје. На афишите за претставите покрај Драмски театар ќе стои вечерна, детска или куклена сцена. До промената на името дошло поради должината и честото мислење дека тоа е само театар за младинци и деца, како и последните мошне успешни претстави на вечерната сцена, како што беа „Тројанки", „Дундо Марое", „Бегалка", „Покојник", „Танцот на трендафилите", „Кој ќе го спаси орачот" и други. Успешните претстави на вечерната сцена овозможија заслужена промена во името.

На 19 април во Благоевград Театарот ја прикажа комедијата „Покојник" од Нушиќ, во режија на Љубиша Георгиевски. Во Благоевград владеело мошне големо интересирање за настапот на скопскиот драмски ансамбл. За претставата, старата зграда на драмскиот народен театар „Никола Вапцаров", „не беше во состојба да ги прими сите оние кои имаа желба да ја видат првата претстава". На 19 април околу 11 часот на граничниот премин членовите на Народниот театар од Благоевград, на чело со нивниот директор и група на актери на Младешкиот театар од Софија со директорот Виктор Георгиев, приредија топло добредојде за членовите на ДМДТ. На добредојдето се заблагодари директорот на ДМДТ Ристо Стефановски. Вечерта, по паѓањето на последната завеса на претставата „Покојник", секретарот на Градскиот народен совет на Благоевград, Асен Деспотов, ги поздрави гостите од Скопје на отворена сцена, кога на актерите им беа предадени букети цвеќе. По претставата дирекцијата на благоевградскиот театар приреди приѐм со закуска, на кој покрај гостите, беа и претставници на скопските редакции „Вечер", „Нова Македонија", „Радиотелевизија", „Танјуг" и белградска „Политика". На приемот присуствувале претставници на општествениот и на политичкиот живот на Благоевград и првиот секретар на Окружниот комитет Крсто Тричков. Попладнето и вечерта на 20.4. скопскиот драмски колектив ги прикажал претставите „Џон Пиплфокс" и „Тројанки". На 21.4. театарот заминал за Пловдив. Во Благоевград скопските уметници ги обиколиле знаменитостите на градот, Обласниот музеј како и новата зграда на театарот. Софискиот весник „Народна младеж" од 21.4. на видно место поместил информација за пристигањето на Театарот, во која на скопските уметници им пожелува срдечно добредојде. Во истата информација е објавена и изјавата на директорот Ристо Стефановски за уметничкиот профил на овој театар. Интересирањето на публиката беше насекаде мошне големо, така што билетите биле секогаш продавани неколку дена однапред. Голем број љубители на театарската уметност не можеле да ги посетат сите претстави. Сите изведби биле мошне убаво примени насекаде. Публиката често ги наградуваше скопските уметници со долги аплаузи за време и по претставата. Најголемо признание од публиката „доби Нада Гешоска во Пловдив за својата игра во „Тројанки". Нејзе ѝ беа приредени вистински овации. Мошне успешен настап на оваа турнеја имаа исто така и другите членови на овој театар, а особено Тодорка Кондова-Зафировска во „Покојник" и „Тројанки"; Милица Стојанова во „Тројанки" и Крум Стојанов со „Покојник"." Претставите убаво биле примени од театарските работници на Бугарија, а особено во поглед на режијата, „која беше невообичаена за овдешниот театарски живот".

На 27.4. во салонот на Театарот на младежта попладнето била прикажана претставата „Џон Пиплфокс", вечерта „Покојник", а на 28.4. „Тројанки", со што заврши-

[6] Матеја Матевски: Од класичната хумористика кон модерна трагикомедија („Покојник" од Бранислав Нушиќ во режија на Љубиша Георгиевски), „Драма и театар", Мисла, јубилејно издание, стр. 223–227, 1987.

ла турнејата. Органот на Сојузот на бугарските писатели „Литературен фронт“ во својот број од 27 апил објави опширна статија во која познатиот режисер Бојан Дановски пишува за историјатот на овој театар и за некои впечатоци од својата двомесечна работа со него при поставувањето на пиесата „Танцот на трендафилите“.

ДРАМСКИ ТЕАТАР — СКОПЈЕ

Бранислав Нушиќ

ПОКОЈНИК

Трагична фарса во два дела

РЕЖИЈА: ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ к. г.

Сценографија: ГИНТЕР КУБЕ и ЉУБИША ГОРГИЕВСКИ

Костимограф: РАДА ПЕТРОВА — МАЛКИЌ

Избор на музика: ВИТОМИР ПАВЛОВСКИ

Л И Ц А:

Павле Мариќ ..... КИРО ЌОРТОШЕВ
Рина ..... ТОДОРКА КОНДОВА
Новаковиќ ..... ДИМИТАР ГЕШОСКИ
Спасое ..... КРУМ СТОЈАНОВ
Анта ..... ТОМА ВИДОВ
Протиќ ..... ШИШМАН АНГЕЛОВСКИ
Миле ..... ТОМЕ МОЛОВСКИ
Ѓуриќ ..... ЈОН ИСАЈА
Шарац ..... ЖИВКО ЈОВАНОВСКИ
Ана ..... МАРА ИСАЈА
Агент ..... БЛАГОЈА ЦРВЕНКОВ

Инспициент: ТОМЕ МОЛОВСКИ

Сликар изведувач: ИЛИЈА ВЕЛЕВСКИ

Суфлер: РАДМИЛА ЗЛАТКОВИЌ

Шеф на сцената: ДИМЧЕ БОШКОВСКИ

Светло: Иван Ивановски, Урош Делов и Перо Марковски

Сценски мајстори: Славе Петровски, Киро Бошковски и Бабиќ Расим

Изработка на декорација: Милан Стошиќ, Александар Христовски и Киро Димитровски.

Изработка на костимите: Александар Ивановски, Васка Ралева, Соња Срезова и Бранко Лозановски.

Фризери перикери: Марица Календарова и Саво Томиќ

Железарски работи: Боро Домлевски.

„Во младоста на театарот присутни се и слабости, но во неа е и неговата сила... се чувствува веќе и раѓањето на еден интересен современ театар без препечатување и игра на чувства со богата содржинска гама. Тука е силата на колективот: во неговиот немир, во неговите стремежи, кои според мене му ветуваат брз развој.

Двата месеца поминати во Скопје во мене оставија два најсилни впечатоци. Првиот, жарот, со кој скопските артисти репетираат и бараат нови патишта. Вториот, малата дирекција на Театарот, час ледено студена, час затоплена до задушување, секогаш полна со луѓе. Директорот Стефановски не седи на своето место, а непрестајно е напрегнат и во движење. Младиот поет Ѓузел, драматург на театарот, на прв поглед мирен како православна икона, постојано потфрлува бунтовни идеи. Артистите, кои во моментот се слободни од репетиции, ја полнат задимената дирекција, дискутираат пламено, спорат. И темата секогаш една: театарот, нивниот театар, наредната работа, неговата иднина. Треба да кажам, таа заангажираност на колективот остава радосен впечаток“. Во него работат вистински надарени актери и актерки, кои понекогаш изненадуваат „со професионалност, сигурност, со разнообразноста на изразните средства, со способноста да чувствуваат тенки финеси и детали“. Како во „Тројанки“, Нада Гешоска ја игра ролјата на Хекуба „и умно и изразито и човечно. До гледачот доаѓа болка исполнета со гнев против военото безумие, а на многу места и филозофската длабочина на пиесата. Изразито ги играат своите роли Тодорка Кондова-Зафировска, Милица Стојанова“. Во „Покојник“ артистите ги покажуваат другите квалитети: „подлоста и егоизмот на граѓанското општество ги покажува Тодорка Кондова-Зафировска, особините на бескрајна фриволност. Кај Крум Стојанов тие звучат злокобно – тој е гавран, мршојадец, граблива птица. Кај Гешоски тие се претвораат во гротескна, детинеста и кретенска игра; кај Јон Исаја преправена ангелска невиност, зад која се крие бирократска рамнодушност, а зад него пак алчност. Сред таа зоологија се движи еден единствен човек, покојникот. Го игра артистот Ќортошев, просто и човечно“. Во написот ги додава имињата на „способните артисти“: Ацо Јовановски, Дарко Дамевски, Самоил Дуковски, Ленче Делова, Снежана Михајловиќ, Лилјана Георгиевска и другите. „Општо земено, еден надежен и интересен состав, на кој Театарот може да смета во градењето на својата иднина“.

Младиот режисер на „Тројанки“ и „Покојник“ Љубиша Георгиевски се покажува како режисер „со остро гледање и замав“. Во „Покојник“ тој го „жртвувал добродушниот смев заради острата сатира. Ги хиперболизирал ликовите, ги изнел до симболи. Кај Нушиќ никој по никого не пука. Во таа поста-

новка еснафите на двапати стрелаат во чесниот човек и на двапати го убиваат. Симбол, но вистинит. Хиперболата, метафората го доведува гледачот до суштината на сатиричната содржина, и тоа е направено од режисер и актери со разбирање и чувство за форма.

Гостувањето на Скопскиот театар во Бугарија и гостувањето на Народниот театар на младежта во Македонија (што претстои) е добро исплатливо гостување. Двајцата енергични директори кои ја реализираат размената, заслужуваат пофалба".

Информација за скопскиот театар објавил денес и весникот „Отечествен фронт": Вечерва (27.4.) во ресторанот „Рила" Извршниот комитет на софискиот градски народен совет приредува прием во чест на скопските уметници. На 28.4. Југословенската амбасада приредила коктел, по што е положен венец во Мавзолејот на Ѓорѓи Димитров, попладнето Народниот театар на младежта организирал излет на Витоша, а по завршувањето на претставата „Тројанки" вечерта и другарска вечер. На 29 април скопските драмски уметници напладне заминуваат за Скопје.[7]

По големиот успех со „Тројанки" во Пловдив, вториот голем триумф бил постигнат во Софија со претставата „Покојник", во која протагонистите Крум Стојанов, Тодорка Кондова-Зафировска, Тома Видов, Димитар Гешоски, Јон Исаја и други „со успех ги презентираа и ги повторија високите уметнички можности на овој театарски колектив". Непосредно пред првата претстава во Софија, Бојан Дановски во весникот „Литературен фронт" објавил „биографија" на Драмскиот театар од Скопје, во која меѓу другото се вели: „Се чувствува раѓањето на еден современ театар, а силата на колективот е во неговото неспокојство, во неговите стремежи кои му ветуваат брз напредок". Напишаното од Дановски беше потврдено со квалитетните претстави „Покојник", „Тројанки" и „Џон Пиплфокс". Режисерот Љубиша Георгиевски по претставата на „Покојник" во Софија, на прашањето на новинарот во весникот „Вечер" В. Апостолски, одговорил: „Играта на артистите во „Покојник" забележително и константно растеше, за да достигне кулминативна точка, која може да се спореди со вистинско театарско творештво. Тоа и сакам да го истакнам, дотолку повеќе што претставата на „Покојник" во Софија дојде по напорното осумдневно гостување. Ми се чини дека квалитетот го почувствува и публиката, таа прекрасна и култивирана публика, и ни оддаде полно признание во онаа мера во која јазикот на театарските изразни средства ги премостува сите измислени бариери меѓу луѓето".

Зачудуваа ставовите на некои средини дека преоѓањето на група артисти од МНТ во Младинско-детскиот театар, што во времето беше поздравено, наместо да ги оправда надежите дека тоа позитивно ќе се одрази, како да не ги оправда тие надежи. Се говореше дека сме тргнале по стари, добро изгазени патишта, добивме два театра мошне блиски и по физиономија и во репертоарот. Многумина како да зажалиле за „двоењето на силите". На ваквите мислења најмногу кумуваше раководството на МНТ, а посебно она на Драмата во МНТ. Ги врбуваше актерите што пристапија во ДМДТ и не само нив, правеше сè што може да го растури и да го оневозможи развојот на новиот театар. Во една прилика, наша делегација го посети првиот човек во Републиката, а по повод 20-годишнината на театарот. Всушност, сакавме да му одговориме на она што тој го кажа на градската конференција на СКМ дека ете многу се очекувало од нашиот театар, ама досега ништо. Во подолгиот осврт за досегашната работа на Театарот му реплициравме дека ни по 20 години развој на нашата индустрија не можеме да направиме неколку „чиги" (направи со кои се креваат завесите и дел од декорот на сцената), а сакаме само за една година да добиеме современ и авангарден театар. Омаловажувањето на нашите напори, и сè што сме направиле и правевме, се сакаше да не успее театарот, да се растурат и вратат барем дел од новодојдените во матицата, а со тоа да се „докаже" дека поинаков театар не може да опстане, дека нема други патишта освен нивниот, само за да се задржат како единствени колку што се може подолго. Знаеја дека некој успех на Театарот ги демантира нивните догми, способности, „резултати". Се говореше дека без некои од нив театар не може да има, успехот на новиот театар потврдуваше дека театар не може со нив. Се немаше каде. Последните достигнувања на театарот сè помалку можеа да се негираат. Доаѓаа признанијата. Новиот театар долг период го трасираше

[7] „Нова Македонија", 28.4.1967.

својот пат, не можеше ништо да ја попречи неговата нагорна линија.

„Нема сомневања дека сите овие изведби претставуваа значајни дати во не многу богатиот театарски живот во нашата Република и нивното значење би требало да се види пред сè како барање што поопределено ќе ја фиксира физиономијата на уште еден театар во нашиот главен град чие постоење ќе биде најмногу осмислено како поинаков пандан наспроти веќе постојниот МНТ".

Бранислав Нушиќ

Турнејата во НР Бугарија имаше посебно значење, со мошне убавиот прием кај публиката и кај културната општествена средина, која беше над очекувањата. Турнејата беше и „делкање" на физиономијата, „зашто од град во град и од претстава до претстава изведбите беа чистени од она што можеби уште претставуваше колебање. Но, она што најмногу импресионираше од турнејата – тоа беше уметничкиот квалитет на претставите. Сите претстави поминаа под знакот на едни извонредни напори кои не само што мошне позитивно се одразија врз нивниот квалитет, туку нè уверија во далеку поголемите можности на аристичкиот состав на овој театар. Во тој поглед, мошне позитивно беа изненадени и познавачите на сценската уметност во Бугарија и бугарската театарска публика".

Гостувањето на театарот во НР Бугарија го одбележаа речиси сите бугарски дневни весници, а тие денови со одделни рецензии се појавиле „Народна култура" (Орган на комитетот на културата) и софискиот дневник „Народна младеж". Обата весника со опширни рецензии се осврнуваат на десетдневното гостување на скопските артисти. Така, весникот „Народна младеж", меѓу другото пишува, за претставата „Покојник". „Режисерот бара заострена сатира, заради што речиси исцело го исчисти хуморот од пиесата... Во барањето за осовременување на комедијата режисерот Љ. Георгиевски ја исчистил битовата атмосфера, толку карактеристична за Нушиќ за да можат артистите да го изразат почисто сатиричниот правец во карактеризација на ликовите... Режисерот ја потцртува уништувачката сила на едно еснафско општество, во кое се убива сè што е човечко. Спектаклот, ако така можеме да се изразиме, спорен. Се поставува прашањето, тоа ли е „Покојник" на Нушиќ? Може ли да му се одземе на Нушиќ, дури и во оваа негова најсатирична пиеса, најкарактеристичното за овој голем, сочен светски познат комедиограф, хуморот и онаа битова атмосфера и, всушност, што се толку изразени во неговото творештво... Не може да се негира – заклучува „Народна култура" – дека е интересен потег на театарот барањето на ново откривање на класичното наследство на еден автор како Нушиќ".

Рецензентот на „Народна младеж" пишува дека „Покојник" по потфати, по манир, е комедија „но, таа содржи во себе нешто страшно и измачувачко, трагичен крај на една човечка судбина. И, мислам, дека без да биде традиционална, без да ја изменува блескавата сатирична жолчка на Нушиќ, но истовремено да биде современа, режијата го нашла најверниот пат кон содржината на „Покојник". Љубиша Георгиевски умее да ја организира поетиката на театарот, да мисли низ ликовите преку мизансценските постројки, да придава втора, поширока смисла на постапките на лицата, да се дофаќа до големи воопштувања преку обичните факти од дејството на пиесата. Сатиричната разобличувачка сила на „Покојник" против претставниците на буржоаскиот свет придобила уште поголема сила. „Покојник" го примив како комедија, но со злокобни оцртувања, како забавна фарса, но со жестоки помисли и со длабоко трагично одмерување. Играта на артистите е обвиткана со ексцентичност, една творба од поведението на кловнови и силни карактери, меѓутоа смешни, празни, но и жестоки луѓе... Спасое на Крум Стојанов е најубав пример во барањето на овој експресивен стил во актерската игра. Чудесен по пластика и израз на лицето, со сугес-

тивност на жалост и трагичност од тежината на толку многу подлости и егоизам, Киро Ќортошев, Павле Мариќ е противдејството во спектаклот, дадено со многу такт и непосредност...Тодорка Кондова-Зафировска (Рина), Тома Видов (Анта), Димитар Гешоски (Новаковиќ), Шишман Ангеловски (Протиќ), Слободан Стојковски (Миле), со својата игра придонесуваа, исто така, за успехот на спектаклот".

За претставата „Тројанки", „Народна култура" пишува: „Со оваа претстава театарот покажа зрел однос кон репертоарските проблеми и задачи на нашето време... Љубиша Георгиевски ја постави со вкус оваа стара трагедија, толку современа и денес... Со трагичната сила на сугестивноста Нада Гешоска (Хекуба) и Тодорка Кондова-Зафировска (Андромаха) ги пренесоа филозофско-поетските воспитувања на ликовите на Тројанките. Звучи современо и неговото мизансценско решение уметнички е оправдано. Особено е силен крајот на трагедијата... Најдено е силно изразувачко решение со најобично сценски средства".



Љубиша Георгиевски

„Тројанки" од Сартр е театарска новост за нашите гледачи, подвлекува рецензентот на „Народна младеж". „Режијата на Љубиша Георгиевски е во стилот на старогрчката драма... Современото сценско толкување на античка драма е тешка и одговорна задача, за која се бараат различни патишта. И постигнатото во спектаклот на гостите е разбирливо уште повеќе дека неговата ориентација кон современото е видлива. Како секоја друга античка трагедија, и „Тројанки" од Сартр е дело полно со емоционалности. За неа се нужни артисти со вонредна внатрешна сила, со огромна психолошка издржливост спрема трагичното страдање – едно барање, особено неопходно за ликот на Хекуба. Во оваа улога Нада Гешоска даде сè на што е способна и таа постигна, според мене, „Тројанки" да се прими како една возбудлива монодрама. За успехот на спектаклот можат да се сметаат Касандра на Милица Стојанова и Андромаха на Тодорка Кондова-Зафировска". За претставата „Џон Пиплфокс" пишуваат двата весника дека режисерот и актерите се стремеле да направат забавен музички спектакл. Децата имале можност да видат пиеса „напишана во духот на криминални романи, што многу им се допаѓа на децата. Карактеристично за спектаклот е дека режијата решила да ја иронизира сериозноста на овој вид сижеа и да ја покаже неможноста во постоење на романтика од пиратските доживувања во наши денови". Гостувањето на скопскиот Младински театар, заклучуваат во своите рецензии „Народна култура" и „Народна младеж", „е еден убав почеток за пријателски врски и размена на искуства меѓу нашите младински театри, кои ги имаат највозбудливите гледачи, децата и младината, а истовремено ова гостување нема само да ги прошири нашите претстави за творештвото на македонската театарска уметност, туку ќе придонесе и за јакнење на пријателските односи меѓу нашите народи".[8] Годинава Драмскиот театар од Скопје по вторпат учествува на Стериино позорје. „За еден млад колектив каков што е Драмскиот театар од Скопје тоа секако претставува мошне убав успех".[9]

Годинашново Стериино позорје започна со претставата „Деловница облаков" (Работилница за облаци) од Михо Ремац, режија Миле Корун, а во изведба на Словенско народно гледалишче од Љубљана на 4 мај 1967 година. На 5 мај настапи Народно позориште од Белград со претставата на

[8] Н. Кирков: Уметноста не прави пријатели - (Бугарскиот печат за гостувањето на Драмскиот театар во Бугарија), „Нова Македонија", 14.5.1967.
[9] Иван Мазов: Подем на еден колектив, „Нова Македонија", 7.5.1967.

Бранислав Михајловиќ-Михиз во режија на Јован Коњовиќ. На 6 мај Драмски театар Скопје настапи со „Покојник“ од Нушиќ, во режија на Љубиша Георгиевски. Народно позориште Зеница ја прикажа претставата „Код вечите славине“ од Момчило Настасиевиќ, а во режија на Јован Путник и Зоран Ристовиќ на 7 мај. Ателје 212 ја прикажа претставата „Развојни пут Боре Шнајдера“ од Александар Поповиќ, режија Бранко Плеша, настапи на 9 мај. Словенско гледалишче од Трст ја прикажа претставата „На ведно какор ластовке“ (Не секојпат како ластовиците) од Филберт Бенедитиќ, а во режија на Јоже Бабиќ, настапило на 10 мај. На 12 мај Загребачко казалиште младих ја прикажа претставата „Капетан Џон Пипл-фокс“ од Душан Радовиќ, сценска адаптација Мирослав Беловиќ, режија Божидар Виолиќ. Српско народно позориште од Нови Сад ја прикажа пиесата „Трактат о слушкињама“ од Богдан Чиплиќ во режија и сценска адаптација на Бора Ханауска на 13 мај. Театарот ИТД од Загреб настапи на 14 мај со „Галилејево изачашќе“ од Антун Шољан, во режија на Владимир Геиќ.



„Концепцијата не ја изневерува пораката на Нушиќ. Дури не тврдам дека таа не ја изневерува ни неговата мисла. Концепцијата го изневерува само неговото естетско чувство, кое денес е надминато“, пишува Љубиша Георгиевски во каталогот на Стериино позорје за 1967 година. „Во обликувано и развиено друштво, за кое е карактеристична неговата основна боја – човековата алиенација, се чини како машина која ја уништува вистинската хумана вредност. Негирајќи ги човековите вредности, се уништува самата себеси со масовна алиенација, дегенерација и лудило. Сите инстинкти се пуштени од кафезот, настапува хаосот.

Во таквото општество постои човек. Тоа општество настојува да го уништи и прогласи за мртов, во што се состои тоталната негација. Главната личност, Мариќ, мора да оди во Германија. „Германија“ е, просторно и временски, од другата страна на животот. Таа, всушност, не постои. Постои само големо никаде. Тој мора да умре. Општеството, значи, се ослободува од него и, како и порано, повторно може да постои. Но, Мариќ, лишен од сè што е човечко, свесен е за себе и за друштвото во кое живее. Свеста раѓа негација. Подобро е да си мртов. Смртта, ако е логична, претставува последен свесен и оправдан чин на хуманост, која сака да излезе од апсурдниот хаос. Акт кој може да биде негација на апсурдот. Затоа Мариќ умира доброволно, ама станува труп кој остава реа, а реата е процес на распаѓање кој го тера друштвото да моли за спас. Кај Бекет само согледувањето на апсурдот раѓа оптимизам, кај нас таа констатација содржи бунтовен врисок и зрачи со надеж. Мариќевиот труп личи на ембрион“.

На Стериино позорје меѓу највидните и најинтересни гости од странство е Глигорий Бојаџиев, професор на Државниот институт на театарската уметност во Москва, познат театарски критичар и историчар на театарот, чија книга „Театралноста и вистината“ е преведена кај нас. Негова придружничка е народната актерка на РСФСР Лариса Бошкова од Московскиот театар „Вахтангов“. Тие биле воодушевени од претставата „Покојник“, барајќи да се запознаат со актерите и режисерот Љубиша Георгиевски. Тие изјавиле дека нивните впечатоци од претставата се „изненадувачки позитивни. Веќе во првите минути нè плени и нè натера да ги почувствуваме острите и свежи мисли на талентираниот режисер Љубиша Георгиевски, кој умееше да ја надмине традиционалната форма на камерното сценско решение

и да го создаде овој спектакл, современ по форма, а оттаму современ и по содржина. Вечерашното сценско решение, поточно концепција на претставата во подвлеченото иронично и скептично, пред сè се изразува преку формата на циркуска клаунада, но во исто време токму таа необично сугестивно ја покажува сета грдост на бившото општество... Во претставата на Драмскиот театар од Скопје таа, во сета своја уметничка сила мошне успешно се откри преку своевидна клаунада... Овде клаунадата е изразена со слободната интерпретација на ликовите, во ироничниот однос спрема стварноста, кој со тоа добива критички и сатирични сечила. Тука тоа е сторено сосема искрено и со големо умеење, лесно и непосредно, но со постојано чувство за комедии и ритам на сета претстава. Токму тоа необично нè воодушеви... Според мое мислење, младиот режисер Георгиевски ја пронајде идеалната форма за оваа комедија на Нушиќ. Тоа гледачите во нашата земја веднаш ќе го прифатат, воодушевено ќе аплаудираат, како што и ние се воодушевивме од претставата што ја видовме оваа вечер". На крајот, од сè срце ќе му посакаат на Драмскиот театар нови победи со убеденост, како што ќе каже дека се убедиле тие победи навистина да бидат и извршени. Актерката Лариса Алексеевна на прашањето кое актерско остварување ѝ оставило особен впечаток кажува: „Не може да се зборува одделно за кое и да е актерско остварување. Пред сè поради тоа што основниот успех што го постигна младиот Љубиша Георгиевски во режијата на оваа претстава се состои токму во тоа што „Покојник" стана спектакл на целокупниот ансамбл. Но, јас како актерка би сакала сепак да го издвојам актерското творештво на Тодорка Кондова-Зафировска, која во својата улога покажа неверојатно чувство За комедија и се истакна со својата истенчена глума. Нејзиниот лик беше беспрекорно шармантен, а и во исто време имаше необично длабоко осмислени содржини, во рамките на основната режисерска замисла". На средбата со колективот на Театарот видните советски гости изјавија дека нашата претстава е вистински празник на театарското творештво. „Ви пожелуваме пред сè верба во уметничките усилби што ги правите во борбата за привлекување на театарски гледачи, пред сè со квалитетот на вашата чудесна сценска изведба. Чувајте го тоа чувство на единство на колективната сценска игра што претставува најголема вредност во вашето творештво".[10]

Претседател на одборот на Стериино позорје му ја предава наградата на директорот на Драмски театар Ристо Стефановски

Претставата на „Покојник" предизвикала „најголемо бранување до сега" на Стериино позорје, особено невообичаената режија на делото кое досега било изведувано на вообичаен начин на кој се играат комедиите на Нушиќ. На оваа претстава југословенската театарска јавност била застапена во најголем број. На тркалезната маса на критиката се повела мошне жива и интересна дискусија во која имало различни мислења за крајниот резултат. Но сите беа согласни недвосмислено во едно: дека „Покојник" во режија на Љубиша Георгиевски претставува не само нов и храбар, туку и интересен потфат. Критичарот на „Борба" Слободан Селениќ зборувајќи за карактерот на Нушиќевата комика, смета дека режисерот поминувајќи од конкретен кон општ план успеал претставата да ја збогати со нови вредности. Во стилизираната игра, каква што беше таа на Драмскиот театар од Скопје, понекогаш „пробива" Нушиќевиот гег и колку тоа го нарушува општото стилско единство на претставата, толку можеби без него би било и здодевно нејзиното гледање". Според Селениќ, тој докажал дека Нушиќ може и на

[10]Иван Мазов: Вистински празник на театарската уметност, „Нова Македонија", 9.5.1967.

ваков начин да се игра, можеби подобро од досегашното играње. За Иванка Рачков од Суботица режијата иако мошне остро, дури и мрачно „несомнено е интересна и инвентивна“. Лојзе Филипиќ, драматург од Љубљана, смета дека основниот пристап на режисерот кон елементот на контраст на нејзината реализација „останува храбро и ново дело“. Според белградскиот критичар Владо Стаменковиќ, претставата е „мошне интересна и добра како обид за суштинска актуализација на еден познат текст. Режисерот го поместил акцентот од драмата на Мариќ на драмата на човечкото општество и на тој начин на пиесата ѝ ја одзел локалната боја и ѝ ја вратил на историјата“. Слично мислење искажал и критичарот на новосадски „Дневник“ Миодраг Кујунџиќ, сметајќи дека „Покојник“ е режиран „невообичаено за нашите релации и Нушиќевите традиции – што го оправдува неговото доведување на Стериино позорје“. За претставата пишува дека била доследно стилизирана игра во која биле внесувани различни стилски елементи од експресионистичкиот театар, фолклорот, од комиката на раниот нем филм, од цирксуката арена итн. Од артистите го издвојува Крум Стојанов „како доследен на сите стилски пресврти“, Тома Видов за доследност на традиционалистичкото пласирање на Нушиќевиот хумор и Тодорка Кондова-Зафировска, која во првиот дел на претставата „имаше неколку изразни моменти“.[11]

Театарскиот критичар на весникот „Политика“ Мухарем Первиќ во почетокот на својата рецензија вели дека најпосле со една претстава без „вкусно наместената соба“ кај инженерот Мариќ, без наместената соба кај Милан Новаковиќ, без „убаво наместената соба во Спасоевата куќа“ па дури и без „работната соба“ кај Спасое, режисерот Љубиша Георгиевски и сценографот Гинтер Кубе им го одзеле задоволството да го видат она што толкупати го виделе, но сепак го очекувале. Љубиша Георгиевски го напуштил домашниот амбиент и психологијата. И Георгиевски и Гинтер Кубе пошле од смислата на Нушиќевата комедија со желба „да толкуваат, а не да опишуваат“. Тие не сакаа да покажат „Каков бил светот некогаш, туку каков што е“.

На Георгиевски не може да му се префрли што настојувал да покаже дека Нушиќ не е само комедиограф на минатото, туку „визионер и комедиограф, комедиограф на темелно разбраната човечка природа и егзистенција. Не може да се каже дека тој го повредил интегритетот на делото на Нушиќ со тоа што всушност мошне интелигентно го редуцирал текстот со изоставање на предиграта и неколку појави од вториот и третиот чин, како и некои епизодни ликови“.

Во суштина, „Покојник“, како што го гледа Георгиевски, не е така далеку од „Покојник“ на Нушиќ како што тоа на некои на прв поглед може да им се чини. Сè друго во „Покојник“ е помалку или повеќе откачено и поставено на глава, па по таа логика и еден катастрофален брак се смета, божем, како примерен брак. „На оваа игра на парадокс и двосмисленост се гради претставата на Љубиша Георгиевски. Чувството на апсурд, кое кај Нушиќ излегува од ситуацијата и поттекстот, овде станува доминантен предмет на играта и интерпретацијата. Она што ликовите кај Нушиќ во суштина се, тоа се и тука, и тоа на прв поглед. Актерите не се трудат да ја прикријат нивната настраност, туку што порељефно да ја истакнат. Режисерот ги гледа онакви какви што во крајни линии ги видел и Нушиќ, ама не можел или не смеел директно такви да ги прикаже“. Режисерот на преден план не го става разбирањето и смислата на животот, како што тоа го правеле поранешните интерпретации, туку Нушиќевиот театар. Претставата на Драмскиот театар од Скопје не е ослободена од сите слабости. Во правец на полнокрвна гротеска оделе Тодорка Кондова-Зафировска (Рина), Димитар Гешоски (Новаковиќ), Шишман Ангеловски (Протиќ), Јон Исаја (Ѓуриќ). Оваа осетлива рамнотежа најуспешно ја постигнал Крум Стојанов (Спасое). „Со нешто повеќе комедиографска фантазија и со нешто попрецизно фиксирање на индивидуите во Нушиќевиот хор на расипани луѓе, оваа интересна претстава би била уште подобра“.[12]

Мелодрамското и наивното, кое низ Мариќевата приказна се пробива во делото, Георгиевски го избегнал со исфрлање на прологот, кој во суштина има карактер за развојот на целиот прв чин, и со „доследна режисерска ориентација на експресионистички манир преку кој поединечната и ло-

[11] Иван Мазов: Не само храбар, туку и интересен потфат, „Нова Македонија“, 9.5.1967.

[12] Мухарем Первиќ: Нушиќ без предрасуда, „Покојник“ у режији Љубише Георгиевског, „Политика“, 12.5.1967.

калната приказна за конкретната ситуација станува приказна за човечката подлост воопшто. Ако благодарение на ваквата постапка се загубило нешто од сочноста на Нушиќевата комика, ако се смалило полето на кое така суверено влијае Нушиќевиот генијален вербален хумор, сигурно е дека претставата, особено во својот втор дел, добила димензија која го осветлува „Покојник“ на сосем нов начин, како и општост која добива трајна актуелност“. За загубената спонтаност и леснотија на Нушиќевата комика не треба да се жали, бидејќи во случајот со „Покојник“ таа не е жртвувана без сериозна компензација. Во манирот во кој е играна, претставата била мошне доследна во пристапот, но не толку и во деталите. Најдоследни во стилот на играта биле Крум Стојанов, кој со „антииндицирано толкување на Спасоевите расположенија и емоции постигнуваше некои неочекувани занимливи ефекти. Треба секако да се спомнат и Тодорка Кондова-Зафировска (Рина), Шишман Ангеловски (Протиќ) „чиј резултат би заслужил и повеќе комплименти да не бил премногу потпрен на еден единствен, колку и да е добро пронајден гег“. Се истакнале Тома Видов (Анта), а тука била и „мошне успешната епизода на Јон Исаја во улогата на господин Ѓуриќ“.[13]

Драматуршкото прекројување на Нушиќ не му пречи на новинарот. „Напротив, тоа е интересна пресвртница, трагикомедијата на „Покојник“ да добие во моќ и острина на Мариќевото отуѓување и апсурдот... Георгиевски изречно одбива Нушиќа да го толкува на начин на кој досега е толкуван... А и тоа е доволно, бидејќи само со смело трагање може да се дојде до новиот Нушиќ... Вистинската мерка во стилизираната глума најуспешно ја пронашол Јон Исаја во улогата на Ѓуриќ“.[14]

Во истиот број на белградските „Вечерње новости“ пишува и новинарот А. Нешиќ дека публиката на Позорјето го изгледала „Покојник“ не со многу бучни реагирања, ама со достојно внимание. Одамна на Позорјето не се слушнале толку различни мислења. По двочасовниот разговор на Тркалезната маса на критиката, „на сите пофалби и напаѓања, ансамблот може да биде сосема задоволен оти „Покојник“ е значаен прилог во современата драматургија“. Љубиша Георгиевски на новинарот Нешиќ му изјавил дека ќерката на Нушиќ, Гита Предиќ-Нушиќ, се согласила со неговите скратувања на пиесата. Љубиша се противи на играта на Анта во претставата: „...правејќи ја претставата, сметав: кога веќе Нушиќа го бркам од домот, ред е да му оставам макар едно сопче – Анта. А го почитував и непишаното правило: секој режисер мора да се потпре и на публиката. Анта многу ми помогна тоа да го направам“. На тркалезната маса на критиката говорел и Матеја Матевски, кој меѓу другото кажал дека во Скопје имало живо, но различно реагирање за оваа претстава. Додека едни ја поздравувале реализацијата и нејзиниот нов начин, другите сериозно се противставиле на тоа што некој се осмелил да допре „табу“ на стариот, добар Нушиќ. Тој мисли дека за театарскиот живот на Скопје и Македонија, оваа претстава е интересна и значајна не само по тоа што направи напор Нушиќ да се вклучи во современите тенденции на сценскиот израз, туку и поради ангажирањето на талентирани и млади сили во откривањето на една нова проекција на Театарот.

[13] Слободан Селенић: О подлости овог света, „Борба“, 9.5.1967.
[14] „Вечерње новости“, 9.5.1967.

Според „Политика“ од 9 мај, поголемиот дел од критичарите што го следат Стериино позорје, поволно го оцениле обидот на Скопскиот театар. Лојзе Филиповиќ сметал дека оваа претстава на „Покојник“ е „храбро дело“.

Дванаесеттото Стериино позорје завршувајќи триумфално за Драмскиот театар од Скопје. Главниот одбор на Стериино позорје, под претседателство на академик Јосип Видмар, на својата седница од 14 мај го усвои предлогот на оценувачката комисија, на чие чело се наоѓаше писателот Коле Чашуле, за најдобра претстава на годинашното Позорје да се прогласи „Покојник“ во изведба на Драмскиот театар од Скопје. Режисерот на оваа претстава Љубиша Георгиевски исто така ја доби Стериината награда за најдобра режија со диплома, златна значка и износ од 4.500 нови динари; артистот Крум Стојанов е добитник на една од петте Стериини награди за најдобро артистичко остварување на Позорјето. Другите Стериини награди ги освоија: Александар Поповиќ за најдобар текст за „Развојниот пат на Бора Шнајдер“; за сценска адаптација Бора Ханауска („Трактат за слугинките“ од Богдан Чиплиќ); за костимографија Билјана Драгоевиќ („Развојниот пат на Бора Шнајдер“); за сценографија наградата ја делат Радован Марушиќ-Зеница („Кај вечната славина) и Инге Костимчер-Загреб („Џон Пиплфокс“). Другите награди за артистичко остварување им припаднале на: Бранко Плеша за улогата на Бора Шнајдер, Мира Бањац за учество во „Трактат за слугинките“; Иванка Мезантова-Љубљана за улогата на Доминика во „Работилница за облаци“ и Јошко Лукеж-Трст за улогата на Еремија во „Не секогаш како ластовици“. Јован Путник и Зоран Ристовиќ се добитници на специјална (вонредна) награда за режија на претставата „Кај вечната славина“; Александар Водопивец добил пофалба за музичка обработка во драмата „Не секогаш како ластовици“.

Тркалезната маса на критиката, составена од сите критичари на Стериино позорје, за најдобра претстава ја прогласи „Трактат за слугинките“. Наградата на публиката ја доби Љубица Раваси од Српско народно позориште од Нови Сад во „Трактат за слугинките“. Северин Белиќ добил награда за епизодна улога во „Командантот Сајлер“. „Нема сомнение дека Драмскиот театар од Скопје досега постигна најголем успех во историјата на македонската театарска уметност откако пред 12 години се одржува „Стериино позорје“. Досега Стериина награда добиле Петре Прличко, Тодорка Кондова-Зафировска за епизодна улога во „Вејка на ветрот“ од Коле Чашуле, додека тој добил специјална (вонредна) награда за драмата „Црнила“. Љубиша Георгиевски изјавил: „Наградите за мене претставуваат огромна обврска, која токму денес ја чувствувам во целиот нејзин интензитет. Ми се чини дека таа претставува еден од најзначајните моменти со развитокот на Драмскиот театар од Скопје, кој покажува несекојдневен сензибилитет што води кон нови остварувања, значајни во чиста театарска смисла како експеримент. Посебно ми е драго за наградата на Крум Стојанов, која доаѓа во еден вистински креативен момент за овој артист“.

Новосадскиот режисер Бора Ханауска одбил да ја прими Стериината награда за сценска адаптација на „Трактат за слугинките“. Овој чекор го образложил дека според него формулацијата со која му е доделена наградата е непрецизна и ја игнорира неговата режија на претставата.

Иванка Рацков, театарски рецензент од Суботица, изјавува: „Скопската режија беше мошне остра, можеби и „мрачна“, но несомнено интересна и инвентивна. Нушиќевите херои станаа типови, а не карактери како досега. Стилската иновација во режијата ја повлече зад себе и стилизираната хипертрофија во актерскиот израз, иако не секојпат изедначено, и тоа претставуваше одделна вредност, нова замисла со нови квалитети. И покрај сите неотпорности во уметничкиот израз, претставата е одлична во целина“.

Според Владо Стаменковиќ, театарски критичар од Белград, член на оценувачката комисија, претставата „Покојник“ е мошне интересна и многу добра како обид за суштинска актуализација на еден познат Нушиќев текст. Поради воопштувањето на пораката, режисерскиот потфат би го нарекол гоголевски експресионизам. Таа стилизација, очигледно, е сторена со претензија да се добие едно поуниверзално значење и современо звучење на Нушиќ. Барајќи ги посовремените и потрагичните акценти во творбата, режисерот Георгиевски го поместил Нушиќевиот акцент од ликот на Мариќ кон драмата на тогашното општество. Со тоа ѝ ја одзел локалната боја на пиесата, но ја вратил кон историјата, кон сатиричната

основа на делото. Драмскиот театар од Скопје несомнено е еден амбициозен колектив и заслужува пофалби, пред сè, за слободниот творечки однос спрема домашната класика".

На режисерот Дејан Мијач од Новосадско позориште претставата не му се допаѓа. Видел едно „брзинско калемење" на една идеја од режисерот врз актерите и врз познатиот текст на Нушиќ. За жал, вели, „не го видов спојот на ансамблот, текстот и визијата на режисерот. Режисерскиот потфат како да е наметнат однадвор". Димитрие Ѓурковиќ, режисер и директор на драмата на Новосадско позориште Сад вели дека за Љубиша Георгиевски допрва ќе се зборуваат убави работи, оти тој неоспорно е талентиран. „Не знам дали со тоа што толку високо е оценет, му е направена услуга или пак штета. Јас го сакам таквиот експеримент, но кога ќе прерасне во резултат." Внимателно ја следел претставата, како и развивањето на формата „и обидот на еден режисер десниот чевел да го навлече на лева нога, поточно: гледав како тој се мачеше да го надгради Нушиќ и по секоја цена да остане доследен на сопствената замисла". Неговата режија е умна, „книжна", со цел да предизвика шок, а во театарска смисла значи: неумеење, незрелост. „Останува да му посакаме на младиот режисер што поскоро да се ослободи од тоа, пред сè, бидејќи е талентиран".

Мирко Петровиќ, млад актер од Нови Сад, вели: „Скопјаните експериментираат, и тоа многу ми се допаѓа. Тоа е убаво, храбро и корисно... да го продолжат новиот квалитетен пробив во домашната театарска уметност. Патот им е јасен, треба да продолжат посмело по него".[15]

Во Драмскиот театар 15 мај бил вистински празник. Веста за добивањето на наградите беа примени со вистинско воодушевување. Радост се читаше од лицата на вработените, што е и разбирливо. Добивањето на наградите „претставува најголемо признание за театарската куќа во „Карпош" и воопшто за еден театарски ансамбл од Македонија". Крум Стојанов на новинарите им изјавил: „Мојата награда за толкување на ликот на Спасое за мене е најмило и најголемо признание. Не ја очекував наградата. Не оти не сум ја сакал, туку затоа што дојде неочекувано. При толкувањето на овој лик не се стремев за награда, иако сакав да направам нешто ново во остварувањето. Всушност, наградата дојде како резултат на работата и настојувањето да се внесе нешто ново. Секако за тоа придонесе и турнејата во Бугарија. При настапот во Благоевград во претставата бев толку многу ангажиран и така добро ја толкував својата улога што подоцна режисерот Љубиша Георгиевски во шега ми дофрли дека ако играм така и во Нови Сад ќе ја добијам наградата. Всушност, и на претставата во Србија и во Нови Сад играв добро, но таа во Благоевград беше најдобрата претстава".

Тодорка Кондова-Зафировска вели дека во почетокот на пробите верувала во начинот на кој Љубиша Георгиевски ја конципирал претставата и како артист придонесувала за успешната реализација на концепцијата на режисерот. „Ние сме, вели, мошне амбициозен колектив. Нашите претензии се нашиот театар да го издигнеме на едно југословенско ниво. Наградите не се инцидентни и случајни, туку резултат на нашите постојани настојувања и стремежи". Киро Ќортошев изјавил дека веста за наградите е мошне пријатна за сите нас, „особено што е тоа резултат на нашите барања, желби и стремежи и кон тој помодерен стил во сценските форми. Некои луѓе беа скептично расположени кон нашите резултати, но се надевам дека сега ќе останат без збор. Многу се радувам ако навистина сме ги увериле во нашите настојувања. Наградите се резултат на единството што постои во колективот, барањето за модерен стил, и настојувањата на режисерот Георгиевски во реализирањето на нашите сеопшти желби". Додека новинарот бил во театарот и разговарал со артистите од Нови Сад, сè уште не биле вратени директорот на театарот Ристо Стефановски, режисерот Љубиша Георгиевски и драматургот Богомил Ѓузел. На 15 вечерта во Драмскиот театар се одржал прием по повод наградите на кој присуствувале голем број пријатели на театарот и истакнати јавни и културни работници.[16]

„Триумф на Драмскиот театар од Скопје", пишува весникот „Вечер", а славјето за наградите добиени на Стериино позорје за претставата „Покојник" го комплетира Крум Стојанов. „Мина времето кога играв

[15] Саша Маркус: Три награди за Нушиќ, „Студентски збор", 5.6.1967.

[16] Г. М.: Празник во Драмскиот театар, „Нова Македонија", 16.5.1967.

љубовници и кога карактерите како Спасое ми беа одлични. Денес, по долгогодишна работа и со сегашново искуство, предлогот да го играм Спасое со задоволство го прифатив, знаејќи дека ќе се најдам пред ризик за приемот на претставата и за мојот лик". Премиерата на „Покојник" беше одржана на 28 февруари, а е подготвен за 24 ефективни проби. Оттогаш до настапот во Нови Сад претставата „Покојник" е прикажана петнаесетина пати во Скопје и на турнејата во Софија, Пловдив и Благоевград.

„Од премиерата до Нови Сад мојот Спасое го надградував, го дотерував, го докомплетирав... ризикот постојано ми беше пред очи, но верував дека сето тоа ќе се исплати. Верував дека публиката која бара на сцената да види творештво ќе го прифати ликот, иако не бев сигурен дека ќе бидам разбран. Работата на режисерот Георгиевски, неговото гледање, неговото креирање, го добија најмеродавното признание. Јас бев веднаш воодушевен од новината, од таквиот начин на работа, зашто отсекогаш сум бил приврзаник на ново творештво". Крум Стојанов, во „Покојник" толкувал три разни лика. Во првата и втората постановка во МНТ биле Новаковиќ и Миле, а сега во Драмскиот театар Спасое. Својата кариера во Театарот ја започнал пред 25 години и досега има остварено околу 100 драмски ликови. Меѓу првите е Ѓока во „Сомнително лице". „Кај мене режисерот и артистот засега одат заедно. Не можам да се одречам од задоволството за директен контакт со публиката како артист и од задоволството да се искажам како режисер". Крум Стојанов во МНТ е од 1950 година. Од 1960 до 1963 година бил член на Белградско драмско казалиште, кога повторно се враќа во МНТ, а сега е член на Драмски театар. За своите креации трипати е наградуван од Владата на НРМ, а носител е и на два ордена за труд. Негови позначајни улоги се Ѓоко во „Сомнително лице", Орландо во „Како што милувате", Божин во „Задруга" и многу други. За неговата режија на „Крвави свадби" од Лорка, Јосип Видмар од Љубљана напишал: „Ова е секако најголем успех на Македонскиот народен театар", а Лукиќ од Сараево „Висок дострел на Југословенскиот театар".[17]

„Секако, завчерашниот ден беше најсветол и најрадосен за членовите на Драмскиот театар од Скопје, како и за љубителите на театарот. Честитки, бакнежи, аплаузи, песни, тоа беше атмосферата на приемот во Драмскиот театар по повод примањето на трите награди". Најголемото признание за најдобра претстава на Стериините игри, статуа на Стерија, допатувало во Скопје и ќе биде добар прилог кон досегашните признанија на Драмскиот театар „и воопшто на театарот во Македонија". Новинарот на свеченоста се сретнал со Матеја Матевски, член на жирито на Стериино позорје, и со драматургот на Драмски театар Богомил Ѓузел. Матевски рекол: „Сметам дека претставата на „Покојник" е едно многу сериозно и храбро дело на еден автор (Љубиша Георгиевски), кој и досега го потврдил својот талент и можности, кои дури на оваа претстава доаѓаат до еден значаен израз. Храброста во пристапот кон Нушиќ, обидот да му се даде не само еден понов и свеж сценски израз, туку и обидот да се открие тој како автор на еден модерен и современ литературен и театарски сензибилитет, само ги потврдуваат сериозните можности на Георгиевски, на кои во иднина сериозно се смета. Оваа претстава е дело и на еден помлад колектив што во своите напори и ентузијазам да придонесе кон раздвижувањето на нашата театарска уметност достигна сериозна афирмација. Во тој контекст и во контекстот на еден сериозен творечки резултат, треба да се гледаат и високите признанија што оваа претстава ги доби на годинашните Стериини игри во Нови Сад. Тие се сосема заслужени и кон себе ги свртуваат нашите големи симпатии и нашите идни очекувања".

Богомил Ѓузел потврди дека „Покојник" била најдобрата претстава во Нови Сад и дека тоа никој не можел да го негира. Очигледна била тенденцијата на некои театарски критичари тоа да го гледаат поинаку, со навивање за својата куќа „како на фудбалски натпревар". Надворешните луѓе биле најобјективни. „Оваа претстава покажа дека сме во првите редови во Југославија по еден нов начин на играње".

Театарот правеше усилби да се ослободи од конвенционалните сценски третмани, да го осовремени својот израз, да се приближи до барањето и вкусот на современата публика и, конечно да се наметне во прв ред со квалитет. Иако резултатите од тие интенции се прилично неизедначени, тие знаат за успех, но и за паѓање на ниво-

[17] Славко Маринковиќ: Вонредниот Спасое на Крум Стојанов, „Вечер", 16.5.1967.

то на просекот. Сепак настојувањето да се излезе од рамките на барањата на вообичаениот сценски стандард, ја динамизира работата на театарот, го проширува кругот на неговите интересирања и, резултатите не изостанаа, за што мошне уверливо ни зборува и последниот успех во Нови Сад, најзначаен успех на македонската театарска уметност воопшто. Успехот ќе значи стимул во натамошната работа на Театарот, но и обврска и одговорност коишто на свој начин иницираат нови успеси.

Љубиша Георгиевски досега ги има добиено првомајските награди во 1965 и 1966 година, а годинава неговата претстава „Хамлет" (прво поставување од ослободувањето до денес) ќе се прикаже на Фестивалот „Охридско лето". За весникот „Вечер" тој изјавил дека „суштинскиот, основниот принцип на мојот театарски свет е борба против шаблонот. Кога тој се напушта, неминовно се оди кон ново". Тој негов став беше помпезно потврден со доделувањето на награда за режија на „Покојник". „Во изградбата на дефиниција за новото, дојдов до одредени заклучоци, иако ги мразам заклучоците поради опасноста од грешки, кои главно го означуваат следново: Денес во театарскиот свет е битно да не се сервираат на сцената готови обланди, заклучоци, „чисти" претстави, рецептирани идеи, зашто гледачот негува во себе скепса и не е готов да го прифати сето она што некои режисери го сервираат како готово, комплетно наметливо". Тој дава претстава специфична при дефинирањето во главата на гледачот, служејќи се со чисти изразни средства, одделни од литературата, се обидува преку одедени шокови да провоцира свест, која по тие провокации креира мисловни заклучоци кај гледачот, наместо да сервира готови заклучоци.

„Оттука доаѓа суштинскиот парадокс, дека наметливото е ненаметливо. Она што некои денес го сметаат како чиста, блага, хумана, ненаметлива елегантна... режија, всушност е атак на гледачот со готови заклучоци. Интимно имам една основна појдовна точка. По можност создавам еден свој емоционален и мисловен свет од херо-ите на пиесата и штом тој свет ќе заживее, тогаш може да се мине на реализацијата. Јасно, тој свет понекогаш живее како да вегетира, а понекогаш достигнува опсесивни обеми. Точно е дека наградата значи потврда на мојот став. Но, јас би додал дека таа истовремено е и сомневање. Таа е сомневање поради тоа што ќе морам да ги напуштам постапките за театарот и да барам нови, врз нивна основа. Ми се чини дека секое официјално признание убива дел од личноста на уметникот, и доколку е среќа, да искреира нов. Да! Макар колку и да се драги и значајни признанијата, тие носат една горка вистина дека уметникот е во рамките на денот, а не барем секунда понапред од другите, што за мене е основен услов".[18]

Во посебната рубрика на весникот „Нова Македонија" од 21.5.1967 година под наслов „Неделен мозаик", веројатно како став на редакцијата, под бројот два е поместена кратка белешка без наслов, но со препотентна порака, со задача: „Честитките стивнуваат, радувањата се сведуваат на секојдневието и од високото признание за театарот во Карпош. За театарот во Македонија воопшто, останува една обврска, не мала, но затоа одговорна: да се зачува здобиениот глас, да не се остане на она што е признат „Покојник", како на случај. Во таа смисла оправдани се очекувањата колективот на Драмскиот театар да ѝ стави на публиката една подолгорочна програма и поодредена физиономија на својата сцена (а и како одговор на досегашните сомневања за нејзината чистота и честите префрлања за нејзината хибридност).

Од побуди да имаме сцена од која навистина ќе довејува креативна свежина и охрабрени од најновиот успех на скопскиот Драмски театар, ги ставивме овие редови. Повеќе како потсетник отколку како подигање прст и намера да се разбие евентуалната опиеност од успехот".

Во текот на оваа година на вечерната сцена се прикажани премиерите: „Кој ќе го спаси орачот" од Гилрој на 7.1; „Покојник" од Нушиќ на 28.2; „Танцот на трендафилите" од Петров на 16.3.

Во текот на мај, на адреса на Драмскиот театар пристигнаа повеќе десетици телеграми со честитки за трите добиени награди на Стериино позорје. Честитки испратиле повеќе театри од Македонија, разни организации, установи и поединци.

Ласло Вегел, во книгата „Култура на режијата", од Радослав Лазиќ, која излезе десетина години подоцна, дава одговор кои

[18] Славко Маринковиќ: Шаблонот е надминат – борбата е прекината (Разговор со Љубиша Георгиевски), „Вечер", 21.5.1967.

десет претстави ги смета за режисерки најуспешни во времето за кое тој пишува театарски критики. Меѓу нив е и претставата „Покојник“. Изборот на оваа претстава Вегел го образложува на следниот начин: „Формулацијата на гротескните елементи успешно е сообразена со модерното и повторно вреднување на класиката“. Кога ќе се земе предвид дека Ласло Вегел е е еден од најпознатите театарски критичари, вбројувањето на претставата „Покојник“ во десетте одбрани, многу говори за квалитетите на режисерот и претставата.

Веќе на 17 мај во Драмскиот театар започнале репетициите на два проекта: „Волшебникот од Оз“, куклена пиеса во режија на Веска Фикова, а на 20 мај започнуваат подготовките за „Сатирично кабаре“ од Жарко Петан, во режија на Франц Крижај, гостин од Љубљана.

Од 1 до 10 јуни Народниот театар за младеж од Софија ќе прикаже претстави во Скопје, Битола, Охрид, Куманово, Кочани. Театарот ќе прикажува тери пиеси „Да го отвориме прозорецот“ од Цветан Ангелов, „Историјата на еден обид“ од С. Лунгин и И. Нусинов и „Како прави фокуси“ од Ката Воденичарова. Народниот театар за младеж е основан во 1945 година. Досега прикажал 160 премиери со 7.150 претстави што ги гледале над 5.500.000 посетители. Театарот ќе биде гостин на Драмскиот театар од Скопје. „Историјата на еден обид“ од Сејмон Лунгин и Илија Мусинов во режија на Никола Луцканов ќе биде прикажана на 1 јуни во Универзалната сала, а на 2 јуни во 10 часот во салонот на Драмскиот театар ќе биде прикажана „Да го отвориме прозорецот“ од Цветан Ангелов во режија на Гертруда Луканова и вечерта во 19 часот „Како прави магии“ од Ката Воденчарова во режија на Лилјана Тодорова.

Театарскиот совет, Управниот одбор и Уметничкиот совет одржале повеќе состаноци на кои се разговарало за сè што с работело, планирало, како и одлуки по мошне битни работи во театарот. Покрај другото, на седниците се разговарало за соработката на Театарот со другите театри во земјата и странство, како и за заемното гостување со Младинскиот театар од Софија, НР Бугарија, настапите на Охридско лето, Стериното позорје, БИТЕФ во Белград, игрите Војдан Чернодрински во Прилеп, Фестивалот Јоаким Вуиќ во Ниш. Донесувани се одлуки за: планот за работа, репертоарот, организационата и кадровската поставеност на Театарот, прашањето за работни простории за што е решено да се изгради анекс на Театарот. Сега се градат 600 метри квадратни работни простории кои ќе бидат готови во 1968 година. Решавано е за подмладување на актерскиот ансамбл, се следела работата на Драмското студио, примени се 5 нови артисти – 3 мажи и 2 жени. Примени се тројца нови сценски работници и еден пожарникар. Изменет е и дополнет Правилникот за распределба на личниот доход, систематизацијата на работните места, воспоставена е плодна соработка со театрите во Битола, Куманово и Малцинскиот театар.

Нерешеното прашање за финансирање воскресна пред Театарот со сета сериозност во првата половина на годината, кога Театарот, поради немање финансиски средства, се најде во положба да не може да ја продолжи работата. Расходите сè повеќе растеа, а малите извори на приходи не беа во состојба да ги покријат. Недостигот на финансиски средства беше условен од брзиот развој на Театарот. Тој во последните три години прерасна од скромен детски театар во една голема куќа која во ништо не заостанува зад Драмата на МНТ на уметнички, кадровски план како и на техничка опременост.

Собранието на градот, ценејќи ја успешната работа на Театарот, по иницијатива на тогашниот Претседател Благоја Попов, на седница на Собранието, донесе едногласна одлука да му се одобрат на Драмскиот театар 40.000.000 стари динари, кои во наредните години влегоа во дотацијата што дотогаш Театарот ја добиваше. Овие средства, вклучувајќи ги и 9.000.000 динари доделени за префрлање на работните задачи во 1966 година се основа, под услов порастот на трошоците на животниот стандард и материјалните трошоци да бидат следени со натамошното финансирање.

Зголемени се личните доходи за 22% според утврдените мерила и критериуми на новиот правилник за распределба на променливиот дел на личниот доход. Односите на основниот и променливиот дел на личен доход е 70%:30%. Ваквиот начин на распределба го раздвижи колективот и предизвика дискусии од секаков вид, бидејќи променливиот дел ги стимулираше квантитетот и квалитетот на работа, па така на виделина излегоа многу аномалии, па се виде кој рабо-

ти а кој не. Се нарушија веќе востановените вредности, се виде кој е првенец во Театарот. Јасно беше во почетокот дека ваквата распределба не се поклопува со системот на вреднување на трудот во државата и дека таа не е во состојба, иако се декларираше, да усвои ваков принцип. Ние сепак поминавме од зборови на дела. Јасно се видоа предностите на ваквата распределба, но инерцијата во општеството и во колективот беше посилна.

Запрашан од новинарот на весникот „Трудбеник" дали во сегашни услови, а и воопшто како принцип, е можно самофинансирање во културната дејност, директорот на Драмскиот театар Ристо Стефановски, меѓу другото, вели дека реалната цена на билетот е неколкупати поголема од онаа што се продава на билетарницата во Театарот. Дотацијата што ја добива Театарот всушност е регрес за посетителот на театарот – се финансира гледачот, поточно разликата до економската цена на билетот.

Ние имаме релативно млади театарски и културни институции, со ограничен број посетители. Поради тоа општественото внимание нужно мора да биде понепосредно изразено преку материјални и други средства, ако не се сака и театарската дејност и другите културни институции наместо напоредно со развитокот на стопанските и воопшто, општествените односи, постојано да израснуваат во фактори што ќе придонесуваат за натамошен севкупен развиток. Во дадената ситуација невозможно е осамостојување на која било театарска или воопшто културна институција. Зошто? Пред сè заради административните форми на дејствување на институциите, што врз себе ја презеле обврската да ја реализираат политиката на финансирањето на културните активности и дејности. Театарот на почетокот на годината му доставува програма на градот, во која се прикажани сите активности: премиери, претстави, број на посетители, потоа сопствени приходи и трошоците за реализација на таа програма. Откако ќе се прифати програмата, ние започнуваме со работа. Искуството покажува дека ако, евентуално, дел од програмата не се оствари, не се намалува дотацијата. Или обратно, ако програмата биде надмината со повеќе премиери, претстави, па според тоа се создадени поголеми трошоци, дотацијата останува иста. Ваквата зголемена активност не само што не се стимулира, наградува, туку останува прашањето како да се покријат зголемените трошоци. Тоа му се случи на Драмскиот театар минатата година кога тој одржа 60 претстави повеќе од планираните. Фондот за финансирање одговори дека нема пари.

Сметаме дека сегашните критериуми во финансирањето на културата се конзервативни, застарени, и не стимулираат поквалитетна и поголема продукција. При ваква ситуација, нема и не може да се даде размав на личните иницијативи, на личните креативни трудови и заедничките залагања на театарските колективи. Театарот тука има мошне мал простор за дејствување, а распределбата не е можно да се ефектуира, зашто факторите за нејзиното динамизирање се надвор од културните институции. Сето ова раѓа и други аномалии. Театарот со стимулирање доволно не ги апсорбира, со што артистите, делумно ангажирани и наградени, се ориентираат на соработка со дополнителни форми, како филмот, телевизијата. Произлегува дека Театарот не е место каде што ќе бидат исцрпени, но затоа и наградени, сите нивни сили, а тие за нив имаат трошоци и надвор од личниот доход, во нив инвестирал, потрошил големи средства, придонеси за нивните лични доходи, станбена изградба, нивниот растеж, годишни одмори и друго. А артистот за мал надомест остварува реализации на филм и слично. Со тоа ние испаѓаме лоши инвеститори, бидејќи сето тоа го користат други куќи.

Меѓутоа, ако се покаже заеднички интерес, Театарот во договор со тие медиуми би договарал подготовки на драми и слично за телевизијата со однапред утврдени финансиски надоместоци. Во тој случај би се добиле други извори на приходи, а нашиот кадар не би бил поставен во положба својот труд да го растргнува за награда која не само што не е тоа, туку го оштетува и Театарот. Всушност, другите медиуми добиваат наемен кадар за чие создавање не вложиле ништо.

Длабоко сме убедени дека криза во театарот нема, а ако и има – за тоа најмногу придонесува политиката на финансирање на културните институции и на театрите посебно.

Суштината е во тоа што проблемите на финансирањето на културата и нејзините материјални стимуланси треба да бидат поставени и разрешувани така што да дојде

до полн израз уметничката вредност и залагањето на поединецот. Во прв ред се вреднува квалитетот, а потоа квантитетот. Вака, во сегашните тесни материјални рамки нема излез ниту за ефектуирање на личните, ниту за заедничките фактори.[19]

Драмскиот театар од Скопје со претставата „Покојник" во септември ќе учествува на БИТЕФ 212 (Белградски интернационален театарски фестивал) заедно со љубљанскиот театар, кои се единствени театри од Југославија. На Фестивалот ќе земат учество неколку најпознати театарски куќи од светот. Фестивалот ќе се одржи од 8 до 30 септември, со амбиција да ги презентира новите тенденции во современата театарска уметност, а „Покојник" ќе биде прикажан на 17 септември.

Премиерата на „Покојник" беше на 28 февруари, а потоа со оваа претстава Театарот гостуваше во Благоевград, Велико Трново, Софија и Пловдив. Љубљанскиот театар ќе се претстави со Шекспировиот „Крал Лир". Поканата за учество на БИТЕФ 212 за скопскиот Драмски театар значи вонредно признание со оглед на силниот критериум за селекцијата на куќите чии претстави ќе бидат изведени на Фестивалот.

Претставата, по барање на режисерот, симултано не се преведуваше, а крајот на „Покојник", „беше топло поздравен со долготрајно ракоплескање. Артистите на сцената излегуваа повеќепати". По претставата, а во рамките на Тркалезната маса, се одржа разговор на тема „Нушиќ и современиот театар". Пред почетокот на разговорот, управникот на „Ателје 212" и на БИТЕФ Мира Траиловиќ на управникот на Драмскиот театар од Скопје Ристо Стефановски му предаде спомен-плакета за учество на Првиот белградски интернационален театарски фестивал. Свои оцени за претставата дадоа Данило Киш, д-р Хуго Клајн, Мира Траиловиќ и Станислав Баиќ. Новинарот како заклучок од разговорот пишува „дека сите учесници од овој разговор имаат свои забелешки за оваа модерна изведба на Нушиќевиот „Покојник". Но, и покрај острите критики кои беа упатени за поставката на делото, на Георгиевски му се оддаде признание дека својата задача ја реализирал добро".[20]

Драмскиот театар донесе одлука на 22 мај да ги затвори своите врати доколку не му се доделат 48.000.000 динари. Театарот бараше 165.000.000 динари, а се обврза да прикаже 200 претстави и во својот салон да прими 75.000 гледачи, а доби 117.000.000 динари. Добиените пари се потрошени во периодот јануари-септември, во кој се изведени 5 премиери, а прикажани се 1.432 претстави. Со бараната сума Театарот ќе може нормално да работи, да ги зголеми личните доходи за 15% (сегашни лични доходи од 40,600 до 132.000 динари), и да ги плаќа зголемените цени на услуга.

Новата сезона Драмскиот театар ја започнува со товар од многубројни награди кои внесле поголема доза на оптимизам во инаку прилично скржавите и неблагодарни услови за раздвижување на театарската активност кај нас. Ова го затвори кругот на успеси и признанија кои во крајна линија претставуваат поголема обврска. Досега во олкава мера и на ваков начин никогаш наш театар не се нашол во средиштето на поширокото општествено внимание, независно кој каков мислење има за поодделните добитници и нивните награди. Важно е дека овие награди беа заслужени и дека доаѓаат во вистински момент. Од сето тоа импресионира сè поголемата отвореност на Драмскиот театар, неговата готовност да ги осмислува своите искуства, да ги прифаќа туѓите, соработка со повеќе театри и личности од земјата и странство што има национално значење. Со полно право Драмскиот театар се означува како највитален театар кај нас. Не случајно, критиката за новата театарска сезона пишува дека минува во знакот на една мошне значајна премиера („Ромул Велики"), проследена со есенската реприза на актуелната сатирична лепенка „Зборот дупка не прави" во изведба на Драмскиот театар.

На 20 септември со претставата „Во Кукленово", Драмскиот театар ја започна својата сезона, а истата претстава ќе се прикаже на 21 и 22.9. По одржаната претстава на „Покојник" во Белград, неа ќе ја гледаат љубителите на театарот во Кочани на 23, а првата целовечерна претстава за возрасни „Тројанки" ќе биде прикажана на 24 септември.

Драмски театар е добитник на наградата „11 Октомври", која изнесува 1.500.000 динари; овој театар е единствениот во Републиката со ваква награда. Во текот на ми-

[19] Ристо Стефановски: Дали постои криза во театрите или...?, „Трудбеник", 30.7.1967.
[20] Р. Куз.: Нушиќевиот „Покојник" предизвика поделени мислења, „Нова Македонија", 20.9.1967.

натата година Театарот прикажа 263 претстави со 9 премиери и околу 90.000 гледачи. Како особено успешни, и од критиката и од публиката, беа истакнати премиерите на: „Тројанки" од Сартр, „Покојник" од Нушиќ, „Танцот на трендафилите" и други. Во овој период беше и успешната турнеја на Драмскиот театар во НР Бугарија, за која тамошниот печат многу поволно се изразуваше. Сета оваа активност беше само еден чекор во нашето натамошно дејствување. Во оваа сезона на репертоарот на театарот се пиесите: „Партитурата на еден Мирон" од Коле Чашуле, „Лисистрата" од Аристофан, „Магбет" од Шекспир, како и претставите на детската сцена „Две врчви вода", „Тил Ојленшпигел" и други.

Ансамблот на Драмскиот театар на 26.10. вечерта ја прикажал, претставата „Покојник" во Ниш, на завршувањето на Театарските средби на Србија „Јоаким Вуиќ". Театарот беше поканет да ги затвори средбите со една од најдобрите театарски претстави реализирани годинава во Југославија.

Димитар Гешовски во „Покојник"

На 15.10. во салонот на Драмскиот театар е одржана јавна дискусија по предлог-репертоарот на драматургот, Уметничкиот совет и Управниот одбор, во која учествуваа повеќе јавни и културни работници. На крајот од дискусијата Театарскиот совет го усвои конечниот репертоар за наредната година.

За карактеристиките на „Партитурата за еден Мирон" од Коле Чашуле режисерот Љубиша Георгиевски пред премиерата истакна дека „во овој драмски текст исмеани се диктатурата и тоталитаризмот проектирани во една евентуална иднина, Мојата режисерска концепција е само едно продолжување на моите трагања по еден модерен сценски израз почнат уште со „Покојник". Во таа смисла избегнувам секакви шаблонизирани сценски решенија, зашто доаѓањето и пронаоѓањето на современ сценски израз бара уништување на сите шаблони. Затоа мислам дека постановката на оваа трагична фарса за мене претставува целосно пронаоѓање на себеси. Во претставата правам намерно двостилие, што не е ново, бидејќи уште одамна тоа го применувал познатиот руски режисер Таиров. Во тој сценски натурализам вметнувам и битови елементи, што ја прават претставата поинтересна и попријемлива".

На прашањето дали е среќно решението за ист сценограф, костимограф и режисер, тој вели дека не може да ги довери на човек кој не мисли како него. Во иднина тоа би можел да го прави единствено сцено-графот Гинтер Кубе, кој од пред некоја година е и технички директор на Драмскиот театар.[21]

Во текот на претходната година претставата „Покојник" од Бранислав Нушиќ, во режија на Љубиша Георгиевски е прикажана 42 пати. Тоа значи дека од февруарската (28.2) премиера до декември (со летната пауза) „Покојник" доаѓал на репертоарот секои 4-5 дена, што е своевиден рекорд во нашата земја. Оваа претстава на Драмскиот театар му донесе неколку награди и официјални признанија на театарските игри „Стериино позорје" во Нови Сад, „Војдан Чернодрински" во Прилеп, „Јоаким Вуиќ" во Ниш и БИТЕФ во Белград. „Покојник" го гледале 16 204 посетители. На второ место е претставата „Гртко" со 35 претстави и

[21] Т. Чаловски: Премиера на „Партитурата за еден Мирон" од Чашуле, „Нова Македонија", 5.12.1967.

12 131 посетител, па „Тројанки“ со 26 претстави и 9 621 посетител, „Танцот на трендафилите“ со 22 претстави и 6 679 гледачи и „Ромул Велики“ со 12 претстави 3 168 гледачи. Во текот на целата 1967 година во салонот на Драмскиот театар влегле 76 266 посетители, што е значително повеќе од планираните 60 000. Просечната посетеност на салонот е 93,1%, што значи дека ако салонот има 367 седишта – бројот на посетители во просек изнесува 342 од претстава.



BRANIS LAV NUŠIĆ

NIEBOSZCZYK

(POKOJNIK)

Farsa tragiczna w dwóch częściach

OSOBY:

PAVLE MARICZ	— *Kiro Kortoszev*
RINA	— *Todorka Kondova*
NOVAKOVICZ	— *Dimitar Geszovski*
SPASOE	— *Krum Stojanov*
ANTA	— *Toma Vidov*
PROTICZ	— *Sziszman Angelovski*
MILE	— *Toma Molovski*
GJURICZ	— *Jon Isaja*
ANA	— *Mara Isaja*
AGENT	— *Blagoja Crvenkov*

Reżyseria: *Ljubisza Georgievski* Kostiumy: *Rada Petrova-Malkicz*

Dekoracje Günter Kube i Ljubisza Georgievski Opracowanie muzyczne: *Vitomir Pavlovski*

Inspicjent: *Tome Molovski* Malarz: *Lli ja Velevski* Sufler: *Radmila Zlatković*

Во списанието „Театар“ што излегува во Лублин, НР Полска, режисерот Кажимјеж Браун, под наслов „Театарот во Македонија“, ги изнесува своите впечатоци за скопските театри, артистите, репертоарот и начинот на работење. Откако ќе забележи колку театри имаме, како настанале, што играат, како се финансираат, продолжува дека режијата е „доста младинска (независно од староста на режисерот), површинска и ефектна: актерството е од психолошки тип, но исто така површинско, без усовршени детали на улогите. Артистите тука се привикнати – како што рече еден од нив – кон станиславскиот систем од десеттата рака. Тие одржуваат долги аналитички проби, не им даваат значење на движењето и ситуацијата како целисходно средство на изразот“. Според него, во ансамблот се истакнувале три индивидуалности. Крум Стојанов „несомнено е голем артист, ги компонира своите улоги служејќи се со променлива силуета, со гласот, со гестот. Тој е многу топол и чувствителен. Спаѓа во елитата на југословенските артисти. Чувствителна, прекрасно условена хероина е Нада Гешоска – Хекуба во *Тројанки*, Берта во *Германци*. Тодорка Кондова-Зафировска импонира со вонредна техника, пасија, со свесно дејствување. Од помладите артисти се истакнува Дарко Дамевски, вонредно условено човечиште, многу прецизен а истовремено многу топол“ Од претставите што ги гледал, најмногу му се допаднала „Тројанки“. Во неа имало три улоги: Хекуба (Гешоска), Андромаха (Кондова-Зафировска) и Касандра (Милица Стојанова). Спектаклот бил чист, мисловен, вперен против секаква „нечиста војна и иако како за мојот вкус малку претерано актуализиран во изразните средства.“

„Покојник“ од Нушиќ „беше револуција“ на Фестивалот во Нови Сад во 1967 година. Веројатно затоа што класичниот реалистички текст досега игран реалистички бил покажан во потполно нова форма и „сценографија ала Јозеф Шајно“.

„Заминувам од Скопје, убеден дека македонскиот театар е веќе интересен и способен да дава претстави, дека динамички се развива, а луѓето од тој театар се вредни и амбициозни артисти“.

На 20 април членовите на Драмскиот театар од Скопје со автобус заминаа за Романија, каде што следните 10 дена ќе прикажуваат претстави во Темишвар, Брашов, Сибиу и Букурешт. Театарот во Романија ќе се претстави со „Бегалка“ од Васил Иљоски и „Покојник“ од Б. Нушиќ. Драмскиот театар

е гостин на театарот „Јан Креанга“ од Букурешт.

На 22 април, со претставата „Бегалка“ во Темишвар, започна гостувањето на скопските уметници. Во преполнетиот салон неколкупати претставата беше прекинувана со бурни ракоплескања кои на крајот се претворија во вистински овации. Во публиката имаше голем број наши сонародници и припадници на српското малцинство кои пред три децении дошле овде на печалба и останале. Тие со големо внимание ја следеа претставата, изразувајќи го своето воодушевување што првпат го слушаат мајчиниот јазик од сцената. Претставата беше одиграна во модифицирани костими, специјално изработени за оваа претстава. Со јарките бои и убавата стилизација тие делуваа попријатно и мошне колоритно. Се истакнува складната игра на сите артисти, така што тоа беше една од најуспешните претстави на ова дело на Васил Иљоски, пишува Иван Мазов. На романско-југословенската граница бевме пречекани од нашите домаќини. Темишварскиот весник „Драпелу рашу“ објави поширока информација во која известува за гостувањето и првата претстава. Пишува дека гостувањето претставува значаен придонес за романско-југословенското пријателство. Информација за гостувањето објави и весникот „Правда“, кој излегува еднаш неделно на српскохрватски јазик. Бевме примени од Обласниот народен совет, а потоа го посетивме Музејот на областа Банат. По претставата „Покојник“ одржана на 23 април, заминавме во Сибиу, каде ќе се прикаже „Бегалка“, а оттаму се продолжува за Брашов. Претставите во Темишвар се одржаа во театарот „Матеј Мило“. Поради големиот интерес беше прикажана и вонредна претстава на „Бегалка“. Гостувањето во Сибиу, областен театар на Јужна Трансилванија со над 120.000 жители, излезе над очекувањата. Салата беше преполна, а на крајот од претставата завесата се дигаше над десетина пати. Со публиката беше воспоставен необично жив контакт, благодарејќи на актерите Мара и Јон Исаја, кои поголемиот дел од текстот го говореа на романски, а другите актери изговараа реплики на романски. Директорот на театарот во Сибиу, заслужен артист на Романија, Дон Моста, кој покрај романска има и германска драма, срдечно нè поздрави. Темишварскиот печат во освртот на изведбата на „Бегалка“ го истакнува високото професионално ниво на гостите. „Трибуна ди Сибиу“ посебно ја подвлекува играта на Тодорка Кондова-Зафировска, Ацо Јовановски, Киро Ќортошев, Мара и Јон Исаја. За престојот на Драмскиот театар известува и централниот орган на романската КП „Скантеа“.

Димитар Гешовски и Шишман Ангеловски во „Покојник“

Последните три дена од десетдневното гостување, Драмскиот театар ги помина во Букурешт, каде што прикажа по една претстава на „Покојник“ и „Бегалка“. Покрај многубројната публика, на нив присуствуваа најистакнатите театарски критичари, кои мошне поволно се изразија за претставите. Најпознатите весници „Скантеја“ и „Романија Либера“ објавија рецензии и за двете претстави на по три колони. Алеку Поповиќ пишува во „Скантеа“: „Две вечери по ред гледачите од главниот град можеа да следат две интересни претстави, различни по својата фактура, значајни како репертоар и како програмска ориентација“. Пишувајќи за „Бегалка“, дава информација за текстот, за македонскиот театар, за фабулата и потоа пишува: „присутноста на артистите Јон и Мара Исаја, релјефираа со артистичка суптилност, таа беше удвоена со нивниот напор поголем дел од текстот да го зборуваат на романскијазик. Природната грациозност на Снежана Михајловиќ, претставителноста на Стево Спасовски, дискретната комична композиција на Ацо Јовановски и креациите на Ангелина Иванова, Милица Стојановска и на другите актери, креативно комплетираа една народна претстава на високо ниво“. За режијата, „Тодорка Кондова-Зафировска

прави постојана жива претстава со сочни откривања на некои социјални страни на животот преку пријатна мешавина, добро урамнотежена игра во светло-темни бои". Алеку Попович ја оценува и претставата на „Покојник". „Македонските артисти (по *Бегалка*) потврдија дека имаат убави можности и во стилизираниот говор на еден ингениозен театар кој не е помалку артистичен. Режијата на Љубиша Георгиевски, заедно со сценографијата на Гинтер Кубе, светло ги претстави вредностите на неисцрпните можности на една група вонредни артисти, креатори на трагикомични типови, како Тодорка Кондова-Зафировска, Крум Стојанов (артист со голема количина фантазија и многу вариран интерпретативен регистар), Мара Исаја (со хумор од добар квалитет), Димитар Гешоски, Шишман Ангеловски, Тома Видов". Алеку Попович заклучува: „Гостувањето на Драмскиот театар значајно ја збогати културната размена меѓу нашите две земји".

Шишман Ангеловски, Димитар Гешовски, Тома Видов, Тодорка Кондова-Зафировска и Крум Стојанов во „Покојник"

Критичарот на „Информација", Мара Теодоријан, пишува: „Во мошне живиот декор, дури и нескротлив, креиран од Димитар Кондовски, артистката-режисер Тодорка Кондова-Зафировска ни ја раскажува *Бегалка* со живост и движење. Музикалниот интермецо и игрите реализирани со помош на многубројните статирања ѝ дадоа на целата претстава изглед на веселба, на седенка". За „Покојник", Теодоријан пишува: „Еден хумор од сосема друг вид поминува низ монтирањето на режисерот Љубиша Георгиевски. Во договор со него, сценографот Гинтер Кубе ја замислува Нушиќевата сатира во чуден декор, мрачен но симплифициран: на празната сцена со два три стола стои фон од залепени весници. Присуството на црно и сиво се насетува и во костимите на Рада Петрова-Малкиќ". Покрај другите квалитети на Георгиевски, ја истакнува неговата храброст со цел „чесно да ја изнесе својата точка на гледиште". Експресивноста на двете претстави „не е добиена само преку рафинираниот и нијансираниот филтер, туку и преку храбрата апликација во вид на виталитет со стремеж кон изнаоѓање категорични контрасти". Во рецензијата посебно се истакнуваат креациите на Стојанова, Ивановска и Јовановски во „Бегалка", односно на Кондова-Зафировска, Мара и Јон Исаја во „Покојник".

Во „Романија либера", Јон Лучијан пишува дека „Претставата *Бегалка* доживеа убав успех. Не само поради своите вистински квалитети, туку и поради благородниот напор на артистите голем дел од текстот да го говорат на романски јазик.. Јон и Мара Исаја, во улогите на родители, ја освоија симпатијата на публиката со автентично скицирање на ликовите на Трајко и Велика. Вредни остварувања се и ликовите на Стојанов, Ивановска, Ќортошев. Посебно ги истакнува креациите на Ацо Јовановски и на Шишман Ангеловски, а за режисерот кажува: „ритамот на претставата, релациите меѓу ликовите, ироничната позиција за сметка на хероите... ѝ дадоа еден плус на претставата што е заслуга на режијата". Лучијан има позитивни зборови и за „Покојник": „Сите артисти живо и со перфектна стилска целина на претставата импровизирано од класична тема, интелегентно се вклопуваат во Покој-

ник. Постигната е интересна игра во која сценскиот однос на артистите како да ги критикува самите ликови, затоа што тоа е замисла на режисерот, затоа што добиваме квалитетни креации".

На 16 мај во Скопје допатуваа директорот на „Вечерни дивидла" на Брно, Мирослав Зејда и претставникот на културата на Брно, Саможил. Тие во Драмски театар ќе ги договорат деталите за реципрочно гостување. Директорот на Драмски театар изјавил дека театарот ќе гостува во Брно во октомври.

Од 1 до 10 јуни 1969 г.Драмскиот театар оди на турнеја во Полска со претставите „Бегалка" од Васил Иљоски и „Покојник" од Бранислав Нушиќ, како гостин на Театарот „Јулиуш Остерва" од Лублин. Претставите за турнејата спаѓаат меѓу најуспешните остварувања во последниве сезони. Полскиот театар ќе ја врати посетата кон крајот на јуни. Драмски театар со два автобуса замина за Полска на 31 мај. Со 4 претстави на „Бегалка" и една на „Покојник", Театарот направи мошне успешна турнеја во Полска, односно во Лублин, Замошч и Хелм. Претседателот на Лублинското Војводство Павел Донбек на приемот што во почетокот на турнејата го приреди, меѓу другото, рече: „Јас можам да ве уверам дека кај нас ќе се чувствувате пријатно како од страна на вашите колеги така и од официјалните претставници на Војводството, а исто така и од сите жители на Лублин и другите градови што ќе ги посетите".

Доволно беше да поминат неколку часови од престојот за да почувствуваме дека зборовите на претседателот Донбек не беа куртоазија. Лублинското Војводство (во југоисточниот дел на Полска) има околу 2 000 000 жители. Тоа во Втората светска војна било центар на партизанското движење. На крајот на турнејата бевме во посета на Варшава, а пред заминувањето во Војводскиот народен одбор беше приреден проштален прием.

Модерните убави домови на културата во салите кои располагаа со по илјада седишта беа преполни со публика, која со срдечни и спонтани аплаузи ја наградуваше играта на артистите. Сите весници во Лублин – „Куриер лубиелски", „Штандар луду", „Комена" – објавуваа информации за гостувањето. Двајцата новинари, Мазов и Маринковиќ кои допатуваа со Театарот, беа замолени да напишат написи за македонскиот театар денес и за Скопје, што беа објавени во „Комена" и „Куриер лубиелски". Полското списание „Театар" објави напис: „Гостите од Македонија во Лублин" во кој покрај другото пишува дека сме дале пет претстави, а за режисерот на „Бегалка" Тодорка Кондова-Зафировска пишува дека ја отфрлила моралистичката смисла на делото и ја поставила како конвенционална народна балада, додека за Крум Стојанов дека е еден од најистакнатите артисти кој цели реченици од својата улога говореше на полски. со што наполно ја освои публиката. Меѓутоа, вистински триумф доживеа со Спасое во „Покојник". Тој знае да биде дискретен и суров, итар и наивен, очаен и преполн со еуфорија поради победата. Прикажа совршена техничка глума, а притоа штедлив и претпазлив во користење на средства. Одлични беше Тодорка Кондова-Зафировска и Тома Видов во „Покојник". Целата претстава за публиката била изненадување, зашто огромната, формалистичката, впрочем мошне виспрена инсценација, била исполнета со ефикасна и прецизна глума. Претставата дала ретка синтеза на сите овие вредности. Тоа било секако заслуга и на артистите и на режисерот Љубиша Георгиевски. Овој млад филмски и театарски режисер е една од најинтересните индивидуалности на современата југословенска уметност. Посетата на скопските уметници, што лублинската публика срдечно ја прифати, секако придонесе за проширување на нашето знаење за југословенскиот театар и за театарот на древна Македонија, која денес е во полн цут, завршува написот во варшавското списание „Театар".

Александар Алексиев, добар познавач на полскиот јазик, беше наш гостин на турнејата во Полска заедно со уште неколкумина, а по враќањето во „Современост" напиша: „Тукушто го заврши сосема успешното гостување во Романија, Драмскиот театар од Скопје во почетокот на јуни 1969 година одново тргна на пат. Овој динамичен и виталeн театарски колектив, кој поодамна ја сфати вистината дека отворањето и перманентната комуникација со туѓите искуства е единствениот начин пообјективно да ги вреднуваме и сопствените напори, сега се упати кон Полска. Целта на оваа долга и прилично напорна маршрута беше Лублин, град чија театарска традиција датира дури од 17 век и во кој првата театарска зграда била отворена уште во 1822 година". Пона-

таму Алексиев пишува за топлиот и срдечен прием на „Бегалка“, која била со големо задоволство примена, публиката со жив интерес го следи она што се случуваше на сцената. Едноставната драмска структура на ова дело, народните песни, впечатливата сценографија и режија, јас би додал и високите литературни вредности на делото, мајсторскиот дијалог, придонесоа „Бегалка“ да ја стекне довербата на полската публика. Аплаузите на отворена сцена и френетичните аплаузи на крајот на претставата биле доказ за тоа.



Љубиша Георгиевски

Нешто потешко се следеше модернизираниот „Покојник“, иако и тој остави силен впечаток, особено режијата на Љубиша Георгиевски. Одзивот на лублинскиот печат за нашиот престој беше голем. Рецензентот на „Народно знаме“ во опширен напис ги оцени претставите со мошне позитивна конотација и крајната оценка е следна: „Скопје ни се претстави со театар кој ја почитува традицијата, но кој истовремено е и нов, кој истражува и негува интересен современ израз, со други зборови Скопје ни покажа добар театар“.

Драмскиот театар настапи во Полска „достојно афирмирајќи го нашето театарско дело. Театарот се раководеше од желбата на полскиот гледач да му ја претстави нашата постара драматургија, а преку неа да му ги прошири знаењата за нашиот бит и фолклор, за патот кој го изодуваше нашата литература. Вклучувањето на Покојник имаше поинаква цел. Се сметаше дека со ова на полскиот гледач ќе му се овозможи да добие поцелосна претстава за нашите современи театарски преокупации“.[22]

Со „Магбет“, Театарот го исполни планот за 1969 година. Третпат во оваа година замина на еднонеделно гостување, овојпат во Чехословачка, во главниот град на Моравска, Брно, како гостин на театарот „Вечерни Брно“, со претставите „Покојник“ и „Магбет“. На 11 и 12 ноември била прикажана претставата „Магбет“, а на 13 и 14 „Покојник“. Салонот на сите претстави бил полн, иако во ист термин гостуваше и Московскиот театар Вахтангов. За цело време претставите беа проследувани со аплаузи, а особено бурно поздравен беше „Покојник“. Очигледно беше дека модерната инсценација на делото, кое често е поставувано во Чехословачка, им се допадна на гледачите. За одбележување е и големото присуство на наши сонародници, некогашни жители на Егејска Македонија, кои денес живеат во Брно и во неговата околина. Во весникот „Лидова демократија“, еден од најпознатите чешки критичари, Артур Заводски, пишувајќи за „Магбет“, ги истакнува успешните креации на Киро Ѓортошев, Милица Стојанова и Дарко Дамевски. Вниманието манифестирано од домаќините уште при пристигнувањето, продолжи до последниот ден. По приемот во Градскиот одбор на Брно и другарската вечер по првата претстава, беше организира екскурзија до пештерата Мацаха со ручек, а следниот ден во најпознатото излетиште на Брно беше приреден ручек. Последната вечер, по претставата, во просто-

[22] Александар Алексиев: Топол и срдечен прием, „Современост“ бр. 8–9 октомври-ноември, 1969.

риите на Театарот приредија уште една гала вечера која помина во срдечна атмосфера. Гостувањето мина успешно и претставуваше уште едно убаво презентирање на македонската култура и уметност надвор од нашата земја.

За жал, немавме можност да ја видиме театарската продукција на театарот од Брно. Политичката ситуација, и тогаш напната, се комплицира, а руските војски влегоа во Чехословачка.

Директорот на Драмскиот театар изјави дека и тој и целиот ансамбл се задоволни од пречекот и публиката. „Наидовме на прекрасни колеги кои секој момент во нивна средина сакаа да ни го направат попријатен". По еднодневниот одмор од патувањето, Театарот почна со работа на два фронта. Миодраг Шаурек ја подготвуваше куклената претстава „Ѕвезда заспанка" од Милчински, а режисерот Душко Наумовски детската претстава „Пепелашка по име Луција" од Антонин Ходек. Најавено беше и нашето гостување во Загреб, каде што ги прикажавме „Покојник" на 6.12. и „Магбет" на 7.12., како гости на загрепското Драмско позориште.

Загрепските критичари беа поделени во оценките околу нашиот настап во Загреб. За „Магбет" имаше многу гледачи. И покрај сите пофалби за настојувањето на изведувачкиот ансамбл, претставата останала на ниво на успешна театарска репетиција. Сите идеи останале само назначени. Сета имагинација на англиските гости останале само на поприштето на едно мошне млако театарско збиднување. Јазичните пречки, иако во ниеден миг не фигурирале како битна пречка, сепак имале свој придонес за „умртвување" на убавите и умни Шекспирови зборови.

„Покојник" го гледале нешто повеќе гледачи. Ансамблот, меѓутоа, разочаран од слабиот, речиси никаков прием на „Магбет", не успеа да го оправда концептот на режисерот. Во настојувањето „Покојник" да го претстави во нова облека, режисерот Љубиша Георгиевски се впуштил во експеримент во кој Нушиќевите ликови и ги свел на голи карикатури, а доживувањето на Нушиќевото дело и малограѓанштината ги сместил во неколку симболи, додека стилот на играта ни за влакно не се помрднал од познатиот пристап на презентирање на Нушиќевите ликови. Затоа се случило актерите да играат во една, а режисерот да режира и замислува сосема друга претстава. Во сѐ тоа страдаше Нушиќ. Од неговата комедија која те тера на смев и загриженост останало само во новински листови затрупана несредена сцена и понекаде искра што потсетува на славниот комедиограф. Му се префрла на театарот што не дошол со национална пиеса.[23]

Наско Фрндиќ пишува дека ансамблот оставил пријатен впечаток и се претставил како извонреден состав кој се носел со големите светски дела. „Магбет е реализиран во голем драмски стил и со распон каков што може само да се посака. Гарет Морган имал меѓу членовите на Драмски театар доволен број протагонисти кои ја понеле претставата со силно доживување. Изразноста е главен квалитет на актерите; жив сликовит гест, мошне вкусно и убаво изработени костими, импресивна сценографија и богато разработен мизансцен со мноштво дејствија се квалитети на претставата која во вториот дел постигнува кулминација на драмскиот интензитет. Киро Ќортошев (Магбет) е актер со неспорна драмска сугестија. Посебно се вградува во сеќавањето сцената на каењето и привидувањето на злосторот. За „Покојник" пишува дека видел интересна претстава како сосема духовит пристап кон Нушиќ. Георгиевски всушност ја визуализирал Нушиќевата комика, битно е дека Георгиевски го претставил Нушиќа навистина во својот оригинален стил. Оваа постановка оди во прилог на тезата дека класиците треба да се освежуваат со нов, модерен сценски израз. Така една стара комедија станува современа и денеска живо присутна. Вистинска штета е што поголемиот дел на загрепската публика не ги видела овие две претстави на скопскиот Драмски театар.

Познатиот театарски критичар Јозо Пулезовиќ во „Вјесник" ќе констатира дека немало рекламен материјал и пропагандата за претставата затаила. Наоѓа оправдување за малиот број посетители во невремето со дожд и грипот што владеел во Загреб. Гостинот-режисер покажал интересна варијанта на театарска визуализација користејќи го просторот на извонредната сценографија која со едно движење на кулисата го менувала амбиентот и со стилизација и со натурализмот. На самото дејство (крвавата акција на планирањето и извршувањето на

[23] Ј. Павичиħ: Само назнака одеје, „Вечерњи лист", 9.11.1969.

злосторот), режисерот ја гради надворешната динамика на претставата, а преку внимателната работа со артистите ја открива во трагедијата и драмата на совеста. Масовните сцени се решени ефектно со ритмички повторувања на групите во движење, така со малку луѓе е постигнат спектакуларен впечаток. Посебно треба да се истакнат имињата на актерите (од кои некои биле извонредни) Милица Стојанова (Леди Магбет) и Киро Ќортошев (Магбет).

Нурнувајќи во нашата современост која проговорува од текстовите на домашните автори поставувани на сцената на Драмскиот театар, се говори за театарот како браник на секојдневието, потврдувајќи го неговиот интерес и својата бессоница како извесна одмена на другите родови за непосредно обраќање и посочување на темите на денот. Тој интерес и впрегнување во актуелностите на дејноста за да се пронајде потрајна творечка, како и човечка димензија, значи чекор кон повторувањето и афирмацијата не само на македонскиот театар, туку и на македонската литература и култура.

Драмскиот театар од Скопје по второпат на Стериино позорје со Бранислав Нушиќ, овојпат со „Нажалена фамилија“ во режија на Димитар Станкоски. Ова ќе биде петта средба со новосадската публика. Првпат настапи во 1966 година со „Богомилска балада“, во 1967 со „Покојник“, во 1969 со „Бумеранг“ и во 1970 со „Адам и Ева“ и „Јов“.

На Стериино позорје, овојпат преку театарот во Зеница, оди „најиграниот“ македонски режисер Љубиша Георгиевски. Во Нови Сад патува со „Угурсуз“ од Ибрашимовиќ. Оваа претстава минатата година ја поставил на сцената на Народно позориште во Зеница. Претставата била прикажана на 26 ноември, во рамките на 20-годишнината на оваа театарска куќа.

Р. С.

Доделување на наградите на Стеријно позорје

м-р Стево Павловски

ЗА НЕКОИ ОСОБЕНОСТИ НА „ДРУГОСТ“, ВО ДРАМСКИОТ ДИСКУРС НА ДЕЈАН ДУКОВСКИ, САШО ТАСЕВСКИ И ЗАГОРКА ПОП-АНТОСКА АНДОВСКА

Во предговорот на зборникот „Аспекти на другоста: зборник по културологија“,[1] професорот Иван Џепароски, вели: „Веројатно, најраната употреба на поимот Другост, во контекст на родовите студии, се среќава во делото на Симон де Бовоар „Вториот пол“, каде што се разјаснува како машко-доминантната култура ја третира жената како нешто Друго, нешто помалку важно во однос на мажот, за на тој начин да изгради еден систем на општествена и културна доминантност.

Имено, главната теза на Бовоар во ова епохално дело е едноставна: низ историјата жените биле сведени на објекти за мажите: „жената“ е конструирана како Другиот на мажот, нејзе ѝ било одречено правото на сопствена субјективност и на одговорност за сопствени дејствија.

Жената, пишува Де Бовоар, се детерминира и се диференцира во однос на мажот, а не тој во однос на неа; таа е небитното, наспроти битното. Тој е субјектот, тој е Апсолутното; таа е Другото.[2] Според истата авторка, категоријата на Другото е вродена како и самата совест. Во примитивните општества, во најдревните митологии, секогаш се наидува на двојство меѓу Истото и Другото, бидејќи како што истакнува Бовоар, другоста е основната категорија на човечката мисла. Ниедно заедништво никогаш не се дефинира како Едно, без веднаш да се постави Другото.[3]

Всушност, Дргиот и Другоста постојат од дамнина како елементи за одбивност и зазор. Во антиката сите оние што имале поинаква етничка припадност и зборувале поинаков јазик од грчкиот биле именувани како „варвари“, или они што „брборат“, односно зборуваат неразбирлив јазик. Во средниот век, припадниците на другите вери визуелно се претставувале како чудовишта за да се означи нивното безбожништво, а сите тие, заедно со хомосекаулците и со жените се сметале за обземени од темните сили; тие се најчесто оние „другите“ кои се опасни и заканувачки настроени. Современиот свет на почетокот на дваесет и првиот век, сè уште говори за „другите“, но тие сега се „други“ како: „илегални емигранти“, „азиланти“, „политички бегалци“, „муслимански терористи“, „балкански завојувачи“ итн.

---

[1] Иван Џепароски. „За аспектите на другоста“. *Аспекти на другоста: зборник по културологија*. Прир. Иван Џепароски. Скопје: Евро Балкан Пресс: Менора, 2007. стр. 13.

[2] Симон де Бовоар. *Вториот пол*. Прев. Маргарита Маленковска. Том I. Скопје: Наша книга, 1989. стр. 11.

[3] Исто. стр. 11.

Другиот, како епистемолошка категорија, пишува професорката Елизабета Шелева, е посебно истакнат во рамките на феноменолошката филозофија, којашто Бахтин ја прилагодува во својот естетички и антрополошки инструментариум. Кај него, доаѓа до своевидна емфаза на другоста, до такво едно востоличување на другиот во вид на онтолошки прерогатив или формативна на индивидуална драма на постоењето.[4]

Според истата авторка, во актуелните расправи, кои бележат нагласена експанзија и третман на поимот Друг(ост), денес се прават следните семантички нијанси, обете засегнати и кај Бахтин:

а) според едната, Другиот е разбран како трансгредиентен, егзотопичен Друг, како заменка-oher-, autrui;

б) според другата, тој фигурира во смисла на различен, поинаков, туѓ, алтернативен, Другитен, значи како придавка како квалификатив-Otherness, Autre.[5]

„Сликата на другиот", според Недрет Куран Бурчоглу,[6] може да исполни различни функции во човековиот живот. Повеќето од нив можат да бидат категоризирани како „психолошки функции". Најнапред „другиот" е потребен за формирање на идентитетот на личноста, како и на група луѓе или нација. Постоењето на „другиот", забележува споменатиот автор, помага како создавачка сила во почетниот стадиум на формирањето на идентитетот, исто како и во процесот на зачувувањето и на трансформирањето на „себе-идентитетот", бидејќи идентитетот не е статичен феномен, туку е појава која се менува континуирано под влијание на посебни околности. „Сликата на другиот", според наведениот автор, во пејоративна смисла го означува „другиот" како „слаб", „заостанат", „нецивилизиран", „неспособен да се владее себеси", што може да служи за „оправданост" на нечија „доминација" и „хегемонија" на индивидуата, одредена група на луѓе или пак нација.

Сликата на етничката Другост (маж-жена)

Преку соодветен апликативен материјал од драмите „Балканот не е мртов (Balkan is not dead) или магија Еделвајс" и „Маме му ебам кој прв почна или голема брзина на стоење (Параноја)" од Дејан Дуковски, „На девет по Рихтер" и „Канибали" од Сашо Тасевски и „Душички" од Загорка Поп-Антоска Андовска, ќе се обидеме да согледаме дали феноменот на „другоста", но пред сè т.н. етничка другост, е инкорпорирана и во македонското постмодерно драмско писмо. Нашето внимание, главно ќе биде насочено кон прикажување на машко-женските односи, во смисла, љубов меѓу припадниците на две етнички заедници, бидејќи тука најчесто се загатнува проблемот на забранетата љубов.

Во историјата имало случаи кога националните идентитети биле развиени до екстремности кои резултирале со шовинизам и војна. Од друга страна пак, во случајот кога етничките идентитети биле развиени до екстремности и биле приоритетни во однос на националните идентитети, се појавила опасноста од раѓањето на нациите и нивно уништување од страна на надворешните непријатели. Решението на конфликтите меѓу различните етнички идентитети се наоѓа во транспарентен и искрен дијалог со „етнички другиот, во запознавање со начинот на живот, интересите, културата и литературата, традицијата, навиките на „другиот", она што тој сака и што тој не сака, како и во учење да се почитува и да му се верува на „другиот".

Од спроведената анализа, дојдовме до заклучок дека сликата за етничката Другост, е значително инкорпорирана во драмското писмо на Дејан Дуковски. Имено, во драмата „Балканот не е мртов (Balkan is not dead) или магија Еделвајс", Дуковски го загатнува ова прашање, од аспект на мотивот „недозволена љубов", меѓу припадници на два различни етникума (Македонец/ка-Турчин/ка).

Во главата „Кемал и Елени, девојка од Балканот", Дуковски го загатнува прашањето за „етничката" Другоста. Имено, Кемал е претставен како Друг, во однос на Елени, бидејќи таа е Македонка, а тој Турчин. Иако нивната љубов е вистинска и обострана, сепак таа е недозволена, бидејќи е надвор од доменот на патријархалниот модел на живеење.

---

[4] Елизабета Шелева. *Од дијалогизам до интертекстуалност*. Скопје: Магор, 2000. стр. 61.

[5] Исто. стр. 62.

[6] Недрет Куран Бурчоглу. „Идентитетот и Другоста-Слика на „Другиот". *Мираж.* 02 јуни, 2002. www.mirage.com.mk/index.php/mk/spisanie-mirage/223-mirage-2/teoriski-diskursi (преземено на 26.07.2013)

Кемал: Можам да го разнишам светскиот поредок, само ако знам дека вие не сте рамнодушни на моето присуство. Бидете ми жена и сè во животот. Ќе направам сè само да бидам со вас драга моја Елени.

Елени: Мој драг боже, па вие сте Турчин. Татко ми никогаш нема да се согласи да ја даде мојата рака на Турчин. Вие знаете кој е мојот татко?[7]

Ефтим, таткото на Елени, понесен од стегите на долговековната турска експлоатација врз македонскиот народ, но и од сликата на сладострасниот Турчин, кој претставувал закана за социјалните и за етничките вредности на христијанските норми за чест и вистинска љубов, ќе биде многу дециден во својот став, забранувајќи ја оваа љубов:

Ефтим: Дур сум јас жив Елени нема да биде жена на Турчин. Малку ли мама ни ебавте, сега и ќерките? (На Елени) Утре правиме свадба. Калфата Кирјакис веќе даде мираз од девесто наполеони. Прекрасен човек. Кога би знаел какво ѓубре зема дома, не би дал ни банка. Заборави ја оваа беда, никој не смее да дознае за ова. А ти, Турчин, биди среќен што решив да не оставам траги. Елени надвор![8]

И додека етничките разлики не се пречка за самата љубовна врска, пишува професорката Лидија Кашуповска-Дракуловска, тие на глобален план, за околината (социјалната заедници), се повод за традиционалната нетрпеливост меѓу двете вери, нации, култури. Забранетата љубов е во расчекор со општествениот кодекс на заедницата, затоа што меѓукултурната релација не се темели врз принципот на еднаквоста, туку врз принципот на сила.[9]

Во книгата „Imaginarni Turčin“,[10] Božidar Jezernik (Божидар Језерник) истакнува дека во приказната за словенечките страдања, Османлиите биле опишани како крвожедни, нечовечки суштества, кои одвај чекале да ја пролеат крвта на христијаните. Во согласност со ориенталистичката пракса, забележува споменатиот автор, словенечките писатели ги обвинуваат Османлиите дека се неморални хедонисти; ги сметаат за сурови и свирепи, нецивилизирани и алчни освојувачи. Судејќи според гледањето од тој период, османлискиот напаѓач припаѓал на еден „друг“, сосема поинаков свет; тој навистина бил совршен негатив во однос на европскиот христијанин. Тој бинарно подреден свет, кој не дозволува отстапување од црно-белата шема, особено е присутен во книжевноста. Османлијата, истакнува споменатиот автор, постојано се прикажува како војник, кој секогаш оди со групата, која се споредува со рој пчели или скакулци кои се „навлекуваат како црни облаци“.

Турците, во одреден период од нивната историја, пишува Недрет Куран Бурчоглу, го преставувале „другиот“, против кого се обединила цела Европа. Тие биле сметани и прикажувани како „непријатели на христијанството“, како „антихристи“, „сензуално копиле“ кое го поткопува интергритетот на христијанството.[11]

Како резултат на отоманското ширење во Европа, истакнува Марија Тодорова, се развила т.н. огромна анти-турска пропаганда, која создала стереотипен лик, според кој Отоманците биле диви, крвави и нечовечни, и го деморализирале противникот како оличение на традиционален непријател на христијанството.[12]

Оваа пропаганда била користена за решавање на внатрешните политички проблеми и била блиско поврзана со прашањето за апсолутизмот и „општественото дисциплинирање“ на населението. Како резултат на ваквите пропаганди, кои диктирале „дисциплина“ на населението, уште повеќе се засилила и пропагирала идејата за забраната на меѓусебни контакти меѓу половите од христијанска и муслиманска верска исповед.

Недозволена љубов меѓу жена и маж од различни етнички етникуми, е прикажан и преку ликовите Едис (Турчинка) и Иконо-

---

[7] Дејан Дуковски. „Балканот не е мртов (Balkan is not dead) или магија Еделвајс“. *Драми*. Скопје: ПроАртс, 2002. стр. 23.

[8] Исто. стр. 24.

[9] Лидија Капушевска-Дракулевска. „Аспектот на другоста во македонската драма“. htpp://www.mactheatre.edu.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=57&str=7(преземено на 17.06.2013)

[10] Božidar Jezernik. *Imaginarni Turčin*. Prev. Alen Bešić i Igor Cvijanović. Beograd: Biblioteka XX vek, 2010. стр. 173.

[11] Недрет Куран Бурчоглу. „Идентитетот и Другоста-Слика на „Другиот“. *Мираж.* 02 јуни, 2002 www.mirage.com.mk/index.php/mk/spisanie-mirage/223-mirage-2/teoriski-diskursi (преземено на 26.07.2013)

[12] Марија Тодорова. *Замислувајќи го Балканот.* Скопје: Магор, 2001. стр. 96.

мо (Влав). И во овој случај се работи за феноменот на етничка другост.

Икономо: За тебе Едис, само за тебе ја пцујам турската империја, го пцујам султанот, себе...Пичка ти мајчина Икономо! Пичка ти мајчина султане.

Едис: Некој може да те слушне.....Никогаш не се откажуваш од инаетот?

Икономо: Можам ли да се откажам? Не сега. Касно е. Кога те видов како се качуваш во возот во Париз, знаев, или ќе умрам или ќе те имам...[13]

Слична е и ситуацијата со главните ликови во драмата „Балканот не е мртов (Balkan is not dead) или магија Еделвајс"- Цвета и Осман. Таа е Македонка, а тој Турчин, злосторник, убиец, олицетворение на поробувач и љубител на убави жени од друга национална припадност (Петкана, Крстана, Цвета). Но, во овој случај Цвета, се јавува како лик, кој сака да стави крај на сите злосторства, убиства, омрази. Па затоа додека е кај валијата, таа ќе рече:

Цвета: Решив да останам со Осман. Доста е од крв. Доста е од омраза. Не е во Осман ѓаволот. Во сите е. Не разбирате. Не разбирам ни јас. Осудете ме. Речете оти ми се помати умот. Спасе го сакав повеќе од сè. Умре. Остана, љубов или омраза.[14]

За ваквиот однос на Цвета и нејзината согласност да се омажи со Осман, професорката Весна Мојсова-Чепишевска вели: „Но, Цвета, наместо со убиениот Спасе, се мажи со Осман (нешто што не е дозволено според македонштината). Се мажи колку заради тоа што го засакува Осман, толку и заради самиот факт дека цветот што некогаш ù го подарил Спасе со што ù се заколнал на вечна љубов и кој сè уште е со неа, ја нема својата функција.[15] Во името на тоа помирување на балканските страсти, пишува споменатата авторка, Осман станува христијанин и ја менува верата.

Дејан Дуковски, наместо ликот на Осман докрај да го претстави со негативна слика, која Турците ја проектирале во свеста на христијанската заедница, тој напротив, го негира тврдењето дека со појавата на Другиот, „опстанокот на христијанската заедница е загрозен".

Според професорката Лидија Капушевска-Дракулевска етничките разлики не се пречка за самите љубовни врски, тие на глобален план, за околината (социјалната заедница), се повод за традиционалната нетрпеливост меѓу двете вери, нации, култури. Забранетата љубов, според истата авторка, е во расчекор со општествениот кодекс на заедницата, затоа што меѓукултурната релација не се темели врз принципот на еднаквост туку врз принципот на сила.[16]

Англиските претстави за Турците, пишува Марија Тодорова, во текот на шеснаесеттиот и во поголемиот дел на седуманесеттиот век биле претстави за тиранија, своеглавост, грабеж, ропство, пиратерија, дивјачки казнувања и прогонување на христијаните; но и претстави за несекојдневност и за напад врз исламот. Седумнаесеттиот век започнал со буни и анархија во Османлиските области, а завршил со нивното постепено повлекување од Европа.[17]

Слично пишува и Едвард Саид, кој истакнува дека Исламот, не без причина станал симбол на ужас, уништување, демонство, за орди омразени варвари. Исламот за Европа бил трајна траума. До крајот на седуманесеттиот век, пишува Саид, „отоманското зло" се прикрадувало околу Европа и претставувало постојана опасност за целата христијанска цивилизација.[18] Со време, европската цивилизација ја инкорпорирала таа опасност заедно со нејзината тради-ција, нејзините славни настани, ликови, доблести, и пороци како нешто вткаено во писмото на животот.

Подоцна, кон крајот на 19 век, во времето кога моќта на Отоманската Империја почнува да слабее, сликата за Турчинот како „другиот" симболизирала мета од субјектите на Отоманската Империја против која Европјаните требале да се борат и да ги спротивставуваат своите национални идентитети.

---

[13] Дејан Дуковски. „Балканот не е мртов (Balkan is not dead) или магија Еделвајс. *Драми*. Скопје: ПроАртс, 2002. стр. 24.

[14] Исто. стр. 63.

[15] Весна Мојсова-Чепишевска. *Мал книжевен тестамент.* Скопје: Македонска реч, 2007. стр. 85.

[16] Лидија Капушевска-Дракулевска. „Аспектот на другоста во македонската драма". htpp://www.mactheatre.edu.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=57&str=7 (преземено на17.06. 2013)

[17] Марија Тодорова. *Замислувајќи го Балканот.* Скопје: Магор, 2001. стр. 132.

[18] Едвард Саид. *Ориентализам: западни концепции за Ориентот*. Скопје: Магор, 2003. стр. 64.

Сликата на етничката „другост“, е претставена и во драмата „Маме му ебам кој прв почна или голема брзина на стоење (Параноја)“, од Дејан Дуковски. Авторот, преку ликовите на Анѓа и Сестрата (Македонки) и Црна Арапина и Шејтанот (Турци), ја прикажува опозицијата христијанство-муслиманство, но истовремено го загатнува и мотивот на недозволена љубов, со етнички другиот.

Да се поседува жена од друга конфесија, пишува професорката Ангелина Бановиќ-Марковска, за Дуковски не значи само господарење со непознатото, туку и влегување во царството на Другиот, во светот на оној непознат и различен Друг. Кога во ликот на Осман-бег („Балканот не е мртов“), Црна Арапина и Шејтанот (од „М.М.Е. кој прв почна“), Дуковски ја слика природата на ориенталниот маж, неговиот фалогоцентричен дискурс ќе ги поттикне женските ликови да посакаат да се ослободат од робувањата на црно-белата реторика, па присвојувајќи го искуството на асиметричниот Друг, да го перветираат традиционалниот дискурс на македонската жена. [19]

Османлиите, пишува Марија Тодорова, секогаш се опишувале како носители на една суштинска туѓа цивилизација, којашто се карактеризирала со фантастична и милитантна религија, којашто наметнала поинаква стопанска и општествена практика и довела до пасторализација и аграризација на Балканот. Опишувајќи ја таа цивилизација, истакнува споменатата авторка, биле потенцирани насилствата, злосторствата и грубоста, кои кулминирале за време на опаѓањето на Османлиското Царство, особено во текот на 18 век и ја иницирале борбата за национална еманципација.[20]

Сликата на Балканот како „друг“ во однос на Европа

Балканот е, географски, историски, културно и цивилизациски, неразделен составен дел на Европа. И повеќе од тоа, Балканот не е темна дамка на Европа, туку место на меморија на европската цивилизација, нејзин историски, стратешки и конститутивен стожер. Дискурсот кој се однесува на Балканот ги третира, едновремено и „сличностите и разликите“, доделувајќи му амбивалентен статус на Балканот. Тоа значи дека Балканот е граница меѓу светови, истории и култури.

Во поново време, пишува Богуслав Желињски, Балканот се дефинира како простор кој суштински поседува статус на центар, а не на периферија. Балканот е простор кој го карактеризира народниот парадокс, кој се појавува во присуство на силни спротивставувања, дефинирани од бинарната балканска логика христијанство/ислам, цивилизација/варварство итн. Како што Балканот се замислува како Другиот, од гледна точка на Европа и особено од перспектива на западноевропскиот центристички модел и вредносен систем, така и Европа/светот се замислува како Другиот од гледна точка на балканскиот систем на цивилизациски и културни вредносни искуства. Содржината на Другиот е флексибилна затоа што зависи од субјектот кој гледа, односно од објектот кој е предмет на гледање. Балканот може да биде предмет и субјект на гледење, Европа, на пример, исто така може да биде предмет и објект на гледање.

Сликата на „другиот“ во пејоративна смисла го означува „другиот“, како „слаб“, „заостанат“, „нецивилизиран“, „неспособен“, што служи за „оправданост на нечија доминација“ и „хегемонија“ на индивидуата, одредена група на луѓе или пак нација. Актерите на насилството, агресијата, дискриминацијата, сегрегација, расизам и колонијализам, имаат широка употреба на оваа функција на „сликата на другиот“.

Според професорката Бановиќ-Марковска, конкретното прашањето за идентитетот, е прашање на јазикот и на името. Тоа ги отсликува „моќите на нашето знаење“, она кое ù допуштало на „цивилизираната“ Европа да создаде од нас, балкански субјекти, некаков кодиран Друг, потчинета половина од замисленото множество на спротивставености.[21]

Но, дали оваа поларизација на Цивилизирани и Варвари, оваа поделба на Нас и Ние, пишува споменатата авторка, потврдува дека културолошкиот простор на Европа, е комплетно *асиметричен и непоправливо различен* од балканскиот. Дали рационалниот, церебрален и култивиран европски

---

[19] Ангелина Бановиќ-Марковска. *Групен портрет.* Скопје: Магор, 2007. стр. 112.

[20] Марија Тодорова. *Замислувајќи го Балканот.* Скопје: Магор, 2001. стр. 268.

[21] Ангелина Бановиќ-Марковска. *Групен портрет.* Скопје: Магор, 2007. стр. стр. 114.

дискурс е посуперіорен од дискурсот на примитивниот, авторефернтен, ирационален, митски и атавистички Балканец, виден како „социус без писменост“, без културна комплексност, асиметричен Друг кој не успева да се издигне над прашањето за легитимацијата на сопственото знаење?

Балканот апсорбира многу политички, идеолошки и културни фрустрации создадени од тензиите и противречностите кои се својствени за регионите и општествата вон него. Постои раширено мислење дека Балканот почнал да го губи идентитетот во моментотн кога започнал да се европеизира. Очигледно е дека овој израз ја имплицира неговата различност во однос на Европа.

Уште поинтересно е тоа што процесот на „европеизацијата“, „позападнување“ или „модернизацијата“ на Балканот во деветнаесеттиот и дваесеттиот век, подразбира и ширење на рационализмот и секуларизацијата. Балканот предолго и без исклучок им служи на Европјаните како еден вид бел екран на кој Европа ги проектира сопствени репресирани идеолошки антагонизми, така генерирајќи серија од фантазмагорични визии за Балканот.

Не треба посебен доказ, вели професорката Марија Тодорова, дека Балканот е опишан како „друго“ во однос на Европа. Она што е нагласено во однос на Балканот, според истата авторка, е дека неговите жители не водат сметка за стандардите коишто цивилизираниот свет ги поставил како норматив. Според Марија Тодорова, Балканот по правило се смета за периферија на европскиот социо-политички и културен центар.

Наспроти Балканот, кој послужил како складиште за негативни карактеристики е конструирана позитивната и самобендисана слика на „Европеецот“ и на „Западот“. Балканот, кој често се чита како Друг во однос на Европа, е и место каде што Европеецот успешно ги реализира своите деловни и бизнис идеи, искористувјќи ги силите на балканскиот субјект.

Во драмата „Душички“ од Загорка Поп-Антовска Андовска, Пуки и Цуки, кои се сиромашни Балканци, со нетрпение го чекаат Инвеститорот, богат Европеец, за да започнат заеднички бизнис. За „непознатиот“ бизнисмен Пуки вели:

Пуки: Ќе дојде со полн куфер пари. Тој има нос, намириса добра бизнис, брат...сè е јасно. Човекот долго време размислувал каде да ги вложи своите европски пари. Паметен е тој. Ефтина работна рака, плата кога сакаш даваш, кога не сакаш не даваш. Прекувремено може, не е проблем, само ролетни спушташ. Може и на црно да ти работат... Може за тие пари и женски да си фатиш...[22]

Но, нивната желба за богатство, боемски живот и убави жени нема да се реализира, бидејќи Инвеститорот своите европски пари ќе ги вложи во бизнис идејата на Игнација, девојка која ќе ја запознае на железничката станица. Поради таквата промена, Пуки и Цуки, ќе се разочараат и ќе го променат својот став за Европеецот.

Разочаран од Европа и од европскиот свет е и Стојче, кој животната среќа ќе се обиде да ја пронајде далеку од дома, далеку од Балканот. Но, тој освен што не успева да се реализира како „друг“ во Европа, исто така не успева да ја зачува и врската со својата девојка Игнација. Стојче, кој разочаран ќе се врати од Европа, кога ќе се запознае со Пуки и Цуки, ќе ги изнесе своите негативни ставови за европскиот свет:

Стојче: Се враќам од Европа. Таму веќе не е мрсул да фрлиш....Тоа што го знаеме ние тука се приказни за мали деца? Сè е лага![23]

Од друга страна, откако Инвеститорот ќе одлучи да го напушти Балканот и повторно да се врати во Европа, Игнација ќе биде многу револтирана и агресивна. Таа својот „спознозор“ го нарекува старо европско ѓубре, измамник, лицемер и блудник. На тоа, самобендисаниот Инвеститор ù одговара уште поарогантно, и како европски субјект кој гледа, ќе каже многу погрдни и навредливи зборови за својот објект: македонскиот-балканскиот народ.

Инвеститорот: Господе Боже. Во оваа земја сè е лага. Предавство на спасителот од спасениот. Нож зариен в грб од братот, кој те бакнува. Јуда! Се демнеете еден со друг за крвта да си ја вкусите. Нож точно во

[22] Загорка Поп-Антоска Андовска. „Душички“. *Душички.* Скопје: Универзитет за аудиовизуелни уметности-Европска филмска академија ECPA Париз, Скопје, Њујорк. 2010. стр. 18.
[23] Исто. стр. 26.

правец на срцето. Пари! Пари! Пуста пара! За ситна пара на мајка ви утробата во која ве носела би ја продале. За ситна пара себе се продавате. Вашата напатена душа на гозба пред ѓаволот ја сервирате.[24]

Во наведениот извадок, сликата на Европеецот за балканскиот субјект е негативно стереотипна, ксенофобична и нагласено идеолошки проективна. Во контекст на таа проективност, Марија Тодорова констатира: „Бидејќи географски е неодвоив дел од Европа, но културно е конструиран како „внатрешна другост", Балканот згодно послужил при апсорбирање на мноштво екстернализирани политички, идеолошки и културни фрустрации коишто потекнуваат од тензиите и од противречностите карактеристични за регионите и општествата надвор од Балканот".

Слична ситуација, во која се воспоставува една корелативност меѓу Балканец и Европеец, е прикажана и во драмата „Канибали" од Сашо Тасевски. Имено, Шмрк-Балканец, кој е заинтересиран за проширување на својот бизнис на европско тло, ќе биде измамен од Тед-Европеец (негов бизнис партнер), кој ветува сè, само да ги задоволи своите „настрани" желби.

Тед: Сакам да ви покажам дека можете да бидете успешен во овој бизнис и без вашиот брат. Тој не му дозволува на вашиот талент да блесне во вистински сјај. За него секогаш ќе остане помалиот брат кому постојано му треба тутор. За разлика од него јас сакам со вас да разговарам на рамноправни основи. Бидете мој партнер, а јас ќе ви помогнам да ја уништите конкуренцијата и да го освоите целиот регион. Европа е малку за она што ве очекува во иднина. Светот ќе ви го дадам на дланка, само под услов да ги застапувате нашите интереси на Балканот. Дали ме разбирате?[25]

Проблемот на другоста, може да се разгледува и на психолошки план, кога на пример се третира феноменот на *странецот*. Релевантноста на овој феномен се однесува на препознавањето на парадигмата на странецот како „конкретизирано приуство на другиот, на туѓинецот, на освојувачот кој има пресудна улога во и-менувањето на домородниот друг".

Хетерогеноста на странците по однос на нивното географско-национално потекло и по однос на позицијата кон теоријата на која странствуваат, според Марија Ѓорѓиева[26] генерира мултиплицирани имаголошки проекции: за странците како освојувачи, како непријатели, како цивилизирани и нецивилизирани туѓинци; понатаму, сликите што ги создаваат едни за други и различните странци, присутни на една трета, неутрална и за нив туѓа (балканска) територија.

Ваков вид на проекции, каде странецот (балканско-европски) генерира слика на/за „другост", детектираме во драмите: „Маме му ебам кој прв почна или голема брзина на стоење (Параноја)" од Дејан Дуковски, „На девет по Рихтер" од Сашо Тасевски и „Душички" од Загорка Поп-Антоска Андовска.



Во драмата на Дуковски се работи за интеркултурна средба: Исток/Балкан-Запад/Европа, преку средбата на Младиот (Македонец) и Д-р Фалус (Германец), во крчмата „Црно прасе" во Витемберг- каде улогата на странец ја имаат обата лика. Во овој случај, како што истакнува и професорката Капушевска-Дракуловска не се работи само за надмоќ на една култура во однос на друга-

[24] Исто. стр. 49.
[25] Сашо Тасевски. „Канибали". *Шмизла*. Скопје: Три, 2007. стр. 216.
[26] Марија Ѓорѓиева. „Сликата за странецот/сликата на странецот на Балканот". *Балканска слика на светот. Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година*. Приредувач. Ката Ќулавкова. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2006. стр. 204.

та, туку и за една критички интонирана имаголошка и автоимаголошка проекција.

Д-Р Фалус: Ништо добро нема да најдеш. Од каде си?

Младиот: Јужна Европа.

Д-Р Фалус: Балкан?

Младиот: Македонија.

Д-Р Фалус: Нешто е скапано во овие години на Европската надеж. Балканот е затвор. Што бараш овде?

Младиот: Имам стипендија. Едвај ја добив. Едвај добив виза. Главно стигнав. Дојдов да учам.

Д-Р Фалус: И дојде овде право да учиш?

Младиот: Речено ми е, овде има најдобри курви.

Д-Р Фалус: Има. Јас сум. Ќе бидеш научен. Сè ќе те научам. Сакаш да одиме или прво ќе ми купиш едно пивце?[27]

Професорката Елизабета Шелева, истакнува дека преку наведениот драмски фрагмент се актелизира, бинарната-интеркултурна опозиција помеѓу Балканот и Европа: во рамките на тој драматуршки East-West дискурс, каде Д-р Фалус го претставува европскиот, колонијалниот-додека Младиот, балканскиот пост-колонијалниот субјект.[28]

Д-р Фалус, актуелизирајќи ги разликите помеѓу Истокот и Западот, со својата констатација „Балканот е затвор", воведува елементи на хтонична аура, дефинирајќи го Балканот како простор каде владее мрачното, хистеричното, издеформираното и демонското.

Има една реплика во која споменатиот Д-р Фалус, си допушта, на крајно брутален начин, да го имплантира врз балканскиот субјект својот „европски модел на знаење".

Д-Р Фалус: Не се секирај. Ќе биде. Во добри раце стигна. Тебе ти треба знаење. Ти треба добар учител. Учителот знае сè. Сега ќе ти покаже нешто учителот. Ќе научиш нешто. Дојди да те научи малку учителот! Знаење? Гледај како влегува знаењето во тебе?![29]

Професорката Ангелина Бановиќ-Марковска наведениот дијалог го толкува како екстремно метафоричен пример на вулгарно наметнување, модел, кој кај балканските субјекти треба да создаде криза на идентитетот, сомнеж или чувство на недостојност и непожелност. Тој постои за да ја поттикне желбата за напуштање на стекнатиот и прифаќање на туѓиот идентитет.[30]

„Другиот" е категорија која нужно интерферира со она што Јулија Кристева ќе го именува како абјект, како субверзивен потенцијал против патријархалната власт/моќ и критиката на симболниот поредок на Таткото. Абјектот го вознемирува идентитетот, општествениот поредок, редот, преку интрузијата на туѓо тело, преку стравот од проголтување на другиот. Абјектот-странецот му се заканува на идентитетот и оттука треба да биде отфрлен. Да се биде странец, значи да се биде абјектен, отфрлен, снижен во бедна положба, доведен до статус на оној кој предизвикува живо гадење, голема одбивност, но кој истовремено може да фасцинира.

Во однос на последново Јулија Кристева вели: „Абјектот, отфрлениот објект, е радикално исклучен и ме носи таму каде што смислата се губи. Стои надвор, зад устроеното и изгледа како да се согласува со правилата на игра на суперегото...Масивна и ненадејна појава на нелагодното кое, колку што може да биде познато во еден изопачен и заборавен живот, сега ме вознемирува како радикално издвоено, гнасно."[31]

Истражувањето на „балканската слика" на светот и сликата на светот за Балканот, објаснува професорката Славица Србиновска, не може да се објаснува низ дискурсот на спротивставување на стереотипната слика за Европа од гледна точка на Балканот и стереотипната слика за Балканот од гледна точка на Европа. Поимите *знаење* и *моќ,* истакнува истата авторка, се проблеми кои не го поставуваат само односот кон идентификација на вредностите туку

---

[27] Дуковски, Дејан. „Маме му ебам кој прв почна или голема брзина на стоење (Параноја)" . *Драми.* Скопје: ПроАртс, 2002. стр. 120.

[28] Елизабета Шелева. *Културолошки есеи.* Скопје: Магор, 2000. стр. 50.

[29] Дејан Дуковски. „Маме му ебам кој прв почна или голема брзина на стоење (Параноја)". *Драми.* Скопје: ПроАртс, 2002.стр. 124.

[30] Ангелина Бановиќ-Марковска. *Групен портрет.* Скопје: Магор, 2007. стр. 115.

[31] Јулија Кристева. *Токати и фуги за другоста.* Темплум: Скопје, 2004. стр. 206.

тоа се дилеми врзани за тоа како сме биле претставувани и како ние сега би можеле да се претставиме себеси.[32]

Ако странецот е конкретизиран претставник на еден колектив и облик на другоста/туѓоста, тогаш книжевната слика на/за странецот е посредувано претставување на односниот колектив. Елементарната речничка дефиниција на странецот ја нагласува неговата позиција на туѓинец.

Улрих Билефилд, пишува Марија Ѓорѓиева, ја потенцира димензијата на конкретност, туѓост, дистанцираност, неприпадност, придојденост кон одредена заедница (семејство/нација), врз која има извесно влијание (да ја трансформира или да ја загрозува). Во таа смисла, според Билефилд, битен е концептот на т.н. *сигнификантен странец*, каде што пресуден станува токму односот кон странецот, кој не е пасивен набљудувач, туку активен и влијателен партиципант во средината во која престојува: „Другиот станува странец тогаш кога на неговите постапки им придава релевантност, т.е. ако од која било причина, претпоставувам дека неговите постапки се од значење за мене, дека имаат последица за мене. Другиот, тогаш станува сигнификантен странец.[33]

Ваков вид на т.н. сигнификантен странец, кој дејствува активно и е влијателен партиципант во средината во која престојува, е прикажан преку ликот на Странецот од драмата „На девет по Рихтер“ од Сашо Тасевски.

Во очите на надмоќниот Странец/Европеец, Балканот е секогаш дистанциран на спротивниот пол, на нецивилизациското, примитивното, дивото, сиромашното и инфериорното, со што посредно се потенцира европската (сопствената) доминација и се оправдува сопственото присуство на туѓата територија.

Премиерот: Сѐ е под контрола. Што мислите што правиме сиве овие години наназад? Го учиме народот на трпение.

Претседателот: А кога ние некого подучуваме на нешто, нема утка!

Странецот: Подобро ќе беше наместо да подучувате други, самите нешто да научевте за тоа време. Зашто, секое трпение има крај. Сиромаштијата, безработица, недоверба во институциите, корупција, криминал, НАТО, не ве запиша. Европа може да ве отпише, црквата не ви ја признаваат, јазикот и името исто така, територијата виси во воздух... Го губите идентитетот господа, не само државата! Во еден таков амбиент, што мислите уште колку долго може да трае тоа трпение?[34]

Согледувајќи ја „моќта“ која ја поседува овој Европеец, и поаѓајќи од претпоставката дека неговите постапки би биле од значење за напредок на реформите, политичката стабилност и функционирањето на правото во земјата (Македонија), Претседателот, Премиерот и Потпаролот, ќе му дадат чек со висока сума. За таквиот гест Странецот вели:

Странецот: Видовте, тукушто зазедовте цврст и конструктивен став господа! Тоа е она што го бара Европа од вас и не заборавајте го. Просто е како грав, нели? Јас понудив, а вие прифативте едногласно. Честитам! [35]

Потчинетоста на балканскиот субјект од страна на европската моќ, Тасевски ја финализира преку неочекуваната желба на Странецот, кој од своите колеги бара задоволување на своите хомосексуални желби.

Странецот: Одиме господа! Бидете убедени дека ќе искажам многу пофални зборови за вас кога ќе излезам пред „советот“. Сигурен сум дека после мене овде ќе дојдат и други европски комесари за да се уверат во вистината на моите пофалби.[36]

---

[32] Славица Србиновска. „Балканска гледна точка врз поимите знаење и моќ“. *Балканска слика на светот. Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година*. Приредувач. Ката Ќулавкова. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2006. стр. 362.

[33] Марија Ѓорѓиева. „Сликата за странецот/сликата на странецот на Балканот. *Балканска слика на светот. Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година*. Приредувач. Ката Ќулавкова. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2006. стр.194.

[34] Сашо Тасевски. „На девет по Рихтер“. *Шмизла*. Скопје: Три, 2007. стр. 52.

[35] Исто. стр. 52.

[36] Исто. стр. 55.

Наведениот извадок можеме да го протолкуваме како експлицитен пример, од кој може да произлезе и следнава констатација: Дали и колку балканскиот народ живее за себеси и колку е подреден на другите (туѓите) желби, потреби, очекувања?! Дали преку содејствувањето на Другите, се детерминираме себеси, но и својот личен идентитет?!

Преку драмскиот текст „Душички" (Загорка Поп-Антоска Андовска), можеме да покажеме дека навистина, како што истакнува Марија Тодорова, Балканот се прикажува како спротивен на Европа. Имено, кога Македонецот Кирил ќе замине во Европа (Париз), за да си го „продаде" своето филмско сценарио, ќе се соочи со низа непријатности и омаловажувања.

Франсоа: Бен, веќе ми раскажа. Читав малку, а и малку знам од пред тоа, за Балканот...за Македонија, сосема малку. Тука мора да ми помогнеш, да го разберам вашиот проблем, вашето чувство...Треба да знам најмалку колку ти, за да направиме од ова добар филм. Стварно добар филм.

Кирил: Секако...

Франсоа: Ме интересира, како се чувствувате вие, Балканците, во Европа, еве во Франција...Инфериорно? Сигурно не ви е угодно...Како да не припаѓате?

Кирил: Не, би рекол се чувствувам нормално.

Франсоа: Нашите навики, нашиот правен систем, нашиот начин на живот за вас се како окови...како кафез...Вие ја сакате слободата, повеќе сакате да се однесувате како што ќе ви текне...да речеме?[37]

Кога Европјанинот Франсоа, му сугерира на Балканецот Кирил, дека тој инфериорно се чувствува на местото каде што не припаѓа, впрочем сака да му каже дека Балканот, е место каде сè е дозволено, бидејќи тамо владее безредие, не функционира правниот сиситем и законот. Поради тоа, Балканот се прикажува како спротивност на Европа, каде што владее правниот закон, редот и контролата. Балканот, според Франсоа е место каде живеат маргиналците, сиромашните, безработниците, нецивилизираните, односно место на теророт, војните и насилството:

Франсоа: Хм...го погледнав сценариото, ти реков добро е. Но, и не е добро, знаеш...објасни ми нешто, кај вас владее сиромаштија, безработица, луѓе умираат од глад...луѓе, жени, деца се продаваат за пари, за мали пари...така?

Кирил: Па...да...

Франсоа: Тоа е прилично нецивилизирано, нели? Пехот на сиромашни народи... за жал нели?

Кирил: Ама тоа се луѓе со многу ниско интелектуално и социјално ниво. Тие не се критериум.

Франсоа: Аха...Вашиот проблем е што сте во војна со секој од соседите, никој не ве сака, фактички, не ве подржува...Сите ви ги оспоруваат корените, вие практично како да не постоите...Нели?.....Разбирам, сакаш да избегаш од тоа да речам дивјаштво или балканштина, како го нарекувате вие...[38]

И покрај обидите, да докаже дека Балканот не е метафора на злото, безредието и хаосот, Кирил сепак не успева, бидејќи Франсоа скогаш го има последниот збор.

Франсоа: Кај вас се пие, пука, се кршат шишиња од глава нели?

Кирил: Не е баш така.

Франсоа: Што е важно тоа? Не е важно „баш" како е, вие ја имате таа можност, вие сте третиот свет, а таму не се живее како во Европа. А тоа добро се продава! Патриотизмот и бизнисот не одат рака под рака, драг мој. Не можат луѓето да се носат европски, мора да има некои, домородни, локални, да речеме детали. Тоа е егзотично, нагази на крв, нека има крв, насилство, суров живот и животински секс. Знаеш, вметни го и она со Албанците, како вие ги мразите од дно на душа, би ги запалиле, тоа е интересно, таков гнев е егзотика. Тоа е забавно драг мој...[39]

Од наведениот извадок можеме да заклучиме дека, Кирил како Балканец, кој заминал во ветена земја-Европа, е парадигма за жртва на познатата балканска подводливост по западните културни модели.

---

[37] Загорка Поп-Антоска Андовска. „Душички". *Душички.* Скопје: Универзитет за аудиовизуелни уметности-Европска филмска академија ECPA Париз, Скопје, Њујорк. 2010. стр. 114.

[38] Исто. стр. 115.

[39] Исто. стр. 116-117.

Заклучни белешки

Во тековните културолошки и теориски расправи, околу проблематиката на Другоста, се забележува и една поширока, метафоричка конотација. Во контекст на претходното, Елизабета Шелева констатира дека постмодернистичката теорија, во Другиот го проектира императивот за возообновување и подршка на критичкиот однос спрема поредокот, обременет со системски, репресивни, монолошки стратегии за потиснување на разликите, без оглед на тоа, за кој вид разлики станува збор-за индивидуална или колективна.[40] Според споменатата авторка во рамките на категоризацијата на Другиот, поважен е принципот на комплементарност, т.е. на минималниот консензус, согласност и взаемност, кои можат да се воспостават и распознаат не во полето на бинарните, туку на повеќекратните и динамични, нестабилни отстапки и разлики.

Повикувајќи се на ставовите на филозофот Емануел Левинас, можеме да констатираме дека „другиот" е различен, но никој нема право да ја негира „другоста" на „другиот". Поединецот треба да го согледа "другиот" како начин на откривање на себеси, односно на „другите" да гледа на начин на кој би се гледал самиот себе.

Од спроведената анализа, можеме да забележиме дека сликата на Другоста, во драмските дела, најчесто беше прикажана од аспект на негативни интеркултурални перцепции, бидејќи „Другиот" често беше поставен/прикажан во негативен контекст. Не станува збор за реални престави за Другите, туку за нешто што во голема мера навлегува во доменот на имагинарното. Другоста и претставите за „Другиот" акумулираат една деформирана и искривена слика, оптоварена со многу клишеа, стереотипи, предрасуди.

Користејќи ја терминологијата на Лотман, опозицијата меѓу ликовите, односно позицијата „Јас-Другиот", „Ние-Другите", е елаборирана на нивото на релација црно-бело, зло-добро. Опозицијата „свое-туѓо", пишува Лотман, се сфаќа како варијанта на спротивностите „праведно/грешно", „добро /„лошо".

Во однос на последново, можеме да резимираме дека ваков опозитен однос прикажавме во сите сегменти од спроведеното истражувањето. Сликата на етничката Другост ја прикажавме од аспект на машко-женските односи, во смисла на забранета љубов помеѓу припадници на две различни етнички заедници.

Посебно внимание посветивме на дискурсите со кои се „објаснува" новата динамика на Европа кон Балканот. Односите од овој вид на имагологија можат да се сведат на неколку групи модел, на пример дека: Балканот е несвесното на Европа, дека Балканот е радикалната другост на Европа, дека е последната колонија на Европа, дека е место на империјалистичка експанзија; дека е последната колонија на Европа. Како што можевме да видиме, балканскиот дискурс прикажан во драмите кои беа наш предмет на интерес, кој како спротивен на европскиот, се детерминира како синоним за хаосот, безредието, насилството, заостанатоста, нецивилизираноста, неспособноста, економскиот регрес и заостанувањето во реакцијата на европскиот „систематизиран свет.

Европа секогаш реагира на Балканот со одреден „жаргон", кој често е празна фраза, која акумилира извесна манипулативна идеологија по однос на разликите помеѓу етичките групи и посебни држави. Тој европски жаргон по однос на Балканот, по Европеизацијата на македонската постмодерна драмска литература, може да се согледа не само од аспект на формата на користењето на познатиот драмски модел, туку и во самата содржина, бидејќи многу автори (од различни генерации), ја вклучуваат Европа како модел во своите дела.

Библиографија

1. Бановиќ-Марковска, Ангелина. *Групен портрет.* Скопје: Магор, 2007. Хасан Јашари. Скопје: Евро Балкан Пресс: Менора, 2007,159-201.
2. Де Бовоар, Симон. *Вториот пол.* Прев. Маргарита Маленковска. Том I-II. Скопје: Наша книга, 1989.
3. Дуковски, Дејан. „Балканот не е мртов (Balkan is not dead) или магија Еделвајс". *Драми*. Скопје: ПроАртс, 2002.
4. Дуковски, Дејан. „Маме му ебам кој прв почна или голема брзина на стоење (Параноја). *Драми*. Скопје: ПроАртс, 2002.

[40] Елизабета Шелева. *Од дијалогизам до интертекстуалност*. Скопје: Магор, 2000. стр.63.

5. Ѓорѓиева, Марија. „Сликата за странецот/сликата на странецот на Балканот". *Балканска слика на светот. Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година*. Приредувач. Ката Ќулавкова. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2006. стр. 191-207.
6. Желињски, Богуслав. „Балканот од аспект на колонијалната и постколонијалната критика". *Балканска слика на светот. Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година*. Приредувач. Ката Ќулавкова. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2006. стр.51-59.
7. Jezernik, Božidar. *Imaginarni Turčin*. Prev. Alen Bešić i Igor Cvijanović. Beograd: Biblioteka XX vek, 2010.
8. Капушевска-Дракулевска, Лидија. „Аспектот на другоста во македонската драма" htpp://www.mactheatre.edu.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=57&str=7 (преземено на 17.06.2013)
9. Куран Бурчоглу, Недрет. „Идентитетот и Другоста". *Мираж,* бр. 2, јуни 2002. www.mirage.com.mk/index.php/mk/spisanie-mirage/223-mirage-2/teoriski-diskursi (преземено на 26.07.2013)
10. Кристева, Јулија. *Токати и фуги за другоста*. Прев. Роберт Алаѓозовски, Емилија Георгиевска, Искра Гешоска, Илина Црвенковска, Мимоза П. Георгиевска. Скопје: Темплум, 2005.
11. Мојсова-Чепишевска, Весна. *Мал книжевен тестамент.* Скопје: Македонска реч, 2007.
12. Павловски, Стево. „Има ли балкански стереотипи во драматургијата?" *Македоника.* Скопје: *Македоника литера,* Год. бр. 3-4, април, 2012, 130-140.
13. Павловски, Стево. „Феноменот на балканскиот дискурс прикажан во делата на Жанина Мирчевска и Сашо Тасевски." *Театарски гласник.* Скопје: Дирекција за култура и уметност на Скопје, Број 78/79, 2012, 105-115.
14. Поп-Антоска Андовска, Загорка. „Душички". *Душички.* Скопје: Универзитет за аудиовизуелни уметности - Европска филмска академија ECPA Париз, Скопје, Њујорк. 2010
15. Саид, В. Едвард. *Ориентализам: западни концепции за Ориентот.* Скопје: Магор, 2001.
16. Србиновска, Славица. „Балканска гледна точка врз поимите знаење и моќ". *Балканска слика на светот. Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година*. Приредувач. Ката Ќулавкова. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2006. стр. 362.
17. Тасевски, Сашо. „На девет по Рихтер". *Шмизла*. Скопје: Три, 2007.
18. Тасевски, Сашо. „Канибали". *Шмизла*. Скопје: Три, 2007.
19. Тодорова, Марија. *Замислувајќи го балканот.* Скопје: Магор, 2001.
20. Џепароски, Иван. „За аспектите на другоста". *Аспекти на другоста: зборник по културологија*. Прир. Иван Џепароски. Скопје: Евро Балкан Пресс: Менора, 2007.
21. Шелева, Елизабета. „Др. Фалус како фигура на знаењето-постколонијално читање на ММЕ" од Дејан Дуковски, во *Блесок.* Скопје: бр.13, февруари-март, 2000.
22. Шелева, Елизабета. *Културолошки есеи.* Скопје: Магор, 2000.
23. Шелева, Елизабета. *Од дијалогизам до интертекстуалност.* Скопје: Магор, 2000.

РАБИА ФЕТА

Поетесата Рабиа Фета е родена во Скопје каде што завршила Филолошки Факултет. Во Скопје работела како новинар, а од 1987 година живее во Осло, Норвешка. Таму завршила Трговска академија и пазарна економија. Има отворено служба за тумачење и превод, и преведува од македонски, српски и хрватски јазик на норвешки и обратно. Сега работи во нејзината издавачка куќа „НУР“.

Атила Клинче директор нан турскиот театар и Рабиа Фета



ЖИВОТ

на Абдуш Хусеин

Како ситен песок
меѓу рацете
брзо истекува и се губи времето.
Младешките чувства
и зборовите стари полека си го наоѓаат
патот во градините на заборавот.
Животот изморен и поспан
предпортите на ноќта седи, додека во далечините
крикот на едно новороденче
тишината ја пара.

ЛУЦИДНОСТА НА ЗБОРОТ

на Кемал Лила

Наликува на палово дете.
Навечер ја затвора
темнината во себе,
ја гмечи, ја меле
па се крие
во шумата на потсвеста.
Наутро краде и се храни
од светлината на сознанието
тој палавко,
за потоа меѓу луѓето
да поминува,
да ги пизми, да ги гризе изненада
како змија осојница.



ШТО СЕГА?

на Џемал Максут

Завесата се дига,
спреми се.
Стави си ја маската,
соживеј се со улогата,
диши,
играј!
Завесата се спушта.
Бурни овации.
Маските паѓаат.
Темнина, празнина...
ШТО СЕГА?



ТВОИТЕ ОЧИ

на Сузан Максут

Велат дека очите
се огледало на душата,
но во твоите очи мила,
може да се насети
душата на сиот свет.
Твоите длабоки и модри очи
се острови на спокојот,
засводени со бескраен прстен од ѕвезди.
Тие се горски езерца
што навестуваат
нови убавини и вишнеења.
Со својата светлина
и позитивна енергија
тие го заштитуваат животот
од чулеста на времето
и судбината.

ВОТЕАТАРОТ НА ЖИВОТОТ

на Салаетин Билал



Во театарот на животот
комичните сцени
секавично се заменуваат со трагични.
И паљачото се смее,
но срцето му плаче.
Кога маските паѓаат
надежите преминуваат
во стравувања,
радоста во планини од разочарувања,
а човекот залутан патник
меѓу сонот и јавето
немоќно стои
пред вратите на бескрајот
и се чуди од минливоста на времето
што како песок
се рони меѓу неговите раце.

ГЛУМА



на Мустафа Јшар

Сиот живот во суштина
е само обична глума.
Принуден си да ја играш
својата улога
го сакал тоа или не.
Ако не знаеш
правилата на играта
и играш лошо
ти страда самодовербата
и губиш се.
Ако добро ја играш својата улога задоволен си и чиниш
духот ти допира до ѕвездите.
На крајот се навикнуваш
на овој магичен круг
на ВРЕМЕТО.

СТРАВ ОД НЕПОЗНАТОТО



на Шерафетин Неби

Стравот од непознатото
од искони е нашиот најголем непријател.
Од страв градиме ѕидови
и свесно се оградуваме од другите,
но стануваме заробеници
на сопствениот живот
и постојано се вртиме во круг,
наместо да ги срушиме барикадите
и да дозволиме ластарот
на туѓа радост и надеж
слободно да влезе во срцето
и да го облагороди.

РУЖАТА

на Бедија Беговска

Секое утро и секоја ноќ
се отвора и затвора
кон сонцето, кон светот
и секогаш треперат
нејзините нежни ливчиња.
Кога врне латиците
во бисер и сепресторуваат,
кога е суша
умее со капка вода да преживее
во џунглата на асфалтот.
Вопшто не се плаши
од суровоста на животот,
толку многу е цврста и драгоцена
што постојано му пркоси
на забот на времето.
Каде и да е
ружата била
и си останува
РУЖА:

РАКОПИСОТ НА ВРЕМЕТО

на Фирдуас Неби



Како алхемичар
се обидува
да ја одгатне
формулата на животот,
но се чини дека
во ракописот на времето
сал светлината
и небото
ја потврдуваат
својата постојаност,
се друго е трошно
и минливо.

НЕПРЕМОЛК

на Атила Клинче



Тоа што се премолчува
уште посилно станува,
те напаѓа од сите страни,
од обично ветре
во бура се престорува
и еве пак смме тука,
на истото место.
Вие да го фрлите каменот
во дворецот од стакло,
јас да се избавам
од мрежите на судбината,
од неправдите на времето.

ПОБЕДА ИЛИ ПОРАЗ

на Елјеса Касо

Секогаш во вечна потрага
по нови победи,
по нови самоодржувања,
по секоја цена,
човекот всушност
бега од себеси,
од сопствената сенка на Нарцисот,
зашто знае дека
времето секоја победа
може во пораз
да ја претвори
во скршеното огледало
на неговиот живот.

ВРЕМЕТО

на Мехди Бајрактари



Времето спие
во градината,
гласови и светулки
до зборовите се појат.
Душата негова е и твоја,
голема, спокојна река
што ја буди
птицата од сонот
и со пурпурот на плодноста
ја оплодува темнината.

ЗБОГУВАЊЕ

на Перихан туна Еџупи

Те очекувале во друго небо, душичке.

Уште си во нашите мисли.

Не може да го прифатиме твоето заминување.

А времето рамнодушно си продолжува.

НОЌНА МОРА

на Сузан Акбелге



Полноќното сонце
се вовлекува во нејзината свест,
го вознемирува нејзиниот мир.
Темнината останува
нејзин плашт.
Темнината нејзиниот
единствен придружник
заедно со ноќната мора
што преминува
во крваво црвена долина
од скршени соништа.

МЕЃУ СТАРОТО И НОВОТО

на Зекир Сипахи



Раслојувањето почнува
и меѓу луѓето
на крстопатот старо-ново.
Наместо благослов
за бериќетни години,
сал злоба и грубост се слуша.
Ги нема веќе
ни стаирте боеми
што времето со песна го мереле.
На нивно место
сега отуѓени луѓе
со празни срца,
што се грижат само за себеси
и својата материјална добивка.

ГОВОР НА ПРОМОЦИЈАТА НА РИСТЕ СТЕФАНОВСКИ

Би сакал на почетокот да кажам нешто за господин Ристе Стефановски онаков каков што јас првпат го запознав во далечната 1977 година. Тоа е годината кога јас се вработив во Драмскиот театар како драматург, а тој беше директор кој бараше драматург, помлад агилен човек на кој ќе може да се потпре во сложената работа на раководењето со еден амбициозен театар. Не знам дали ги оправдав неговите очекувања, но јас во него уште при првите заеднички чекори на соработката открив токму таков агилен и ангажиран човек каков што и самиот бараше околу себе си.

Впрочем, тоа беше време на Драмскиот театар кое бараше такви луѓе. Се надевам дека нема да згрешам ако речам дека тоа беше златно доба на Драмскиот театар: афирмација дома, афирмација во тогашните југословенски рамки со успешни учества на фестивали, афирмација во странство преку гостувања и др. Се разбира, таквите успеси беа производ на целиот колектив и поддршката што ја имаше, но целата таа работа требаше некој д ја организира и раководи, а тоа несомнено беше директорот Ристе. Тука не беа во прашање само неговите организациски способности туку и дваесет и четири часовен ангажман. На моменти тоа беше пеколно работно темпо за сите што го диктираше неуморниот директор.Се сеќавам на зборовите на една од постарите актерки која беше мошне ангажирана вообличени во прашањето: До кога бре Ристе вака? Кога малку ќе починеме? А тој пак, со насмевка под мустакот одговараше: Не бери гајле. Кога ќе заминеме на оној свет ќе се одмораме со векови. А сега време е за работа.

При целата негова пожртвувана работа, тој за себе имаше скромно мислење. Повеќе пати ми ја објаснуваше својата задача на директорот. Види, Вито, ми велеше, мојата задача е едноставна. Животот и работата на театарот ја доживувам како поток кој треба да тече, а јас само ги тргам на страна камчињата кои го попречуваат тој водотек. Се разбира, тој правеше многу повеќе од тоа.

Од друга страна, си помислувам само колку откажувања мораа да поднесуваат и неговите најблиски од семејството поради неговото често отсуство од дома. Можеби тоа беше најголемата и најскапата жртва што тој ја принесуваше на олтарот на македонскиот театар.

* * *

Откако ќе стивнеше претпладневната врева во театарот, некаде пред крајот на службеното работно време, Ристе се затвораше во својата канцеларија, а секретарката не предупредуваше да не го вознемируваме. Тоа ми личеше на некаков таинствен ритуал, а подоцна разбрав дека тоа е терминот кога директорот се преобразува во хроничар на театарскиот живот во Драмски и надвор од него. Имено, дознав дека тој секојдневно запишува во некакви дебели тетратки од голем формат што се случувало тој ден во театарот, со кои луѓе или проблеми се среќавал дента, а веројатно и повеќе од тоа. Во секој случај, меѓу вработените владееше фама околу тие тетратки и некои на шега си говореа: пази денес како ќе те запише Ристе во своите тетратки.

Убеден сум дека тој ги запишуваше настаните без зла намера. Некои подоцна објавени текстови покажаа дека тој има само желба работите да останат запаметени објективно колку е тоа можно. Сепак, поради деликатноста на материјата, главнината на тие записи не е објавена, а внатре сигурно има многу нешта што ќе предизвикаат интерес во културната јавност. Едноставно, Ристе си го чека погодното време, а кога тоа време ќе дојде, тогаш дел од историјата на театарот во Македонија ќе добие и некои нови текови.

* * *

Во меѓувреме се појави една негова книга за македонскиот театар. Наизглед тоа беше не многу обемно дело, би се рекло стегнат осврт на театарот во Македонија од најстариот период до наше време. Гледано од денешната перспектива, би рекле дека тоа било само најава на еден голем проект кој се подведува под истоветениот работен наслов, но кој содржи цела серија на големи книги во кои за македонскиот театар се

говори многу детално, документирано и аргументирано. Во тие томови кои се редеа сукцесивно последниве децении Стефановски го презентираше сето она што може да се подведе под театар во Македонија. Тука во прв ред се зборува за професионалните театри, се дава преглед на изведени премиери на секој од театрите од Скопје и внатрешноста. Дадени се исто така подетални податоци за учесниците во претставите, соработниците и др. Кон тоа често се дава и критички избран преглед на огласите во печатот за тие примери од кои читателот може да добие претстава за нивниот прием кај публиката и театарската критика, а по некогаш наоѓаме информации и за она што обично се нарекува задкулисни игри во вистинска смисла на зборот. Внимателниот читател во тие книги ќе открие каков третман имал театарот во Македонија низ различни периоди, за вмешаноста на политиката во театарот, за борбата на театарските работници за самостојност и многу други нешта за кои некој ќе рече дека припаѓаат на областа на пикантерии. Повикувалќи се на пишани документи, односно на записници од состаноци, Стефановски знае беском-промисно да истакне и имиња на некои тогашни званичници кои со својата идеолошка тесноградост на моменти и го кочеле развојот на театарот.

Во прилог на тие главни информации следат прегледи на фестивалите во Македонија и во тогашните југословенски рамки каде што учествувале нашите театри. Посебно се опфатени македонската опера и балет како и аматерскиот театарски живот.

Осврнувајќи се критички кон целиот овој огромен историски преглед, би можело да се каже дека Стефановски настојува да задржи највисока доза на објективност на пристапот, комплетност на презентацијата и одговорност во презентацијата на податоците.

Овде треба да кажеме дека целиот овој проект беше примен во нашата јавност главно со одобрување и пофалби. Впрочем, тоа дело доби и високи јавни признанија. Но, како што може да се очекува, се јавија и малициозни критики па и потценувања. Сепак, интересно е што и некои меѓу критичарите, при своите прегледи на теми што ги обработува Стефановски обилно го користеа она што тој го презентира за првпат. Накусо, делото на Ристе Стефановски стана неизбежно, па дури и меродавно кога станува збор за историјата на македонскиот театар.

* * *

По овој повод посебно ми е задоволство да кажам нешто за еден друг проект кој заеднички го започнавме во 1977 година, а благодарение на упорноста и истрајноста на Стефановски, тој трае до ден денешен. Имено, се работи за денес реномираното списание *Театарски гласник.* Целата работа почна скромно и без особени големи планови и подготовки. Ристо како директор ми предложи да почнеме со издавање на некој вид билтен на Драмскиот театар колку да се одбележат и запаметат некои дела што инаку се забораваат со симнување на претставите од репертоарот. Впрочем и самиот наслов *Театарски гласник* доволно говори за скромниот почеток. Се започна со првиот примерок изработен на шапирограф во сосема мал број на примероци. Повторно се јавија пофалби и критики, јавна поддршка и тајни сопки. Независно од тоа, првите години списанието доби развиен профил кој во подоцнежните години се утврдуваше но и прошируваше. Покрај Ристе како одговорен уредник се нижеа и други лица кои непосредно работеа на подготовката на списанието. По две-три години јас се повлеков од Драмскиот театар, по мене дојдоа и други, па и тие си заминуваа. Остануваше само Ристе како константа, така да речам столб околу кој се одвиваа сите промени. Така тоа трае еве веќе скоро четириесет години. Кога ќе добијам некој од поновите броеви гледам дека списанието постојано расте, очигледно се претворило во значајно театарско гласило во Македонија, но и во регионот. На редакцискатa страна читам разни имиња на луѓе кои учествуваат во подготовката, но знам само едно име и тоа трајно. Името на Ристе Стефановски. Иако веќе ги мина осумдесетите години од животот, тој истрајува. Тоа е подвиг кој заслужува респект.

Независно од сите заслуги, од сите високи позиции што ги имаше во македонскиот театар, Ристе како човек си остана истиот. Тој не се разболе од „директорската болест“ која манифестира со симптоми на вообразеност и недопирливост. Просто, тој не прилега на нашата балканска претстава за директор. Напротив, со својата едноставност, скромност, срдечност, но и чесност и работливост, тој создаде за себе слика на добар човек и искрен пријател. Затоа и пријателството меѓу него и мене кое трае со децении сигурно многу должи на тие негови благородни човечки белези. Да си ми жив и здрав мој пријателе.

Академик, Витомир Митевски

ЖИВОТ ПОСВЕТЕН НА ТЕАТАРОТ

(Кон книгата "Мојот театар - театарски вистини, записи, сведоштва, сеќавања" од Ристо Стефановски)

По цела една огромна едиција од неколку илјади страници на тема Театарот во Македонија каде што не останува речиси ништо недопрено, нерасветлено или барем непонудено како факт и аргумент за натамошна разработка, конечно театарскиот летописец Ристо Стефановски со своето најново дело се усидрува во заливот наречен „Мојот театар". Тоа е заливот на неговите сеќавања, записи, сведоштва и вистини. Никогаш пред ова Ристо Стефановски не се експонира толку лично како активен учесник во театарските збиднувања. Оттука нема да погрешиме ако кажеме дека токму оваа, засега негова последна книга, остава впечаток на негова театарска исповед. Иако во неа, во четири дела најпрво се разложува генезата на кризата во Македонскиот национален театар, потоа зародишот на Куклената секција, па нејзиното прераснување или преминување во Куклен театар, па Младинско-детски и најпосле создавање на Драмскиот театар како втор театар во Скопје, значи и покрај оваа неспорна содржина, она што на книгата и дава посебна вредност и тежина секако е сознанието дека паралелно таа зборува и за својот автор, неговиот долгогодишен влог во театарот. Всушност Ристо Стефановски расветлувајќи го сопствениот пат и театарска кариера ги разоткрива и своите најинтимни чувства. Оттука ова е книга за животот и кариерата на еден неуморен творец кој потполно се вложува со љубов и ентузијазам во изградбата на театарското дело во Македонија. Преку ова книга може да се реконструира неговиот животопис кој силно се проникнува со она што се случува на планот на театарот...

Во првиот дел насловен како Генезата на една криза, Стефановски пишува за случувањата во нашата национална театарска куќа во периодот од 1951 до 1957 година. Овие записи и нивната сублимација ни ја даваат сликата на една институција која длабоко тоне во жива кал, во која меѓучовечките односи се од темел разнишани и во која царува нездрава атмосфера... Соочувајќи се со неможноста од промени во постојниот систем авторот се одважува случувањата во театарот да ги гледа и во еден поширок општествен контекст, а понекогаш и во контекст на политичките турболенции во светот, неговата биполарност, студената војна итн. Всушност, на повеќе места тој констатира дека она што се случува во театарот само ја отсликува состојбата во општеството, односно поконкретно политичките властодржци во градот и републиката се оној фактор кој кумува и ги потхранува механизмите на самодржување, задушувајќи ја секоја иницијатива за промена... Во едни такви услови почнува се поголемиот ангажман на Стефановски во Куклениот театар во кој е назначен како раководител, а подоцна и негов директор. Откако со макотрпен труд ќе успее во конституирањето, но и стабилизацијата и зајакнувањето на Куклениот театар, следниот чекор беше неговиот растеж во Младинско-детски театар со посебна нагласка дека се повеќе внимание ќе се отстапува на т.н. жива сцена. Овој процес е предмет и содржина на вториот дел од книгата за чија реконструкција повторно основа се дневничките записи на авторот Стефановски.

Во третиот дел под наслов „Трнливиот пат до новиот театар", станува збор за периодот од 1959 до 1964 година кога, дефинитивно, Драмскиот театар ќе стане стварност. Во четвртиот, завршен дел на книгата се нотира континуитетот на детската и куклената сцена во Драмскиот театар од 1965 до 1985 година со прецизно наведени премиери, број на изведби и гледачи, како и одгласите кај критиката. Овој процес на грижа за најмладите гледачи ќе ја донесе и иницијативата за формирањето на Театарот за деца и младинци во 1990 година, токму од пазувите на Драмскиот театар.

„Мојот театар" е книга која авторот Ристо Стефановски ја создавал со децении во својот интимен театарски Дневник. Сега, таа само ја здогледува светлината на денот или кажано со театарски јазик, ја има својата премиера.

Тодор Кузманов

ПО ЛУТОТО ЈАЈЦЕ МНОГУ СЛАТКИ

(Реч на доделувањето на Наградата за животно дело на актерот Васил Шумански на годинашниот Фестивал на аматерски театри во Кочани)

1.

Не знам поради кои причини ама Народниот театар од Штип до ден денес нема свој патрон. За штипјани отсекогаш бил само Народен и ништо повеќе. Може да се каже дека штипјани се итри луѓе. Не саакаат да го именуваат театарот зашто се плашат називот да не ги оддалечи од славните имиња на Ромен Ролан, или на Жан Вилар и Жан Луј Баро, кои ја насочија театарската уметност кон народот и никаде подалеку.

Е, ако нашиот НАРОДЕН не е со суфикс име на познат драмски деец, спортскиот центар покрај него носи странско име-ЏЕКСОН. Сите во Штип знаат каде е Џексон и дека тоа е Спортски центар, ама малкумина знаат зошто се вика токму ЏЕКСОН.

Во објаснувањето можеме да кажеме дека латинската сентенца-номен есет омен, има исклучоци. Човекот со надимак Џексон меѓу штипјани бил познат како бездомник, пијаница, отпад од општеството. Значи од спортските дисциплина ја практикувал само онаа што се огледа во кревање на шишиња со ракија до устата и назад од неа. Една ноќ заспал покрај работилницата на тогашното „Стопанско училиште". Какво му било спиењето и што сонувал до ден денес никој не знае, ама постарите убаво се сеќаваат дека таа вечер изгорел во пожарот што избувнал во работилницата на училиштето. Ете во негова чест спортскиот центар популарно беше наречен ЏЕКСОН, а сега и официјално.

Но, зошто јас толку распалив по Џексон? Па оти оттаму почна мојата театарска кариера, ако можам така да ја наречам. Во 1975 година на огласната табла во гимназијата „Славчо Стојменски" Младинското студио при Народниот театар објави оглас за запишување на нови членови. Првата средба со раководството на „Младинската сцена" беше закажана напладне во репетиционата сала во Народниот театар.

Пред театарот дојдов два часа порано од закажаното. Времето до средбата го потрошив играјќи „баскет" со случајно најдените врсници во „Џексон". Како што игравме, поточно во миговите кога требаше да се одлучи победникот се сетив дека треба да сум во театарот. Ја здувнав од играта. Што би рекла мојата мајка, жива вода испотен, со крастави раце, се бапнав на првото слободно столче во репетиционата сла.

Васил Шумански

Околу елипсовидната маса беа наредени десетина полноглавци. Во средината на насмеаните тиквички стоеше еден по се' убав маж. Ете така треба да изгледа актерот си реков-строен, убав и со авторитативен глас. Навистина имаше совршен тембар. Доверлив. Гледав во него како во плакат што наговестува холивудско време, отворање на вратите на ветената земја. Пред мене и пред сите гугутчиња што зјапавме со полуотворени усти стоеше Васил Шумански, актерот на Народниот етатар од Штип. Стоеше пред нас актерот на кој сакавме да личиме, но и да говориме како него.

2.

Ако големиот Константин С Станиславски рекол дека во театарот не постојат големи и мали рољи, туку само големи и мали актери, тогаш на нашиот Шумаски би можеле да му ја препишеме девизата: Не постојат големи и мали театари, туку само театари со сериозен обмислен репертоар и театари без репертоар.

Шумански на детектираната сценска амузија и се спротивставува одалечувајќи се од неа. На некој начин преку пасивен отпор се бори со лошото во театарот. Затоа неговата кариера, барем според неговите скудни биографски белешки, ја започнува и завршува, бегајќи од неискрената, лажливата до немајкаде, театарализираната стварност.

Како дете на шест години случајно влегува во школската театарска претстава како замена за детето кое поради обврските кон стоката, овците, не можело да присуствува на премиерната изведба. Но, не останал долго на сцената, бега од неа токму кога партнерот на шега или според драмскиот текст му дал да изеде луто јајце.

Тргнал да се спори бегајќи, поточно штом насетил дека театарската стварност се обидува да наликува на животот. Така и ја завршува кариерата во Народниот театар. Си ја здувнал од сцената и тоа за време претставата „Црнила“. Шумански го играл Луков. Во мигот кога требал да го доживее амбиентот на некогашното, револуционерното минато, почувствувал дека публиката не го есапи ниту него, ниту театарската претстава, со еден збор не била подготвена за доживување на театарализираната стварност. Свесно ја растурил фигуративно предметната композиција. Публика на судбоносната претстава Црнила, не била подготвена за коалиција со актерите, а тој не сакал да ја чека да порасне. Зошто велиме да порасне? Па оти во публиката биле само деца и тоа од нижите класови на една од осмолетките во градот под Исарот.

3.

Шопенхауер во некои од своите дела напоменува дека одењето лево па десно(цикцак) нема да не одведе до целта. Шумански после бегството од театарскиот фалш, трга во друга насока, можеби лево од театарот, а можеби и десно. Сепак тргнал како да возел кола по серпертините до убавиот Дојран. Иако таквото возење траело со години (шест години во Модната кофексија АСТИБО, вработен во службата за пропаганда) Шумански сфатил дека треба да вози право и тоа повторно кон сцената. Застанал пред Домот на културата.

Во 1978 година почнува да се гради Домот на културата „Ацо Шопов“. По две години Шумански доаѓа во него како стручен соработник. Насочен кон сцената повторно кај него се насира потребата да се обиде во театрализацијата на стварноста.

Со ново формираното „Младиско драмско студио“ Шумански станува осведочен автор на триесетина фигуративно предметни композиции-претстави. Со истите освојува низа награди на тогашните аматерски фестивали, па и на професионални театари и го потврдува своето театараско кредо: Нема актери аматери и актери професионалци, туку има само актери кои се свесни за фалшот во себе и оние кои тоа не се.

4.

Питер Брук бил поканет да присуствува на изведба на опера во Средниот Исток. На поканата му пишувало: Нашиот оркестар понекогаш свири фалш, ама публиката не го забележува тоа.

Не знам дали Питер Брук отишол на операта, но мислам дека нашиот Васил Шумански не би отишол, а ако отиде сигурно ќе најде начин како да ја напушти салата.

Оној кој ја знае техниката на поставувањето, на сценскиот говор, на движењето по сцената, на седењето на неа, дури и неслушањето, разбира дека секој во театарот треба да продуцира, а не да репродуцира.

Роберто Кастелучи работејќи на новиот идентитет и функција на актерот ќе каже: “Актерот не е оној кој делува, туку оној што го трпи делувањето на театарските штици.„ Мислам дека Васил Шумански во својата теа-тарска кариера видно покажал колку и до каде може да го истрпи делувањето на театарската сцена. Тој како актер за кој можат да се придодадат низа префикси: Фигура, солист, рецитатор, раскажувач, човек кој ја почитува организираната репрезентација, не само што знае туку и ја разбира фигуративно предметната композиција и нејзината сила. Ете затоа кога на Шумански ќе му подметнете луто јајце, тој не се лути, ама го напушта местото на настанот за да ја разблажи лутината сам.

пишува:
м-р Трајче Кацаров

Елена Јосимовска
Верица Јосимовска

ПРИДОНЕСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И УЧИТЕЛИТЕ ОД ШТИПСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА ЗА АФИРМАЦИЈА НА ТЕАТАРСКАТА ТРАДИЦИЈА НА ШТИП

Во сите историски прикази и истражувања за театарската дејност во Штип, неодминливо се споменуваат учениците и учителите, подоцна професорите, како актерски аудиториум врз кој почиваат почетоците и континуитетот на штипскиот театар. Дури, во извесни периоди од развојот, тие се единствените носители на таа дејност. Ваквиот придонес, на една денес занемарена категорија, заслужува да биде нагласено нотиран како историска детерминанта без која театарската уметност би била со помала историска афирмативност.

Театарот како значаен фактор за културното издигнување на народот со далекусежна социјална функција, со помош на училиштето, успеал да го премости времето на феудално-патријархалниот систем, ропскиот живот и крајно непријателскиот став на Православната црква кон театарската уметност. Долги години со помош на колективниот творечки дух на Штипјани, како израз на човековата потреба да ја подржува и преобразува стварноста, се негувал театарот без сцена.

Нашиот народен живот е преполн со елементи од театарски карактер, многу од народните обичаи кои се негуваат во Штип биле вистински фолклорни театри.

Сепак, првите театарски претстави во Штип тргнуваат од училишните дворови кога традиционално, на крајот од школската година, учениците и учителите приредувале драматизирани претстави.

Иако според усните кажувања на постарите, ваквите ученички претстави датираат и од многу порано, прв за тоа писмено ни соопштува учителот Даме Груев во своите „Спомени“[1]. каде вели: „Идната година (1895) на штипската сцена се даваа театарски престави „Иванко“[2] и слични револуционерни пиеси. Земавме учество- јас, Гоце Делчев, Туше Делииванов, Јордан Ѓурков. По двегодишниот престој во Штип на сестрано активните револуционери на чело со Делчев и Груев, а и поради политичките настани во врска со комитската дејност, извесен период замреле театарските изведби, освен оние во училишните дворови во Штип и Ново Село, на празникот Св. Кирил и Методи (24 мај) и на Петровден (12 јули) кога се делеле свидетелствата за успехот на учениците. Преку содржината на овие приредби се популаризирале ослободителните и патриотските идеи. Многу живи беа сеќавањата на старите Новоселци дека на една ваква приредба во првите години од 20 век, во училишниот двор во Ново Село, била драматизирана познатата песна „Хаџи Димитар“ од Христо Ботев што тие ја паметеа како „Жив е тој, жив е там на Балкана“.

Од изведбата на оперетата „Печурки“ 1924 година, компонирана од проф. Сергеј Михајлов

[1] Љ.Лапе, Избрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје 1965, стр. 158.

[2] „Иванко, убиецот на Асен I“ од Васил Друмев издадена 1872 година.

Во недостаток на релевантна архивска граѓа за овој период, драгоцен извор на податоци секако ни се ретките оскудни статии објавени во печатот, некои од публикуваните Спомени и сеќавањата на современиците врз кои ние денес се потпираме кога се обидуваме да направиме ретроспектива на развитокот на театарската дејност во Штип. Според тие сеќавања, што ги запишувале штипските „хронографи“ каков што бил и Коце Барутчија[3], театарската дејност започнува од штипско Ново Село[4] кога таму во почетокот на шеесеттите години од 19 век е отворено Неделно училиште[5]. Во него се одвивала една поширока просветно-културна активност, се драматизирале мотиви од познати народни песни или приказни. Со еден збор Неделното училиште всушност имало своевидна улога на културен центар.

Постојат сеќавања од стари Штипјани, Петре Голов – Диндето и Петре Караѓозов, којшто ги запишал Атанас Николовски, тие ги пametеле Гоце и Даме како нивни учители и организатори на ученички приредби пред родителите и граѓанството.[6] Во првите месеци од јулската револуција на младотурците, 1908 година, на „штипската сцена“ неколку пати била репризирана драмата на Војдан Чернодриски „Македонска крвава свадба“. Главните улоги ги толкувале учителите-Штипјани: Наунчо Османков,[7] Славко Манев[8], Јордан Ѓурков,[9] Димитар Нетков, Мише Пилатов, Јордан Чемков, Трајчо и Марика Станчови.[10]

Пет месеци по крајот на Втората балканска војна, во Штип доаѓа чехот Карел Мор[11] за наставник по музика и пеење во штипската прогимназија, отворена на 29 октомври 1913 година. Тој во Штип веднаш основал ученички хор и формирал аматерска театарска група со ученици од прогимназијата. Но и овој обид за организирање на забавен живот во Штип траел многу кратко. Во почетокот на ноември 1916 година српските власти го напуштиле Штип а бугарските ја затвориле прогимназијата, во 1917 и 1918 година поради бројните австриски, германски и бугарски војски кои како резерва кантонирале во градот и ги запоседнале училишните згради.

Културниот живот во Штип доживеал нов подем непосредно по Првата светска војна. Театарската дејност повторно започнала во летото 1919 година и претставува продолжение на традицијата започната уште од времето на учителите Димитар Павлов, Јосиф Ковачев, Александар Захариев а подоцна и Гоце Делчев и Дамјан Груев. Шест месеци откако повторно била отворена прогимназијата, во учебната 1920/21 година, прогласена за полна Реална гимназија на чело со директорот Лазар Трипковиќ. Културно-уметничкиот живот во Штип започнал со голем интензитет.

Ученици од помладата генерација на штипската гимназија до крајот на 1922/23 година ја продолжиле театарската активност за што ни сведочат сеќавањата на Боро Пингов, Благородна Бурева и Глигорие Ќурчиски.

За тоа време д-р Глигор Ќурчиски се сеќава: „Како ученици во вишите класови на гимназијата често приредувавме театарски престави под раководство на професорот Драгослав Илиќ. Ние изведувавме драмски дела, се сеќавам сум играл во „Лажа и паралажа“, во „Ѓидо“, „Покондирена тиква“ и други драмски творби[12].

---

[3] Коце Барутчија како и повеќето штипјани ги бележел сите поважни настани од историјата на Штип.

[4] Ново Село неколку векови не било споено со градот и долго време функционирало како „самостојна христијанска република“. Го имало апсолутниот примат во просветата и културата и во него живеело богато и угледно градско население. Всушност во градот единствено Варош маалото (на просторот околу градската црква и под Исарот) било населено со христијани и по бројност било многу помало.

[5] Неделните,празнични или мисни училишта биле претходници на Читалиштата.

[6] Атанас Николовски, „Културни дејности и Институции на Штип“, НИП „ Трудбеник“ Скопје 1964

[7] Наум-Наунчо Османков покрај тоа што бил учител, бил голем талент за музика, 1905 година го формирал првото музичко друштво-оркестар

[8] Учител со Гоце Делчев, татко на проф. Тодор Маневиќ

[9] Учителот Јордан Ѓурков е автор една книга под наслов „Астибо“

[10] Сеќавања на Славко Манев, еден од актерите во претставата, што ги запишал Тодор Маневиќ

[11] Карел Мор е роден 1873 година во чешкиот град Белохрад, композитор на две опери и неколку оперети,а некое време бил и диригент на прашката филхармонија, имал и своја оперска дружина, во Штип дошол со намера да го изучува јужнословенскиот мелос.

[12] Тодор Маневиќ, Културата и културните дејности во Штип меѓу двете светски војни, необјавен материјал.

Сцена од Покондирена тиква со Глигор Ќурчиски

Глигор Ќурчиски во претставата „Македонка“

Под раководство на професорот по германски јазик и српска литература во штипската гимназија, Душан Будимировиќ, била формирана театарска група, главно од членовите на гимназиската литературна дружина „Напредок“. Првата претстава на оваа дружина била изведбата на „Ќир Јања“од Јован Стерија Поповиќ, а потоа „Сржавецот“ на Молиер со позајмени костуми од скопскиот театар.

Професорот Будимировиќ, останал во сеќавањата, како човек кој сиот живот често одел со цилиндер врз кратко шишаната коса, во бел сомотен елек и златен ќостек, во ренденгот пантолони „на штрафти“, бели гети и црни лакирани чевли и секогаш со бастун со рачка од слонова коска под десната мишка. Иако бил преместен во Горни Милановац за наставник во тамошната гимназија, тој продолжил за Нови Сад на својата стара должност: секретар на здружението на српскиот народен театар „Матичин“.

Пред да го напушти Штип била одржана лицитација на која се продавале фотографските апарати на Даница, неговата сопруга, и другиот имот, за да ги отплати долговите што ги направил за успешна изведба на театарските претстави. Тој, синот на австрискиот полковник Кузман фон Будимировиќ, еден од ордонансите[13] на кајзерот Франц Јосиф, пораснат и воспитуван на виенскиот двор, често седел со татко му во виенскиот Бургтеатар, во близина на царската ложа. Студии завршил во Белград, а додека бил во Штип, во Загреб ја одбранил докторската дисертација „Драмските дела на дубров-чанецот Марин Држиќ“.

На крајот на школската година, во јуни 1926 година со сопругата Даница и малиот Бранко, кој се родил во Штип, можеби со истиот пајтон со кој дошол преку Овче Поле пред три години, од никого не пречекан, заминал до железничката станица од никого не испратен. Зад него останал „златниот век на штипскиот театар со кого тој раководел“.[14]

Ученичката Благородна Бурева во улогата на Офелија, лик од драмата Хамлет

[13] офицер

[14] Тодор Маневиќ, Театарската дејност во Штип 1895-1945, (текст во ракопис), 17-18.

Управникот на штипскиот театар Душан Цветковиќ, кој дошол на местото на Будимировиќ, во периодот по убиството на генерал Ковачевиќ (на 5 октомври 1927 година), откако три месеци останал без плата, во почетокот на 1928 година го предал инвентарот со гардеробата на чување во гимназијата, и сам со своето семејство го напуштил Штип.

Сергеј Михајлов, професор во штипската гимназија, во своите Спомени од тој период пишува:.... „ во градот настана мртвило кое траеше долго.

Во 1929 година беа затворени и вишите класови на гимназијата, Штип остана без гимназија и без ниту една културна установа. Малку подоцна членовите на театарот (од некогашните 30 беа останале уште десетина), ме избраа за трети по ред Управник на Повластениот театар. Неколку години по ред се прикажуваа пиесите: Три бекрии, Ѓидо, Момината клетва, Скамполо, Сомнително лице, На сила лекар, Вообразениот болен, Звонарот на Богородичната црква, Свет и др. Во тој период, се до 8 ноември 1936 година (кога се донесе одлука театарот да престане со работа) беа изведени и две обновени оперети: Мамзел Нитуш и Гејша.[15]

Но континуитетот на театарската дејност во Штип не престанал. Пак како што започнал, по патот на учениците од првите години после Првата светска војна, со повторното отварање на штипската гимназија од учебната 1935/36 година, група ученици извеле во градот бројни театарски претстави и други културни приредби заменувајќи го на тој начин затворениот градски театар. Првите најактивни членови на таа ученичката театарска група биле: Александар Фиданчев, Александар Драмски, Благој Попов, Боро Чешларов, Ванчо Прке, Владимир Манев, Ѓоко Митровиќ, Љубица Ристиќ, Љубомир Димитријевиќ, Михајло Карчев, Нада Јоциќ, Нада Хаџи Пецова, Павлина Фирева, Радмило Константиновиќ, Станка Гичева, Хранислав Левков и Цвета Дубарџиева. Првата театарска изведба на оваа група била „Брак на сила " од Плаут. Комедијата ја режирал наставникот Сергеј Михајлов и со неа учениците гостувале во Струмица, Радовиш и Кочани.



Оперски сценски настап на Киро Савев и Станка Зигова, 1936 година

Охрабрени од одличниот успех што го постигнале со комедијата на Плаут во 1936 година, учениците – артисти и нивниот режисер, во наредната 1937 година, се зафатиле со подготвување на комедијата „Зла жена" од Јован Стерија Поповиќ. Како и претходната и оваа комедија граѓанството ја прифатило со голем интерес и задоволство.

[15] ДАРМ, Одделение Штип, Сергеј Михајлов, Мемоари, ракопис.

Една од театарските претстави на учениците 1936 година

Учениците со успех го замениле повластениот театар. Доказ за тоа била „Зла Жена“ која доживеала неколку изведби, што во тогашниот Штип, град со 11. 000 жители, било вистинска реткост.[16]

Во 1938/39 година учениците подготвиле две поголеми дела, француската комедија „Добар муштерија“, (последна претстава во старата Соколана) и „Кнез Иво од Семберија“.

Во меѓувреме и во 1940 година групата ги подготви и прикажа следните дела: Сомнително лице, Аналфабета, Нашите деца, Копче, Владата падна (преработка на бугарската комедија Службогонци од Иван Вазов).

За изведување на некои дела за кои не постоеше гардероба во магацинот на повластениот театар, со помош на управата на гимназијата биле користени костуми и друга гардероба од скопскиот народен театар (За Кнез Иво од Семберија и Сомнително лице). Освен тоа учениците –артисти и самите изготвувале кулиси и други театарски реквизити.

И оваа ученичка театарска група, исто како и штипскиот повластен театар, поголемиот број од преставите ги изведувала на сцената во старата сколана, која повеќе личела на штала отколку на театарска сала. Подоцна, со изградбата на новата соколана, учениците-артисти потполно се префрлиле во таа нова сала иако не била приспособена за театар.

Во школската 1939/40 поголем број од наведените ученици на гимназиската театарска група го завршиле гимназиското образование и го напуштиле Штип. Тоа е причина што во учебната 1940/41 година не е забележана никаква театарска активност. Причината за тоа секако треба да се бара и во фактот што Втората светска војна секако чукала на вратата. Старата вистина дека „кога оружјето зборува музите молчат“ се потврдила во потполност.

Во времето од 1940-1942 година со исклучок на 2-3 ученички манифестации театарски живот во градот немало. Во тој период учениците од штипската гимназија ја подготвиле македонската драма „Печалбари“ од Антон Панов, во режија на студентот Владимир Манев. Потоа во 1943 година учениците од гимназијата ја прикажале комедијата „Големанов“ од бугрскиот комедиограф Ст. Костов. Делото било одлично пдготвено и публиката многу добро го примила. И оваа генерација артисти- ученици покажала дека театарската уметност меѓу граѓаните на Штип живее и под услови на војна. Ученици, театарски активисти од овој период биле: Блага Делибашева, Галаба Џидрова, Дончо Арнаудов, Илија Пуздерлиски, Лазар Кескинов, Мијалче Коцев, Методи Николов, Ристо Џидров, Ристо Чепреганов, Светлана Чушкова, Станка Денкова, Тодор Трендафилов и други.

[16] Сеќавања на проф. Тодор Маневиќ од Белград запишани 1953 година

Сцена од ученичката претстава „Козета“ изведена 1960 година

Ваквата пракса на учениците и нивните учители продолжила и во првите децении по Втората светска војна за денес таквата пракса да биде напуштена во целост.

Затоа кога се пишува историјата на штипскиот театар неизоставно треба да им де даде признание на учениците и учителите од штипското образование, особено на Штипската гимназија на која и припаѓаат најголемите заслуги за негувањето на тетарските традиции.

Денешните генерации за жал, како да се осудени на масовна култура каде јазот помеѓу квалитетната и масовната култура во Штип, секој ден се повеќе се продлабочува а театарот како институција полека се затвора во својот круг. Учениците останува-ат далеку од убавините на театарската уметност.

42 МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ
9-31 МАЈ, 2014 ГОДИНА

КВАЛИТАТИВЕН ИСЧЕКОР НА ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ОПЕРСКИ ФЕСТИВАЛ

Велат дека мај е најубавиот месец во годината. За некои можеби не è, но за љубителите на оперската уметност, сигурно е. Годинава по 42 пат се одржа реномираниот фестивал „Мајски оперски вечери“. 42 ГОДИНИ! Бројка за почит. Бројка која кажува дека во годината кога славиме 70 години Слободна Македонска држава, 67 ГОДИНИ ИМАМЕ ОПЕРСКА КУЌА И 42 ГОДИНИ ОПЕРСКИ ФЕСТИВАЛ! За многу држави во светот тоа е неостварлива желба. Ако имањето опера е атрибут за државност, тогаш погоре кажаното добива уште поголемо значење.

Мајските оперски вечери започнаа на 9 мај во далечната 1972 година. Правата професионална оперска претстава „Кавалерија Рустикана“ е изведена на 9 мај 1947 година. 9 Мај е Ден на победата против фашизмот и Ден на Европа. Симболики колку сакате. Колку да не се заборави. Затоа почит. Повеќе почит. Кога сме кај почитта, ја имавме годинава од највисоките претставници на власта во Република Македонија. На свеченото отворање беа присутни Претседателот на Република Македонија г-динот Ѓорѓе Иванов, Претседателот на Владата на Република Македонија г-динот Никола Груевски, министерката за култура во Владата на Република Македонија, г-ѓата Елизабета Канческа-Милевска, беа присутни и други личности од јавниот живот, амбасадори, министри, пратеници, стопанственици и сл. што е за поздравување.

Свечено отворање

Но, она што недостасуваше е поголема почит од професионалната фела. Музичарите, и пред сѐ, професионалната музичка и балетска критика. На ова ме поттикна текстот на нашиот познат драматург и литерат Трајче Кацаров насловен „Дај ми за да ти дадам“ (Утрински весник, вторник, 24-06-2014) а и недоволниот одзив на музичката критика за фестивалот. Кацаров вели: „Општо познато е дека публиката не паѓа од небото. Таа се создава во средините каде духовните добра бараат јавност. Таа се регрутира и од оние кои врз основа на своите креативни потенцијали даваат прилог во непосредната реализација на некое уметничко дело. Со ова сакам да кажам дека театарџиите треба и самите да го љубат театарот и да го посетуваат, музичарите концертите и кога тие не концертрираат, сликарите и кога нивните платна не се експонати од изложбата, а литератите и кога не се промовира нивно дело“. Секоја чест за публиката. Недостасува она што Кацаров го потенцира. Можеби годинава во исто време се случуваа многу настани, но дали е само тоа причината? И дали сите настани можеме да ги подведеме под зборот, КУЛТУРНИ (УМЕТНИЧКИ)!?

Но, да се вратиме на 42 Мајски оперски вечери.

Годинава на фестивалот имаше шест настани. Пет оперски и една балетска претстава. **„Симон Боканегра“** на *Џузепе Верди*–Премиерно, за свеченото отворање и за прв пат во Македонија, **„Дон Џовани“,** на *Волфганг Амадеус Моцарт*, **„Фауст“** на *Шарл Гуно*, **„Турандот“** на *Џакомо Пучини*, **„Аида“** на *Џузепе Верди*, традиционално, за затворање на фестивалот и балетската класика **„Жизел“** на *Адолф Адам.*

Дека 42 Мајски оперски вечери навистина имаа квалитативен исчекор, не е субјективна констатација на авторот на овој текст, покажуваат и насловите со кои дневните печатени медиуми информираа (не сите се осврнуваа критички), па така еве неколку за илустрација и потврда на насловот на овој текст. **„Боканегра, ја освои публиката“** (Вечер), **„Моќта на Инва Мула, го дигна МОБ на нозе“** (Вест), **„За Турандот и Фауст, долго ќе се раскажува“** (Вечер), **„Овации за крајот на Мајските оперски вечери“** (Дневник).

Свеченото отворање беше на 9 мај, со премиера на **„Симон Боканегра“,** за прв пат поставена и изведена во Македонија. Како што е и вообичаено, свеченото отворање предизвика огромен интерес. Фестивалот за отворен го прогласи министерката за култура г-ѓа Елизабета Канческа-Милевска, а фестивалскиот огин го запали примабалерината Александра Мијалкова. Во „Симон Боканегра“ настапи домашна солистичка екипа, предводена од нашиот баритон Борис Трајанов, кој ја толкуваше насловната улога, со еден исклучок, имено, во улогата на *Паоло Албијани* настапи баритонот од Србија, Владимир Андриќ. Во останатите улоги настапија: *Амелија/Марија Боканегра*-Весна Ѓиновска-Илкова, *Јакопо Фиеско*-Владимир Саздовски, *Габриеле Адорно*-Ѓорѓи Цуцковски, *Пјетро*-Ернес Ибраимовски, Капетан-Марјан Николовски и Слугинка на Амелија-Марика Поповиќ.

Авторската екипа ја предводеше диригентот Џанлука Мартиненги, од Италија, *режисер,* Антонио Карло де Лучија-Италија, *сценограф*-Алесандра Полимено-Италија, *костимограф*, Александар Ношпал, *кореограф*, Олга Панго, *концерт мајстор*, Климент Тодороски.



„Симон Боканегра“

„Симон Боканегра“ доби најмногу одгласи во јавноста и за неа се осврнаа скоро сите музички рецензенти, кои пишуваат во нашите медиуми. Па така, Македонското радио-Радио Скопје, за „Симон Боканегра“ ќе го емитува следното:

„Диригентот, Џан Лука Мартиненги имал задача да проникне во суштината на делото на Верди, да ја согледа неговата дихотомија, неговото колебање меѓу белкантото на раното творештво на Верди и симфонизацијата на она што следи потоа, и да го постигне тој своевиден мост меѓу нив. Значи, освен изведувачки да го подготви оркестарот, да му овозможи и стилски да се доближи токму до оваа негова концепција. Оркестарот во целата претстава звучеше и технички сигурно и подготвено и стилски уверливо со грижливо изработени детали од кои се гледаше токму остварувањето на основната намера на Мартиненги. ...Солистите, генерално гледано – сите успешно ја исполнија својата задача. Се чини, сите тие беа доволно инспирирани и мотивирани да го дадат својот моментален максимум. ...За крај– да не го заборавиме и хорот. На сцената се појавува прилично ретко. Добра дел пее од зад сцената, создавајќи определен фон за одвивање на главното дејтсвие. Но, и во едниот и во другиот случај тој тоа го правеше повеќе од коректно. ...И затоа, ако според некој елемент оваа премиерна изведба на Вердиевата опера „Симон Боканегра“ може да се споредува со нормалните светски изведби, тогаш тоа е според хорските интерпретации и, донекаде, според квалитетот на изведбата на оркестарот. Сè на сè, едно убаво, интересно и впечатливо отворање на годинашниве Мајски оперски вечери“.

(Емитувано на Радио Скопје, 12.05.2014)

„Утрински весник“, како да ја потврдува констатацијата на Радио Скопје, па за претставата ќе каже: „Кај Борис Трајанов немаше некои бравурозни вокални појавувања, бидејќи такви и нема во оваа опера, но тој остави посебен впечаток како стожер, како лик кој е силно посветен до крајот да го задржи навидум строгиот принцип на делување, да го наметне општествено-политичкиот карактер, но зад кого сепак, се кријат силни чувства. Токму тој емотивен аспект, особено видлив во дуетите со неговата ќерка Амелија (Марија Боканегра), чиј лик го толкуваше сопранот Весна Гиновска-Илкова, и најмногу ја допре публиката. Гиновска-Илкова заслужено ги добиваше аплаузите, бидејќи таа не ги ограничуваше своите чувства, туку напротив, ги распосла на сцената. Таа пленеше со својата мекост, со својата топлина, со чистите високи тонови, истакнувајќи ја убавината на својот глас, но најмногу со силната енергија и страст. Пофалби и за тенорот Ѓорѓи Цуцковски, кој го играше младиот патриций Габриеле Адорно, особено во неговата „комуникација“ со Гиновска-Илкова, за басот Владимир Саздовски како Јакопо Фиески, кој беше импресивен во длабоките регистри и за гостинот од Србија, баритонот Владимир Андриќ како канцеларот Паоло Албијани. Се разбира и за оркестарот и особено за хорот (впечатлив машкиот хор во прологот во чинот на именување на дуждот) кои го надополнуваа чувството на драматика, на моменти на тажност, на моменти на романтика со својот обликуван звук. ...Оваа прва македонска изведба на „Симон Боканегра“ и, ако се гледа, а така и треба да биде, како целосно заокружена форма, како генерална слика, таа остави убав впечаток. ...Гостите од Италија, режисерот Антонио Карло де Лучија и диригентот Џанлука Мартиненги, дадоа голем придонес за да го допре, како што и самите кажаа, Вердиевиот манир. Да го поседува италијанскиот стил на класично градење на една музичка драма од тоа време“.

(Утрински весник, 12-05-2014)

За „Нова Македонија“, „Симон Боканегра“ не е епска опера, ама има скриена убавина“, (Нова Македонија, 12-05-2014), додека „Вест“ вели дека „Симон Боканегра“ е бавна“. Овде треба да се напомене дека без исклучок, во сите написи се истакнуваат пригодната сценографија и особено квалитетните костими на Александар Ношпал.

На 12-05, следуваше претставата на романтично-фантастичниот балет **„Жизел“** на Адолф Адам. Еве ја потврдата на констатацијата на почетокот на овој текст, дека недостасуваше комплетен осврт за фестивалот од најкомпетентните, музичката и балетска критика. Освен најавите што следува на фестивалот и нашите реклами, во медиумите ЗА „ЖИЗЕЛ“ НИКАДЕ, НИКОЈ, НИШТО, НЕ НАПИША! Затоа јас како „некомпетентен“ известувач ќе си дозволам да ги информирам читателите на „Театарскиот гласник“ за убавата изведба на оваа балетска претстава. Во главните улоги на оваа претстава, *Жизел* и *Алберт,* имавме двајца исклучително квалитетни гости. Јана Саленко, од Украина и Дину Тамазлакару од

Молдавија, кои инаку настапуваат и се првенци на Берлинскиот државен балет. Диригент беше гостинката од Велика Британија, Алис Фарнам. Во нејзината биографија стои дека Фарнам, во досегашната своја кариеара диригирала повеќе балетски дела, во однос на останатите музички творби. Саленко и Тамазлакару и порано настапувале на нашата сцена, но во оваа изведба на „Жизел“ како да беа посебно инспирирани. Особено, Тамазлакару. Тој покажа врвна форма, неверојатен усет и слух за ритмика и динамика. Неговите бравурозни скокови и неверојатни пируети, оддаваа впечаток како да лебди во воздухот. На ниво на своето реноме беше и настапот на Саленко. Публиката ги наградуваше со френетични аплаузи и извици браво. Понесени од беспрекорната игра на гостите и аплаузите од публиката (која точно знаеше каде и кога да аплаудира), останатите солисти, ансамблот и оркестарот, донесоа една магија во гледалиштето и оваа изведба на „Жизел“ ќе остане долго во сеќавање на љубителите на балетската уметност.

гостите Јана Саленко и Дину Тамазлакару во „Жизел“

Нареден настан (18-05-2014), беше едно од ремек делата на генијалниот Волфганг Амадеус Моцарт, операта **„Дон Џовани“.** Во претставата настапи комплетна солистичка екипа, која живее и работи во Италија. Еве ги нивните улоги и имиња: *Дон Џовани*: Хавиер Ландете (Шпанија), *Лепорело*: Алесио Потестио (Италија),

Комендаторе: Кацухиро Котецу (Јапонија*), Дона Ана*: Анџела Низи (Италија), *Дон Отавио*: Благој Нацоски,*Дона Елвира*: Џесика Роуз Камбио (САД), *Церлина*: Џулија Де Блазис (Италија), *Мазето:* Итало Проферише (Италија). Авторската екипа ја сочинуваа*: Диригент*: Џузепе Сабатини (Италија*), Режисер и сценограф*: Лев Пулиезе (Италија), *Костимограф*: Марија Пупучевска, *Хор-мајстор и чембало* : Џовани Фарина (Италија)

Кореограф: Олга Панго, *Концерт мајстор*: Костадин Богданоски.

Во „Дон Џовани“ треба да се истакне компактноста на солистичката екипа, предводена од диригентот, Џузепе Сабатини, кој инаку е еден од попознатите тенори, кој покрај настапите на сцените во Италија, со голем успех настапувал и ширум светот. Оперското пеење ќе го однесе на светските сцени, од Миланска скала, сè до Метрополитен опера во Њујорк, како и во престижите Карнеги Хол и Сантори Хол во Токио. Во изминатите години Сабатини го свртува своето внимание кон градење на кариера како диригент.

Еве што за изведбата на „Дон Џовани“ ќе констатира во својот осврт, дневниот весник „Вест“. Кога сме кај „Вест“, мораме да истакнеме дека, ЕДИНСТВЕНО ТОЈ БЕШЕ НАЈДОСЛЕДНИОТ ИЗВЕСТУВАЧ, кој се осврна на сите оперски настани од 42 Мајски оперски вечери.

„Низ турболентниот живот на боемот нè водеше релативно млада солистичка екипа, под диригентската палка на Џузепе Сабатини (Италија). Солистите на себе го понесоа, пред сè, вокалниот сегмент од претставата, со коректна, компактна и стабилна интерпретација, поекспресивна во вториот чин. Нивната константна поја на сцена, бројните дуети, терцети, соло-настапи, речитативи, изискуваа не само концентрација туку и енергија и способност да се изгради делото до самиот крај, што интернационалната екипа го оствари. ...Компактната поврзаност и појавност на солистите кои ја раздвижија „Дон Џовани“, беше поддржана од релативно коректниот оркестарски звук кој би можел да биде интонативно попрецизен, особено кога се изведува Моцарт“. (Вест, 23-05-2014).

Следуваше претставата **„Фауст“** од Шарл Гуно (22-05-2014).

„Фауст“ доби една специфична димензија со настаните во нашето соседство, односно, поплавите кои ги зафатија Србија и Босна и Хецеговина. По препораката на Владата на Република Македонија, културните институции да се вклучат во хуманата акција за

помош на настраданите, Македонската Опера и Балет одлучи приходот од претсавата „Фауст“ да биде целосно наменет како по-

Гостинот Хавиер Ландете во „Дон Џовани“

мош за настраданите од поплавите. И овој пат хуманоста на љубителите на оперската уметност и на македонскиот народ дојде до израз, така што на еден ден пред почетокот на пратставата, сите билети беа продадени, со што и Македонската Опера и Балет го даде својот придонес кон оваа хумана акција. Но, да се вратиме на претставата. Во „Фауст“ имавме една ѕвезда од светско реноме. Сопранот Инва Мула. Нејзе светот ја памети по гласот на Сината Лагуна во филмот „Петтиот елемент“. Инва Мула во претставата ја толкуваше улогата на *Маргарета.* Во останатите улоги настапија: *Фауст:* Иван Момиров (Бугарија), *Мефистофел:* Иван Томашев (Србија), *Валентин*: Франческо Верна (Италија*), Вагнер*: Драган Ампов, *Зибел*: ДаркоНешовски, *Марта*: Марика Поповиќ. *Диригент* беше нашиот Оливер Балабурски, кој десетина години живее и работи ви Канада, *Режисер, сценограф и костимограф*: Марио Де Карло (Италија) , *Кореограф:* Олга Панго, *Концерт мајстор*: Костадин Богданоски.

Единствено за „Фауст“ (покрај за „Симон Боканегра“), се огласи и „Утрински весник“, каде што во статијата насловена како „Целото внимание за сопранот Инва Мула“ се истакнува: „Инва Мула ја толкуваше улогата на Маргарета, и повторно пленеше со своите извонредни гласовни можности, особено во аријата во третиот чин, со својата драмска експресија, во начинот со кој успеа да се соживее со ликот. Импресивни беа и нејзините партнери, тенорот Иван Момиров од Бугарија, кој и покрај очигледната трема ја донесе насловната улога на едно завидно ниво, како и басот Иван Томашев од Србија (Мефистофел). На крајот, многубројната публика ги поздрави со овации. Иако со истиот дизајн од минатогодишната изведба, овој „Фауст“ ќе остане во сеќавање по генерално добрата изведба и од страна на оркестарот и хорот на Македонската опера, под диригентската палка на Оливер Балабурски“. (Утрински весник, 24-05-2014). Нашата забелешка овде би се однесувала на она „иако со истиот дизајн од минатата година“, за појаснување на нашите читатели да истакнеме дека новиот дизајн за „Фауст“ беше креиран за ПРЕМИЕРАТА на истато дело, кое се одржа на 23 октомври, 2013 година, што значи, во истата театарска сезона, 2013/2014.

„Вест“, во насловот за оваа претстава ќе потврди, „Инва Мула, ѕвезда во ´Фауст`“. Па нејзиниот рецензент продолжува: „...Со јасен изговор на текстот, со богат и сигурно поставен глас, Мула беше сугестибилна, чувствителна и раскошна во обликувањето на ариите.... Момиров, како многупати досега, се претстави како особено сценичен и експресивен карактер. Неговиот продорен и отворен вокал ја привлекува публиката. Овој пат неговата интерпретација вариираше од солидно оформени арии, преку форсирани фрази, во кои се провлекуваа неуспешни фалсети. ...Српскиот бас Томашев, ја поседува неопходната сугестибилна сценска слобода и богат вокал за приказ на ликот на сатаната. Вокално, и покрај моќниот глас, константата во во квалитетот на неговата изведба понекогаш изостануваше. ...Особено привлечно звучеше кусата и вокално култивирана појава на италијанскиот баритон Франческо Верна, кој со оформен глас, пријатна боја и прецизна впечатлива креација го одигра братот на Маргарета, Валентин. И нашите солисти Драган Ампов како Вагнер и Дарко Нешовски како Зибел имаа солиден приказ на своите карактери. Марика Попо-

виќ се издвои со поставката на гласот и комплементарноста (поради зрелоста и обликуваноста на вокалот) со нејзините соговорници на сцена". (Вест, 30-05-2014)

Инва Мула, Иван Момиров и Иван Томашев во „Фауст"

„Турандот", едно од најубавите дела од творештвото на Џакомо Пучини, се одржа на 26-05-2-14. Во претставата настапија: *Турандот:* Џована Казола (Италија), *Калаф*: Руди Парк (Јужна Кореја), *Лиу:* Валерија, Сепе (Италија), *Тимур:* Елија Тодиско (Италија), *Пинг*: Нико Исаков (Бугарија), *Панг*: Дарко Нешовски,

Понг: Дејан Стоев, *Мандарин*: Диме Петров, *Алтоум*: Марјан Николовски, *Принцот од Персија*: Мирослав Митрашиновиќ, *Џелат:* Јан Кисилев

Диригент беше Џанлука Мартиненги од Италија, кој ја диригираше и „Симон Боканегра", на отворањето на фестивалот. *Режисер:* Кузман Попов (Бугарија), *Сценограф*: Зоран Николовски, *Костимограф:* Марија Пупучевска, *Концерт мајстор*: Верица Ламбевска.

Во насловната улога на принцезата Турандот, имавме можност да чуеме сопран која настапила во познатата продукција на оваа претстава во забранетиот град во Пекинг, со прославениот диригент, Зубин Мехта, и која ја одиграла оваа улога над 500 пати. Еве што во својот осврт за Џована Казола и за претставата пишува „Вест": „Италијанската певица Џована Казола, ветеран во изведбата на принцезата Турандот...се уште поседува неверојатна контрола на гласот, обликуваност и експресија, и со нејзината интерпретација го потврди афирмираното светско реноме. Во комбинација со прекрасниот тенор од Јужна Кореја Руди Парк (кого, за среќа, го слушаме втор пат на Мајски) како принцот Калаф и кршливата Лиу во изведба на Валерија Сепе од Италија, создадоа импресивна претстава. Обликувањето на фразите преку колоритот, динамиката и емотивниот набој продира силно кај слушателите, и леденатa принцеза Турандот ви ги смрзнува вените. Драмата која ја создава Казола е возбудлива. Креацијата на Руди Парк е вистинско уживање. Кај него постои неверојатна сугестибилност, која ја постигнува со сигурната поставка, нефорсираниот настап и особено привлечната боја. Кога на тоа ќе се додаде и успешната актерска игра, ефектот е особено позитивен. Мецосопранот Валерија Сепе се претстави како пожртвувана и трогателна Лиу, со обликуван, привлечен и моќен колорит им парираше на останатите солисти...Диригентот Мартиненги делумно успеа да извлече резултат од оркестарот, кој ни долови делови од музиката кои претходно беа потиснати, со оркестарски звук кој вчудовидува, но и фрустрира со нестабилната придружба и по насоки на диригентот ги надвладува солистите". (Вест, 04-06-2014) Навистина беше уживање да се биде дел од публиката во оваа прекрасна изведба на претставата.

Џована Казола и Руди Парк во „Турандот"

Традиционално, за затворање на фестивалот, како и години наназад, на 31-05-2014 г. се одржа претставата „Аида" на Џузепе Верди. Во улогите настапија*: Аида:* Силвана Фроли (Италија), *Амнерис*: Јелена Влаховиќ, (Србија), *Радамес:* Руди Парк (Јужна Кореја), *Рамфис*: Владимир Саздовски, *Фараон:* Кристијан Фаравели (Италија), *Амонасро*: Ристе Велков, *Главна свештеничка*: Олгица Милевска, *Гласник*: Марјан Николовски

Солисти на Балетот: Марија Кичевска Шокаровска и Бобан Ковачевски, Настапува Балетскиот ансамбл на МОБ. *Диригент* бе-

ше Владимир Куленовиќ (Србија/САД), *Режисер*: Дејан Прошев, *Сценограф:* Зоран Костовски, *Костимограф*: Елена Дончева, *Кореограф*: д-р Снежана Филиповска, *Концерт мајстор*: Верица Ламбевска

За жал, и за „Аида“ се огласи само „Вест“. Некој ќе рече зошто ова потенцирање за одгласите во јавноста? Заради неможноста за споредбена анализа, која им ја ускратуваме на нашите читатели, а и заради тоа што таквите одгласи педантно се архивираат во МОБ, и утре тоа ќе биде дел од историјата, а уметниците со душа ги чекаат критиките за нивните настапи. И уште нешто, сакаме да ја потенцираме важноста за местото и улогата на стручната критика во креирањето на јавното културно мислење.

„Невпечатливо финале“, пишува „Вест“ во насловот на рецензијата за „Аида“. „...На сцената видовме солисти што пленат со силината и бојата на гласот, но не и во константата во интерпретацијата или, пак, пејачи невпечатливи по бојата на гласот, со креирање на солидни ролји, но без особен израз, и за крај ретки носители на улогите кои ги потврдуваат своите капацитети на певици од висок ранг. Сè на сè, финалето на Мајските оперски вечери не остави силен впечаток туку само не потсети на некои дамнешни продукции на „Аида“, во кои сме чуле солисти кои ве оставаат без здив... Силвана Фроли како Аида предочи релативно резигнирана сценска игра и коректна вокална интерпретација, но без експресивен психолошки израз. Мецосопранот Јелена влаховиќ како египетската принцеза Амнерис, пленеше со нејзиниот интензивен глас и богат колорит... Недостигот од сеопфатен израз го пополни одличниот тенор Руди Парк (кого го гледавме во „Турандот“). Кај Парк (кој, очигледно настапи со здравствени проблеми) не постоеше ниту во еден миг проблем во следењето на насоките на маестрото...Македонскиот бас Владимир Саздовски се издвои со издржаната интерпретација како Рамфис... Кристијан Фаравели како Фараон, Ристе Велков со изведба на таткото на Аида, Амонасро со релативно коректна појава, на која ѝ недостига поголема сигурност...Посебен впечаток остави музу-

цирањето на оркестарскиот апарат и динамиката која ја воспостави маестро Владимир Куленовиќ со балансираната звучност меѓу оркестарот и солистите. Слушнавме не само компактен звук на тутите туку и јасни солистички делници кои го потенцираа развојот на делото“. (Вест, 11-06-2014).



Сцена од „Аида“

Ова би било на кратко сублимат за 42 Мајски оперски вечери. Останува единствено дилемата, дали фестивалот кој трае 23 дена има доволен број на претстави? Од една страна бројката од шест настани, асоцира на мал број, но од друга, и не е така. Операта е скапа уметност, бара голем изведувачки и логистички апарат, цените за гостување на врвни светски уметници се доста високи за наши услови, со напор и ангажман на менаџментот и на пријателите на куќата, од кои голем дел се поранешни учесници на фестивалот, се успева да се остварат предвидените содржини и континуитетот на традицијата. Сепак, има простор за размислување, на пример, за една реципрочна размена на солисти и диригенти, па и цели ансамбли, но за тоа оставаме простор за размисла и договор на раковдствата помеѓу соодветните оперски куќи, како и меѓудржавни договори на соодветните министерства за култура на некои држави.

Да заклучиме со најважните констатации: Мајските оперски вечери се важен дел од македонската култура, успеаја да опстојат покрај сите транзициски турболенции кај нас и во соседството, но најважно од се е тоа што публиката ги сака, и уште еднаш ќе потенцираме, дека годинава имаа КВАЛИТАТИВЕН ИСЧЕКОР.

М-р Крсто Скубев
културолог

ФЕСТИВАЛ ВО ЗНАКОТ НА „ВЕЧНАТА КУЌА"

(од 8 до 13 јуни во Прилеп се одржа 49-то издание на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински". Речиси сите награди на фестивалот беа доделени на претставата на МНТ од Скопје „Вечната куќа" од Јордан Плевнеш во режија на Дејан Пројковски)

Може да се рече, дека во пресрет на јубилејното Педесетто издание догодина, Македонскиот театарски фестивал во Прилеп како да ги тестираше своите капацитети и можности за доследно одбележување на петте децении од своето постоење. Овој пат, во официјалната програма беа изведени 11 претстави. Паѓа в очи отсуството на театарите од Куманово и од Охрид (што укажува секако на извесна криза во нивната редовна работа!), а во текот на фестивалот своето учество го откажа и Албанскиот театар од Скопје. Една рекапитулација на она што беше понудено на прилепската театарска публика покажува, дека многу малку од претставите се работени по текстови на домашни драмски автори; потоа големиот број на остварувања од светската драмска класика, а некои од претставите го носат епитетот на сценски спектакли, а некои други пак беа многу поскромни по својот сценски габарит (актери, сценографија....). Дури може да се каже дека дел од нив беа и камерни театарски остварувања.

Фестивалот го отвори Битолскиот народен театар со „Хеда Габлер" од Ибзен во режија на Ѕвезда Ангелковска која беше и единствениот режисер на оваа смотра застапен со две постановки. Втората нејзина режија беше „Крал Лир" од Шекспир која таа ја постави на сцената на Народниот театар „Ј.Х.К. – Џинот" од Велес со Јордан Витанов во насловната ролја. Општ впечаток е дека тие не предизвикаа некои особени поместувања и бранувања, односно не се наметнаа позабележително или поамбициозно со својата концепција и сценска реализација. Останува куриозитетот дека за една од најспектакуларните претстави на годинашново издание на фестивалот во Прилеп, „Вечната куќа" од Јордан Плевнеш, во режија на Дејан Пројковски, публиката специјално од Прилеп патуваше во Скопје затоа што претставата технички не може да се изведе на друга сцена освен на матичната. Театарот Комедија на фестивалот се претстави со „Хамлет во пикантен сос" од Алдо Николај во режија на Александра Кардалевска. Во оваа претстава можат да се издвојат неколку позначајни актерски остварувања како на пример, ролјата на Јелена Жугиќ која го толкуваше ликот на кралицата Гертруда. По подолго време во официјалната програма на фестивалот настапи и Театарот за деца и младинци со претставата „Нашиот клас" во режија на Владимир Милчин, оставајќи и убав и силен впечаток. Оваа документаристички интонирана драма за страдањата на полските евреи, пред и за време на Втората светска војна публиката ја прими со многу симпатии. Иако камерна по својот вид и жанр, како исклучително успешна се наметна претставата „Камен" од современиот германски драмски писател Мариус фон Мајенбург во режија на Билге Емин, а во продукција на Турскиот театар од Скопје. Овој проект донесе пет исклучителни актерски остварувања, меѓу кои, секако спаѓаат и оние на Фунда Ибрахим, Зиба Радончиќ и Билјана Јовановска. Со многу помал учинок и ефект беше реализацијата на не многу амбициозниот проект на Штипскиот театар, „Мрачна комедија" од Питер Шефер во режија на Спасое Миловановиќ. Во стилот на водвиљскиот театар таа беше главно забавна, комична и сатирична; Друга

претстава работена по домашен драмски текст беше онаа на Драмскиот театар од Скопје кој ја изведе „Евангелие на глупоста" по текст и режија на Љубиша Георгиевски. Тоа беше траги-комедија или поточно фарса за слабостите, пороците и глупостите кои царуваат во нашата околина и секојдневие. Оваа претстава како свој главен адут ги имаше неколкуте впечатливи актерски остварувања, како оние на Ирена Ристиќ, Борис Чоревски, Игор Ангелов, Милица Стојанова, Ана Костовска, Валдета Исмаили, Трајанка Илиева итн. Театарот од Тетово на албански јазик ја изведе „Инспекторот од Европската Унија" од Давид Фар во режија на Агим Сопи. Главната ролја во оваа нова верзија на Гогољевиот „Ревизор" ја толкуваше Бајруш Мјаку. Истакнато место на годинашната програма имаше и Прилепскиот театар со својата извонредна претстава „Швејк во Втората светска војна" од Брехт во режија на Мартин Кочовски. Со голем број на учесници ѕтоа беше уште еден сценски спектакл кој го сврте вниманието на гледачите со своите актерски остварувања, но и со останатите сценски сензации карактеристични за т.н. тотален театар. Ново режиско име кое за прв пат се јавува на фестивалот е Дејана Николовска која се претстави со „1984" од Џорџ Орвел во продукција на театарот „Антон Панов" од Струмица.

Инаку, според Одлуката на жирито кое работеше во состав, Васе Манчев, претседател и Братислав Димитров и Мустафа Јашар, членови, речиси сите награди и беа доделени на претставата на МНТ од Скопје „Вечната куќа" односно на нејзините автори и изведувачи. Секако, Одлуката предизвика разни реакции, вклучувајќи и отворено несогласување во јавноста...

Веќе е познато дека јубилејниот Педесетти фестивал акцентот ќе го стави на домашното драмско творештво, а навестена и изработка на монографија за петте децении на ова најзначајна театарска манифестација кај нас.

Тодор Кузманов

АТРАКТИВНИ ИЗВЕДБИ НА СЦЕНАТА НА 54-ТО ОХРИДСКО ЛЕТО

ВРВНИ ТЕАТАРСКИ КРЕАЦИИ СО КОИ СЕ ОПРАВДАА ОЧЕКУВАЊАТА НА ПУБЛИКАТА

Македонската публика и годинава имаше ретка прилика да ужива во прекрасните театарски светови поставени на сцената на Охридско лето. Според изборот на драмската програма на ова последно издание, фестивалот потврди дека е одредиште на врвните театарски креации со кои се оправдаа очекувањата на публиката.

Девет претстави од кои две премиерни изведби беа дочекани со огромно воодушевување кај љубителите на театарската уметност кои оценија дека атрактивните изведби ја надополнија магичноста на фестивалот.

Во Охрид оживеааја духовите на Шекспир, Гоголъ и Нушиќ преку еден специфичен поглед кон театарот. Пројковски направи уште една престава за паметење со Шекспир, со едно ново, различно читање во однос на шекспировиот ракопис, со делото на Љубиша Георгиевски. Гоголъ го добивме во совршена форма преку "Женидба" со театарот од Перм, Русија. Откривме нова сцена во "Заливот на коските" со Маѓели и Црногорскиот театар.....

Годинашното издание на драмскиот дел од програмата селекторот Ѓорги Јолевски го дефинира како "солзи и смеа". Театарска продукција богата со хумор, ведрина, полетност и убавина, секако ставена под раката на класиката и високата уметност. И токму ваквите актуелните теми и проблеми зачинети со хумор покажаа дека се вистински магнет за привлекување на публика. Гледалиштата беа исполнети до последно место.

Почетокот на драмскиот дел го означи силната енергија што ја испратија актерите на битолскиот театар кои ја претставија својата оригиналност и специфичност преку Шекспировата Отело во режија на Диего де Бреа. Претставата ја отслика реалноста дека и најмоќните луѓе имаат чувствително место кое може да се скрши. Текстот е приказна за еден човек кој има целосна контрола врз себе, но влегувајќи во параноидна состојба, се соочува со љубомора и на крајот завршува трагично, што всушност е дел од мајсторството на Шекспир.



„Отело“

Актерскиот тим, Маријан Ѓоргиевски (Јаго), Борче Ѓаковски (Отело), Катарина Ацевска (Дездемона), Иван Јерчиќ (Касио), Никола Пројчевски (Родриго), Валентина Гра-

мосли (Емилија), Петар Горко (Ладовико, Барбанцио) и Илина Чоревска (Бјанка), целосно ја отсликаа темата во ова време во кое живееме, тема која ја третира војната, љубовта, верата, како и желбата за власт.

Уште една храбра и радикална шекспировска претстава, која се поигрува со жанровите донесоа актерите од НУ Театар комедија од Скопје. Една од најпознатите комедии на Вилијам Шекспир „Многу врева за ништо" ја отслика способноста за трансформација на актерите, брзо играње и менување на жанровите.

Интересно е што овој текст е напишан многу одамна, а може да се стави во ова наше модерно време во кое сеуште важат тие закони за кои Шекспир пишувал , за различните видови љубов. Претставата не може да се раскаже, туку само да се доживее, потенцира една од актерките во претставата. Дејството се одвива во Месина и целиот текст се заснова на љубовните згоди и незгоди на двата љубовни пара, Беатриче и Бенедикт, и Клаудио и Херо, и сите оние кои ја поткрепуваат или рушат нивната љубов.

Драмската програма на годинешното издание на „Охридско лето" беше збогатена и со претставата „Његош и Јас", авторскиот проект на Паоло Мађели, во продукција на Црногорскиот народен театар од Подгорица. Станува збор за обид на режисерот Мађели посворно да испише дел од историјата, смешно и невино, истовремено интелектуално и храбро да се побара „изгубеното време".

Претставата е реализација на идеја изродена пред 30-тина години, своевидно патување низ Црна Гора во која се споредуваат некои сегашни и тогашни политички чувства во некој дијалектички однос, во еден свет кој за Мађели е неправедно променет.

Претставата е работена наменски по повод 200-годишината од раѓањето на Његош, овојпат одбележувајќи го јубилејот не преку преработка на некое од неговите дела туку со современа претстава, со силен авторски поглед и добра актерска екипа.

Тоа е претстава која на еден атипичен балкански начин го слави генијалниот поет Његош, проект кој се позиционира во одбрана на неговото име од злоупотребите на кои беше изложен низ времето, особено во 90-те години на минатиот век. Музиката за претставата е на охриѓанецот Љупчо Константинов, благодарение на интензивната негова соработка со Мађели, реализирана низ голем број проекти во периодот од 1984 година до денес.

„Женидба"

Рускиот театар „У-моста"на „Охридско лето" ја донесе претставата „Женидба" од Николај Василевич Гоголъ, во режија на Сергеј Федотов. Топла претстава свртена кон човекот со еден поинаков пристап кон поставката кој дозволува од претставата да се создаде комедија, за која публиката и критиката оценува дека се работи за сосема невообичаен израз, нешто невидено. Претстава исполнета со чуда, неверојатни и неочекувани акции. Кочкарјов е синоним за ѓавол и ја претвора сцената во пекол, страшна и мрачна, опкружена со демонски сили, а потоа Кочкарјов исчезнува во мракот. Сеништа и привиденијата на сцената се застрашувачки,но во исто време и фасцинантни. Актерот Василиј Скиданов вели дека после секоја претстава се чуствува духовно прочистен. И за Ирина Молианова, главниот актер во претставата, улогата што ја толкува ја поситоветува како духовно прочистување.

Во Предворјето на црквата Света Софија бројната публика виде една високоуметничка поставка на овој мистичен театар, за кој критиката се изјаснила дека според приодот кон делата што се играат е единствен театар од тој вид во светот.

Со настапот на „Охридско лето" направија еден совршен завршеток на нивната годишна турнеја во чии рамки настапуваа на фестивали во Калининград, Витебск, две изведби во Литванија и во Иркутск, Русија.

-Кога сплетките ќе остарат, од нив се прават митови. Грчките митови се почеток на трачот во литературата. Денешните телевизиски сапуници се прават според истата драматуршка матрица, само завиткана во современ „целофан“. Ваква порака беше испратена со претставата Аферата Елсинор по текст и режија на Љубиша Георгиевски а во изведба на НУ Македонски народен театар – Скопје, Р. Македонија

Текстот на претставата , еден вид дијалог со Шекспир во вид на пиеса даде една форензичка анализа, за тоа кој како и зошто загинал во дворецот Елсинор. Преку тројната структура во претставата публиката виде три претстави во едно.

Тоа е телеграфска претстава, а самата структура на претставата е рашомонијада направена според изјавите, сведочењата на Клаудиј - кралот на Данска, Гертруда – кралицата на Данска и сведочењата на Офелија. На сцената можеа да се видат лепеза фантастични актери како едно незаборавно театарско искуство за гледачите.

„Ждрело“

Претставата „Ждрело“на Драмски театар од Скопје, која премиерно беше изведена на годинешново издание на фестивалот, донесе една урбана бајка со орвеловски свет надополнета со трагикомична фарса.

Селекторот на драмската програма на Охридско лето Ѓорѓи Јолевски избрал исклучително необична претстава, некаков вид на рефлексија на постмодерната на 80-те која во некакво ново руво блесна на сцената. Сцената на Охридско лето секогаш е широко отворена за за домашните автор и театри кои изведуваат македонски драмски текстови. Жанина Мирчевска која не живее во Македонија овојпат покажа дека е драгоцен автор со многу оригинален и специфичен стил. Се работи за страшно актуелен текст со универзално значење и се однесува на секоја урбана средина на планетата.

Актерот Рубенс Муратовски во претставата нема име, односно се нарекува човекот што изеде се, па дури и своето име. Улогата на убавицата Амелија, ја играше актерката Трајанка Илиева-Таци а актерот Диме Илиев беше во улогата на советникот Едвард.

Албанскиот театар – Скопје дојде со претстава која содржеше брутални елементи и не се препорачуваше за публика помлада од 16 години. "Предавање“ , во која играа, Амернис Јовановска-Нокшиќи, Џевдет Јашари, Луран Ахмети и Адем Карага, беше втората премиера на "Охридско лето“. Актерите се појавија со еден од најголемите живи автори на денешницата Мартин Мек Донах, еден до најизведуваните автори во светот, познат и како режисер и како сценарист.

Текстот е базиран врз вистинит настан. Дејството се случува во еден американски град, поделен на средината со река и во кој живеат луѓе со големи идентитетски и расистички проблеми. Мартин Мек Донах со неговото перо и преку четирите карактери на неговиот текст и донесе на публиката многу трогателни вистини.

Инаку Албанскиот театар од Скопје по традиција настапува на „Охридско лето“, и секоја година се обидува да дојде со нешто ново, со нешто посвежо изнесувајќи ги своите знаења, умеења и професионална работа.

„Предавање“

Сплет на различни ликови кои ја пренесуваат приказната за љубовта со траги-комични ситуации повторно имаше во претставата „Како што милувате“ која се смета за една од најголемите комедии на Вилијам Шекспир, а Розалинд како една од најинспиративните ликови, со најсилни карактерни особини, од кои било женски ликови на Шекспир. Актерите од Одделот за драма и танц – Битом, Полска станаа омилени кај публиката преку својата игра.

Вечното дело од Вилијам Шекспир „Како што милувате“ ѝ овозможи на публиката вниманието целосно да го пренесе и насочи во едно време на сплетки, закани, прогонства и интересни комични дејства, каде што сепак љубовта победува на крајот.

Претставата прв пат била изведена во 1603 год., а оттогаш па сè до денес се следи со голем жар и интерес.

„Роденденот на господин Нушиќ“

Со претставата „Роденденот на господин Нушиќ“ на театарот „Звездара“ од Белград се означи крајот на манифестацијата Охридско лето. Одличен избор за крај на наголемата манифестација која повеќе од половина век успешно опстојува на светската уметничка сцена. Оваа претстава на „Звездара театарот“ од Белград поставена во годината кога се одбележува 150 години од раѓањето на големиот комедиограф Бранислав Нушиќ, донесе возбуда полна со леснотија и хумор, измешани со некоја трагична иронија. Слика на хумор и среќа, од една страна, и ранливиот Нушиќ и неговата тага, од друга страна, по губењето на својот син единец во војната.

Во претставата, главно, играа млади актери. Студентката Тамара Драгичевиќ, остави силен впечаток, маестрално ја одигра својата ролја – Боба (Љубинка Бобовиќ), публиката ја награди со стоечки овации. Одличен беше, исто така, младиот (врсникот на „Звездара“ театарот) Петар Бенчина, келнерот во претставата, за него најсаканата што воопшто ја играл. Актерот Драган Петровиќ, денес професор на Театарско-филмската академија, ја играше улогата на Спасоја, сопственикот на кафеаната, на еден фантастично уверлив начин. Вели дека само неговиот лик-улога, е измислен, меѓу реалните Нушиќеви личности што му дава слобода на изразување и креација. Бранислав Лекиќ пак, еден од доајените на српското глумиште, ја занеме публиката со моќта на трансформацијата и уверливоста. Вели дека е чест, но и одговорност да се игра Нушиќ, особено на фестивал каков што е „Охридско лето“.

Можеби за многумина годинава беше малку амбиентален театар на фестивалската сцена, но за следната селекторот Ѓорѓи Јолевски вети излегување од затворениот простор на кино - салата на Домот на културата "Григор Прличев".

Во секој случај возбудливо и енергично 54 издание на драмската програма на Охридско лето со преполни сали и овации на секоја театарска изведба. Оценките се високи, со најава за уште побогата програма за следното, јубилејно издание на Охридско лето.

Сузана Вренцовска
ПР –Охридско лето

39 - МОТ - 2014

На 39 издание на фестивалот МОТ беа прикажани 17 претстави, од САД, Белгија, Италија, Мексико, Велика Британија, Словенија, Хрватска, Македонија. МОТ, по подолго време ја "преплива барата" и повторно успеа да ги надмине европските рамки.



Статистички, билетарницата на МКЦ бележи 87 % реализирани билети, што е за 9 % повеќе од минатата година. Присутната публика не го криеше своето задоволство кога и покрај тесно набиената програма со неколку театарски претстави во еден ден, наоѓаше време да остане и по играњето на претставите за краток разговор со екипата. Оваа традиција која МОТ во своите последни изданија успеа да ја постави се покажа како исклучително успешна пракса, особено бидејќи успева целиот процес на создавање на една претстава и инспирацијата зад поставувањето да ги доближи до присутната публика која е секогаш гладна за повеќе.

Во рамките на 39 издание на МОТ, беа прикажани претстави во кои се согледуваа модерните и современи поставки на познатите Европски класични драми изведени од современи европски театри и истакнати поединци. Селекцијата на драмските текстови се базираше на бројните продукции каде се поставени современи согледувања на европските класици во модерен контекст, користејќи возбудливи и нови форми на театарска експресија.

Во овој дел, свое претставување на МОТ имаа најзначајните и водечки театарски продукции од Европа и регионот, како:

- Култниот њујоршки театар **"LA MAMA"**, со вокално – инструменталната претстава со наслов **"LA MAMA CANTATA"** - музички приказ на животот и делото на Елен Стјуард ги отелотворува страста, духот и визијата на театарската легенда и основачка на La MaMa. За успехот да се донесе оваа претстава на МОТ, почесниот претседател на фестивалот, Љубиша Никодиновски – Биш ќе рече: *"исправена е четридеценискатa неправда, и големиот сон е исправен токму кога требаше да се затвори тој временски циклус - пред да ја допреме бројката 40";*
- Наградуваната претстава **"ТРИ СЕСТРИ"**, по текст на Антон П. Чехов, во режија на македонскиот режисер Слободан Унковски, во изведба на загрепскиот татар **ГАВЕЛА** од Хрватска, претстава која ги помести границите во театарот и се смета за една од најзначајните театарски претстави за 2013 година;
- Современиот театар **MOTUS** од Римини, Италија, со претставата **"ALEXIS. UNA TRAGEDIA GRECA."** Потресен приказ за убиството од страна на припадник на полицијата на 15 годишниот Александрос-Андреас Григоропулос (Алексис) кој ја потресе Грција. Овој настан, нè натера да ја смениме насоката на нашиот проект и да го насочиме кон темата на современиот револт;



- Монодрамата **"THE BEAUTIFUL"** во режија на македонскиот млад актер и режисер **Петар Милошевски**. The Beautiful е морничава, исклучително визуелна, физичка, постдрамска и постбрехтовска претстава. Интимен приказ, една од поуспешните проекти оваа година на МОТ, претстава која ги помести стандардите;
- Претставата **"КОНТРОЛА"**, авторски независен проект на младата режисерка **Теа Беговска** за која поради голема заинтересираност се организираше уште една изведба;
- **"ЈАС СУМ"** кореодрама во изведба на учениците од средното балетско училиште "Илија Николовски – Луј";
- **"НАШИОТ КЛАС"** во режија на Владимир Милчин а во изведба на **Театарот за деца и младинци од Скопје.** Нашиот клас, кој авторот Тадеуш Слобоѓанек го објавува во 2009-та година, е потресна приказна за комплицираните полско-еврејски односи во 20-от век, за колективниот срам, за вистината што никому не му е потребна и за историјата на која не може да ѝ се суди, не може да се реконструира, ниту, пак, може да се објасни;
- **(О)ТЕЛО**, кореодрама во изведба на Скопје танцов театар а во режија на Рисима Рисимкин;
- **"ДНЕВНИКОТ НА ХУЛИГАНОТ"**, буто танц изведба на **Васил Зафирчев,** авторско дело на Сашо Димоски;
- **"ТАНТ'АМАТИ"**, во изведба на **Tant'amati/ASBL,** театарско чудо од Брисел. Кореографката Ерика Зуенели и нејзината организација Тант амати/АСБЛ, зад себе има десетина продукции што го обработуваат судирот помеѓу уметничките изрази и го истражуваат интимното, тривијалното, како и животното секојдневие;
- **"THE DEALERS"** во изведба на **Teatri Laborator Loja** од Приштина, Косово. Трговците е театарска претстава, според текстот *"Во самотијата на памучните полиња"* од познатиот современ француски автор Бернар-Мари Колтес, поставена од режисерот Беким Луми;
- **"СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ"** во изведба на народниот театар "Војдан Чернодрински" од Прилеп а во режија на Нела Витошевиќ;
- **"АМАРИЛО"** во изведба на **Teatro Línea de Sombra** од Мексико. Претстава која го одбележа овогодишното издание на фестивалот;
- **"GREMO VSI!"** и **"ŠKRIP INC."** од современиот независен театар MASKA од Љубљана, Словенија;



- **"PAVLA NAD PREPADOM"** во режија на Матјаж Пограјц од долгогодишните пријатели на фестивалот, театарот Словенско младинско гледалишче од Љубљана;
- **"ЗА ДОМОТ СЕ РАБОТИ"**, храбрата претстава за секојдневните предизвици на македонскиот народ, во режија на Мартин Кочовски а по текст на Горјан Милошевски од Народниот театар од Битола.

Иновативна придружна програма

Оваа година во рамките на фестивалот се одржаа повеќе работилници, предавања како и презентација на книга:

- La MaMa музичко- вокална работилница за актери, пејачи и изведувачи;
- Презентација на работата на независниот театар La MaMa и она што значи да се работи во " оф оф Бродвеј" продукции;
- Работилница за современ танц: Тело&Ум, предводена од професор Рисима Рисимкин, со завршна презентација;
- Промоција на книгата "Отворен круг" од театарскиот критичар Лилјана Мазова;
- Концерти на американската група LEMOLO (Сиетл, САД) и групата Stray Dogg од Белград, Србија.

...како и незаборавни фестивалски вечери, музика селектирана од познати театарски изведби, дицеи и дружење за заокружување на уште едно успешно фестивалско издание.

Гоце Ристовски

БАЛКАНОТ НИЗ ТЕАТАРСКА ИГРА

1. Меѓународен фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“ - Струмица

ЗЛАТНИОТ МЕДАЉОН ЗА БАЈРУШ МЈАКУ

Жирито во состав: Нико Горшиќ, минатогодишен лауерат (Словенија), Анастас Поп Димитров (Бугарија), Симон Грабовац (Србија) и Јоана Поповска, Тодор Кузманов и Гоце Ристовски (Македонија) одлучи Златниот медаљон со ликот на Ристо Шишков и паричната награда во износ од 1.500 евра да му го додели на актерот Бајруш Мјаку од Македонија, за неговата актерска креација во улогата Д-р Стокман во драмата „Народен непријател“ од Ибзен а во режија на Дио Мустафиќ.

Ете тоа е најатрактивната вест од дваесет и второто издание на Меѓународниот фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“, кој традиционално почна на 8 септември, Денот на независноста на Македонија, и траеше до 22 септември, и на кој во петте фестивалски вечер беа изведени десет претстави.

- Шишков како млад ме научи да бидам свој на сцена и да играм за публиката. Посебно сум горд што после 12 години учество на овој фестивал ја понесов наградата за најдобар актер, „Ристо Шишков“. Како млад актер имав можност да се дружам со Ристо Шишков и тој секогаш ни даваше поддршка. Наградата многу ми значи и никогаш не е доцна да се освои ова престижно признание. Јас сум секогаш подготвен да доаѓам тука во Струмица и на некои од наредните изданија бидејќи оваа прекрасна публика знае да ја цени актерската игра. Драго ми е што меѓународната жири комисија ми ја додели наградата мене. Јас имам освоено многу награди, но „Ристо Шишков“ ја посакува секој актер и многу ми е важна и значајна - рече Мјаку по приемот на наградата.

Претседателот на Советот на фестивалот и актуелен грдоначалник на Струмица Зоран Заев отворајќи го Фестивалот, истакна:

-Остануваме верни на традицијата, токму на денот кога ја славиме самостојноста на државата да ја славиме и самостојноста на актерот. Струмица повторно ги собира во своите прегратки актерите од земјата и странство и заедно со своето ,,добредојде“ им вели: ,,Еве ви ги струмичките штици што живот значат, за да го покажете актерското мајсторство на единствениот фестивал кој Ви е посветен Вам“. Ваквата порака до актерите Струмица ја испраќа по 22-ри пат, а во чест на најмаркантниот актер на овие наши простори Ристо Шишков. Наша должност е да го чуваме споменот за него и да го пренесуваме на младите генерации, а актерите кои ја живеат денешнината во оваа наша земја, имаат извонредна можност тој спомен да им биде лектира како треба да се љуби сцената и како треба да се љуби Македонија во исто време. Оти, таквите љубови живееа во нераскинлива симбиоза во големото срце на големиот актер Ристо Шишков.Во таа симбиоза свои длабоки корени имаше и љубовта кон Струмица, ѕвездениот град од кој Шишков се вивна во ѕвездите. Тој негов град веќе две децении и две години на љубовта возвраќа со љубов преку овој фестивал кој го носи неговото име, кој го чува споменот за неговото актерско дело и кој ја доделува единствената награда за високо актерско остварување која исто така е именувана по него. Иако овој фестивал оддамна е етаблиран во севкупното културно живеење на Струмица и Македонија, иако е составен дел од европската асоцијација НЕТА, сепак има несоодветен третман од оние кои ја водат културната политика во државава. Кога некои фестивали кои постојат само 2-3 години, добиваат значајно парче од колачот а овој наш фестивал добива само трошки, тогаш не е тешко да се заклучи дека неправдите го следеа Ристо Шишков и тогаш кога го имаше а го следат и сега кога го нема. Но овој фестивал постоел, постои и ќе постои,

затоа што Шишков тоа го заслужува, затоа што Струмица и Македонија тоа го заслужуваат.Искрено се надевам дека 22-то издание на овој фестивал ќе го оправда рејтингот на оваа манифестација граден сиве овие години наназад и дека ќе биде по мерка и на актерите и на вљубениците во актерската игра.На денот на независноста на Македонија и на три дена до јубилејот -70 години слободна Струмица, овој град удира уште еден печат на сведоштвото дека е културен епицентар на Источна Македонија.Со уверување, дека така и ќе остане, 22-от Меѓународен фестивал на камерен театар Ристо Шишков го прогласувам за отворен.

По свеченото отворање први пред публиката се претставија актерите од театар од Шабац, Србија со претставата „Ќелавата пејачка" од Јонеску во режија на Никита Миливојевиќ. Оваа престава веќе две децении се игра на матичната сцена и е добитник на повеќе награди во Србија и Европа.. По неа, беше изведена претставата „Корекција" од Зоран Гаши, во режија на Ник Уппер, која е заеднички фестивалски проект на фестивалот „Експонто", од Љубљана (Словенија), на Фестивал на мали форми од Враца (Бугарија) и на фестивалот „Ристо Шишков" и Мал драмски театар од Битола.

На вториот фестивалски ден беше изведена преставата „Вечна игра" од Митко Маџунков, во режија на Бранко Ставрев на Струмичкиот театар, која ги собра симпатиите на публиката и доби ласкави оценки на Тркалезната маса на критиката како и самостојниот проект на Теа Беговска, „Контрола", претстава која се игра во автобус што се движи по определена делница. Следуваа „Буре барут" од Дејан Дуковски на театарот „Војдан Чернодрински" од Прилеп во режија на Наташа Поплавска, монодрамата „Дневникот на лудиот" од Гоголъ со актерот Николај Урумов во режија Лилија Абаџиева од Бугарија, „Камен" од Мариус вон Мајерберг во режија на Билге Емин на Турскиот театар од Скопје, , монодамата „Амок", работена по мотиви од Стефан Цвајг, од Нина Мазур, а во режија Елмазе Нура на Театарската и филмската куќа АКТ и ИТИ центар од Косово, „Народен непријател" од Хенрик Ибзен - заеднички проект на Театарот на еден актер од Скопје и Театарот ОДА од Приштина во режија на Дино Мустафиќ и „Отело" од Шекспир, во режија на Диего де Бреа на Народниот театар од Битола

„Во делот од камерниот театар овој фестивал со уште неколку од регионот е еден од движечките. Како селектор сум задоволен од годинашната програма и посебно од тоа како се развива оваа манифестација бидејќи денес е тешко, со вакви буџети, да направиш и многу помали нешта отколку едно вакво реномирано случување посветено на актерот. Во меѓувреме фестивалот што се одржува во Струмица влезе во асоцијацијата на театарски фестивали НЕТА со седиште во Љубљана, која овде го имаше своето четврто претставување и која заидната година подготвува голем фестивал што ќе се одржи во Букурешт " - истакна Благој Стефановски, селектор на Фестивалот и претседател на НЕТА.

Доделени беа и осум награди од театарската мрежа НЕТА, меѓу кои на македонските преставници на струмичкиот ансамбал за најдбра колективна игра во претставата „Вечната игра" по текст на Митко Маџунков, а во режија на Бранко Ставрев, на прилепскиот театар за оригинална музика и актерска интерпретација во претставата „Буре Барут", на младата режисерка Теа Беговска, на претставата „Камен" на Турскиот театар од Скопје и на Диего де Бреа, режисер на преставата „Отело"на Народниот театар од Битола.

2. Меѓународниот фестивал на НЕТА во Бугарија

НАГРАДЕНИ ТРИ ПРЕТСТАВИ ОД МАКЕДОНИЈА

Од 16 до 22 мај во Враца, Бугарија се одржаа два фестивали- 25-от, најстариот театарскифестивал во оваа соседна земја, Национален фестивал на мали театарски форми и четвртиот Меѓунарден фестивал на камерни театри организиран од Новата европска театарска асоцијација - НЕТА. На три сцени во Драмско кукленият театар во Враца беа изведени 17 претстави во двете конкуренции:

„Задполарна правда " вопродукција на здружението „Реплика", театарот „Јозеф Бојс" од Москва и Центарот за дебата и култура „Црвена куќа", рабаотена според пиесата на Јурий Клавдиев а во режија на Георг Жено; „Народен непријател" од Ибзен, во режија на Дино Мустафиќ на Театарот на еден актер од Скопје и театарот „Ода" од Косово; „Човекот кој..." од Матеј Вишничек во режија на Павлос Даниелос со Криса Јо-

аниду и Јанис Вагионас од Грција; „Момчето од последниот чин“ од Хуан Мајорга во режија на Десислава Шпатова на драмксиот театар „Адриана Будевска“ од Бургас, Бугарија; „Старомоднакомедија“ од Алексеј Арбузов во режија на Василе Тома на театарот „Ноттара“ од Букурешт, Романија; „Терај да врви“ работена по „Кандид или оптимизам“ на Волтер во режија на Теди Москов на Универзитетскиот театар на Новиот бугарски универзитет; „Сојките“ од Александру Кирицеску во режија на Матеј Вароди на театарот „Александру Давила“ од Питеш, Романија; „План Б“ од Марија Чолпа во режија на Слободан Милатовиќ на Херцегновскиот театар од Црна Гора; „Луѓето од Оз“ од Јана Борисова во режија на Галин Стоев на театарот „Валентин Стојчев“ од Софија, Бугарија; „Корекција“ од Зоран Гаши во режија на Ник Апер на Малиот драмски театар од Битола, Драмско кукленият театар од Враца и фестивалот Експонто од Љубљана; „Дневникот на еден луд“ од Гоголь во режија на Лилија Абаџиева на Драмско кукленият театар„Иван Димов“ од Хасково, Бугарија;



„Глас“ од Елена Алексиева во режија на Калин Ангелов на Драмскиот театар „ Н.О. Масалтинов“ од Пловдив, Бугарија; „Прав во очите“ од Д. Шпиро во режија на Владлен Александров на Државниот сатиричен театар „Алеко Костантинов“ од Софија, Бугарија; „Медеја - мојата мајка“ од Иван Допчев и Стефан Иванов во режија на Магарита Младенова и Иван Допчев на театарот „Сфумато“ од Софија, Бугарија (во која настапува и актерот Антонио Димитриевски од Куманово); „Тобелија“ од Љубомир Ѓуровиќ во режија на Ник Апер на Драмско кукленият театар од Враца, Малиот драмски театар од Битола и фестивалот Експонто од Љубљана; „Вампир“ од Антон Страшимиров во режија на Василена Попилиева на театарот „Софија“, Бугарија и „Ведднаш, ако дозволувате“ од Мишел Трамбле во режија на Николај Пољаков на Драмско кукленият театар од Враца.

Претставникот на Србија, театарот од Шабац,со претставата „Ќелавата пејачка“ од Јонеско, поради катастрофалните поплави не учествуваше на фестивалот.

За македонската културана јавност секако е значаен фактот што три претстави од Република Македонија освоија награди. Имено, според меѓународното жири во состав: Елеонора Макрова- Русија, Тодор Кузманов и Гоце Ристовски - Македонија, Симон Грабовац – Србија и Веселина Ѓулева – Бугарија претставата „Народен непријател“, по текст на Ибзен, а во режија на Дино Мустафиќ, копродукциски проект на Театарот на еден актер од Македонија и театарот Ода од Косово, во која забележителни се актерските остварувања на доаените на нашиот театар Бајруш Мјаку и Салаетин Билал, доби награда за оригинален прочит на класично дело; „Тобелија“ од Љубомир Ѓуровиќ, во режија на Ник Апер, копродукција меѓу Малиот драмски театар од Битола, Драмско кукленият театар од Враца и фестивалот Екс Понто од Словенија доби награда за оригинален режисерски концепт и синтетичка актерска игра. Актерската екипа во претставата ја предводи Јоана Поповска, доаен на македонскиот театар; Копродукцискиот проект „Корекција“ од Зоран Гаши, (роден во Скопје) во кој настапуваат македонските актери Здравко Стојмиров, Александар Стефановски, Сандра Грибовска и Борис Чоревски доби награда за ефектен видео дизајн, чиј автор е Павле Михајловски од Македонија.

Вредно е да се одбележи дека во Враца за време на Фестивалот беше претставена драмата „Р“ од Јордан Плевнеш, објавена на бугарски јазик од фондацијата „Балканика“.

3.Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ - Крива Паланка

БАЛКАНОТ НИЗ ТЕАТАРСКА ИГРА

Од 14 до 22 септември, во Крива Паланка, се одржа шестото издание на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, со учество на ансамбли од Босна и Херцеговина, Бугарија, Србија, Хрватска и од Македонија. Фестивалот е востановен 2009 година и е под покровителство на Општина Крива Паланка, а основен мотив за организирање на манифестацијата беше презентација на театарската уметност пред локалната јавност, но и можност за културна презентација на општината и дополнителна атракција за туризмот.

Театарскиот фестивал како културнао ревијална манифестација остварува и хумана мисија и паричните средства собрани од продажбата на билети за театарските претстави, по симболична цена од 50 денари, во договор со Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, ќе бидат наменети таму каде што се најпотребни.

Годинава беа прикажани претставите: „Државен крадец“ од Фадил Хаџиќ во режија на Томислав Крстиќ на Народниот театар од Тузла, Босна и Херцеговина, „Криворазбраната глобализација“ на Светослав Пеев и театарот „Невена Коканова“ од Дупница, Бугарија, „Љубовници“ работена по Камелоти, адаптација и режија Раде Вукотиќ, на театарот „Славија“ од Белград, „Без паника“ на Благој Мицевски и Народниот театар од Битола, „Сè ќе се разјасни“ - проект на Радиша Грујиќ и Народен театар „Лесковац“, „Балкански аристократи“ – од Љубинка Бобиќ во режија на Влчо Јанев на театарот „Велко Канев“ од Тополовград, .Бугарија, „Не чукај блиску до срцето“ од Митко Бојаџиски, во режија на Синиша Ефтимов на театарот „Антон Панов“ од Струмица и „Ќуп“ на Рената Карола Гатица и театарот од Вировитица, Хрватска.

И со ова фестивалско издание беше потврден меѓународниот карактер на фестивалот и веќе зацртаниот профил – да се прикажуваат камерни претстави, главно комедии, приемчиви за широката публика. Притоа, учесници се театри од балканските земји, од градови со кои домаќиниот Крива Паланка остварува соработка или од градови со кои соработката почнува токму преку театарот.



Можеби токму поради тоа годинашното отворање го одбележи промоцијата на монографијата со симболичен наслов „Балканот низ театарската игра“ од писателот и театарски критичар Гоце Ристовски. Монографијата претставува обид за да се заокружат активностите на меѓународниот театарски фестивал и има за цел да биде документ, едно сведоштво за она што било направено и за начинот на кој тоа се одвивало. Хронолошки се дадени сите учесници, со фотографии, со текст, со по еден кус коментар за нивните претстави, но исто така се претставени и првите петемина лауреати (Милица Стојанова, Зафир Хаџиманов, Шенка Колозова, Петар Темелковски и

Страшо Милошевски.) кои што досега ја освоиле единственото признание на Фестивалот - „ Награда за особен придонес во македонскиот театар, уметност и култура“. Во монографијата се поместени и два хронолошко-репортерски текста чија цел е да ги прикажат и да ги афирмираат убавините и можностите за туризам и рекреација на Крива Паланка и посебно на манастирот „Свети Јоаким Осоговски“.

Шести носител на ова веќе престижно признание е Мето Јвановски, кому на отворањето на фестивалот му беше доделена наградата. Во таа пригода беше прикажан краток филм посветен на животот и делото на Јовановски.

- Благодарен сум и горд што сум лауреат на еден фестивал кој е успешна приказна, мост, спона за народите во заедништво, како зрак светлина во мракот наталожен на овие простори од стереотипите на минатото – изјави Јовановски примајќи ја наградата.

- Според Достоевски убавината ќе го спаси светот, а јас велам, убавината во нашите души е дар Божји кој треба да се негува за да ги затоплува нашите закоравени срца. Преку театарот и традицијата на неговото постоење ова се постигнува сосема лесно.

Овој град со вековна традиција нека и понатаму зрачи со силата на убавото во чест на илјадалетното постоење на Свети Јоаким Осоговски и нека биде ориентир за сите посетители. Благодарам од срце за наградата, а овој фестивал е добра традиција и патоказ дека историјата и традицијата реба да се негуваат- додаде Мето Јовановски.

Беседа за Мето Јовановски

Значаен чин од културната историја на Крива Паланка

М-р Гоце Ристовски

Дами и господа, уважени екселенции, почитуван градоначалник на Општина Крива Паланка, Арсенчо Алексовски.

Нека ми биде дозволено моето обраќање да го почнам малку неконвенционално. Вчера по телефон ми се јави Нико Горшиќ, еден од најафирмираните словенечки актери во минатиот и овој век, кој заедно со актерот Анастас Поп Димитров, веќе неколку децении едно од најугледните театарски имиња во бугарскиот театар, беа на пат за Љубљана. Гоце ми вели Нико, сега сфатив зошто ќе одиш во твојата Крива Паланка. Заради Мето. Да, му одговорив, секогаш кога сум во близина на овој голем актер и арномакедонец се чувствувам почестено, споделувајќи ја неговата голема и искрена љубов кон тетарот и татковината. Заради Мето, пред чија уметничка естетика восхитен стојам простум и од чија животна етика постојано се обидувам да учам, му потврдив. Но, и заради фактот што ќе бидам сведок на еден значаен чин од културната историја на мојата Крива Паланка – врачувањето на наградата „Свети Јоаким Осоговски“ на овој знаменит уметник.



Сосема искрено, ми падна особена чест но и тешка задача вечерва да беседам за нашиот лауреат, истакнатиот актер и режисер Мето Јовановски, годинашен добитник на наградата „Свети Јоаким Осоговски“. За Мето е многу говорено и пишувано, а и во иднина ќе биде така, во тоа сум длабоко уверен, бидејќи станува збор за грамаден актер, столбник на македонскиот современ театар и филм. Не е едноставно да се говори за еден од најталентираните и најсестрани творци, кој остави, и сè уште остава, длабоки траги не само во Република Македонија туку и на просторот на некогашна Југославија и пошироко на Балканот и Југоисточна Европа. Ова не се само куртоазни зборови. Тоа го потврдуваат фактите: во изминатите четири децении одиграл повеќе од 50 театарски и над 50 филмски и телевизиски улоги. Без исклучок сите негови креации се високо вреднувани од критиката од повеќе држави на Балканот. Ако само се обидам да ги набројам, отиде времето предвидено за мојата беседа. Но, секако, малку подоцна, како што е редот, ќе ве потсетам на некои од нив. Мето Јовановски е носител на повеќе од 30 професионални награди од меѓународни и домашни театар-

ски и филмски фестивали и манифестации и на повеќе општествени признанија меѓу кои: пет пати бил прогласен за Актер на годината според списанието „Екран“, седум пати наградуван на националните театарските игри „Војдан Чернодрински“, четири пати лауреат на наградата „Милтон Манаки“, добитник на два „Златни венеци“ од Фестивалот на малите и експериментални сцени во Сараево, за улогите во „Еригон“ и „Карамазови“, „Златна маска“ од весникот „Вечер“, две Гран при за остварувања во филмовите „Среќна нова“ и „Тетовирање“, и награда за најдобра машка епизодна улога на фестивалот во Ниш, Златна значка на фестивалот во Врњечка бања, Златна клапа за придонес во филмската уметност, добиена во Белград, награда за најдобра машка улога на фестивалот на експериментален филм во Риека, награда за најдобра машка улога на меѓународниот театарски фестивал „Маруличеви денови“ во Сплит, единственото актерско признание на фестивалот „Ристо Шишков“ во Струмица, наградата „Петре Прличко“ на градот Велес, награда за најдобра машка улога на меѓународниот фестивал „Јоаким интерфест“ во Крагуевац, Србија, награда за најдобра партнерска игра на меѓународниот театарски фестивал во Враца, Бугарија, плакета од Југословенската кинотека, награда за најдобра партнерска игра на меѓународниот театарски фестивал во Никшиќ, Црна Гора, наградата Актер на годината на Југоисточна Европа во Париз и други. Добитник е и на општествените признанија: „13 Ноември“ на град Скопје и републичкото признание „11 Октомври“, почесен член е на Црногорското народно позориште.

Ќе признаете, навистина импозантно.

И, сега, што да се каже за актер со ваков уметнички габарит и огромен творечки багаж зад себе? Можно ли е да се изрече нешто особено ново, досега неизречено, за актер чии вдахновени и восхитувачки креации се познати наширко меѓу народот, не само фален и наградуван туку и афирмиран и особено популарен од Триглав до Гевгелија, за актер со маркантно присуство во театар, на филм и телевизија кого го има и во реклами и спотови, во крстозбори и наградни квизови? Колку може да ми помогне фактот што со Мето се познаваме одамна. Дури и сме и пријатели. Сме биле заедно на повеќе фестивали во земјата и надвор од неа, долго сме разговарале, сме се радувале на успешните театарски проекти.

Велам можно ли е, значи, до крај да се дифинира величието на актерот Мето Јовановски. Секако не е можно, не само во една ваква пригода, во чест, слава и хвала на големиот актер, туку и воопшто бидејќи колку и да се обидуваме мајсторството на големите уметници никогаш да крај нема да го растајниме. Оти големото мајсторство не е до крај одгатливо и од самите мајстори. Тоа ги надминува зборовите и нашите реални согледувања на светот и животот. Големото уметничко мајсторство е отаде хоризонтот на нашите овоземни погледи и сфаќања, поблиску е до небото отколку до земните и приземните обитателства на луѓето. А, несомнено, такво е актерското мајсторство на Мето Јовановски кој ги чувствува дамарите на своето време и сензибилитетот на гледачите едновремено задуман и за она што било вчера и за она што ќе биде утре.



Кога го гледав Мето Јовановски како Хамлет, првиот скопски Хамлет, а за мене и многумина од мојата генерација и прв македонски Хамлет, што имавме можност да го видиме во претставата на Слободан Унковски, што некои ја означија како контроверзна, ете, да се послужам со зборовите на Петре М. Андреевски, чинам дека учеству-

вавме во создавањето на првата македонска држава. Дека на заледените врвови на Хималаите го забивавме македонското знаме, додека Мето Јовановски, во миговите на самотијата на Хамлет, сам на искосената сцена во Драмскиот театар во Скопје, молкум лебдеше закован како Исус на крстот, пред вечното прашање: Да се биде или не, прашање е сега? И не накади со темјан што ни ги отвараше ноздрите, како денот што се отвара во рана пролет на височините над манастирот „Свети Јоаким Осоговски", чии блажени мириси ги чувствувам и сега додека гледам во неговите љубопитни очи. И не помаза со миро блажено, како патријарх македонски и панчаревски, а не виндзорски или дански и не покрсти во вербата театарска и македонска, па така заумни сѐ уште талкаме по театрите низ Македонија и светот и го бараме одговорот на прашањето: Да се биде или не, прашање што Иво Брешан во „Хамлет од Долна Мрдуша", „Хамлет од Долно Гаштани", во помакедонченната верзија, го трансформира во „Или јас тебе или ти мене", демек по балкански, претстава што Мето Јовановски, нагласувајќи ги гротескните елементи во карактеризацијата на ликовите, ја режираше во Драмскиот театар, во кој го мина работниот век до пензионирањето. И оваа негова режија го потврди како врвен режисер по режиите на „Вејка на ветрот", „Филоктет", неговиот текст „Клуб на стари лордови", „Брачен плеј оф", „Добра ноќ мајко" и култната монодрама „Исповед на лудиот" со блескавиот Димитар Зози.

Почитувани,

Дозволете ми во оваа пригода да ве потсетам на уште неколу театарски улоги со кои актерот Мето Јовановски обележа една епоха од развојот на македонскиот театар и пошироко. За прв поголем и познчаен актерски дострел на Мето се смета насловната улога во една од најзначајните претстави на Драмскиот театар „Јане Задрогаз" од Горан Стефановски која му го отвори патот на широка афирмација. Меѓу вонсериските актерски реализации на Мето секако е и улогата на Симеон во преставата „Диво месо" од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски, една од најдобрите претстави не само на Драмскиот театар, не само во историјата на македонскиот современ театар туку и на еден поширок простор, лик што актерот Јовановски го градеше со фасцинантна широчина на своите изразни можности и за која доби ласкави оценки од тетарска критика, од најугледните театарски критичари на некогашна Југославија. Секако и ликот на Еригон во истоимената претстава од Јордан Плевнеш во режија на Љубиша Георгиевски, потоа улогите во претставите „Карамазови" и „Тетовирани души" во режија на Паоло Маџели и други.

Најпослешно Мето Јовановски во театар го гледав пред неколку години во претставата „Еден Пикасо", во продукција на Saraevskiot voen teatar SARTR.

- Кога го гледав Мето, да ја цитирам германската критичарка Нина Мазур, јас го видов Пикасо иако Мето воопшто физички не прилега на големиот сликар. На филм, пак, најпослешно што гледав со Мето Јовановски беше краткиот филм „Вишновата градина" на режисерот Гоце Димовски, во кој Мето уште еднаш ја потврди својата маестралност на филмското платно.

Мето Јовановски е актер не само со висока формална наобразба туку и со респективна самонаобразба. Тој учи и од животот, од мудроста на својот народ знаејќи дека убавината трае кратко, а се чека долго и дека за високи дострели нужна е долготрајна и макотрпна работа. Мето Јовановски со своето актерско мајсторство во градењето на ликовите се движи не само по хоризонтала туку и по вертикала. Можеби најблиска определба на суштината на театарот му е формулацијата на Гротовски, за кого се смета дека продре најдлабоко во растајнувањето на оваа синкретичка уметност, а имено дека сцената е свето место, а актерот светец на сцената.

Големината, почитувани присутни, е во едноставноста. А едноставноста е во благословувањето.

Драги Мето нека Господ ти дарува добро здравје и долг живот и уште многу творечки успеси. Нека ореолот на Свети Јоаким Осоговски, патронот на Крива Паланка, значаен светец во севкупното православие, чие име го носи и наградата со која вечерва те овенчуваме, те следи понатаму во животот и нека ти биде потпора по врвулиците на твојата уметничка супериорност.

Господ нека те благослови.

И вас, почитувани, Бог да ве благослови за трпението што го покажавте и вниманието што ми го укажавте.

Амин!

Ви благодарам!

4. ИНФАНТ – Интернационален фестивал на алтернативен театар – Нови сад, Србија

„КОРЕКЦИЈА“ ВО ЧЕСТ НА НАГРАДЕНИТЕ

Од 25. Јуни до втори јули во Нови сад се одржа Интернационален фестивал на алтернативен театар – ИНФАНТ на кој учествуваа: **Компанија „Последен момент“ со претставата „Стандарди“ од Франција, Новосадското позориште-Újvidéki Színház со „Опера ултима“ од Србија,: Компанијата за нова драма од Ирска со „Нечуен“; Пароброд театарот со „Во самотијата на помучните полиња„ од Србија; Пекинпах / Кинк Конг со „Еден“, Словенија, Маша Колар со „The memory of water“ од Хрватска; Танц Европа експрес од Германија; Театарот Мимарт со „Да пливаш низводно“ од Србија; Драмското студио на слепи и слабовидни „Нов живот“ со „Ќелава пеачка“ од Хрватска; Компанија „Танц па танц“ со „Хогерман“ од Шпанија; Компанија Акаша Одедре со „Успон“ од (Велика Британија; Компанијата на танчери на Марија Конг со „Отворени Код од Израел и Позориште „Деже Костолањи“ со „Руже“ од Србија.**

На завршната вечер, на свеченият чин на прогласување на победникот, во чест на наградените, беше изведена преставата „Корекција“ од Зоран Гаши во режија на Ник Апер на Малиот драмски театар од Битола, Драмско куклениот театар од Враца и фестивалот Експонто од Љубљана.



13 МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СЛАВИЈА" – 2014 БЕЛГРАД, 09-16 МАРТ 2014

Еве по четврти пат на овој фестивал. Првиот пат бев на почетокот на започнувањето на Фестивалот. Тогаш со мојот роднина и пријатал Иван Ивановски присуствувавме со реферати на симпозиумот што го организираа луѓето од театарот Славија. На три пати бев како член на жирито на фестивалот. Тој во својот квалитетен растеж прерасна во мошне почитувана театарска манифестација не само во Белград, Србија туку и на меѓународен план. Во овие години во свои респектативни претстави се презентирани во поголем број држави од сите континенти, од кои за прв пат присуствуваа со својата театарска продукција. Годинешниот фестивал во својот репертоар опфаќа пет земји ов странство, а започна со претставата „Деведесет и седуп ипол чекори на патот" на мотиви од јапонскиот мит а во изведба на Новгоротскиот театар за деца и младинци „Мали" режисер на претставата е Надежда Алехијева. За претставата критичарот пишува дрка на плеќите на заспаниот змеј е стилски потврдена и техничка продукција која носи филозофско значење. Тоа се поткрепува со светли бои на сценографијата, рамнотежено помеѓу комични приказни и филозофски портали. Исто така таа е изузетен изведувачи потватат од технички аспект, добро технички осмисленаи со акробатика. Претставата се воздига кога актерката Злобина Лубов чија улога е во епицентарот на дејството. Она е господарица на дејствието, а нејзините зборови ја илустрираат духовите на сцената, слугите на просцениумот. Може да се рече дека ова е пиеса за театарот – и не е битно дали се во прашање модели на источниот или западниот театар. Тој е одраз не само на мистеријата на театарот туку и на неговите техники што ги прави двете недвојбени снаги на театарот („Журнал Около").

На втората вечер беше претставена претстава од сверата на театарот во покрет и средба со духот на современоста; физичкиот театар ја прикажа претставата



Сцена од претставата „Жената која не сакаше да се спушти на земја"

под текст на Габриела Најханс „жената која не сакаше да се спушти на земја". Тоа беше физички и визуелен текст кој ги комбинира акробатските покрети, танцот со секојдневните предмети. Оваа мини серија занимава со животот на една жена која одбива да стапне на земјата. Со јачина на надворешни закони и барања, она не го почитува ни правилото на сила на гравитацијата и доага до апсурдни и екстремни состојби.Секоја епизода ја прикажува на духовит и надреално сликовит начин на жена која го следи својот пат со непоколеблива одлучност.



Сцена од претставата „Жената која не сакаше да се спушти на земја"

Сцена од претставата „Позади затворени врати“

Театарот од Египет (Каиро) „Театро индипендент“ ја прикажа претставата „Зад затворена врата“ н Жан Пол Сартар во режија и сценографија на Омар Ел Моутас Бел`Лах. Имавме прилика да се запознаеме колку пиесата на Сартар прикажана за прв пат во 1944 година која не е ништо друго туку драматизација на проектот на „пеколот тоа се други“ ама со антитеза, пеколот е во мене кое имасозвучје со другата деценија на дваесет и први век. Во драмата се прикажува еден ден од пеколот, ама еден ден со недефиниран број на часови ама со сосем достатачно време да се запознаеме како ќе изгледаат останатите денови. Тој ден ни го прикажува пеколот како место псолутно без излез за посетителите дури и кога вратите широко ќе се отворат во еден миг. Претставата прикажува многу сложени ситуации преку три личности со различен општествено и морално потекло во кој секој од нив се обидува напразно да направи план што би му гарантирал среќа со еден од другите двајца, се појавува некој трет за се да упропасти. Така тој маѓепсан круг се повторува секогаш одново раздвојувајќи ги се повеќе. Конечно како што може да се делува иако е едноставно да ги сместиш тројцата туѓинци во една просторија, на почетокот се гледа дека тоа е пострашно од маките во пеколот како што вели еден од ликовите. Секој од нас е мачител на другите двајца. Ало кој се тие личности? И што ги донело заедно во пеколот?



Сцена од претставата „Позади затворени врати“

Сцена од претставата „Медеа“

Во слична положба се најдовме гледајќи ја „Медеа“ на Жан Ануи во изведба на музичкиот театарски центар Аигул Иманбајева е создаден во 2011 година како приватен независен театар. Првата претстава на Медеја е прикажана на 14 февруари 2014 година. Претставата ја постави познатиот казахтански режисер лауреат на меѓународниот театарски фестивал Куандик Касимов. Претстават му припаѓа на жанрот трагедија а ја прикажува судбината на Медеја, жена која има право да сака и да биде сакана. Режисерот ја развива претсавата на музика од познатиот грчки композитор Вангелис. Медеја знае што се случува зад црвените завеси ама не може ништо да стори. Нејзината љубов е таму. Продадена љубов. Сценографијата е решена како крвава патека на Медеа со крвава црвена завеса расфрлена на целата сцена а се гледаат и остатоците на скриени тркала од кочијата на Медеја. Крвавата црвена завеса со златни нитки во грчки стил го дели светот на Медеја од тој на Јазон. Злокобната завеса ја апсорбира љубовта и страста, омразата и одмаздата на Медеја се темел на оваа трагедија којаго бара излезот од лавиринтот на љубовта, страста, понижувањето, љубомората! Го бара патот за смирување на својата остарена душа, која ја издал љубениот човек, кој во еден миг ја оставил заради помлада жена по чедна од него. Излегувајќи од тој пекол она се одмаздува со кинење на главите на своите деца, затоа крвавата црвена завеса која го симболизира патот на Медеја повремено е валовита и ја пренесува на гледачите душевната состојба во која во тој миг се наоѓа главната хероина Медеја – Иман Бојева. Претставата на гостувањето на „Меѓународниот фестивал на Античката драма“ во Стоби, Република Македонија ја доби Гран при наградата за најдобра претстава.

Претставата „Девојката без мираз“ на Островски како и во некој други нови претстави ги подвргнува на осуда лажниот морал, лицемерството и желбата за разубавување на својата положба, што било карактеристично за различни слоеви на руското општество на 19 век. Претставата ја прикажа „Каменско-уралскиот драмски театар“ во режија на Артемиј Николаев. Руската критика пишува пишува дека режисерот ги ослободил неговите јунаци од чисто историски контекст. „Секој лик во себе ја носи својата болка, својата мака, која иако потиснувана, мора порано или покасно да се појави...“

Сцена од претставата „Без мираз“

...„Без мираз“ е уште еден пример на живата традиција. Никој не стои наглава... а а хероите се исти како денешните со денешни страсти. Лариса не е плавоока хероина, девојка со минато. Инга игра лик чија душа се мачи. Оваа претстава ја освоила наградата „за најдобра претстава на драмскиот театар“, „за најдобра актерка на драмскиот театар“ на фестивалот „Браво“ во Јекатенбург. Домаќинот на фестивалот, театарот „Славија“ во во фестивалот учествува со прикажувањето на претставата за јунаците на Достоевски, Карамазови опседнати со еротски преокупации.



Сцена од претставата „Без мираз“

Да го препознаеш злото во човекот! Да го препознаеш во почетокот, во самиот себе – заметок, пред појавата на листовите и цветовите, а можеби уште порано да предосетиш, да ја приметиш самата криза на неговото цутење, ете ги предупредувањата што ги емитува Фјодор Михаиловиќ доставени во „Карамазови“. Страста која поминува и трае со се пожар, дури со здивена стихија го плени и неговиот имењак Фјодор Карамазов како и на прв поглед, онаа чудна, а за поразителна. Истиот пламен кој го зафаќа Димитрија, Ивана и Аљоша. Неговите топлини подеднакво ги заштитуваат Грушенка и Катерина.

Ако љубовта најсродна со музиката, тогаш оваа „Руска љубов“ со сите понорни тами и летот во светлосни висини, и во драмскиот текст и во претставата „Собластен ерос“, на Владимир Лазиќ, е само една од можните интерпретации *несведени и необуздани* на Карамов, Трушенка и Катерина и кога не се во меѓусебните прегратки. А кога желбата ќе се изјалови, како компензација, се раѓа злото, моќта која уништува а смртта и наговестено и остварено, како *потењето* стануваат неповторлива креација на секоја ускратена љубов!... „Милисав Миленковиќ“ режисер на претставата е Владимир Лазиќ, драматизацијата е на Милисав Миленковиќ.

На крајот на фестивалот уште еден класик, Николај Васиљевиќ Гоголь и неговата позната комедија „Женидба“ што ја прикажа Театарот „Кај мостот“ во режија на Сергеј Федатов, а негово е и сценографијата, автор на музиката е Александар Меншников.

Сцена од претставата „Карамазови“

Сцена од претставата „Женидба“



Бранислав Нушиќ

„Наместо обично „Жизнено“ комедија на сцената се појавува фатаморгана во сите необични постапки. Кочкорјов – ѓавол, кој на сцената изведува „ѓаволски работи“ привидувањето на сцената предизвикуваат страв и замаглен ум час со шкрипење ја отвараат вратата на шкафот, од каде внезатно искокнува Степан, потоа на прозорецот се појавува мртовечки бледо лице, можеби и самиот ѓавол... Гоголовиот мистицинизам се спојува со научната. На Гоголевата тема на осаменоста и незнатноста на човекот пред светот, животот, искушенијата кој тој ги донесува.“ Др Решко В. Јовановиќ.

Претставата е прикажана на многу фестивали како во Русија така и во светот.

Во чест на победникот, односно претставата која жирито ја награди како најдобра на фестивалот „Славија 1914“ како и за обележување на стопедесетгодишнината од раѓањето на Бранислав Нушиќ, театарот „Славија“ ја прикажа претставата „Како времето бргу проаѓањето“ – сценски колаж на едночинки на овој голем српски писател. Адаптација и драматизација др. Рашко Јовановиќ; режисер Марко Мисираќ/

„Како времето проаѓа“, сценски колаж на Нушиќ едночинки содржи четири негови дела. Приредувачот ги свртил во низа по овој ред: „Под облаците“ драма во еден чин; „Глушец“ игра во еден чин; „Кај ад-вокатот“ една сцена и „Под мостот“ – цртичка во еден чин со што остварил единствено драмска целина, кој би можело да се наслови како сцени од брачниот живот. Проблемите што се обработуваа во првиот дел на колажот „Под облаците“ донекаде е сличен со темата во Нушиќевата драма. Така морало да биде.

Ако во таа драма е сопруг Ѓорѓи, притиснат од мањакот што го направил во службената каса за да обезбеди нешто по луксузен живот на својата сопруга и на нивните, во очекување на инспекција е во безизлезна положба, бидејќи неможе да ја надокнади оштетата, така и овде Иван, ги пронашол парите ноќта во очи на денот кога треба да отпатува и да ги предаде на некој во внатрешноста и мора да побара решение на таквата незавидна положба. И како што и Ѓорѓи, во драмата, така морало да се согласи неговата жена да побара пари од својот некогашен љубовник, овде имаме обратна ситуација. Иван, во согласност со својата жена Олга треба да побара пари од жена со која пред бракот бил во љубовна врска. Ама, при тоа пред овој брачен пар ќе искрснат и други проблеми, покрај другите и двострано неверност, која Олга ќе ја доведе до кај адвокатот поради покренување на бракоразводна парница, за да после расправиите поради брачните излети во минатото, на крајот во едночинката „Под старост“ Иван и Олга ќе се

помират кога синот ги извести дека добиле внук.

Овој сценски колаж го покажува големото Нушиќево мајсторство во создавање на мали драмски форми како и неговата моќ за опсервација во третирање појави од животот на обичните луѓе. На тој начин тој се датира со Коста Трифуновиќ како со својот непосреден претходник во нашата драма со сиво дело се одушевувале уште во рената младост, кога живеет во Смедерево. За тоа самиот Нушиќ напишал...„На една од таквите вечери што сум ги имал ослонет на бината на театарот кај „Зеленият венец", дојдов до она сознание кое како откритие го спомнав. Се дигна завесата и ја на сцената запознав луѓе без мечеви и оклопи онакви исти жени кој доаѓале кај мојата мајка на седенка. Таа вечер го гледав за прв пат Коста Трифуновиќ. Таа вечер ми се укажало откритието: дека е животот, е обичен живот, театар! И навистина, целото свое раскошно дело Нушиќ го остварил сметајќи дека живеат в театар др Рашко Јовановиќ.

Фестивалот „Славија" свечено беше отворен на 9 март, во 20 часот. Традиционално, фестивалот го отвори познатиот српски актер овој пат Танасије Узуновиќ.

Жирито на 13-тиот меѓународен фестивал „Славија2014" во состав: Проф. др Рашко Јовановиќ, театролог, Србија, претседател Ник Улару, драмски писател, С.А.Д Ристо Стефановски, театролог, Македонија.

На седницата одржана на 15.09.2014 едногласно одлучи како најдобра претстава на фестивалот ја одбере претставата „Женидба" Н. Гоголь, во изведба на Театарот „Умоста" од Перт (Руска федерација) во режија на Сергеј Федатов. Руските уметници ја изведоа претставата на Гоголевата комедија интегрално без скратување на текстот. Тоа им овозможи истовремено бројните реплики да ги пропрати со духовити сценски дејствија во оквирот на динамично реализирани мозаици, што резултираше со комплетна сценска презентација на Гоголовиот хумор. Претстават е пример на современиот режисерски пристап, со почитување на основната идеа на делото. Посебен успех бил остварената комуникација со гледалиштето кое со одобрување ја прифати целата претстава.

Наградата за најдобра претстава во целина е единствената награда статуата на Дон Кихот, што ја изработи скулпторот Кољa Милуновиќ.

Приготвил
Ристе Стефановски

ЧЕТВРТО ИЗДАНИЕ НА НОВАТА ЕВРОПСКА ТЕАТАРСКА АКЦИЈА (НЕТА) ВО ВРАЦА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

(од 16 до 22 мај годинава (2014) во Враца - Република Бугарија се спроведоа два театарски фестивала. Станува збор за Националниот фестивал на малите, театарски форми и за Фестивалот на Новата европска театарска акција познат под кратенката НЕТА)

И во обете програми имаше интересни и провокативни театарски остварувања кои се потврда за она што се случува во регионот на планот на театарската уметност. Нашата културна јавност секако ја интригира нашето учество на НЕТА програмата, а овој пат на истата, Малиот драмски театар од Битола се претстави со две свои продукции, а свој, малку е да се каже забележителен настап имаше и Театарот на еден актер на Бајруш Мјаку од Скопје кој во копродукција со Ода театарот од Приштина ја изведе претставата „Народен непријател" од Ибзен во режија на Дино Мустафиќ. Сите овие претстави со внимание и љубопиство беа проследени од театарската публика во Враца, како и бројните гости на фестивалот, селектори, режисери и неаџери од регионот. Првата претстава на Малиот драмски театар од Битола, „Корекција" од Зоран Гаши во режија на Нико Горшич која е реплика на нашето неодамнешно општествено-политичко уредување и систем, не без доза на носталгија, го прикажува некогашниот сјај на бившата југословенска федерација и тоа токму низ очите на западната туристичка и секоја друга пропаганда. Всушност претставата својот интерес го фокусира окулу секогаш актуелниот однос на власта и уметноста. Еден уметник, во случајов заради односите такви какви што се, ќе дојде во судир како со системот, така и уште повеќе со ликовите од романот кои сам ги создава со свфојата имагинација. Тоа е замка од која не може да побегне и која ќе го втурне во нерамноправна битка. Токму овој фон на социјалните и психолошки односи, како и интимнта драма на херојот се извонредно сценски транспонирани преку видео дизајнот на претставата чиј автор е Павле Михајловски. Дизајнот и видео изразот беа толку моќни што не останаа без коментар како од публиката така и во официјалното вреднување на меѓународното жири на НЕТА програмата. Инаку, треба да го одбележиме и фактот дека и со концептот и со самата изведба претставата наиде на убав прием особено кај помладата публика која реагираше промптно на секоја нсцена и на секоја реплика од инаку не многу обемниот драмски текст на Зоран Гаши кој овде повеќе се доживуваше како синопсис за создавање сценски чин со чисти пораки и асоцијации. Да споменеме дека во „Корекција" настапуваат актерите Здравко Стојмиров, Александар Стефановски, Сандра Грибовска и Борис Чоревски.

Што се однесува до претставата „Народен непријател" од хенрих Ибзен што во режија на Дино Мустафиќ во копродукција ја изведоа Театарот на еден актер од Скопје и Ода театарот од приштина, веднаш треба да се истакине дека таа си избори признание од жирито како претстава со најоригинален прочит на класиката со многу сценски иновации и со извонредната актерска игра. Дино Мустафиќ, кој веќе и е познат на нашата театарска публика, овој пат понудува навистина режиски ракопис и естетика какви што само можат да се посакаат. Од кла-

сичното драмско дело тој создава сценска структура која во секој миг атакува на сите сетила на гледачите, создавајќи сценска магија. За оваа цел тој употребува повеќе медиуми за да понуди една рамка на тотален театар, кој што како што се покажа, извонредно комуницираше со публиката. Ова особено се должи на неговата определба конфликтот во делото помеѓу главниот лик Д-р Штокман и преставниците на локалната бирократија, меѓу кои и негови блиски роднини, ќе биде претставен во боксерски ринг, со недвојбена ипорака дека тоа е борба на живот и смрт. Така, дејството во пиесата поприма сосем нови и современи конотации, односно како да се случува во наши дни и во услови на бескруполозно владеење на капиталот и профитот со нашите судбини...Друга важна назнака во претставата беше користењето на ТВ медиумот и тоа во форма на неговите доминатни жанрови, реклами, спотови, реални шоу програми и сл. Оваа моќна и уривачка сценска сила соодветно подразбираше и изворедна кореографија, потоа музиката која во живо ја изведуваше нашиот истакнат автор Оливер Јосифовски и најпосле тука се вонстандардните актерски остварувања на Бајруш Мјаку во главната ролја, потоа Салаетин Билал, како и актерите од Ода театарот од Приштина, Илире Винца, Бислим Мукаи, Арта Селими и др. Слободно може да се каже дека ова беше една од најдобрите театарски претстави на годинашниов фестивал.

На сличен прием наиде и втората продукција на Малиот драмски театар од Битола работена заедено со театарот од Враца, „Тобелија“ од современиот црногорски драмски писател Љубомир Ѓурковиќ, повторно во режија на гостинот од Словенија Нико Горшич. „Тобелија“ е претстава која зборува за еден прастар црногорски обичај според кој кога куќата ќе остане без машка глава тогаш на чело застанува некоја од жените која врз себе ја презема сета одговорност за функционирањето на семејството во економска, социјална, па и во сферата на интимните односи. Но, оваа тема во современи услови доживува разни трансформации, така што во претставата на Горшич и на актерките Јоана Поповска, Росица Огњанова и Камелија Лишковска во заденатата тема се асоцира и на зародиш, на формите и елемнтите на феноменот на лезбејството. Како и да е,темата се покажа како доста провокативна за фестивалската публика која не се шптедеше да ги награди споменатите актерки предводени од нашата Јоана Поповска. Се на се, на ова фестивалско издание на НЕТА во Враца нашиот театар достојно се претстави и ги афирмираше своите достигнувања кои не се само рамноправни со претставите од регионот, туку понекогаш, како во случајовг,тие се на самиот врв промовирајќи завидни и значајни креации и во режска и во актерска смисла.

Инаку, за самиот рејтинг на фестивалот во Враца и неговото годинашно издание, доволно зборува и бројот на респектабилни режиски имиња кои со свои претстави беа застапени во програмата, а такви, покрај веќе споменатите Дино Мустафиќ и Нико Горшич, се и Иван Добчев, Маргарита Младенова, Лилија Абаџиева, Владлен Александров, Никита Миливојевиќ и др.

Следното издание на манифестацијата која поврзува над педесетина театари и фестивали од регионот (НЕТА) ќе се одржи во Националниот театар во Букурешт кој неодамна е темелно реновиран и збогатен со седум нови сценски простори. Станува збор за инвестиција која според достапните информации достигнува неверојатни 90 милиони евра.

Тодор Кузманов

Слободанка Чичевска

XIII Интернационален фестивал на античка драма „СТОБИ 2014“

Во периодот од 19. до 26. јули 2014 година во античкиот локалитет Стоби се одржа XIII Интернационален фестивал на античка драма „Стоби 2014“. На фестивалот беа прикажани четири претстави, три претстави од Република Македонија и една од Република Казахстан.

На 19. јули беше прикажана претставата „Војникот фалбаџиче“ од авторот Тит Мак Плаут, превод на Метин Балај, во продукција на турскиот театар од Скопје, Република Македонија. Како режисер се потпишува Лука Кортина, драматург Викотрија Рангелова. Сценографија и костимографија на Наташа Андонова.

Во претставата учествуваа: Осман Али, Јеткин Сезаи, Селпин Керим, Салаетин Билал, Јеткин Сезаир, Аксел Мехмет, Билјана Јовановска, Слаѓана Вујошевиќ, Тамер Ибрахим.

Прочуениот американски критичар и драматург Ерик Бентли смета дека и комедијата и трагедијата се обидуваат да се справат со очајот, менталното страдање, вината и анксиозноста. Трагедијата во оваа претстава е тоа што „Војникот фалбаџија“ грабнал прекрасна жена од еден горд маж. Комедијата, секако, е во тоа што и двајцата мажи во претставата се како без ум, и генерално гледано, обични дворски шутови. „Војникот фалбаџија“ е комедија напишана од Тит Мак Плаут помеѓу 254 и 184 година п.н.е. Изворот за оваа комедија е една грчка драма, сега исчезната, именувана „Алазон“ или „Фалбаџијата“. Робот и локалните жители се здружуваат да го срушат од власт војникот-фалбаџија. Иако не ни е детаљно објаснето минатото на војникот-фалбаџија, знаеме дека тој е пречката која двајцата љубовници мора да ја надминат за да бидат заедно и со тоа ги обединуваат локалните жители и го рушат Пиргополиник.

На 21. јули беше изведена претставата „Федра“ на Сара Кејн, како независна продукција, Република Македонија, во режија на Билјана Радиноска. Костиомограф Ивана Кнез, продуцент Марија Димитрова. Во претставата учествуваа: Стефанија Зисовска, Благој Веселинов, Нина Максимова.

Како игра на боговиге за да ја докажат сопствената моќ, една жена под влијанието на божицата на љубовта се заљубува во својот посинок, кој не верува во љубов. Во митот, Федра извршува самоубиство претходно обвинувајќи го својот посинок, Хипо-

лит за силување, кој за ова дело е казнет од татка си со прогонство и смрт.

Современата приказна на Сара Кејн за Федра, ги задржува драмите на ликовите како нивни, без влијание од боговите. Низ мајсторски раскажаната приказна успева да ги отвори прашањата за љубовта, човекот и смислата на неговото постоење. Низ современата актерска игра обединета со публиката во една интимна атмосфера во една човечка блискот, ќе се постави прашањето за љубовта: **дали вреди?**

Публиката имаше можност на 23. јули да ја проследи претставата „Многу врева за ништо“ од Вилијам Шекспир во изведба на театарот Комедија од Скопје, Република Македонија, во режија на Дејан Пројковски. Сценограф: Валентин Светозарев, костимограф : Благој Мицевски, а композитор Горан Трајковски.

Во претставата учествуваа: Атанас Атанасовски, Валентин Костадиновски, Жарко Димоски, Илија Илиоски, Роберт Ристов, Едмонд Сотир, Крсте Јовановски, Ердоан Максут, Зорица Нушева, Нина Деан, Ева Скендеровска.

„Многу врева за ништо“ е пишувана во 1598 година и претставува една од неговите најбогати дела во однос на колорит на ликови и ситуации. Текстот блика од комични ситуации кои ги развиваат ликовите на благородниците од Месина. Претставата се занимава со упорноста и отпорноста на љубовта, низ какви се пречки мора да помине и да ги преброди. Се занимава со борбата меѓу половите, но и класите. **Борба за вистинската љубов со вистинска љубов.**

Четвртата претстава во конкуренција за награди беше претставата „Медеја“ од Жан Ануи, во изведба на Музички и театарски центар - Ајгил Иманбаева од Република Казахстан, изведена на ден 25. јули. Режисер на претставата е Куандик Касимов, а сценограф Рахат Сапаралиева.

Во претставата учествуваа: Ајгил Иманбаева, Ѓулжамал Казакбаев, Кадиргази Куандиков, Жулдузбек Жуманбаи, Асет Имангалиев, Аида Жантилеува, Максат Сабитов, Данијар Базаркулов, Аида Шарипова.

Режисерот потпирајќи се на музиката на познатиот грчки композитор Вангелис ја развива претставата на тој начин што музиката ја пренесува суштината на внатрешниот свет на Медеја. Режисерот ја користи актерката за да создаде атмосфера на осаменост. **Таа знае** што се случува зад црвената завеса, **но не може ништо да стори.** Затоа што **нејзината љубов е** таму **Предадената љубов.**

Во чест на наградените Велешкиот театар ја изведе претставата „Крал Лир“ во режија на Ѕвезда Ангеловска

Жирито во состав: Кети Борисовска, Венко Серафимовски и Драган Спасов-Дац ги доделија следните награди:

Најдобра актерка на „Стоби 2014“ за остварувањето на Беатриче во “Многу врева за ништо“ на Нина Деан, во продукција на “Театар Комедија“, а во режија на Дејан Пројковски “Зборовите ѝ се трње: штом отвори уста – боцка. Здивот да ѝ е страшен ко што се изразите, сѐ живо и диво околу нејзе ќе опустоши.“ Овој монолог, кој се однесува на ликот на Беатриче, со голема веродостојност ја прикажува целовитоста на актерската игра, во смисла на единство меѓу емоционалната експресија на говорот и прецизноста на азбуката на телото, што ја прават Нина Деан актер кој со голема точност, енергичност, концентрираност и посветеност ја носи на сцената улогата на Беатриче во претставата „Многу врева за ништо“. Многуслојноста на ликот на Беатриче, кој Нина Деан на автеничен начин го носи на сцената, од друга страна, мошне јасно остава чувство на восхит со кое гледачот го напушта театарскиот простор.

Награда за главна машка улога на “Стоби“ 2014“ – Жарко Димоски за улогата на Клаудио во “Многу врева за ништо“, продукција на Театар Комедија, режија – Дејан Пројковски Клаудио, „Љубовта моја од твојата ќе учи, ти само кажи како и ќе видиш колку е спремна да ја сфати и најтешката задача што добро ќе ти стори, додека се ова сеуште гори?!“ Жарко Димоски, како Клаудио во “Многу врева за ништо“ на сце-

ната носи исклучително изнијансиран лик преку валери во улогата, градени како синтеза од актерската игра и говорот на телото од една страна, и мултимедијалноста во актерскиот пристап од друга страна, – што ја остава публиката воодушевена од различните амплитуди преку кои ликот градира и се трансформира. Токму на таа оска се потенцира талентот на актерот, кој за потребите на претставата, преку еден концентриран израз, полн со жива енергија, гради многуслоен херој на сцената: преку танцот, пеењето, и јасниот емоционален израз, гледачот добива чувство за ретко комплетен актер од младата генерација актери на македонската театарска сцена.

Наградата за режија му припадна на Дејан Пројковски, за претставата „Многу врева за ништо“ на театар Комедија од Скопје

Grand prix на „Стоби 2014“ – ја доби „Медеа“ на Музичкиот и театарски центар Ајгил Иманбајева, во режија на К. Касимов Целосна театарска претстава, уметнички чин од највисок ранг кој зборува на универзалниот јазик на емоциите и состојбите, донесен пред публиката преку многу јасна симболика, со уникатна режиска естетика и актерка која на сцената создава експлозија од состојби и дејства – кои удираат врз публиката подеднакво силно како и морето од крв врз кое се случува Медеа, а сето тоа во раскошниот минимализам на просторот и играта, густиот емоционален набој и беспрекорната избалансираност на звуците, тоновите, чувствата и настаните. Театарски настан par exelence. Претстава со неверојатен внатрешен живот, Медеа во вистинската смисла за значењето.



НОВ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ СКОПЈЕ

(кон крајот на мај и почетокот на јуни 2014 год. во Скопје се одржа Првиот МНТ - ФЕСТ на кој продефилираа неколку национални театарски куќи од регионот, но и вон него...)

Првиот меѓународен театарски фестивал што го организираше МНТ беше и помина. При самата негова појава во јавноста сразмерливо се поставија прашањата, па зошто, ни треба ли уште еден покрај веќе постојните фестивали и слично на тоа. Се чини дека прашањето колку и какви се фестивали ќе има е излишно прашање. Фестивалите се раѓаат и згаснуваат. Само некои од нив ќе опстојат во зависност дали е жива идејата и дали тие ја исполнуваат својата естетска и општествена функција. На самиот почеток овој фестивал амбициозно е промовиран како можност во Скопје и во земјава да се доведат значајни театарски институции, пред се национални, значи големи театарски куќи од регинот и пошироко. Ова прво издание на манифестацијата имено беше токму такво. Иако не голем според бројот на претстави и театарите кои учествуваа, сепак тој навистина донесе убави театарски остварувања.

Но, да одиме со ред. Стартот на фестивалот го означи изведбата на „Вечната куќа“ од Јордан Плевнеш во режија на Дејан Пројковски, а во изведба на МНТ, значи на институцијата која е и покренувач на манифестацијата. Од домашната продукција беше вклучена и монодрамата „Сребрена свадба“ во режија на Звезда Ангеловска, а во интерпретација на актерката Катина Иванова. Станува збор за две остварувања од кои едната „Вечна куќа“ е од понов датум односно тоа е промотивната претстава на новиот дом на нашата национална теа-тарска куќа праизведена во декември минатата година, а втората токму на фестивалот ја имаше својата 50 – та изведба. Иако за публиката посебно атрактивно делуваше најавата на гостувањата на два национални театри и тоа од Грузија и од Азербејџан, сепак Националниот театар од Грузија го откажа своето учество, а театарот од Азербејџан всушност се претстави со монодрамата под наслов „Мене...нас“ што секако не ги оправда докрај очекувањата на гледачите. Настапот на драмскиот уметник од Азербејџан, Ајшад Мамадов на мала импровизирана сцена се одвиваше пред мал број на гледачи во изразито традиционалистички стил на актерска игра. Во шеесетина минути тој ја раскажа приказната за човокот кој цел живот го минува со својата мајка и под нејзината сенка. Тоа е претстава која зборува за длабоките трауми од детството, а кои во случајов произлегуваат од хендикепот да се остане без едниот родител – таткото. Актерската игра заедно со останатите грижливо избрани елементи на сценографијата, видео проекции и музиката беше тоа една питка иако не многу амбициозна театарска претстава.

Вистински театарски доживувања и бранувања донесе претставата „Лет над кукавичкото гнездо“ од Кен Киси во режија на Александар Морфов, а во изведба на Националниот театар „Иван Вазов“ од Софија. Претставата зборува за состојбите во една психијатриска болница во која работите се одвиваат под строго утврден ред чиј режим ќе биде нарушен од ново пристигнатиот пациент Мекмарфи кој ќе се обиде се да смени од корен вадејќи ја на виделина сета општествена хипокризија која е најочигледна

токму во една ваква установа каде се третираат гранични случаи. Има тука навистина мноштво на апсурдни ситуации и постапки кои се разиѓдуваат со здравиот разум. Тоа е лавиринт, безизлаез кој води кон очај. Мекмарфи донкихотовски ќе се спротистави на таквиот систем, но за жал ќе ја загуби веќе во старт нерамноправната битка. Гледачите, сепак ја добиваат својата сатисфакција преку кристално чистата режиска постановка на Александар Морфов и прекрасните актерски остварувања на Дејан Донков, Радостина Врангова итн. како и со другите сегменти на овој сценски спектакл, како што се сценографијата и костимографијата на Елена Иванова, кореографијата и музичкиот избор на самиот режисер.

Особено успешен настап и претставување имаше и Црногорското народно позориште од Подгорица кое ја изведе драмската епопеја за еден од првите диседенти на југословенската револуција Милован Ѓилас, под наслов „Секој човек е Ѓилас“ што всушност значи апел до публиката да се вклучи во дебатата за слободата и демократија како универзални вредности кои го тангираат секого, како некогаш, така и сега или особено сега. Одеднаш претставата на режисерот Радмила Војводиќ и на драматургот Борка Павичевиќ е и документарна драма, но и полтички ангажиран театар убаво избрусен со естетските алатки на синтетичката театарска уметност. Во оваа претстава на ЦРП посебно импонира стилот и приодот кон „тегобната тема“ на човековата саможртва на олтарот на слободата. Тоа беше стил на естетска леснина и непретенциозност кој обезбедува слободно струење на свеж воздух во општествениот жабарник. Оваа сценска приказна со епски назнаки убедливо и сугестивно ја раскажуваат актерите предводени од извонредниот Тихомир Станиќ во насловната ролја успешно балансирајќи помеѓу заводливата мелодрамска матрица и потребата од Брехтовска дистанца кон настаните и случувањата со неспорното режиско барање за политички ангажиран театар кој му се обраќа на гледачот – овде и сега.

Хрватското народно казалиште од Загреб ја изведе „Медеја“ од Еврипид во драматизација на Дарко Лукиќ, а во режска поставка на Томаж Пандур кој и овој пат останува верен на принципите на истражувачкиот театар настојувајќи античката трагедија да ја ситуира во нашето современие. Судејќи според сè во тоа и успева. Особено добро и инвентивно е решен хорот кој се дисперзира како на сцената така и во гледалиштето. Сите ликови се современо костимирани, освен ликот на чуварот на Златното руно кој се трансформира постојано попримајќи драмска функција на катализатор на дејството. Суштината на целокупната постановка на Пандур и на драмскиот ансамбл на Загребското казалиште се сведува на синтагмата „играчки – плачки“ иако станува збор за една од најкрвавите трагедии во светската драмска литература. Под огромниот товар дека е чедо убиец Медеја им пркоси на сите мажи окулу неа, но и на светот уреден според машкиот принцип на нештата. А сцените се така уредени што делуваат како да се истргнати од албумот на некоја мала, но современа туристичка морска дестинација од медитеранот. Поентата е во тоа дека дури и најгрозоморното убиство се врши во името на љубовта, односно како последица од неа. Колку поголема љубов на почетокот (помошта да се украде Златното руно и предавството на татковиот дом, зачекорување во туѓиот свет) толку поголема омраза на крајот. Кој е тука варварин? Јасон или Медеја? Во актерската креација на Алма Прица, Медеја е силна и моќна, стоички расположена жена која руши митови и светови за на нивно место да изникнат нови, поубави и почовечни.

„Народен пратеник“ од Нушиќ во режија на Саша Габриќ, а во продукција на Народното позориште од Белград ја воодушеви театарската публика со извонредната актерска игра и со сочната комика и едноставните, но симболички режиски решенија. Всушност главната карактеристика на оваа постановка на Нушиќевото антологиско дело е минуциозната потрага на режисерот Габриќ да ги пронајде и да ги истакне најсуптилните и најинтимните човекови превирања кои потем се рефлектираат и на макроплан во создавањето на бирократските креатури низ кои се олицетворува државната власт. Да, луѓето се мали и ситни, најчесто немоќни да се спротиставаат и многу по-

често подготвени да се приклонат кон владеачките структури на власт и моќ со копнежот и самите да станат дел од неа.Тоа што публиката магнетно ја привлекува кон ваквата претстава секако е лесната препознатливост и идентификација и со ликовите и со ситуациите со кои се соочуваат. Едноставно ништо или многу малку се променило од времето кога делото е настанато и ова денес. Навистина жално или како што ќе каже главниот лик во претставата Јеврем Прокиќ, овде во извонредна актерска креација на Борис Комниќ, дека „ откако се одлучив да станам, пратеник, некако се тага ме обзема!“ Пред нас дефилираат протагонистите на светот на лагите, измамите, корупцијата, алчноста, а во ретките моменти на искреност која прозилегува од заморната трка за да се зграби што повеќе, како катарза ќе прозвучи репликата за тоа, дека „да се напаѓа владата ти доаѓа некако лесно и од срце, просто мерак да те фати!“ Во плејадата на убавите актерски креации да ги споменеме и Бранко Видаковиќ, Радмила Живковиќ, Анастасиа Мандиќ, Димитрије Илиќ, Предраг Милетиќ...Низ оваа постановка на режисерот Саша Габриќ и драмскиот ансамбл на Народното позориште од Белград благо провејува, сценската флуидност, суптилно извајаните ликови и духот на „тажните“ комедии на бесмртниот Чехов...

Дека, „Крајот го краси делото“ овој пат се потврди со настапот на Шекспировиот Глоб театар од Лондон, Велика Британија. Тие пред публпиката се претставија со изведбата на „Хамлет“ во режија на Доминик Дромгул и Бил Бакхарст. Навистина беше привилегија да се следи како извонредната постановка, така и прекрасните актерски остварувања. Во стилот на уличните патувачки театари десетина актери умешно, вешто, виртуозно ја раскажуваат, ја инсценираат историјата за трагедијата на данскиот принц Хамлет. Како што во претставата патувачката актерска дружина ќе ја прикаже стапицата во која треба да падне убиецот на легитимниот крал и узурпаторот на кралската круна и на брачната постела на сопствениот брат Клаудиј, така и гостинската театарска трупа во истиот стил ни ја понудува нам на гледачите оваа драма сведена на игроказ, каде се е чисто и прегледно и во која светлото во гледалиштето ја брише дистанцата со публиката. Во оваа постановка се бара и се бира наједоставниот начин и најкраткиот пат за да се пренесе пораката до гледачите во чист и изворен стил. Се тука е импресивно и моќно. Нема користење на техники и постапки за театарска мистификација, туку напротив сè е изнесено на виделината на денот во својата најчиста форма. Играта на актерите е реална и природна, од тоа се црпи и нејзината моќност. Тоа е трагедија рамна на фреска, отров понуден во златна чаша од која ќе пијат многумина, Гертруда, Хамлет. Дополнително приемчивоста на изведбата повеќекратно се зголемува преку нејзниот музички фон и сонговите... Навистина импресивно театарско дело кое доаѓа како врв на мозаикот од неколкуте театарски претстави на Првиот МНТ – ФЕСТ. На Глоб театарот му беше доделена и наградата за особен придонес во развојот на светскиот театар.

Како и секој така и овој новостановен фестивал имаше и своја придружна програма со која се анимираше и се концентрираше вниманието на културната јавност во Скопје во десетина дена од крајот на мај и почетокот на јуни.

МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ - МНТ

Почитувани,

Ни претставуваше особена чест и задоволство што бевте дел од првото издание на меѓународниот театарски фестивал во организација на Македонскиот Народен Театар. Македонски Народен Театар ја одбележува својата 70-та театарска сезона. Минатата година на 7 декември 2013 се вселивме во својата нова зграда која по своите карактеристики на сцената е со најсовремена технологија и најсоврмени аудиовизуелни средства. Така што после многу деценско чекање се оствари големиот сон на публиката и многу генерации театарски дејци да создаваме и да ги играме своите претстави во нова современа театарска зграда. Идејата за фестивалот…

„Јас го разбирам светот,како поле за културен натпревар меѓу народите." – Гоце Делчев

Да се биде национален театар на една земја е голема чест и привилегија. Но, и голема одговорност бидејќи националниот театар претставува темел на културата на една земја и чувар на културните и традиционалните вредности. Националниот театар претставува МОСТ преку кој се отвораат вредностите на сите останати театарски семејства во светот.Водени од фактот дека сите национални театри делиме исти предизвици одлучивме да го создадеме овој фестивал кој што ќе биде место каде што ќе се презентираат вистинските театрски вредности.

Нашата идеја е фестивалот да овозможи презентирање на различните сценски естетики и подобро меѓусебно запознавање и се разбира отварање на поголеми можности за посериозна взаемна соработка во иднина и размена на искуства. Во рамките на фестивалот беа организирани работилници и предавања. Фестивалот се одржи од 25 мај до 05 јуни 2014 година.

Програма

25.05. 2014
Вечната куќа
Автор: ЈОРДАН ПЛЕВНЕШ
Режисер: ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ

26.5.2014, 20:00
Сребрена свадба – јубилејна 50 изведба
Според оригиналното дело на ГАБРИЕЛ ГАРСИЈА МАРКЕС
Адаптација: ЗВЕЗДАНА АНГЕЛОВСКА и КАТИНА ИВАНОВА

27.05.2014
НАРОДЕН ТЕАТАР „ИВАН ВАЗОВ“ – СОФИЈА, Р.БУГАРИЈА
„ЛЕТ НАД КУКАВИЧКОТО ГНЕЗДО“
Режисер: Александар Морфов

28.05.2014
НАЦИОНАЛЕН ТЕАТАР, Р.АЗЕРБЕЈЏАН
„МЕНЕ...НАС...“
Режисер: Гунер Сатај

29.05.2014
ЦРНОГОРСКО НАРОДНО ПОЗОРИШТЕ – ПОДГОРИЦА, Р.ЦРНА ГОРА
„EVERYMAN DjILAS“
Режисер: Радмила Војводиќ

31.05.2014
ХРВАТСКО НАРОДНО КАЗАЛИШТЕ – ЗАГРЕБ, Р.ХРВАТСКА
„МЕДЕЈА“
Режисер: Томаж Пандур

03.06.2014
НАРОДНО ПОЗОРИШТЕ – БЕЛГРАД, Р. СРБИЈА
„НАРОДЕН ПРАТЕНИК“
Режисер: Саша Габриќ

05.06.2014
ГЛОУБ ТЕАТАР – ЛОНДОН, ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА
„ХАМЛЕТ“
Режисери: Доминик Дромгул и Бил Бакхарст

Работилници

ДВАЈЦА ЗА ЧАЈ
проф. Јелена Лужина
28 мај – 18.00 часот – ...со Тони Михајловски
3 јуни – 18.00 часот – ...со Никола Ристановски
4 јуни – 18.00 часот – ...со Сенко Велинов

МОЈОТ ТЕАТАР
27 мај – 12.00 часот
разговор со режисерот Александар Морфов
29 мај – 11.00 часот
разговор со режисерот Радмила Војводиќ

ПРОМОЦИЈА
4 јуни – 21.30, плато пред МНТ
Срѓан Јанаќијевиќ
КУПИДОНА И ДРУГИ ДРАМИ
издание на Културна институција Блесок

МЕМОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР
2 јуни – 12.00 часот
Љупка Џундева, Милица Стојанова, Нада Прличкова...

ПРЕЗЕНТАЦИЈА
5 јуни – 11.00 часот
Шекспировиот Глоуб Театар – системот на работа и
процесот на создавање една претстава

ФЕСТИВАЛСКИ КЛУБ
Секоја вечер ќе биде отворен фестивалскиот
клуб каде што ќе може да се дружат и забавуваат публиката и учесниците.
Рубенс Муратовски, Vixablixa, Ilina Angel, Egotrip, Новоградска, Синиша Ефтимов

II ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ "МАЛИОТ ПРИНЦ"

НУЦК "АЦО ШОПОВ" - ШТИП

24-29 СЕПТЕМВРИ 2014

Национална установа - Центар за култура „Марко Цепенков"
Театар - Прилеп

24.09.2014 год. (среда

По Браќата Грим

Мачорот во чизми

Режија: Петар Димоски
Музика: Душко Темелкоски

Настапуваат:
Димитар Вандески, Димитар Ѓорѓиевски, Димитар Црцороски, Александар Тодески, Најдо Тодески, Цветанка Чавлеска, Марјан Чакмакоски, Јасмина М. Станкоска, Виолета Чакарова, Исидор Јованоски, Кирил Трпкоски, Наум Аврамоски и Стефан Аврамоски.

НУЦК „Ацо Шопов" - Штип

Национална установа - Центар за култура „Трајко Прокопиев“
Театар - Куманово
25.09.2014 год. (четврток)

По Гилермо дел Торо

Убавицата и ѕверот

Режија, сценографија и костимографија: Шенка Колозова



Настапуваат:

Шенка Колозова
Дубравка Киселички
Горан Илиќ
Сања Русевска
Владимир Дојчиновски

Национална установа - Центар за култура „Јордан Х.К. - Цинот“
Театар - Велес
26.09.2014 год. (петок)

По Ханс Кристијан Андерсен

Принцезата и гускарот

Драматизација, режија и избор на музика: Дарко Ковачовски
Асистент на режија: Слободанка Чичевска
Сценографија, костимографија и дизајн на кукли:
Надја Василева Ковачовска

Настапуваат:

Кети Борисовска, Марија Стефановска, Славица Манаскова, Самоил Стојановски и Жарко Спасовски.

НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип

Национална установа - Центар за култура „Ацо Шопов“
Театар - Штип
29.09.2014 год. (понеделник)

Елин Пелин

Јан Бибијан

Драматизација, режија и избор на музика: Дарко Ковачовски
Сценографија, костимографија и дизајн на кукли:
Надја Василева Ковачовска



Настапуваат:

Ефтим Трајчов - Ѓаурски к.г.
Миле Вратеовски
Марија Минчева
Виктор Арев

17 - ти МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

ДЕНОВИ НА КОМЕДИЈА - КУМАНОВО 2014
(01-12 ОКТОМВРИ)

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ТЕАТАР КОМЕДИЈА - СКОПЈЕ

1.10.2014 (среда)

Марк Камолети

"СТЈУАРДЕСИ"

режија: Синиша ЕФТИМОВ

сценографија: Илина Ангеловска, костимографија: Илина Ангеловска,
музика: Драган Ѓаконовски Шпато

настапуваат:
Атанас Атанасовски, Валентин Костадиновски - Тино, Марија Кондовска,
Кристина Ласовска, Нина Деан, Тања Мицков/Маја Љутков

МОНТЕСЦЕНА ПОДГОРИЦА
ЦРНА ГОРА

2.10.2014 (четврток)

Пеѓа Шушкачевиќ

"ЦРНОГОРЕЦ ВО КРЕВЕТ"

режија: Пеѓа ШУШКАЧЕВИЌ

настапуваат:

Пеѓа Шушкачевиќ и Боба Латиновиќ



Н.У.Ц.К. "ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ" - АЛБАНСКА ДРАНА
КУМАНОВО

3.10.2014 (петок)

Френсис Вебер

"ВЕЧЕРА НА ГЛУПАЦИ"

режија: Димитар ЕЛЕНОВ

сценограф: Димитар Еленов
костимограф: Мирослава А. Шопова
музика и мултимедија: Иван Динев
кореограф: Лора

настапуваат:

Ќазмедин Нуредини, Шкелќим Ислами, Амернис Нокшиќ Јовановски, Муса Исуфи, Флора Кадриу, Исмаил Касуми и Симона Тоскиќ

Н.У.Ц.К. "Ј.Х.К. ЦИНОТ"
ТЕАТАР ВЕЛЕС

4.10.2014 (сабота)

Жан Баптист Молиер

"ТАРТИФ"

режија: Никола РИСТОВ

сценографија: Филип Коруновски
костимографија: Александра Крнинова Груев

настапуваат:
Зоран Лутков, Јордан Витанов, Слободанка Чичевска, Самоил Стојановски, Зорица П. Панчиќ, Александар Вељановски, Марија Стефановска, Кети Борисовска, Жарко Спасовски, Александар Георгиев, Фаик Мефаилоски и Спасе Петрушев



ДРАМСКИ ТЕАТАР "НИКОЛА ВАПЦАРОВ"
БЛАГОЕВГРАД, БУГАРИЈА

6.10.2014 (понеделник)

Рашко Младенов

"ЛА"

музичка обработка: Константин Цеков

настапуваат:

Рашко Младенов и Константин Цеков

ПОЗОРИШТЕ "БОРА СТАНКОВИЌ"
ВРАЊЕ, СРБИЈА

5.10.2014 (недела)

Лука Ѓакомоци

"КУДЕ МИ ЈЕ ЖЕНА?!"

адаптација и режија: Лилијана ИВАНОВИЌ

сценографија: Мирослав Илиќ
избор на музика: Лилијана Ивановиќ

настапуваат:

Бојан Јовановиќ, Мерко Петричевиќ и Жетица Дејановиќ

ОПШТИНСКИ ДРАМСКИ ТЕАТАР
ЌУСТЕНДИЛ, БУГАРИЈА

7.10.2014 (вторник)

Реј Галтн и Џон Антробс

"АХ, КАКВА БЕЗУМНА НОЌ"

режија: Лозен ЈОРДАНОВ

сценографија: Георги Бенгаров и Евгени Паунов

настапуваат:

Марија Јорданова, Борјана Јорданова, Бисер Маринов, Николај Брнзалов и Асен Диков

Н.У. ТУРСКА ДРАМА
СКОПЈЕ

9.10.2014 (четврток)

Тит Мак Плаут

"ВОЈНИКОТ ФАЛБАЏИЈА"

режија: Лука КОРТИНА

драматург: Викторија Рангелова
сценографија и костимографија: Наташа Андонова
музика: ФОЛТИН
превод: Метин Балај

настапуваат:
Осман Али, Јеткин Сезаир, Селпин Керим, Салаетин Билал, Јеткин Сезаир, Аксел Мехмет, Билјана Јовановска, Слаѓана Вујошевиќ, Тамер Ибрахим


ДРАМСКИ ТЕАТАР
СКОПЈЕ
11.10.2014 (сабота)
Душан Ковачевиќ
"ЖИВОТ ВО ТЕСНИ ЧЕВЛИ"
режија: Ненад ВИТАНОВ
сценографија: Валентин Светозарев
костимографија: Катерина Чукниева
музика: Сашко Костов
настапуваат:
Драган Спасов, Марија Кондовска, Ѓокица Лукаревски, Ванчо Иван Петрушевски, Душица Стојановска, Билјана Драгичевиќ - Пројковска, Зоран Љутков,
К.Г. Христијан Поп Симонов, Ненад Ангелковиќ,
Миа Кантарциева, Благица Димитровска


STAND UP - ПЕРФОРМАНС
12.10.2014 (недела)
САШКО КОЦЕВ
"1000 ЗОШТО, 1000 ЗАТОА"

„ТЕАТАРОТ Е МОЌНА РАБОТИЛНИЦА И ПОГОН ЗА ПРИКАЗНИ...
ПРЕЛИНОГУ УБАВИНА НА СВЕТОВ СЕ ТРОШИ ЦАБЕ,
ПРЕЛИНОГУ НЕЗАБЕЛЕЖАН ТАЛЕНТ,
ПРЕЛИНОГУ КРЕАТИВНОСТ ЗГАЗЕНА..."

ИЗВЕШТАЈ ОД 50 - то ИЗДАНИЕ НА ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНИЈА - КОЧАНИ

Чудесен е месец мај, сите тие смену-вања на дожд и сонце, на вечното цутење и опојниот мирис на липите покрај Стара Ре-ка, како што ја именува Ѓорче Петров, чудна е симбиозата на природната и младешката енергија што ја внесуваат, покажуваат драмските аматери во последната седмица од месец мај, која во низа од триесет и осум години е препознатлив белег на градот Ко-чани и Македонија. Седмица во која драм-ските аматери не водеа на духовно патување низ нивните патеки и светогледи, при што честопати не оставаа без здив откривајќи ни ги длабочините на душата, вечниот ба-ланс на темнината и светлината, чудесни промени, токму во овогодишниот мај, чуде-сен е месец мај. Таа здружена, огромна енергија што ја поседуваше секој драмски аматерски ансамбл, составени од тие мали и големи луѓе, од тие актери аматери, пот-тикнуваше кај нас, посетителите, размисл-ување дека некаде во животот, на некое дру-го место постојат многу поважни ствари од работата, кариерата, нервозта на секојдне-вието, и врнежливото време. Чудесниот мај на чудесен начин го најави големиот праз-ник, одбележувањето на педесетгодишното издание на фестивалот на драмските ама-тери.

Од 26.-31.мај 2014 година во Кочани се одржа педесеттото издание на Драмски-от аматерски фестивал на Македонија, не-секојдневен настан за една аматерска кул-турно-уметничка манифестација од држа-вен ранг, во нејзиното педест и тригодишно постоење, создавање и активно учество во креирањето на Македонската аматерска те-атарска сцена, уметност и култура. Предиз-вик достоен за почит, датум за културната историја на Македонија и градот домаќин Кочани. Мотив повеќе за сериозни потфати на вљубениците во театарот, на поединци и групи кои за достоинствено одбележување на театарскиот јубилеј, на драмскиот ама-теризам на Македонија, возвраќаат со еди-ственото можно, со највредното, со љубов. Во изминативе педесет и три години многу-бројни генерации, илјадници вљубеници во драмската уметност ширум нашата држава го вградиле својот талент, дарба и умеење на штиците што живот им значат. Градови домакини на драмските уметници аматери им биле: на почетокот, 1961 година, Скопје, потоа Штип, Битола, Струмица, Титов Ве-лес и од 1977 година постојано средиште, стожерот на драмскиот аматеризам е Кочани.

Создавањето на уметничка, драмска творба, особено во аматерското драмско творештво е макотрпен чин, кој во суштина означува инаков пристап во организирање-то и користењето на слободното време на граѓанинот, на вљубеникот во драмското творештво, трпение и посветеност од акте-рот и аматерското драмско другарство. Во петте фестивалски дена драмските аматери од нашата држава и тие од странство иска-жаа нескриено љубопитство и желба за нат-превар, одважност и смеслост за истражу-вање, сонување и мечтаење за големи пот-фати, пријателство и другарство, и најсетне чиста мисла исткаена со неизмерна љубов, трпение и посветеност. Ова е кроки портре-тот на годинашните учесници на 50-то изда-

ние на Драмскиот аматеризам на Македонија.

Што донесоа, што оставија како траен белег за паметње на педесеттото издание, на нивниот јубилеј? Битолската Аматерска група „Без маска“ се претстави со нов драмски текст од млад автор, станува збор за првенецот на Ана Жежовска која ја потпишува и режијата на овој драмски проект; Неверојатна оригинална музичка поткрепа на претставите „Мачка на вжештениот ламаринен покрив“ во изведба на Гимназијата „Св. Климент Охридски“-Охрид и „Љубовна прказна“ на СОУ „Богданци“-Богданци, станува збор за млади музички таленти, Елена Колоска од Охрид и Бранко Сапламев од Богданци; Уникатната изведба на претставата „Хула Дракула“-„Ако вампирот би бил денес жив, дренажа на жили ќе ви направи“ на полскиот Аматерски драмски ансамбл „Пјонти Вимјар“ од Воломин, на литературен македонски јазик, што претставува уникатен и раритетен театарски чин; Четирнесетгодишната Марија Ѓоргиева е најмладиот актер лауреат на признанието за најдобра женска улога за ликот на Бернарда во претставата „Домот на Бернарда Алба“ од Ф.Г. Лорка во изведба на Аматерскиот театар при НУ ЦК „Бели мугри“-Кочани; Во драмскиот проектот „Живи драмски слики“ со кој се отвори фестивалот настапи играорната група „Копачка“ од с. Драмче-Делчевско.

На свеченото отворање поздравен збор и пригодно обраќање до присутната општествена и културна јавност, овој пат во мошне скромен број, обраќање имаше г. Иван Иванов, моментно актуелен претседател на Советот на Општина Кочани и пратеник во Собранието на Македонија.

На почетокот од календарската година Управниот одбор донесе план и програма за одбележување на 50-то издание на драмските аматери од Македонија и странство. Извршната канцеларија постапувајќи по одлуката на Управниот одбор, на повеќе од седумдесетина адреси на аматерски драмски другарства во државата и странство, достави покана за учество во изборот на претстави за завршницата на 50-то издание на ДАФ на Македонија закажан за 26. – 31.мај 2014 година во Кочани, со поканата беа доставени правила за пријавување на драмски проекти и пријава за учество во изборот на претстави за претстојниот драмски аматерски фестивал на Македонија.

На адреса на фестивалот, што преку интернет, но и по пошта пристигнаа 45 пријави за учество во изборот на претстави од следниве аматерски драмски ансамбли:

1. СОУ Гимназија „Кочо Рацин“-Велес, со Избор од современата Македонска поезија;
2. СОУГимназија „Кочо Рацин“-Велес, со „74 години од „Бели мугри“ на К. Рацин“;
3. СОУГимназија „Кочо Рацин“-Велсе, со „Побратими“ од Јордан Леов;
4. Центар за култура „Н.Ј.Вапцаров“-Делчево, со „Мили снајки“ од Самоил Дуковски;
5. Гимназија „Св. Климент Охридски“-Охрид, со „Мачка на вжештениот ламаринен покрив“ од Тенеси Вилијамс;
6. Здружение за култура и уметност при Центар за култура „Илъо Антески-Смок“-Тетово, со „Двете мали самовили“ од Мирко Видоевски;
7. Здружение за култура и уметност при Центар за култура „Илъо Антески-Смок“-Тетово, со „Биолошки динамит“ од Јован Дамјановски;
8. КУД „Дивјаци“-Скопје, со „Среќа или сите бои на животот“ од Анета Г. Велкоска;
9. СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“-Скопје, со „Шантрива азбука“ од Татјана Алексиќ;
10. СУГСГимназија „Јосип Броз Тито“-Скопје, со „Жив човек“ од Горан Стефановски;
11. СУГСГимназија „Јосип Броз Тито“-Скопје, со „Сонувачи“ од Надица Весова и Тамара Иванова;
12. СВР Штип-Отсек за превенција, со „Одбележани“ од Трајче Кацаров;
13. ОУ „Браќа Миладиновци“- с. Миладиновци-Илинден, со „The Gruffalo“ од Џулија Доналдсон, во адаптација на Емилија Стојановска;
14. Театарска група „Словото“-Велес, со „Чекори кон Европа, Словенија-Македонија“ од Весна Димитровска Бобевска;
15. СОУГимназија „Гоце Делчев“-Куманово, со „Народен пратеник“ од Бранислав Нушиќ;
16. Драмска група „Хај-Фај“-Куманово, со „Сојтарии“ од Милан Ласица, Јулиас Сатински и Аљоша Руси;

17. Позориште „Миливоје Живановиќ“-Пожаревац, Република Србија, со „Несреќа заради нежно срце“ од Владимир Сологуб;
18. АТ „Пјонти Вимјар“-Воломин, Република Полска, со „Хула Дракула“ од Михаел Кох;
19. Центар за култура „Марко Цепенков“-Прилеп, со „„Фани Мани“ од Реј Куни;
20. ОУ „Лазо Ангеловски“-Скопје со „Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски;
21. Универзитет „Светите Кирил и Методиј“-Скопје, ДААД-Лекторат-Скопје, со „Дијамантски ѓердан“ од Ruckwarts (R)evolution;
22. НУЦК - Крива Паланка, со „На клупата“ од Трајче Кацаров;
23. АТГ „Темплари“-волонтери при ОО на Црвен крст-Битола, со „Г-ѓа Министерка“ од Бранислав Нушиќ;
24. ОУ Дом на култура „Крсте П. Мисирков“-Свети Николе, со „Тетовирани души“ од Горан Стефановски;
25. Театар „Kunstwerkstatt“-Скопје, со „Банки дигнаа палати“, од поезијата на Коста Солев Рацин, драматург Петар Антевски;
26. Аматерска театрска група „Без маска“-Битола, со „Фактор жена“ од Ана Жежовска;
27. Драмско студио „Јаxја Кемал“-Струмица, со „Диспанзер“ од Митко Маџунков;
28. Здружение на пензионери-Куманово, со „Кафанче, карши станче“ од Миланка Миловановиќ Зафировска и Новко Петрушевски;
29. Центар за култура „Бели мугри“-Кочани, со „Мачка во чизми“ од Драган Благоевиќ;
30. Центар за култура „Бели мугри“-Кочани, со „Домот на Бернарда Алба“ од Ф. Г. Лорка;
31. ТГ Словенечки центар-Скопје, со „Дон Жуан“ од Молиер;
32. АТ „Мирка Гинова“-Демир Капија, со „Снежана и седумте џуџиња“ од Браќата Грим;
33. АТ „Мирка Гинова“-Демир Капија, со „Женами се вика Борис“ од Рафи Шарт;
34. АТ „Мирка Гинова“-Демир Капија, со „Коштана“ од Бора Станковиќ;
35. Театар „Сатир“-Скопје, со “Еци,пеци лец“ од Станислав Јержи Лец;
36. Театар „Бајка“-Скопје, со „Почитувани деца“ од Душко Радовиќ;
37. Дом на културата „Илинден“-Демир Хисар, со „Кога жената е нема“, непознат автор;
38. Гиназија „Нова Горица“-Нова Горица, Република Словенија, со „Големиот брилијантен валцер“ од Драго Јанчар;
39. ЦК „Иљо Антески-Смок“-Тетово, со „Смртта на еден човек на Балканот“ од Мирослав Момчилов;
40. Аматерско позориште „Јанко Чеман“-Пивнице, Република Србија, со „Кој со кого?“ од Катарина Хитзингер;
41. СОУ „Димитар Влахов“-Струмица, со „Свадбата на Мара“ од Бертолт Брехт;
42. ДС „Летечка театрска трупа“-Тетово, со „Отпишани“ од Владимир Јованоски;
43. ДС „Летечка театарска трупа“-Тетово,со „Сомнително лице“ од Бранисалв Нушиќ, адаптација Зоран Јованоски;
44. СОУ „Богданци“-Богданци, со „Љубовна приказна“ од Јукио Мишима;
45. Меѓуопштинска организаија на глуви и наглуви, Врање, Република Србија, со „Омнибус“, (пантомима).

Изборникот/селекторот, угледната актерка и режисер Звездана Ангеловска по проследувањето на доставените ЦД записи од претставите на драмските аматерски групи, од кои 36 ЦД записи и пет драмски проекти проследени на матичните сцени, а четири го откажаа своето учество, или пак не доставија ЦД запис, го направи изборот и го објави репертоарот на ДАФ на Македонија-2014 на интернет страницата на фестивалот и на прессконференцијата одржана на 20. мај 2014 во Скопје. Целосниот репертоар и програма на 50-иот ДАФ-Кочани 2014 е составен дел на извештајот.

Кон овие подробности треба да приложиме и кусо резиме, а тоа е: шест фестивалски дена, пет претстави во категоријата за деца и младинци со вкупна бројка од 101 актер, два аматерски драмски ансамбла од странство со 19 актери и осум домашни театарски аматерски ансамбли со 239 актери. Што ќе рече, 15 аматерски драмски проекти, со вкупна бројка, импозантна бројка за почит од 359 актери, сценско-технички тимови, директори, жири, водители на разговори, раководител на театарска раборилница,

членови на Собрание на ДАФ на Македонија и гости на 50-то издание на ДАФ на Македонија-Кочани 2014.

Фестивалската понуда беше проследена од цирка 1.225 посетители, од тоа на билетарата се продадени 790 билети, доделени се гратис билети 222 и членовите на аматерските друштва и здруженија, гости и пријатели на фестивалот чиј број изнесува 243 се посетители кои имаа слонбоден влез, ја сочинуваат бројката од 1.225 посетители.

Жирито во состав: д-р Сашко Насев, Силвија Стојановска, актерка и Љупчо Ѓоргиевски, режисер ги проследија највредните драмски аматерски остварувања во 2014 година дванаесет од Македонија и две од странство, Република Полска и Република Србија, кои заслужено се најдоа на репертоарот и на завршната вечер ја соопштија својата Одлука која е составен дел од извештајот. Разговорите по секоја одиграна претстава ги водеа: Ана Јакимска, драматург и режисер и Бранко Костевски, драматург и режисер.

Присутната културна и општествена јавност,во текот на фестивалската седмица, во придружните манифестации на фестивалот имаше можност да ги проследи следниве проекти: Изложбата од архивата на ДАФ на Македонија насловена „Напред кон минатото“, изработена и поставена од Благој Пенов и Коце Стојменов со подршка од Благој Гранков во делот на компјутерската обработка на архивските материјали и документи. Промотор на изложбата Киро Герасимов, новинар и хроничар на општествените и културни настани во Кочани и пошироко, „жива архива“. Театарскиот портрет за Васил Шумански, актер и долгогодишен творец во драмскиот аматеризам на Македонија, за творештвото на Шумански говореше Трајче Кацаров; Професор Мими Таневска ја раководеше Театарската работилница за аматери актери и режисери; Во текот на фестивалската седмица имавме гости уметници од Република Србија. Станува збор за ликовни уметници, мајстори на акварелот, Момир Армуш од Ниш и Никола Брадиќ од Соко Бања, кои во чест на чествувањето сликаа амбиенти од нашиот колоритен крајолик и во знак на сеќавање подарија четири слики работени во акварел техника и една во туш. Медијатор на оваа вреден уметнички настан беше Миодраг - Мики Трендафиловски, ликовен уметник, сликар од Македонија; Во чест на наградените, по доделата на наградите и признанијата, настапи Драмски театар од Скопје со претставата „Грев или шприцер“ од Сашко Насев, во режија на Деан Дамјановски.

Формирањето на фестивалскиот буџет и реализацијата на 50-то издание го помогнаа и овозможија: Министерство за култура на Македонија, Градоначалник и Совет на Општина Кочани, и Градска аптека од Кочани. Собранието и Управниот одбор на ДАФ на Македонија искажува нескриена и искрена благодарност за поткрепата и довербата во работењето на мноштвото драмски аматери од нашата земја и странство.

Годинава имавме извонредна медиумска поткрепа и внимание кон драмскиот аматеризам и одбележувањето на културните и уметничките настани на фестивалот, за што и упатуваме искрена благодарност до сите медиуми кои ги отворија страниците, ТВ екраните, радио станиците да го објават големиот културен настан на драмските аматери и да ја доближат до граѓанството целокупната атмосфера и продукција на аматерите од Македонија. Во насока на зачестено и непосредно информирање за фестивалските настани, збиднувања и програми во текот на фестивалската седмица се издаваше билтен, беа подготвени, отпечатени и дистрибуирани вкупно четири броја. Уредувањето на билтенот беше доверено на Илија Ико Стефановски и Коце Стојменов, а компјутерската обработка на билтените ја работеше Благој Гранков.

Тимот за организација и техничка поддршка на фестивалот го сочинуваа: Тони Ѓорѓиев, сценски и светло мајстор, Влатко Мишов, во 2014 година се одржаа, но со мали исклучоци (Младиот отворен театар, на пример, со своето 39 –то издание), не донесоа.

Благој Пенов

МЕРИ БОШКОВА

(Битола, 1924 - Скопје, 2014)

Еминентна актерка. Еден од најблескавите таленти во македонското актерско творештво. Долгогодишна првенка и водечка драмска уметница на Драмата на МНТ. Творечка персоналност од највисок вид, афирмирана и во поширок југословенски размери. Член на драмскиот ансамбл на Македонскиот народен театар стана кон крајот на 1945 г. Една година пред тоа, првите чекори на сцената како професионална актерка, ги направи во родниот град Битола. Скоро една деценија (од 1956 до 1964 г.) играше на познатата сцена на Народното позориште во Белград, на која пред тоа самостојно гостуваше во белградската изведба на „Господа Глембаеви“ од М. Крлежа. Нејзиното враќање на матичната сцена – МНТ беше одбележано со толкување на една од главните ролји – Александра, во пиесата „Коломба“ од Жан Ануј (режија: Димитар Ќостаров).. Има настапувано на филмот, телевизијата, радиото, додека самостојно, освен во Белград, била вклучена во проекти во Загреб, Штип, Лесковац и др., демонстрирајќи високо актерско мајсторство со своите многубројни капитални актерски остварувања.

Од импозантниот актерски опус на Мери Бошкова посебно треба да се издвојат следниве нејзини улоги остварени на сцената на Македонскиот народен театар: Живка во „Госпоѓа минситерка“, Мурзавецка во „Волци и овци“ од Островски, д-р Полежаева во „Неспокојна старост“ од Леонид Рахманов, Антигона во истоимената трагедија на Софокле, Кастела Глембај во „Господа Глембаеви“ од М. Крлежа, Нора во истоимената драма на Ибзен, насловната улога во „Домот на Бернарда Алба“ од Лорка, Нилова во пиесата „Мајка“ од Бертолд Брехт, Акулина во „Малограѓани“ од М. Горки, Абигела Вилијамс во „Вештиците од Салем“ од Атртур Милер, Јунона Бојл во „Јунона и паунот“ од О'Кејси, Олга во „Три сестри“ од А.П Чехов, Настја во „На дното“ од М. Горки, Виола, Дездемона и Генерила во Шекспировите пиеси: „Ноќ спроти водици“, „Отело“ и „Крал Лир“, Елмира во „Тартиф“ од Молиер, Фјокла Ивановна во „Женидба“ од Гоголъ ..(зар можат да се набројат сите нејзини капитални актерски реализации?!).

Го негуваше рецитирањето, настапувајќи на низа манифестации, фестивали, прослави и сл. Учествуваше и во одбележувањето на 150 –годишнината од постоењето на белградскотот Народно позориште.

Кога се наоѓаше во вистинската актерска зрелост, кога го постигна максимумот што воопшто може да го постигне како редок и единствен пример во македонското глумиште, зашто според законските прописи мораше да замине во пензија (зар воопшто може да се пензионира актерскиот талент?!), а и пред пензионирањето, не беше искористена толку колку што можеше и колку што требаше...

Се разбира, ни по пензионирањето, не се повлече од драмската сцена, ниту од играниот филм. Играше во забе-лежителниот уметнички филм на Димитар Османли – „Ангели на отпад“. И натаму продолжи да ја игра својата ролја од антологиско значење

– Живка во „Госпоѓа министерка“ од Б. Нушиќ. Исто така, беше вклучена, т.е. учествуваше како гостинка на скопскиот Драмски театар во пиесата „Еригон“ од Јордан Плевнеш (режија :Љубиша Георгиевски),(за креирањето на ликот Мадам ди Буа во оваа пиеса стана лауреат на Стериината награда за најдобро актерско остварување), настапуваше како гостинка и во проекти на Народниот театар „Антон Панов“ во Струмица, играше во самостојни проекти („Окото на мајката“ на режисерот Владо Цветановски); како пензионер ја толкуваше насловната улога во Диренматовата пиеса „Посета на старата дома“ к.г, во продукција на нејзината поранешна матична сцена и тн.

Мери Бошкова за своите блескави актерски остварувања е добитник на повеќе високи признанија, меѓу кои и оние на Владите на НР Македонија и на Федеративна Народна Република Југославија, потоа на Октомвриската награда, на наградата за животно дело што ја доби на театарските игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп и многу, многу други...

Што и друго да се каже за ова врвна актерка, многу нешта ќе останат неискажани. Не случајно познатата македонска поетеса Гордана Михајлова Бошњаковска во инспиративниот текст, објавен во весникот „Дневник“ во вид на писмо, по повод смртта на оваа „царица“ на македонската глума, уште во самиот наслов ќе нагласи дека „таа е нашата Марлен Дитрих“, „наша Грета Гарбо“...Потсетувајќи се, т.е., навраќајќи се на почетоците на Бошкова на битолската сцена, спомнатата писателка ќе ја потенцира „нејзината разиграна младост, нејзиниот талент, нејзината убавина, нејзиниот стас и особено, нејзиниот глас“. Најточна е онаа импресија на поетесата Михајлова кога забележува дека „Кога таа (Бошкова) беше на сцената, тоа беше нејзината природна состојба на живеење. Таа со обожување ги толкуваше ролјите, таа ги сакаше тие личности и правеше да ги засакаме и ние, од театарската темница гледавме во осветлената сцена што беше нејзиниот живот“. И сосема на крајот од текстот на Бошњаковска следи заклучокот дека „во секоја нејзина ролја, каква и да била, без разлика во какви емотивни, социјални контексти била поместувана, Мери Бошкова ја внесуваше својата сопствена и карактерна раскриленост.. И сега таа го раскрилила своето тело во просторите на бескрајното, тој нејзин глас паѓа врз мене во кристали од пороен дожд.....“

На сево ова е многу тешко повеќе да се додаде или да се одземе. Сепак, би додале дека во целокупниот свој репертоар Бошкова покажа силна драмска полетност и широки драмски зафати, дека во нејзините интерпретации сè беше згуснато, така што и од своите паузи создаваше возбудливи драмски ефекти, па така ниту еден момент во нејзините толкувања не остануваше без струење на драмскиот живот. Со еден збор – таа беше уметник на големи силуети, покажувајќи ја таинствената вокација на звуковите.. Широката амплитуда на нејзините творечки способности ѝ дозволуваше да игра ролји од најразнообразен карактер, така што ликовите на Мери Бошкова беа велелепна демонстрација на душевна трепетност. И ќе заклучиме: нè остави, но засекогаш остана со нас како недопишана светла страница во историјата на нашиот театар....

Иван Ивановски

КИРЧО БОЖИНОВСКИ

(Куманово 1931 - Скопје, 2014)



1931, Куманово – 2014, Скопје. По завршувањето на Државната средна театарска школа (1951) во Скопје, првите чекори ги прави на сцената на МНТ. Од 1960 г. е на работа во Младинско-детскиот театар. Настапувал во над стотина улоги. Во своите настапи за кратко време се здоби со голема популарност кај најмладите посетители во Скопје и во градовите каде што гостувавме, станувајќи нивни миленик, а подоцна и кај возрасната публика со настапите во широк спектар на дела реализирани во куклената детска и вечерната сцена.

Актерски остварувања во МНТ (1951–1960): Алјоша (Надката); Андруша (*Веселиот сон*); Кристи Доџонс (*Ученикот на ѓаволот*); Крелес (*Школа за озборување*); Мишко (*Ревизор*), Допчински (*Ревизор*); Серјожа (*Оклопниот воз*); Хескел Камингс (*Помладата сестра*) и други.

Драмски театар: Кекец (*Кекец и Мојца*, 1961); Том Соер (*Том Соер*, 1962), Труфалдино (*Кралот на еленитe*, 1965) Готвач (*Џон Пиплфокс*, 1965); Андреј (*Среќен пат*, 1962); Ерни (*Фармерки*, 1965); Велосипедист (*Танцот на трендафилите*); Аполон (*Ромул Велики*, 1967); Шишко (*Бегалка*, 1968); Енгос (*Магбет*, 1969); Јонче (*Хамлет од Долно Гаштани*, 1973) како и во *Автобиографија* од Нушиќ. Кирчо Божиновски беше актер со извесна блага, питома топлина, кој плениуваше и дејствуваше во повеќе негови улоги. Чувство на радост, ведрина и полет, презентираше на сцената како едноставен и јасен артист со изразит реалистичен тон, со кое беше познат на нашата публика.

За него критиката пишува за улогата на Кекец дека „...Тој е решителен, бистар, храбар, добар, со меко срце.“ Кирчо Божиновски успеа да го даде темпераментното и поносното.

Р.С.

ЗОРА ГЕОРГИЕВА

(Струмица, 1935 - 2014)

Зора Георгиева (26 јуни 1935 г., с. Попчево, Струмица), актерка. Од 1955 година работи во НТ „Антон Панов“ – Струмица, каде што настапува и по пензи-онирањето (1996). Таа е една од најекспонираните актерки на овој театар. Селективна театрографија: Нина Павловна (*Без вина виновник*, 1955); Мод Мокрич (*Опасна кривина*, 1958); Тања (*Тања*, 1967); Ели Меј (*Тутунскиот пат*, 1972); Електра (*Електра*, 1972); Сузана (*Кројач за дами*, 1974); Маша (*Три сестри*, 1972); Јоцинта (*Соблазна во Шентфлоријанската долина*, 1976); Мама (*Бледица*, 1985); Таца (*Викенд на мртовци*, 1986); Андромаха (*Големиот смок*, 1986); Мара (*Парите се отепувачка*, 1987); Мис Мона Еми (*Мис Мона Еми*, 1990); Непознато (*Запарени*, 1991); Учителката (*Звучни слики*, 1992); Кет Келер (*Сите мои синови*, 1992); Бона (*Големиот чичко*, 1992); Милица (*Седумка, љубов и смрт*, 1993); Старата (*Столови*, 1994);

Вера (*Мавзолеј*, 1994); Амонда (Стаклена менажерија, 1996); Момина Андреевна (*Галеб*, 1997); Ксантита (*Последната ноќ на Сократ* 1999); Мајка (Тегемато, 2000) и многу други.

Награди:

За актерски остварувања на Македонскиот театарски фестивал (МТФ) „Војдан Чернодрински“ за Тања (во истоимената претстава, 1967); Бланш (*Трамвајот наречен желба*, 1974); Баба ни Ева (*Векутума века* или *Житие Адамово*, 1974); Јоцинта (*Соблазна во Шентфлоријанската долина*, 1975), Андромаха (*Големиот смок*, 1988).

За најдобро остварување на камерниот театар „Ристо Шишков“ за улогата на Аманда (*Стаклена менажерија*, 1996).

За животно дело на МТФ „Војдан Чернодрински“ (Прилеп, 2001).

Зора Георгиева е и трикратен добитник на највисокото признание што се доделува по повод денот на ослободувањето на Струмица. Она по што таа се препознава како актерка, вели критиката, е што секој лик докрај го „обработува“ и до најмала ситница, едноставно преточувајќи се во секој лик, градејќи гостопримство и умешност до школски пример на префинетост, со строго индивидуалистички пристап, пред сè, со длабока студиозност на нејзините психолошки перформанси. Настапувала на радио, на телевизија и на филм.

Р.С.

ИЛИЈА АРАНОВИЧ - КОГАН

(Киев, 1921 - 2013)



Роден е во Киев во 1921 г. Во 1930 година неговото семејство се преселува со постојано жителство во Москва. Во 1949 г. го завршил Московскиот правен факултет. Оттогаш животот го поврзал со театарската култура: се занимавал со театарското законодавство, со авторските права, со организацијата на актерското дело во системот на Министерството за култура во СССР. Од 1966 година до смртта во 2013 година е на практична работа како директор на театарот „Московски театар на млади творци“, на Драмскиот театар и последните години како директор на театарот „Мала Брона“. Се јавува како автор на голем број нормативни документи во областа на театарот за проблеми настанати за творечките и други прашања за развојот на театарот. Предавал на Врховниот институт за театарска култура.

Од 1967 година раководи со соработката со југословенските театри и фестивали, а од 1978 г. со Македонскиот народен театар во Скопје.

Во 1970 год. му било доделено звањето „заслужен работник“ на културата.

...„Се гордеам со соработката со МНТ. Нема ништо подобро во светов од меѓучовечки контакти. Мојата соработка е богата, токму поради меѓусебното разбирање и почитување што постои меѓу луѓето на овие два колектива“, ќе изјави Коган. По нашето доаѓање во Москва за премиерата на „Тетовирани души“ од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски, по премиерата, Илја Коган во здравицата истакна дека македонскиот „десант“ има повеќекратно значење, тоа е прв македонски текст што се игра во Москва. На московската сцена првпат гостува македонски режисер, а на премиерата допатуваа дваесетина гости од Македонија. Не дојде никој од официјалните лица. Подоцна се обидовме да му дадеме некое државно признание на Илја Каган, но тоа не ни успеа. Тој беше душата на проектот за заемната соработка на двата театра. Гостуваа наши режисери таму и нивни во Скопје. Во тоа време, нашиот источен сосед ни правеше пречки во соработката со источните земји, што ни овозможи да ја прескокнеме источната „провинција“ и директно во Москва успешно да прикажеме наш текст, со наш режисер и костимограф, и да триумфираме во московската средина. Затоа голема благодарност и почит кон тебе Илја Каган!

Почивај во мир!

Р.С.

ВАСКА БИЏОВА - ГАЈДОВА

(1924 - 2014)

Почитувани,

Ве молам со една минута молчење да и оддадеме последна почит на нашата колешка Васка Биџова-Гајдова. Вечна и Слава.

Почитувано семејство, драги колеги,

На 5 септември оваа година престана да чука срцето на нашата колешка, сопранот Васка Биџова-Гајдова, уметник од првата генерација и еден од основоположниците на Македонската Опера и Балет. Трајно ќе остане во сеќавање по нејзиниот прекрасен колоратурен сопран, или како што ја нарекуваа „Славејот на операта".

Во својата долгогодишна кариера, Васка Биџова одигра многу ролји. За неа не беше важно дали е тоа главна, епизодна или споредна улога, таа со ист жар и ентузијазам, на сите им пристапуваше подеднакво.

Тоа го покажува и списокот на некои од одиграните улоги:

Адина во „Љубовен напиток", **Амор** во „Орфеј и Евридика", **Глас** во „Дон Карлос", **Дух во** „Дидона и Енеј", **Евридика** „Орфеј и Евридика", **Каролина** во „Таен брак", **Керубин** во „Свадбата на Фигаро", **Констанца** „Грабнување од сарајот", **Кралица на ноќта** во „Волшебната флејта", **Лејди Хариет** во „Марта", **Лучија** во „Лучија од Ламермур", **Мис Вордсворт** во „Алберт Херинг", **Олимпија** во „Хофманови приказни", **Оскар** „Бал под маски", **Розина** „Севелскиот берберин", **Фјордилиџи** во „Така прават сите", **Џилда** во „Риголето" и многу други.

Нашата Васка ќе остане запаметена и како коректен соработник и колега. Колегите од Македонската Опера и Балет остануваат трајно благодарни за љубовта и ентузијазмот што ја красеше таа прва генерација оперски уметници. Во годината кога славиме 70 години од АСНОМ, или слободна Македонска држава, имаме и 67 години оперска куќа, што е неостварена желба на многу народи и држави.

Текст на Скубев од комеморацијата одржана во Македонската Опера и Балет, по повод смртта на Васка Биџова-Гајдова.

Нека и е Вечна благодарност и Слава.

М-р Крсто Скубев

ПЕРИХАН ТУНА - ЕЈУПИ

(Скопје, 1955 - Скопје, 2014)

Во импозантниот број актерски индивидуи кои ѝ втиснаа силен печат на Турската драма при Театарот на народностите во Скопје (Денес Национална установа – Турска драма), секако, покрај другите спаѓа и Перихан Туна – Ејупи, која постепено, но сè посигурно се појавуваше како носител на главниот женски репертоар, која сè повеќе се наложуваше со своите несомнени актерски можности, како и со своите убави вокални квалитети, односно со низа содржајни актерски остварувања, како носител на главни и насловни улоги. Така, и пред да ја добие единствената награда на фестивалот на камерниот театар „Ристо Шишков“ во Струмица, се издвојуваше како актерка со еден посебен стил на глума, со својата одлична дикција, со своите впечатливи актерски реализации и во делата од светската и домашната драмска класична литература и во пиеси од современета домашна (македонска и турска) драматургија. Но најсилен израз нејзината глума како да постигнува во сценски проекти од современи драмски писатели од Република Турција, а исто така и во пиеси од автори од турска националност во Македонија. Сепак, врвна точка во нејзината актерска кариера беше и останува наградената насловна улога во пиесата „Каста дива“ од Владимир Плавевски во градот под Беласица, што ја режираше гостинот од Загреб, Бранко Брезовац.

Карактеристично за Перихан Туна беше нејзиниот брз развој во една од водечките актерки... Оттука и учеството во поголем број насловни улоги (Коштана во истоимената пиеса од Б. Станковиќ, Зона во „Зана Замфирова“ од С. Сремац, па „Ханка“ од И. Самоковлија, „Хермане и нејзините седум мажи“, „Асија, како да се спаси Белиса“ од Лорка, „Питија“ од Маја Стефановиќ и многу други.

Повеќе како куриозитет да потсетиме дека Туна учествуваше во две дијаметрално различни постановки на една иста пиеса - „Женички“. Ако првата верзија на оваа пиеса, реализирана во далечната 1988,. строго реалистички ја режираше Зекир Сипахи, повторното вклучување на ова дело по 20 години, овој пат во режија на Наташа Поплавска, беше работено како еден вид мјузикл, а Туна креираше иста улога – проститутка. Инаку, за парадни нејзини улоги можат да се сметаат оние реализирани во „Дон Жуан“ од Молиер, „Свет“ од Нушиќ, „Женидба“ од Гоголь, „Злосторство и казна“ од Достоевски, не ретко настапувајќи и во репертоар наменет за деца.

Иван Ивановски

БОРА ТОДОРОВИЌ
(1924 - 2014)



Еден од најпопуларните актери во поранешна Југославија, српскиот актер Бора Тодоровиќ почина во 84 година од животот. Тодоровиќ починал по неколку дена поминати во кома. Неодамна оперирал слепо црево, но во текот на заздравувањето му бил констатиран мозочен удар.

Познатиот актер е брат на славната Мира Ступица и татко на Срѓан Тодоровиќ и Дана Тодоровиќ.

На филм и во ТВ-серии остварил голем број значајни улоги, а многу реплики на ликови што ги играл и денес често се цитираат. Незаборавни се неговите улоги во филмовите: „Маратонците го трчаат почесниот круг“, „Балкан експрес“, „Дом за бесење“, „Професионалец.

Владимир Светиев
(с. Светомитрани, Прилепско 1945 - Скопје 2013)

Исклучителниот театарски мајстор, кој минатата година беше овенчан со Наградата животно дело, не напишти на 1 ноември 2013 година. Владимир Светиев на македонскиот театар му го остави сеќавањето за својот впечатлив актерски потенцијал, создаван низ годините од искуството стекнувано на неколку театарски сцени. Како што минатата година сведочевме дека станува збор за неверојатен перфомативен потенцијал, креиран во неколку различни театарски институции, годинава ќе ја мемориграме неговата непрестаната потреба и жед за театар. Владимир Светиев, ќе биде запаметен како еден од првите студенти по актерска игра од Македонија, кои се едуцирани надвор од нашата земја. Дипломирал на отсекот за актерска игра на Академијата за театарска уметност во Загреб (19710, под менторство на познатиот актер и педагог Илија Џувалекоски. Оваа таканаречена „македонска класа“ актери учат сценски говор на мајчин јазик, за разлика од другите предмети

кои се изучуваат на Факултетот. За македонската театрологија ова е исклучителна група на актери затоа што развиваат посебен модел на актерска игра и имаат можност истата да ја презентираат на сцените на театрите во Македонија.

Неверојатниот актерски потенцијал го препознава и потврдува Македонскиот Народ неатар, каде тој се вработува после дипломирањето, и каде останува да работи цели дваесет и една година (1971-1992). За профилирањето на неговата актерска поетика и практика од непроценливо значење е актерскиот ангажман во Театарот на Ромите „Пралипе“ во Милхајм, Германија (1992-1994). Во овој театар, за разлика од матичниот каде се враќа од 1994 година до пензионирањето, тој негува поинаква театарска естетика која функционира на откривањето на интеркултуралниот и мултикултуралниот концепт напоредно со работата во таканаречена театарска трупа / братство што е еквивалент на изучувањата на една цела област на театарот наречена театарска антропологија. Со искуство стекнато таму, со својот личен активен и посветен однос кон театарот, со исклучителна работа на создавањето сопствена актерска естетика, Светиев се изградува во уникатен актер чиј дијапазон на игра е хетероген и обемен.

Како професионален актер дебитира на сцената на матичниот театар со улогата на адвокатот Ѓорѓи во претставата Под пирамидата (1971). Освен на матичната сцена, актерски е ангажиран и на сцените на театрите од Куманово, Струмица, Битола и Драмски театар – Скопје. Во неговото актерско портфолио треба да се несе и искуството кое го стекнува уште како средношколец во претстава на Народниот театар од Битола.

Станува збор за претставата Река без брегови од И. Ивањи, во режија на Душан Г. Наумовски (1960). Освен овие треба да се споменат повеќе улоги по кои Владимир Светиев стана познат македонски актер со сопствена уникатна перфомативност и потенцијал кој се транспонира кон повеќе различни естетики. Тоа се: Доне (Рамна земја, 1973); Лудиот (Дневникот на лудиот, 1974); Поетот (Славата и смртта на Хоакин Муриета, 1976); Радомир (Алексијада, 1978); Втор артист (Сојтарии, 1979); Кандид (Кандид, 1980); Касиј (Јулиј Цезар, 1982); Трајан Поп Стефанов (Macedonische Zustande, 1984); Аристот дијабетес (Бог, 1984); Златикум (Скуп, 1985); Мето (Глоговиот џбун, 1985); Баал (Баал, 1987); Перо (Црна дупка, 1988); Ричард Глостер (Ричард III, 1990); Професорот (Посета на старата дама, 1990); Гуревич (Валпургинска ноќ, 1990); Исус (Јануари, 1994); Птоломеј (Мелница, 1996); Игњат наци Глембај (Глембаеви, 1996); гаев Леонид Андреевич (Вишновата градина, 1997); Полониј (Хамлет, 1998); Ристо (Писание, 2002).

Неговиот актерски талент го препознава и публиката и критиката и за истиот е наградуван со повеќе награди. Некои од вин се: Награда за најдобро актерско остварување на МТФ Војдан Чернодрински – Прилеп (и тоа во повеќе години: 1977, 1988, 1991 и 2002); Награда на истиов фестивал и за најдобра епизодна улога, за улогата на Професорот во претставата Посета на старата дама (Прилеп, 1990); Награда на град Скопје 13 Ноември(1991); Награда 11 Октомври (1999); Награда за животно дело на МТФ „Војдан Чернодрински“ – Прилеп (2013).

Ана Стојаноска

Кирил Попов (1927 - 2014)

Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје (1956). Од 1953 год. работи во Драмата на Македонскиот народен театар.

Театрографија:

Сава Мишиќ – „Госпоѓа министерка“ (1953 г.)

Нилс Крогстад – „Нора“ (1957 г.)

Кралер – „Дневникот на Ана Франк“ (1958 г.)

Бодаев – „Шума“ (1959 г.)

Допчински – „Ревизор“ (1966 г.)

Пророт – „Случајот во Виши“ (1967 г.)

Панкрацио – „Венецијански близнаци“ (1968 г.)

Сашо – „Образов“ (1969 г.)

Строфие – „Електра“ (1970 г.)

Софре – „Парите се отепувачка“ (1970 г.)

Силјан – „Под пирамидата“ (1971 г.)

Урусов – „Зајдисонце“ (1971 г.)

Војводата од Бургундија – „Крал Лир“ (1972 г.)

Бележникот – „Крчма под зеленото дрво„ (1977 г.)

Маврикиј Николаевич – „Бесови“ (1978 г.)

Пан Јадриковски – „Кенгурски скок“ (1979 г.)

Илија – „Габи“ (1982 г.)

Претседателот – „Погрижи се за Амелија“ (1984 г.)

Директорот на “Лукс“ – „Macedonische Zustande“ (1984 г.)

Награди: Награда на ревијата Екран за најдобро телевизиско остварување во ТВ – драмата *Скопски сновидениј*а, во режија на Димитрије Османли (1989 г.)

Р. С.

Вера Вучкова - Жежељ
(Кнежа, Бугарија, 1925 - Скопје, 2014)

Во МНТ е 1947-47 и 1964-82 на 3 април 1945 година во првата целовечерна претстава на МНТ „Платон Кречит“ нејзе и припадна честа да ги изговори првите зборови на претставата со симболично значење „Колку е близу сонцето“.

Улоги: „Татков дом“ (Дусја), „Платон Кречит“ (Валја), „Хенри VIII и неговите шест жени“ (Ана), „Дабот и јангорските зајци“ (Ана), „Живиот труп“ (Каренина), „Хеда Габлер“ (Берта), „Антигона“ (Евридика), „Од многу ум“ (Марија), „Зајдисонце“ (мадам Вајнер), „Печалбари“ (Рајна), „Народен пратеник“ (Спировица), „Антица“ (Саветка), „Три сестри“, „Госпоѓа Министерка“ (тетка Даца и тетка Савета), „Чорбаџи Теодос“ (Цонка), „Печалбари“ (Темелковица) ...

Добитничка е на престижната награда на фестивалот на макрдонскиот театар „Војдан Чернодрински“ – Прилеп за ***животно дело.***

Р. С.

АФЕРАТА ЕЛСИНОР



УЛОГИ
Владо Јовановски – Клаудиј
Ирена Ристиќ – Гертруда
Јордан Симонов – Хамлет
Искра Ветерова – Офелија
Ѓорѓи Јолевски – Полониј
Борче Начев – Лаерт
Магдалена Ризова -Черних – Хорацио
Гораст Цветковски – Марцело
Славиша Кајевски – Озрик
Александар Ѓорѓиоски – Розенкранц
Емил Рубен – Гробарот
Никола Ацески – Актерот
Александар Микиќ – Наполеон Бонапарта
Никола Ацески – Маркиз де Сад
Славиша Кајевски – Цар Едип
Трајче Георгиев – Фридрих Ниче
Дарја Ризова – Македонка Филиповна
Арна Шијак – Шарлота Корде

Сценограф: Мери Георгиевска
Костимограф: Никола Ефтимов
Избор на музика: Љубиша Георгиевски
Помошник – режисер: Изабела Новотни
Извршни продуценти: Симона Угриновска и Виктор Рубен
Дизајн на плакат: Елена Јовановска
Тон – мајстор: Александар Петровски
Светло – мајстори: Илија Тарчуговски и Игор Георгиев
Инспициент: Вукица Александрова
Суфлер: Агна Николоска

Автор: ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ
Режисер: ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ

НЕ СЕ КЛАДИ НА ЕНГЛЕЗИ

УЛОГИ
Сашко Коцев - Паун
Оливер Митковски – Пикси
Александар Микиќ - Буле

Сценограф: Илина Ангеловска (мебел – Home by Almak)
Костимограф: Ана Данчевска
Превод: Александар Микиќ
Светло – мајстор: Владо Ќулавковски
Тон – мајстор: Ненад Трпеновски
Инспициент: Никола Кимовски

Автор: ВЛАДИМИР ЃУРЃЕВИЌ
Режисер: СИНИША ЕВТИМОВ

ЕЛЕКТРА

Адаптација и режија: Андриј Жолдак Дејство во античкиот мит за Електра Електра, ќерка на кралот Агамемнон и кралицата Клитемнестра, и брат ѝ, Орест, заговараат одмазда против мајка им, Клитемнестра, и нејзиниот љубовник, Огист, заради убиството на татко им, Агамемнон. Овој антички мит претставува основа на трагедиите на Есхил, Софокле, Еврипид и Жан-Пол Сартр.

Улоги:
Дарја Ризова – Електра, ќерка на Агамемнон
Александар Ѓорѓиески – Орест, син на Агамемнон
Звездана Ангеловска – Клитемнестра, нивна мајка, жена на Агамемнон
Славиша Кајевски, Борче Начев – Агамемнон, нивни татко
Никола Ацески – Огист, љубовник на Клитемнестра
Еврипид – Славиша Кајевски, Борче Начев
Звездана Ангеловска – Жена на Еврипид
Александар Михајловски – Исус
Анастазија Ташковска, Михаела Николоска – Електра во детството
Арна Шијак – Бодигард на Клитемнестра, негувателка на Електра и Орест

Сценографи – Андриј Жолдак, Лукас Нол
Костимографи – Лукас Нол, Даниел Жолдак
Автор на музика – Сергеј Патрамански
Асистент на режисерот –Никола Кимовски
Извршен продуцент– Виктор Рубен
Автор на плакат – Срѓан Јаниќијевиќ
Камерман –Кузман Клековски
Асистент-сценограф – Тања Блажевска – Христова, Даниел Жолдак, Илина Ангеловска
Светло-мајстор – Илија Тарчуговски
Тон-мајстор –Александар Арсиќ
Модул-оператор –Костадин Велков

ПОСЛЕДНА ШАНСА 2

Автор: МИРЈАНА БОБИЌ МОЈСИЛОВИЌ
Режисер: СИНИША ЕВТИМОВ

Последна шанса е монодрама, која се занимава со ефектот на суперфицијалниот вирус, кој преку меин стрим медиумите, ја инфицира секоја пора на нашето современие. Се работи за псеудо реално шоу во кој ја следиме "неверојатната" животна приказна на еден сосема обичен човек. Совршен почеток за секое реално шоу зар не. Особено сите оние инспирирани од Големиот брат, на Орвел, кој никогаш не го потценил сопствениот род дотаму, за да помисли дека неговиот свет, неколку децении подоцна, ќе биде интерпретиран на така тривијален начин. Реалните шоу-а од типот на Big Brother и неговите безбројни дегенерирани и мутирани нус појави, полека но сигурно ја турка ТВ популацијата во деволуционен процес, кој неминовно води кон идиократија. Воаејризам како оправдание за сопствените неуспеси. Tabula rasa. Лесен плен за било кој државник со здрав концепт за контрола. Кругот се затвора и повторно доаѓаме до Големиот брат, но сега оној поблиску до оригиналниот свет на Орвел.

Мирјана Бобиќ Мојсиловиќ, писателка и сликарка

Долги години работеше како новинар во најзначајните весници на Југославија и на Србија, беше автор и водител на многу ТВ емисии. Книжевната кариера ја почна во 1997 година, со збирката приказни „Бабо, не ме прашувај ништо', и оттогаш објави десет романи, бестселери, две книги со драми и двекниги со есеи.

Претставите на нејзините драмски текстови („Верица меѓу сливите", „Солзите се О.К.", „Имитација на животот", „Последна шанса", „Погоди кој доаѓа на вечера") се играат со голем успех во Народниот театар во Белград, Атеље 212, Ѕвездара театарот, Театарот Култ, на сцената на Браќата Стаменковиќ, театарот Аполо во Братислава...

Живее и работи во Белград, како слободен уметник.

Драмскиот текст „Последна шанса" за прв пат се поставува кај нас и ќе се игра во Македонски народен театар.

УЛОГА Весна Петрушевска



СИНАТА ПТИЦА



Автор: МОРИС МЕТЕРЛИНК
Режисер: ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ

УЛОГИ
Дарја Ризова – Тилтил
Наталија Теодосиева – Митила
Сашка Димитровска – Мајката Тила/Мајчинската љубов
Славиша Кајевски – Таткото Тил/времето
Арна Шијак – Самовилата Берилин / Сосетката Берленго
Олгица Милевска – Синиот глас
Сашко Коцев – Кучето Тило
Тина Трпкоска – Мачката Тилета
Васил Зафирчев – Светлината
Весна Петрушевска – Среќата
Звездана Ангеловска – Баба Тила
Борче Начев – Дедо Тил
Катина Иванова – Ноќта
Неродените деца – Среќите: Александар Ѓорѓиоски, Александар Михајловски, Христијан Поп-Симонов, Васко Костовски, Никола Кузелов, Владанка Димовска, Ангела Димитрова, Бобан Кулески, Мирко Голомеов, Ирена Мирческа, Мартин Манев и Ангела Стојановска

Сценографи: Златко Славенски и Илина Ангеловска
Костимограф: Никола Ефтимов
Видео анимации,3D мапинг,звучни ефектии и изработка на 7.1 сараунд: Милчо Узунов
Избор на музика: Златко Славенски
Кореограф на V I VIII сцена: Кренаре Невзати – Кери
Изработка на сценографија: Тодор Даевски
Дизајн на плакат: Срѓан Јаниќијевиќ
Извршни продуценти: Виктор Рубен и Симона Угриновска
Инспициент: Никола Кимовски
Дизајн на тон: Ненад Трпеновски
Дизајн на светло: Илија Тарчуговски
Манипуланти на горен и долен погон: Васко Бојаџиски, Костадин Велков и Трајче Тасевски
Суфлер: Зорица Благоевска

ВЕЧНАТА КУЌА



УЛОГИ:
Искра Ветерова – Стела Бенвениста
Драгана Костадиновска – Естреа Бенвениста
Дарја Ризова – Естел Бенвениста
Оливер Митковски – Ментеш Бенвениста
Петре Темелковски – Рабинот Ицак Коин
Тони Михајловски – Ефрем Поплавски
Весна Петрушевска – Деспина Поплавска
Јордан Симонов – Соломон Брант
Ѓорѓи Јолевски – Абдураман Баба Ѓул
Тина Трпковска – Жана Балавуан
Арна Шијак – Хинг Гиу Миу
Гораст Цветковски – Алексеј Ангел
Владимир Јачев – Варда Склир
Александар Ѓорѓијоски – Теодосиј Трети
Никола Ацески – Ахмад Ал Масри
Ивица Димитријевиќ (*Алтернација: Ненад Анѓелковиќ) – Гоце Делчев
Владо Јовановски – Крсте Мисирков
Висар Вишка – Џон Балтимор
Нино Леви – Вилијам Гарланд
Александар Микиќ – Димитрија Чуповски
Звездана Ангеловска – Малина Поп-Иванова
Сашко Коцев – Кочо Рацин
Софиа Насевска Трифуновска – Кате
Дејан Лилиќ – Орце Попјорданов
Славиша Кајевски – Готфрид Најцзекер
Борче Начев – Бохумил Зелински
Катина Иванова – Уранија
Емил Рубен – Крсте Поплавски
Васил Шишков – Ристо Шишков

ХОР
Магдалена Ризова – Черних, Марија Новак, Снежана Коневска – Руси, Александар Џуровски, Јасмина Поповска, Даница Георгиевска, Александар Шехтански, Стојна Костовска, Томе Витанов, Трајче Георгиев, Теоман Максут, Драгана Левенска, Анкица Бенинова, Александра Стојкова, Александра Михајловска, Александар Михајловски, Стефан Вујисиќ, Тони Денковски, Ненад Анѓелковиќ, Владимир Петровиќ, Владанка Димковска, Ангела Димитрова, Марија Димитрова, Надица Петрова, Марија Петреска, Аница Бебиќ, Анастазија Христовска, Никола Стефанов, Филип Трајаноски, Милош Стојковиќ, Антонио Китановски, Марко Илиќ, Александар Иваноски, Денис Давидковски

Сценограф: Валентин Светозарев
Костимограф: Благој Мицевски Сценски движења и кореографија: Сташа Зуровац
Композитор: Горан Трајковски Дизајнер на светло: Дени Шесњиќ Ритуали: Александар Илиев Помошник – режисер: Андреј Цветановски Видео дизајнер: Сергеј Светозарев Асс. на режисерот: Дамјан Читкушев, Драгана Таневска и Ѓорги Ризески Инспициент: Никола Кимовски Суфлер: Зорица Благоевска Продуценти: Симона Угриновска и Виктор Рубен Лектор: Цветанка Недановска
Техничка екипа:
Раководител на сценска технологија: Гунтер Кубе
Оператори на механизација: Костадин Велков, Васко Бојаџиски, Горан Димов и Трајче Тасевски
Светло – мајстори: Илија Тарчуговски, Срећко Караџовски, Горјан Темелковски, Дарко Младеновски, Владо Ќулавковски, Игор Георгиев
Тон – мајстори: Александар Петровски, Ненад Трпеновски, Ташко Грујовски и Александар Арсиќ

ИЗГУБЕНИ ГЕРМАНЦИ



Винченцо	**ЗВЕЗДА АНГЕЛОВСКА**
Кристијан	**НИКОЛА РИСТАНОВСКИ**
Адолф	**ЈОРДАН СИМОНОВ**
Марија Лили Марлен Дитрих	**КАМКА ТОЦИНОВСКА**
Бењамин	**ЈОВИЦА МИХАЈЛОВСКИ**
Ото	**ТОНИ МИХАЈЛОВСКИ**
Рик	**ОЛИВЕР МИТКОВСКИ**
Тито, кучето	**ЕМИЛ РУБЕН**
Радио Белград	**САЊА АРСОВСКА**
7 лути партизани	**студенти на ФДУ**

режисер	Слободан Унковски
сценограф	
костимограф	
композитор	Ирена Поповиќ
кореограф	Кренаре Невзати
видео	Вардан Тозија
оркестар	Старовски и Јордан Костов
тренер за германски јазик	Нина Леттра
асистент по режија	Јане Спасиќ
продуценти	Виктор Рубен и Симона Угриновска

волонтери / практиканти

асистенти по режија	Драгана Стојчевска, Милош Андоновски, Ангелчо Илиевски, Саша Нацевски
организатор	Марија Зафирова (ФДУ)

БРАЧНА ИГРА

Едвард Олби режија:
Бојана Краљевска

улоги:
Сања Русеска и
Марко Трајковиќ

ПОДЕМОТ И ПАДОТ НА КАБАРЕТО

Превод и препев од англиски и чешки: Владимир Милчин и Ема Маркоска Милчин
Режисер: Владимир Милчин
Композитор: Марјан Нечак
Сценограф: Крсте С. Џидров
Костимограф: Марија Пупучевска

Л и ц а:
(„Зелениот папагал“)

Емил, Војвода од Кадињан	Оливер Митковски
Франсоа, Виконт Ножеан	Владимир Ендровски-Љац
Албин, Витез де Ла Тремуј	Арна Шијак
Маркизот од Лансак	Гораст Цветковски
Северина, *негова сопруга*	Камка Тоциновски
Ролен, *поет*	Борче Начев
Проспер, *газда, порано театарски директор*	Емил Рубен
Анри	Тони Михајловски
Балтазар	Никола Ацески
Гијом	Јордан Симонов
Скевола	Благој Веселинов
Жил	Ивица Димитријевиќ
Етјен	Ана Стојановска
Морис	Александар Ѓорѓиески
Жоржета	Тина Трпкоска
Мишета	Кристина Леловац
Флипота	Емилија Мицевска
Леокадија, *актерка, сопруга на Анри*	Софиа Насевска-Трифуновска
Грасе, *филозоф*	Сашко Коцев
Лебре, *кројач*	Нино Леви
Грен, *вагабонт*	Славиша Кајевски
Комесарот	Трајче Георгиев

„Протестен собир“

Репке	Никола Ацески
Вознемирен маж	Александар Ѓорѓиески
Мајнеке	Гораст Цветковски
Флосе	Нино Леви

„Војна“

Матурантка	Ана Стојановска

Продуценти: Симона Угриновска и Виктор Рубен
Инспициент:Вукица Александрова
Мајстор на светло: Илија Тарчуговски и Владо Ќулафков
Мајстор на тон: Александар Петровски и Ташко Груевски
Суфлер: Агна Николоска

ПРЕМИЕРИ НА НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

во периодот септември 2013 - септември 2014

ОГНЕНИ ЈАЗИЦИ

Автор: **Горан Стефановски**
Режија: **Слободан Унковски**
Композитор: **Златко Ориѓански**
Сценски дизајн: **Игор Тошевски**
Костимографија: **Ивана Кнез**
Анимации: **Денис Сарагиновски**
Дизајн на плакат: Мирко Илиќ

Пејо	**Драган Спасов**
Дојчин	**Благој Веселинов**
Хилда	**Сања Арсовска**
Богдан	**Филип Трајковиќ**
Вихинг	**Зоран Љутков**
Јадвига	**Соња Стамболџиоска**
Вангел	**Диме Илиев**
Стојко	**Игор Ангелов**
Дора	**Биљана Драгичевиќ Пројковска**

Инспициент: **Жарко Намичев**
Суфлер: **Даница Илиева**
Тон: **Чедомир Младеновски, Димитар Илиоски**
Светло: **Дејан Блажевски, Кире Бубулевски**

ЧИЈА СИ

Ацо Шпрт	АНАСТАС ТАНОВСКИ
Ринго Шатка	БЛАГОЈ ЧОРЕВСКИ
Киро Стап	ЛАЗЕ МАНАСКОВСКИ
Ристо	ВАНЧО ПЕТРУШЕВСКИ
Менка	ЛЕНЧЕ ДЕЛОВА
Нина	СИЛВИЈА СТОЈАНОВСКА
Верче	МАРИЈА КОНДОВСКА
Чкембар	ЃОКИЦА ЛУКАРЕВСКИ
Фабијан	ЃОРГИ ТОДОРОВСКИ
Девојката	ДУШИЦА СТОЈАНОВСКА

автор
сценографија: Валентин Светозарев | автор на музиката на песната „Чија си": Славе Димитров | автор на текстот на песната „Чија си": Благој Стефановски | композитор: Марјан Неќак | дизајн на плакат: Сергеј Светозарев |асистент на режија: Иван Манасковски | инспициент: Гоце Бојчев | суфлер: Жаклина Цветковска | технички директор: Тодор Дајевски | тон - мајстори: Чедомир Младеновски, Димитар Илиоски | светло - мајстори: Кире Бубулевски, Дејан Блажевски | фотографии: Игор Петрески | техничка поддршка: шминка: Игор Петрески, фризер - перикер: Будимка Јовановска, сликар - изведувач: Ѓорѓи Ѓорѓиевски, шивач - гардеробер: Иванка Трајковска, кројачи: Анѓа Трајковска, Стојан Наумовски, реквизитери: Љупче Митровски, Зоран Новковски, организатор на сценска техника: Перо Ралев, сценски декоратери: Благоја Милковски, Раде Трајковски, Сашко Мицев, Борче Стојановски, Стево Бојковски, столар: Милутин Марковски |

Уметнички раководител: Зоран Љутков | Директор: Роберт Вељановски

ЖИВОТ ВО ТЕСНИ ЧЕВЛИ

Стево	ДРАГАН СПАСОВ ДАЦ
Злата	МАРИЈА КОНДОВСКА
Исо	ЃОКИЦА ЛУКАРЕВСКИ
Веселиот	ВАНЧО ПЕТРУШЕВСКИ
Рада	ДУШИЦА СТОЈАНОВСКА
Менаџерка И Водителка	БИЉАНА ДРАГИЌЕВИЌ - ПРОЈКОВСКА
Господин Малиџин	ЗОРАН ЉУТКОВ
Зајци	ХРИСТИЈАН ПОП СИМОНОВ
	НЕНАД АНГЕЛКОВИЌ
Камермани	МИА КАНТАРЏИЕВА
	БЛАГИЦА ДИМИТРОВСКА

| сценографија: Валентин Светозарев | музика: Сашко Костов | инспициент: Жарко Намичев | суфлер: Даница Илиева | технички директор: Филип Гулевски | тон - мајстори: Чедомир Младеновски, Димитар Илиоски | светло - мајстори: Кире Бубулевски, Дејан Блажевски | шминка и фотографии: Игор Петрески | техничка поддршка: фризер - перикер: Будимка Јовановска, сликар - изведувач: Ѓорѓи Ѓорѓиевски, шивач - гардеробер: Иванка Трајковска, кројачи: Анѓа Трајковска, Стојан Наумовски, реквизитери: Љупче Митровски, Зоран Новковски, организатор на сценска техника: Перо Ралев, сценски декоратери: Благоја Милковски, Раде Трајковски, Сашко Мицев, Борче Стојановски, Стево Бојковски, столар: Милутин Марковски |

Уметнички раководител: Рубенс Муратовски | Директор: Роберт Вељановски

ЖДРЕЛО

..-оној што си го изел и своето име	РУБЕНС МУРАТОВСКИ
ТИНЕ - чувар	ДИМИТРИЈА ДОКСЕВСКИ
СИРМА - мајка	ЛИЉАНА ВЕЉАНОВА
ЕДВАРД - советник	ДИМЕ ИЛИЕВ
АМЕЛИЈА - убавица	ТАЦИ ИЛИЕВА ВЕЉИЌ
ЈОЖЕ - градинар	АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ
ЛОЛИТА - девојче	ИВАНА ПАВЛАКОВИЌ
ТЕРЕЗА - чистачка	СОЊА СТАМБОЛЏИОСКА
ЛОВРЕНЦ - доктор	ФИЛИП ТРАЈКОВИЌ
ДОРИЈАН - коњ	ФИЛИП ТРАЈКОВИЌ
АФРОДИТА - кокошка	ИВАНА ПАВЛАКОВИЌ
ХАРИБО - мечка	ЛИЉАНА ВЕЉАНОВА

текст: Жанина Мирчевска | режија: Зоја Бузалковска | драматург: Александра Бошковска | Сценограф: Љупчо Јованов | костимограф: Лира Ѓрабул | музика: Огнен Анастасовски | кореограф: Кренаре Невзати Кери | изведба на сценографија: Тодор Дајевски | асистент на костимографија: Раде Василев | изработка на маски: Ѓорѓи Ѓорѓиевски | дизајн и изведба на плакат: Павле Игновски | фотографии: Марија Чоневска | инспициент: Жарко Намичев | суфлер: Даница Илиева | технички раководител: Филип Ѓулевски | тон - мајстори: Чедомир Младеновски, Димитар Илиоски | светло - мајстори: Кире Бубулевски, Дејан Блажевски, Митко Ризов | техничка поддршка: шминка и фотографии: Игор Петрески, фризер - перикер: Будимка Јовановска, сликар - изведувач: Ѓорѓи Ѓорѓиевски, шивач - гардеробер: Иванка Трајковска, кројачи: Анѓа Трајковска, Стојан Наумовски, реквизитери: Љупче Митровски, Зоран Новковски, организатор на сценска техника: Перо Ралев, сценски декоратери: Благоја Милковски, Раде Трајковски, Сашко Мицев, Борче Стојановски, Стево Бојковски, столар: Милутин Марковски
Уметнички раководител: Рубенс Муратовски | Директор: Роберт Вељановски

Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија

Н.У. ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ

„БАЈКА ЗА ЦАРОТ НАЈ„

Режија: **Коле Ангеловски**
Костимографија: **Розе Трајческа Ристовска**
Сценографија: **Илина Ангеловска**
Музика: **Љупчо Мирковски**
Видео анимација: **Боби Стоименовски**
Тон – **Ангеле Насковски**
Светло – **Оливер Ставрев**
Изработка на костими: **Љубица Велкова/ Гордана Божиновска**
Изработка на сценографија: **Кирил Василев/ Енез Деари**
Изработка на перики: **Ѓулфери Качаревиќ**

Учествуваат:
Бојан Кирковски
Катарина Илиевска Силјановска
Ненад Митевски
Емра Куртишова
Симона Спировска
Винета Дамческа
Мики Анчевски
Мартин Јорданоски

Инспициент: **Ѓуро Дракулоски**

МОГЛИ

Куклена претстава по мотивите од **КНИГА ЗА ЏУНГЛАТА**
од Радјард Киплинг

Режија	**Боњо Лунгов**
Драматизација	**Маја Енчева** и **Боњо Лунгов**
Асистенти на режија	**Маја Енчева**
	Константин Каракостов
Кукли и сценографија	**Хана Шварц**
Избор на музика	**Константин Каракостов**
Тонски запис	**Ален Хаџи Стефанов**
Плакат/Фотографии/Видео	**Филип Кондовски**
Превод	**Татјана Островска**
Изработка на кукли, реквизита и дел од сценографија	**Кирил Василев**
Изработка на костими	**Љубица Велкова**
Светло	**Оливер Ставрев**
Тон	**Ангеле Насковски**
Инспициент	**Ѓуро Дракуловски**
Сценски работници	**Бујамин Селими**
	Мирзат Камбери

Играат

Могли	**Мартин Јорданоски**
Мајката Волчица/Девојчето	**Наташа Петровиќ**
Таткото Волк/Свештеникот/ Сивиот Волк	**Мики Анчевски**
Багира Пантерот/ Табаки Чакалот	**Татјана П. Кочовска**
Шир Кан Тигарот/ Булдео Ловецот	**Предраг Павловски**
Балу Мечката	**Марија Ѓорѓијовска**
Бебето Могли/Мајката на Могли	
Акела Водачот на волците/ Хати Слонот	**Симона Спировска** **Ненад Митевски**

Тадеуш Слобоѓанек
„НАШИОТ КЛАС“



Превод:	**Владимир Милчин и Ема Маркоска Милчин**
Режија:	**Владимир Милчин**
Сценографија:	**Крсте Џидров**
Костимографија:	**Марија Пупучевска**
Избор на музика:	**Владимир Милчин**
Сонгови „За сирачињата/Маријана“ и „Ѕвезда Самотница“:	**Marjan Ne~ak**
Изработка на сценографија и реквизита:	**Кирил Василев, Енез Деари**
Изработка на костими:	**Љубица Велкова, Керим Етем**
Инспициент:	**Ѓуро Дракулоски**
Светло:	**Оливер Ставрев**
Тон:	**Ангеле Насковски**
Сценски работници:	**Бујамин Селими Мирзат Камбери**

ИгРааТ:

Наташа Петровиќ
Симона Спировска
Емра Куртишова
Драган Довлев
Владимир Лазовски
Предраг Павловски
Мики Анчевски
Мартин Јорданоски
Бојан Кирковски
Ненад Митевски

„ЗА ДОМОТ РАБОТИ“

01.02,2014

текст:Горјан Милошевски
режија.Мартин Кочовски
сценографија:Валентин светозарев
костимографија:Благој Мицевски
музика:Оливер Јосифовски
светло:Димче спасевски
Играат:
Иван Јерчиќ
Огнен дранговски
Илина Чоревска
Катерина Аневска
Валентина Грамосли
Петар Спировски
Александар Стефановски
Борче Ѓаковски
Здравко Стојмиров
инспициент:Митко Ивановски
суфлер:Радијка Димеска

„БЕЗ ПАНИКА“

21.02.2014

Според „Паника“ од Миха Милиахо

превод од руски:Оливера Павловиќ
драматург:Биљана Крајчевска
режија:Благој Мицевски
сценографија:Драган Анѓелковиќ
кореографија.Валентино Апостоловски
играат:
Никола Пројчевски
Маријан Ѓорѓиевски
Александар Копања

инспициент: Мирослав Лазаревски
суфлер:Зорка Ѓаковска

„ДЕНОВИ БЕЗ ДРАМА“

14.03.2014

Текст и режија: Марјолаин Биренс
Превод од холандски: Синоличка Меллес Трпкова
Драматург:Билјана Крајчевска
Сцена:Валентин Светозарев
костими:Благој Мицевски
Светло:Димче Спасевски
Играат:
Соња Михајлова
Борис Чоревски
Елена Моше
Васко мавровски
Илина Чоревска
Инспициент:Митко Ивановски
Суфлер:Радојка Димеска

„РОЗЕНКРАНЦ И ГИЛДЕСТЕРН СЕ МРТВИ“

07.07.2013

Сезона 2013
РОЗЕНКРАНЦ И ГИЛДЕСТЕРН СЕ МРТВИ
Автор: Том Стопард
Адаптација и режија: Никита Миливојевиќ
Костимографија:Благој Мицевски
Музика: Маријан Неќак
Сцнски движења: Амалија Беннет

Лица:
Розенкранц-Огнен Дранговски
Гилденстерн –Мартин Мирчевски
Првиот актер-Петар Мирчевски
Хамлет-Маријан Ѓоргиевски
Кралот-Петар Горко
Кралицата –Соња Михајлова
Полониј-Борис Чоревски
Офелија- Катерина Аневска
Алфред- Никола Пројчевски

Актерска група:
Слободан Степановски
Иван Јерчиќ
Александар Стефановски
Борче Ѓаковски

Дворјани:
Соња Ошавкова
Илина Чоревска
Пеце Спировски
Душко Јовановиќ

„СМРТТА НА ТРГОВСКИОТ ПАТНИК“

02.11.2013

НУ Народен театар Битола
Сезона 2013

СМРТТА НА ТРГОВСКИОТ ПАТНИК
Артур Милер

Режија: Љупчо Ѓоргиевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Андреј Ѓоргиевски / Благој Мицевски
Музика: Маријан Неќак
Светло: Димче Спасевски

ЛИЦА:

Вили Ломан – Борис Чоревски
Линда Ломан – Соња Михајлова
Биф Ломан – Петар Горко
Харолд „Хепи“ Ломан – Маријан Ѓоргиевски
Чарли – Слободан Степановски
Бернард – Борче Ѓаковски
Бен Ломан – Митко С. Апостоловски
Госпоѓица Френсис – Илина Чоревска
Хауард Вагнер – Никола Пројчевски
Стенли – Александар Стефановски
Госпоѓица Форсајт – Маја Андоновска
Госпоѓица Лета – Катерина Аневска

Суфлер – Радојка Димеска
Инспициент – Митко Ивановски

--

„ПЕСЕНИН“

ПРЕМИЕРА 10 И 11 НОЕМВРИ

НУ Народен театар Битола
Сезона 2013
ЕСЕНИН
музичко-поетска драма
Режија: Благојче Божиновски
Адаптација и музика: Марјан Неќак
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Благој Мицевски

ЛИЦА:
Стариот Есенин-Митко С. Апостоловски
Младиот Есенин-Влатко Илиевски(к.г.)
Исидора Данкан и Галја -Габриела Петрушевска
Мајката-Соња Ошавкова
Есенин-Михаил Истилијанов

Суфлер-Зорка Ѓаковска
Инспициент-Мирослав Лазаревски

„ОТЕЛО“

07.06.2014

автор :В.Шекспир
режија: диего де Бреа
превод: Блаже Конески
костими:Благој Мицевски
светло: Диего де Бреа
Играат:
Маријан Ѓоргиевски.....Јаго
Борче Ѓаковски..... .Отело
Катерина Аневска.....
Дездемона
Иван Јерчиќ..... .....Касио
Никола Пројчевски.....Родриго
Валентина Грамосли..... Емилија
Петар Горко..... Лодовико
Петар Горко.....Барабанцио
Илина Чоревска .....Бјанка

испициент: Мирко Лазаревски
суфлер: Зорка Ѓаковска

--

„ИВАНОВ“

31.07.2014

А.П.Чехов ИВАНОВ
Режија: Александр Баргман
Превод: Димче Билјановски
Костимографија: Благој Мицевски
Сценографија. Валентин Светозарев
Музика : Марјан Неќак
Лица:
Иванов, Николај Алексеевич-постојан член на уредот за селски прашања -Огнен Дранговски
Ана Петровна- негова жена родена Сара Абрамсон -Елена Моше
Шабељски, Матавеј Семјонович- гроф, негов вујко -Митко С.Апостоловски
Лебедев,Павел Кирилович—претседател на земската управа
-Борис Чоревски
Зинаида ,Савишна –негова жена - Јулијана Стефановска
Саша-ќерка на Лебедеви,20 години -Маја Андоновска Илијевски
Љвов,Евгениј Константинович-млад земски лекар- Иван Јерчиќ
Бабакина, Марфа Егоровна –млада вдовица , посединичка ќерка на богат трговец - Кристина Христова Николова
Боркин, Михаил Михаилович-далечен роднина на Иванов, управник на неговиот имот - Марјан Ѓоргиевски - Александар Стефановски

Степан / Бобкин - Филип Мирчевски
Фјодор/ Добкин - Мартин Мирчевски
Суфлер: Радојка Димеска
Инспициент: Мирко Лазаревски
Митко Ивановски



ПРЕМИЕРИ НА ТЕАТАР „ЈОРДАН Х. К. ЦИНОТ" ВЕЛЕС

во периодот октомври 2013 - октомври 2014 година

„ПРИНЦЕЗАТА И ГУСКАРОТ"

21.10.2013 г.

Режија и драматизација : Дарко Ковачовски
Сценографија, костимографија и дизајн на кукли: Надја Василева Ковачовска
Асистетнт на режија : Слободанка Чичевска
Избор на музика : Дарко Ковачовски

Улоги:
Принцезата – Кети Борисовска
Војводката – Марија Стефановска
Грофицата – Славица Манаскова
Принцот/ Гускарот – Самоил Стојановски
Кралот/ Раскажувачот – Жарко Спасовски

Инспициент: Славиша Ѓеоргиев
Светло : Марјан Тодоровски
Тон: Никола Подолешки
Гардероба: Јулија Ангеловска
Технички раководител: Никола Игнов
Шеф на сцена: Дејан Трипуновски
Реквизитер: Спасо Петрушев
Сценска техника: Игор Гаврилов
Дејан Крстевски
Никола пауновски
Ѓоре Павлов
Томе Пелтековски
Јовица Стаменовски

„КРАЛОТ ЛИР“
од Вилијам Шекспир

06.02.2014 г.

Режија: Звезда Ангеловска
Сценографија: Валентин Светозарев
Костими: Александра Крнинова Груев
Избор на музика: Звезда Ангеловска

УЛОГИ:
Лир, крал на Британија -- Јордан Витанов
Шут -- Васил Зафирчев
Грофот од Кент -- Зоран Љутков
Грофот од Глостер -- Самоил Стојановски
Едгар, син на Глостер -- Александар Вељановски
Едмунд, незаконски син на Глостер -- Жарко Спасевски
Гонерила, ќерка на Лир -- Марија Стефановска
Регана, ќерка на Лир -- Кети Борисовска
Корделија, ќерка на Лир -- Славица Манаскова
Војводата од Корнвол, сопруг на Регана – Слободанка Чичевска
Војводата од Олбани, сопруг на Гонерила -- Зорица Панчиќ
Освалд, управник кај Гонерила -- Кица Ивковска
Кралот на Франција -- Фаик Мефаилоски

Инспициент: Славиша Георгиев
Тон : Лазо Теов
Светло: Марјан Тодоровски
Гардероба: Јулија Ангеловска
Видео проекции: Лаура Шкортова
Раководител на сценска техника:Никола Игнов
Шеф на Сцена:Дејан Трипуновски
Реквизитер:Спасе Петрушев
Сценска Техника
Игор Гаврилов,Дејан Крстевски,Никола Пауновски
Ѓоре Павлов, Никола Подлешки,Јовица Стаменовски

„ТАРТИФ“

10.05.2014 г.



Автор
Жан Батист Молиер

Режија
Никола Ристов

Костимографија
Александра Крнинова Груев

Сценографија
Филип Коруновски

Графички Дизајн
Филип Коруновски

Улоги
Тартиф - Зоран Љутков
Оргон - Јордан Витанов
Елмира - Слободанка Чичевска
Клеант - Самоил Стојановски
Дорина - Зорица П.Панчиќ
Дамис - Александар Вељановски
Маријана - Марија Стефановска
Госпоѓа Пернел - Кети Борисовска
Валер - Жарко Спасовски
Господин Лојал - Александар Георгиев
Агент - Фаик Мефаилоски
Флипот - Спасе Петрушев

Инспициент
Славиша Ѓеорѓиев

Светло Мајстор
Маријан Тодоровски

Тон Мајстор
Лазо Теов

Изработка на костими
Снежана Пауновска

Гардероба
Јулијана Ангеловска
Лаура Шкортова

Раководител на сценска техника
Никола Игнов

Шеф на Сцена
Дејан Трипуновски

Реквизитер
Спасе Петрушев

Сценска Техника
Игор Гаврилов
Дејан Крстевски
Никола Пауновски
Ѓоре Павлов
Никола Подлешки
Јовица Стаменовски

Уметнички директор
Васил Зафирчев

Директор
Јордан Витанов

НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА - СКОПЈЕ

МНОГУ ВРЕВА ЗА НИШТО
Вилијам Шекспир

Режија: Дејан Пројковски
Сценограф: Валентин Светозарев
Костимограф : Благој Мицевски
Композитор: Горан Трајкоски
Кореограф: Елена Прокопиева

Играат:
Атанас Атанасовски
Валентин Костадиновски
Жарко Димоски
Илија Илиоски
Роберт Ристов
Едмонд Сотир
Крсте Јовановски
Зорица Нушева
Нина Деан
Кристина Ласовска
Ева Скендеровска
Драгана Левенска

Инспициент: Нурјамет Рушити
Суфлер: Сања Стојковска
Тон: Томи Анчов
Светло: Дарко Ацковски и Александар Атанасовски

ВАЖНО Е ДА СЕ ВИКАШ ЕРНЕСТ

Од: Оскар Вајлд

Режија: Ирена Стеријовска
Сценограф: Стефан Спировски
Костимограф : Ана Кркулевска
Играат:
Џон Вортинг – Атанас Атанасовски
Алжернон Монкриф – Валентин Костадиновски
Д-р Чејсбл, парох – Жарко Димоски
Меримен, собар – Илија Илиоски
Лејди Брекнел –Зорица Нушева
Гвендолин Феарфакс – Нина Деан
Сесил Карду – Кристина Ласовска
Г-ца Призм, гувернанта – Тања Мицков

Инспициент: Нурјамет Рушити
Суфлер: Сања Стојковска
Светло: Дарко Ацковски
Тон: Томи Анчов

Премиерата се прикажа на 07.05.2014 година

ЧУВСТВОТО НА БРАДАТА

Од автор: Ксенија Драгунска

Режија: Борис Лијешевиќ
Драматург: Горјан Милошевски
Сценограф: Валентин Светозарев
Костимограф : Илина Ангеловска
Сценски движења: Рисима Рисимкин
Ликовен уметник: Војдан Запров

Играат:
Внуката на ковачот, Писателката – Кристина Ласовска
Марина Дербарендикер, книжевна критичарка – Нина Деан
Никита У.московски сликар – Жарко Димоски
Жената на Никита, Катја Шаурина, гатачката – Зорица Нушева
Попот – Ердоан Максут
Иван Камазов – Роберт Ристов
Братот на Иван, Димитриј Камазов – Едмонд Сотир
Момчето, 8 год, Пијаницата – Валентин Костадиновски – Тино
Девојчето, 12 год, Јула Сточарката – Ева Скендеровска
Јура Лифшиц – Илија Илиоски
Кнезот – Крсте Јовановски
Каубојот – Атанас Атанасовски

Инспициент: Нурјамет Рушити
Суфлер: Сања Стојковска
Светло: Дарко Ацковски и Александар Атанасовски
Тон: Томи Анчов

Премиерата се прикажа на: 26.09.2014 год.

НАЖАЛЕНА ФАМИЛИЈА

Бранислав Нушиќ
режија: Драгана Милошевска
драматург: Билјана Крајчевска
музика: Суперхикс
сценографија: Викторија Динева
костимографија: Андријана Динева

играат:
Марко Трајковиќ
Горан Илиќ
Јасмина Василева
Кети Дончевска Илиќ
Стефанија Зисовска
Александра Пешевска
Антонио Димитриевски
Димитрија Доксевски
Мартин Лазаревски
Мирјана Ристов
Владо Дојчиновски

Оваа егзотична фамилија е една интересна група на луѓе во очекување на големото наследство од својот починат роднина. Многуте роднини, "со малку памет", на чело со Агатон, уште пред да го добијат наследството го распарчуваат односно користејќи се со лаги и безкрупулозност меѓусебно се натпреваруваат во својата намера. Најстрашното во оваа приказна, за разлика од нушиќевата, е што нашиот динамичен Агатон е млад човек кој со помош на својот карактер –хипокризија и лукавост изнаоѓа најразлични начини да се дограби парите и богатството.

* * *

Во оваа претстава користени се сите материјали што нè потсеќаат и се препознаваат во оној простор и време што се гледа како отворен прозорец - континуитет меѓу минатото и иднина. Нивната намера е да се сочува барем малку од онаа човечност и верба што останала во нас и покрај тоа што сите сме заложници на една ситуација што нè опкружува. Искрено им благодарам на сите оние кои имаа храброст



во овој процес да се препознаат едни во други и беа спремни од своите стравови, прашања, недостатоци и неостварени желби да направат сопствена приказна што ќе ја изиграат пред сите вас.

Драгана Милошевска Попова режисер

* * *

Позната приказна. Да се погледнеме и да погледнеме околу себе.

Проблеми, никој не ви полага сметка за ништо, никој не знае да ви одговори зошто животот ви е таков каков што е.

Што е она, во ова време денес, во кое се огледува нашиот општествено-политички и социо-културен живот? Мислам, дека ова време денес е ужасно досадно.

Идеолошкиот момент наметнат од нашите приказни (доколку сметате дека постои таков и сакате да го преиспитате во овој мизансцен) е дел од претставата но не како нејзина основа туку средство за провокација, како маркетиншки потег кој ќе ви предизвика реакција.

А што ќе и се понуди на нашата публика? Реалност типична за себе? Не!

Се надевам, забава!

Билјана Крајчевска драматург

На театарска претстава **''ВЕШТЕРКИТЕ ОД САЛЕМ'** од авторот **Артур Милер**



Режија: **Сефедин Нуредини**

Костимограф: **Арменд Адеми**

Музика: **Орхан Шаќири**

Сценографија: **Премтим Камбери**

Играат: Проктори - Ќазмедин Нуредини
Абигеила - Валдета Исмаили, к.г
Елизабета - Флора Кадриу, к.г
Данфорт - Веби Ќерими, к.г
Периси -Сефедин Шабани
Хеил - Шкљќим Исљами
Хаторни - Мирсад Абази
Мери Ворен - Наиме Ази, к.г
Гили - Салаетин Билал, к.г
Гос. Патнам – Титуба - Теута А Јегени, к.г
Ребека - Елхаме Билали, к.г
Г. Патнам – Г. Нерс - Енвер Хаљими
Шивер – Ментор Нуредини, к.г
Бети - Арта Нуредини, к.г
Мерси Луис - Сара Бајрами, к.г
Херик - Блертан Хасани, к.г
Сузана - Аљмедина Садики, к.г

На театарска претстава **''ВОНРЕДНА СЕДНИЦА''** од авторот **Реј Куни**

Режија: **Сулејман Рушити**

Сценографија: **Арменд Адеми**

Костимографија: **Абдули Бјондина**

Музика : **Орхан Шаќири**

Играат : – Ричард Уили: Сефедин Шабани

– Директор на хотелот: Енвер Хаљими

– Џорџ Пиџен: Шкљќим Ислами

– Џејн Уртингтон: Линда Шабани, к.г.

– Детектив: Ќазмедин Нуредини

- Конобар: Мирсад Абази

– Рони: Муса Исуфи

– Памела: Зарије Јунузи, к.г.

– Гледис: Аида Елези, к.г.

- Собарка: Алмедина Садики, к.г.

На театарска претстава **''ВЕЧЕРА ЗА ГЛУПАЦИ''** од авторот **Френсис Вебер**



Режија и сценографија: **Димитар Еленов**

Костимографија: **Мирослава Шопова**

Кореографија: **Лора Пехливанова**

Музика и Мултимедиа: **Иван Динев**

Играат: – Пјер: Ќазмедин Нуредини

– Пињо: Шкљќим Ислами

– Кристин: Амернис Нокшиќ ,к.г.

-- Шевал: Мирсад Абази

– Љбљон: Муса Исуфи

- Марлен: Флора Кадриу, к.г.

– др. Аршамбо , Мено: Исмаил Касуми, к.г.

_ Балерина: Симона Тоскиќ

МАЧОРОТ ВО ЧИЗМИ

НУЦК„Марко Цепенков„-Прилеп
Театар „Војдан Чернодрински„
Премиера 22.12.2013

(возобновена)
Режија: Петар Димоски
Музика: Душко Темелкоски

Играат:
Димитар Вандески
Димитар Ѓорѓиевски
Димитар Црцороски
Александар Тодески
Најдо Тодески
Цветанка Чавлеска
Марјан Чакмакоски
Јасмина М. Станкоска
Виолета Чакарова
Исидор Јованоски
Кирил Трпкоски
Наум и Стефан Аврамоски

„БУРЕ БАРУТ„
текст Дејан Дуковски

Режија: НАТАША ПОПЛАВСКА
Костимографија : Александар Ношпал
Сценографија и дизајн: Емил Петров
музика : група Мизар
гостин музичар: Методија Костоски



Играат:
ИГОР ТРПЧЕ
ДИМИТАР ЃОРЃИЕВСКИ
ДАНИЕЛА ИВАНОСКА
ВЛАДИМИР ЃОРЃИЈОСКИ
АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ
ДИМИТАР ЦРЦОРОСКИ
ВИОЛЕТА ЧАКАРОВА
МАРЈАН ЧАКМАКОСКИ
КАТЕРИНА ЧАКМАКОСКА
НАТАША НАУМОСКА
ИЛИЈА ВОЛЧЕСКИ
МАРИЈА С.ИЛИЈЕСКА
ЗОРАН ИВАНОСКИ
МИХАЈЛО МИЛЕНКОСКИ

ШВЕЈК ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Бертолт Брехт
Режија: Мартин Кочовски

Превод:Благоја Ивчески
Драматург: Владимир Ѓорѓијоски
Сценски дизајн и костими: Јулијана Војкова – Најман
Музика: група Фолтин (Бранислав Николов,
Пеце Трајкоски, Гоце Јованоски,
Славчо Јовев).
Кореограф Јована Василева.



Играат:
Илија Волчески,
Владимир Ѓорѓијоски
Даниела Иваноска,
Андон Јованоски – Аша,
Гоце Јовановски,
Јасмина Мицовска – Станкоска,
Наташа Наумоска,
Бранислав Николов,
Александар Степанулески,
Александар Тодески,
Пеце Трајковски,
Игор Трпче,
Димитар Црцороски,
Виолета Чакарова и
Катерина Чакмакоска.

„ВЕЧНА ИГРА"

МИТКО МАЦУНКОВ

(Според „СЕНКАТА" и „ПУСТА ЗЕМЈА", со сенки од „ГОЛЕМИОТ СМОК")
Режисер: Бранко Ставрев
Сценограф: Валентин Светозарев
Костимограф: Благој Мицевски
Музика: Фредерик Шопен

ЛИЦА
ИЉО М. ---------- Мите Гроздановв
АНДРОМАХА, негова жена ---------- Тинче Ристеска
ГЕНА, внука на Иљо М. и на Андромаха ---------- Јасмина Вучкова
СТОЈАН, Андромахин брат ---------- Кире Ѓорѓиев
ПРЕМРЕН ТРЕНДО/ДАСКАЛОТ/ОГНЕН ТРЕНДО --- Ванчо Мелев
БАБАТА ФИМА, ќерка на Премрен Трендо ---------- Оливера Аризанова
ФИМЧЕТО, нејзин син, активист ---------- Бранко Бенинов
ДОНЧО, магацинер ---------- Ванчо Крстевски
ТУШО, негов помошник ---------- Васил Михаил
АНГЕЛОТ НА СМРТТА ---------- Стојан Велков-Трн
ПРАТЕНИКОТ/ЦИВКОТО ---------- Коста Ангов
НОСАЧОТ НА ТРОНОТ/СЛУГАТА ---------- Томе Ментинов

Премиера 05.06.2014 година

„1984"

Автор: Џорџ Орвел
Драматизација: Викторија Рангелова
Режија: Дејана Николовска
Сценографија и костимографија: Алексеј Паненков
Музика: Сашко Костов
Кореографија: Сања Шутевска
Видео: Тане Коџабашиев

Играат:
Коста Ангов,
Ванчо Крстевски,
Јасмина Вучкова,
Ванчо Василев,
Стојан Велков-Трн,
Оливера Аризанова,
Јулија Милкова,
Ален Нанов,
Васил Михаил,
Кире Ѓоргиев и
Бранко Бенинов

Премиера 19.11.2013 година

„Крвави свадби“

Фредерико Гарсија Лорка



Режија: Љупчо Ѓоргиевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Благој Мицевски
Композитор: Марјан Неќак
Лица:
Мајката----------Тинче Ристеска
Свршеничката----Јасмина Вучкова
Леонардо---------Васил Михаил
Свршеникот-------Коста Ангов
Таткото----------Ванчо Мелев
Слугинката и Смртта-------Ангелина Тренчева Ангелова
Жената на Леонардо----Анкица Бенинова
Сосетката------Елисавета Василева Бончева
Дрварите-------Кире Ѓоргиев
Стојан Велков-Трн
Ванчо Василев
Девојчиња-----Мимоза Нанова
Ивана Андонова
Ели Арапова
Вокал------ Елисавета Василева Бончева
Хармоника----Тони Пецанов

Премиера 25.09.2014 година




НУЦК „Ацо Шопов" - Театар - Штип
Јан Бибијан
Елин Пелин
Драматизација, режија и избор на музика:
Дарко Ковачовски
Сценографија, костимографија и дизајн на кукли:
Надја Василева Ковачовска
Настапуваат:
Ефтим Трајчов - Гаурски к.г.
Миле Вратеовски
Марија Минчева и
Виктор Арев
Превод: Трајче Кацаров





Автори на сонговите:

„Збор за авторот" - Спасоје Ж. Миловановиќ

„За љубомората" - Анѓелка Нашкова

„За старата мома или за слободата" - Валентина Ѓоргиевска

„За општествената нервоза" - Милорад Ангелов

„За пријателството" - Пеце Ристевски и Милорад Ангелов

„За невработувањето" - Владимир Тулиев

„За девојката" - Марија Минчева

„За недоразбирањето" - Миле Вратеовски

Директор: Наташа Маневска
Суфлер/инспицинент: Лида Рогожарева
Тон мајстор: Мијалче Коцев
Осветлител: Методи Саздов
Шивач: Панче Стојменов
Реквизитер: Митко Шалев
Гардеробер: Верица Давчева
Организација: Ката Мишева, Илчо Биков
Сценски работници:
Душко Стојановиќ
Ванчо Јакимов
Тимчо Арсовски
Горги Чапов
Перо Иванов
Александар Талевски
Хигиеничар: Здравчо Ѓеоргиев

издавач: НУЦК „Ацо Шопов" - Штип
за издавачот: Наташа Маневска
компјутерска подготовка: Ристо Јонов
Печати: ДИЗАЈН ПРИНТ - Штип, тираж: 500
сезона: 2014



НУЦК „Ацо Шопов" - Штип НУЦК „Ацо Шопов" - Штип



ГРАДНИКОТ НА НОРА
РАБОТЕНО СПОРЕД ФИЛМСКО СЦЕНАРИО
Режија, сценографија и избор на музика - Кристина Атанасова Арсова, Избор на костими - Валентина Ѓоргиевска
Пеце Ристевски, Јорданка Тодорова, Владимир Тулиев, Марија Минчева, Валентина Ѓоргиевска
Елена Шорова к.г., Миле Вратеовски, Виктор Арев, Кристина Атанасова Арсова
НУЦК „Ацо Шопов" | Театар | Штип | 2013

КАМЕН

Писател: Мариус вон МАЈЕНБУРГ

Превод: Сибел Арслан ЈЕШИЛАЈ
Режија: Билге ЕМИН
Сценографија: М.Нуруллах ТУНЏЕР
Костим: Марија ПУПУЧЕВСКА
Музика: Оливер ЈОСИФОВСКИ

АКТЕРИ:
Вита: Зиба РАДОНЧИЌ
Волфганг: Џенап САМЕТ
Хајдрун: Сузан АКБЕЛГЕ
Хана: Зубејде СЕЛИМОВСКА АЛИ
Мице: Фунда ИБРАХИМ
Штефани: Билјана ЈОВАНОВСКА

Испициент : Рамадан ИБРАХИМ
Организатор : Мухамед БАКИОВСКИ

Директор : Атила КЛИНЧЕ

Драмата "Камен" претставува емотивно сеќавање, која го следи животот на едно семејство од Дресден во различни историски времиња
(1935, 1945, 1953, 1978, 1993) и говори за семејниот мит, за криењето на вистината за злосторството на нацизмот.
Претставата се занимава со проблемот на губењето на идентитетот, односно градењето на идентитет со лажно минато. Дали можеме да изградиме иднина без вистината за сопствената историја? Потребата од што е можно поскоро соочување со вистината е доказ дека без вистината
не е возможен идентитет.
Во претставата, градењето на идентитетот започнува со неговото ослободување, до кое се доаѓа преку разрешување на семејниот мит. Лагата за семејниот мит, пренесуван од генерација во генерација, не настанала од потребата за фалсификување на историјата, туку како потреба за снаоѓање на "малиот човек во големите времиња"...
Билге ЕМИН

ЌЕЛАВОТО МОМЧЕ И ВОЛШЕБНИОТ ПЕЧАТ
(Според турска народна приказна)

Драматизација и режија:
Срѓан ЈАНИЌИЈЕВИЌ

Драматизација и режија: Срѓан ЈАНИЌИЈЕВИЌ
Превод на турски јазик: Салаетин БИЛАЛ
Сценографија и костимографија: Кире ВАСИЛЕВ
Музика : Игор ВАСИЛЕВ

Лица:
МАГИОНИЧАРОТ: Тамер ИБРАХИМ
ДЕВОЈЧЕТО: Несрин ТАИР
ЌЕЛАВОТО МОМЧЕ: Неат АЛИ
МАЈКАТА: Фунда ИБРАХИМ
МАЧЕТО: Фунда ИБРАХИМ
КУЧЕТО: Ријад ТАХИР
ГЛУВЧЕТО: Несрин ТАИР
ЗМИЈАТА: Несрин ТАИР
ЦАРОТ НА ЗМИИТЕ: Ријад ТАХИР
ЦАРОТ: Ријад ТАХИР
ПРИНЦЕЗАТА: Несрин ТАИР

Испициент : Рамадан ИБРАХИМ
Организатор : Мухамед БАКИОВСКИ

Директор : Атила КЛИНЧЕ

МАЧЕТО И ПАЛЈАЧОТО

Ерхан ОЗЧЕЛИК



Автор: Ерхан ОЗЧЕЛИК
Режија: Мустафа ЈАШАР
Драматуршка адаптација: Мустафа ЈАШАР
Сценографија и костими: Енес ДЕАРИ
Композитор: Џенгиз ИБРАХИМ

Лица:
МАЧЕТО: Инес РАДОНЧИЌ
ПАЛЈАЧОТО: Јеткин СЕЗАИР

Испициент : Рамадан ИБРАХИМ
Организатор : Мухамед БАКИОВСКИ

Директор : Атила КЛИНЧЕ

Проектот е финансиран од Министерството за култура на Р. Македонија
Продукција – НУ Турски Театар, ноември, 2013


ТЕАТАР
MK Türk Tiyatrosu
Titus Maccius Plautus
PALAVR
Voneten:Luca
ТУРСКИ ТЕА
RACI ASKER
Cortina
НУ Турски Театар
Т.М. ПЛАУТ
ВОЈНИКОТ
ФАЛБАЦИЈА
Режисер: Лука КОРТИНА

ФАУСТ – Ш. Гуно

26.10.2013
ПРЕМИЕРА

Диригент: Оливер Балабурски
Режисер, сценограф и костимограф: Марио Де Карло (Италија)
Кореограф: Олга Панго

НАСТАПУВААТ:
Фауст: Зоран Сотиров
Мефистофел: Владимир Саздовски
Маргарита: Благица Поп Томова
Валентин: Ристе Велков
Вагнер: Драган Ампов
Зибел: Дарко Нешовски
Марта: Марика Поповиќ

КОРСАР - А. АДАМ

11.12.2013
ПРЕМИЕРА

Кореографија и режија: Дмитриј Брјанцев (Русија)
Диригент: Бисера Чадловска
Сценограф, костимограф: Владимир Арефјев (Украина)
Обнова на сценографија: Зоран Костовски
Асс. сценограф и костимограф: Јасмина Ристовска и Љупка Ристовска

НАСТАПУВААТ:
Конрад: Бобан Ковачевски
Медора: Марија Кичевска Шокаровска
Ѓулнар: Наташа Јосифовска
Бербанто, другар на Конрад: Јан Кисилев
Сеид паша: Трајче Стојковски
Евнух: Драган Пандиловски

ПЕНЕЛОПЕ Х-Никола Коџабашија

17.12.2013
ПРЕМИЕРА

Режисер-Миа Тајл Хајве (Данска/Велика Британија) Драматург-Венко Андоновски
Диригент-Никола Коџабашија
Копродукција со Riotus Company (Велика Британија)
Никола Коџабашија, Венко Андоновски, Миа Тајл Хајве, Мирослав Масин, Луиш Карваљо, Игор Иванов - Изи, Џијан Емин, Олга Панго, Игор Спировски, Љубиша Ивановски –Лепи, Васил Лисичов, Марија Пупучевска, Евица Тасеска Каранфилова, Александар Стојановски.
Славица Петровска Галиќ, Весна Ѓиновска-Илкова, Адем Карага, Николина Јаневска, Срџан Јанакиевиќ, Андријана Јаневска, Јовица Михајловски, Марија Георгиева, Билјана Пашариковска, Ивана Коцевска, Борко Бичовски, Лидија Кочовска, Зоки Џубокс, Надежда Рубен, Соња Пендовска - Мадевска, Ана Цаневска, Милан Тоциновски, Игор Трајковски.
Penelope X бенд: Бранислав Николовски, Пеце Трајковски, Гоце Јованоски, Гоце Стевковски, Огнен Атанасовски, Сашко Николовски.
Богови, слугинки, морнари, стројници, зевзетки, телохранители, ороспии, работници и чудовишта:
Учесници од Балетот на МОБ: Маја Симеонова, Зејнепа Димковска, Катерина Стевковска, Маја Каревски, Срна Коцевска, Мила Ниновска, Славица Огненовска, Александар Димов, Борјан Тетиев, Даниел Ангелковиќ, Кристијан Јангос, Агим Бафтии,

Мартин Саздовски.
Учесници од Хорот на МОБ: Диме Петров, Димитар Кожухаров, Јане Аврамовски, Живе Кремчовски, Јане Дунимаглоски, Марија Наумовска, Емилија Палашева, Анастасија Петреска, Александра Иванова, Ристина Николова, Серафина Фантаузо, Валентина Димитриевска, Снежана Стојановска, Иванка Ѓорѓиевска, Македонка Цветкова.

Концерт мајстор: Бранислав Автовски
Учесници од Оркестарот на МОБ: Михајло Михајловски, Ирена Стојановска, Александра Димитриевска Колевска, Марија Ѓаковска Кокалановска, Костадин Андоновски, Бојан Талевски, Сања Јовановска, Кирил Јосифов, Мартин Јосифовски, Игор Бакревски, Петар Христов, Стојанче Косовски, Горан Јанев, Влатко Нушев.

14 ЧАСА-Кирил Џајковски (современ балет)

22.12.2013 ПРЕМИЕРА

Кореограф: Игор Киров
Режија и либрето: Наташа Поплавска
Костимограф: Наташа Поплавска
Настапуваат: Александра Мијалкова, Наташа Јосифовска, Саша Евтимова, Билјана Басмаџиева, Ангела Велевска, Васил Чичијашвили (Грузија), Бобан Ковачевски, Игор Веланоски, Јан Кисилев, Трајче Стојковски

ПЕТАР ПАН-Бруно Бјелински

15.03.2014
ПРЕМИЕРА

Кореограф: Џејмс Амар (Франција)
Сценограф: Зоран Костовски
Костимограф: Марија Пупучевска
Главен репетитор, педагог: Тања Вујисиќ Тодоровска

Настапуваат:
Петар Пан: Бобан Ковачевски
Сенка: Игор Веланоски
Венди: Дафина Даниловска
Капетан Кука: Трајче Стојковски
Ѕвончица: Билјана Басмаџиева
Мајка: Билјана Пашариковска
Татко: Драган Кочоски
Џон: Мирослав Митрашиновиќ
Мајкл: Лиле Миленковска
Тајгер Лили: Саша Евтимова
Индијански поглавица: Агим Бафтии
Нана: Стефан Кочевски
Сми: Лора Тарчуговска

42 МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ
09.05.2014
Свечено отворање

ПРЕМИЕРА

СИМОН БОКАНЕГРА - Џ. Верди
Диригент: Џанлука Мартиненги (Италија)
Режисер: Антонио Карло де Лучија (Италија)
Сценограф: Алесандра Полимено (Италија)
Костимограф: Александар Ношпал
Кореограф: Олга Панго

Концерт мајстор: Климент Тодороски
Асс. Диригент: Симон Кречич (Словенија)
Асс. Режисер: Франческо Бајоки (Италија),
Љупка Јакимовска, Игор Пармаковски

НАСТАПУВААТ:
Симон Боканегра: Борис Трајанов
Амелија / Марија Боканегра: Весна Ѓиновска - Илкова
Јакопо Фиеско: Владимир Саздовски
Габриеле Адорно: Ѓорѓи Цуцковски
Паоло Албијани: Владимир Андриќ (Србија)
Пјетро: Ернес Ибраимовски
Капетан: Марјан Николовски
Слугинка на Амелија: Марика Поповиќ

БОЕМИ - Џакомо Пучини

28.06.2014
ПРЕМИЕРА

Диригент: Џузепе Сабатини (Италија)
Режисер и Сценограф: Лев Пулиезе (Италија)
Асс.режисер: Трајко Јордановски, Љупка Јакимовска, Игор Пармаковски
Костимограф: Ајшеѓул Таниркан (Италија)
Концерт-мајстор: Костадин Богданоски
Асс.Хор мајстор: Јасмина Ѓорѓеска, Ѓурѓица Дашиќ
Корепетитори: Елена Силјаноска, Јанинка Невчева, Андреја Наунов

НАСТАПУВААТ:
Родолфо: Салваторе Кордела (Италија)
Мими: Џесика Роуз Камбио(САД)
Марчело: Алесио Потестио (Италија)
Шонар: Итало Проферише (Италија)
Колин: Мауро Корна (Италија)
Мизета: Анџела Низи (Италија)
Беноа: Пиетро Навиља (Италија)
Алчиндор: Пиетро Навиља (Италија)
Парпињол: Јане Дунимаглоски
Стражари: Јане Дунимаглоски и Димитар Кожухаров

ТАКА ПРАВАТ СИТЕ – Волфганг Амадеус Моцарт

04.10.2014 ПРЕМИЕРА

Диригент: Саша Николовски-Ѓумар
Режисер: Цветан Стојановски
Сценограф: Зоран Николовски
Избор на костими: Марта Трендафилова
Кореограф: Олга Панго
Асс.диригент: Иван Еминовиќ
Асс.режисер: Љупка Јакимовска

Настапуваат:
Фиордилици: Благица Поп Томова
Дорабела: Николина Јаневска
Деспина: Катерина Стојановска
Гулиелмо: Кристијан Антовски
Ферандо: Дејан Стоев
Дон Алфонсо: Ернест Ибраимовски


Македонски Народен Театар
ВЕЧНАТА КУЌА
ЈОРДАН ПЛЕВНЕШ І ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ